ТЕАТАРСКИ ГЛАСНИК

ISSN – 0351-9600
БРОЈ – 84/85 2015

СОДРЖИНА

Роберт Вељановски:
Добредојде дома! 3

Светски ден на театарот: порака од
Кшиштоф Варликовскиј 4

Нела Витошевиќ, режисер:
Македонска порака 5

ПРОСЛАВА: 70 ГОДИНИ МНТ 8

Роберт Вељановски:
50 ГОДИНИ ДРАМСКИ НА Шекспирова 10

ВАЛЕНТИН СВЕТОЗАРЕВ: 70 години
Народен театар Битола 12

Тодор Кузманов:
НА ЗАПАД НИШТО НОВО,
А КАЈ НАС СЕ` ПО СТАРО
ВО ТЕАТАРСКАТА 2015 13

Тодор Кузманов: ТВОРЕЧКИ ВЕРТИКАЛИ
ЈУБИЛЕЈ: 50 години „ВОЈДАН
ЧЕРНОДРИНСКИ" ГОДИНИ НА МТФ 17

м-р Крсто Скубев: 43.
мајски оперски вечери 21

Сузана Вренчовска:
Драмска програма на јубилејното 55.
издание на ОХРИДСКО ЛЕТО 31

Тодор Кузманов: Кон 40-тото
издание на Младиот отворен театар,
одржан од 23 до 28 септември
во Скопје 39

М-р Гоце Ристовски:
МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА КАМЕРЕН
ТЕАТАР „РИСТО ШИШКОВ" 45

М-р Гоце Ристовски: МЕЃУНАРОДЕН
ТЕТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СВЕТИ ЈОАКИМ
ОСОГОВСКИ" – КРИВА ПАЛАНКА 51

Тодор Кузманов: Кон Осмото издание на
Фестивалот на пантомима и физички театар
ПАНФИЗ кој се одржа
од 3 до 7 октомври 2015 во Скопје 57

Тодор Кузманов: Кон 51. издание на
Драмскиот аматерски фестивал на
Македонија што се одржа во
Кочани во мај 2015 г. 61

Љупка Коларова Паевиќ:
ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА
МОНОДРАМАТА 65

Билјана Крајчевска, драматург: Битола
Шекспир фестивал
(22 јули – 28 јули 2015 г.) 67

МНТ ФЕСТ: 2015 во
Јубилејот 70 години МНТ 73

Емилија Џипунова:
ТАНЦ ФЕСТИВАЛ – Скопје 2015 75

Тодор Кузманов:
Кон Деветтото издание на меѓународниот
театарски фестивал СКУПИФЕСТ
кој се одржа во Скопје од 27 октомври
до 1 ноември 2015 година 79

Фестивал ГОЛА МЕСЕЧИНА 2015 83
Александра Бошковска: Дарја Ризова,
актерка – ОД ЖОЛДАК НАУЧИВ

ДЕКА НЕМА НЕШТО ШТО Е
НЕВОЗМОЖНО 85

Александра Бошковска: Благица Секуловска, драмски писател и драматург – ДА СИ ПИСАТЕЛ Е КАКО ПОСТОЈАНО ДА ИМАШ ДОМАШНО КОЕ НЕ ТИ Е НАПИШАНО 89

Ристо Стефановски: „Јане Задрогаз“ (историја) 93

Елена Јосимовска, Верица Јосимовска: ВОЈНИЧКИТЕ ТЕАТРИ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ НИЗ ФОТОГРАФСКИОТ ОБЈЕКТИВ (1916-1918) - историја 139

Милан Мацарев, критики (историја) 145

Тодор Кузманов: „ВЕРТИКАЛИ“ од Иван Ивановски по повод пет децении на Драмскиот аматерски фестивал 149

Тодор Кузманов: Кон книгата „Режисерската поетика на Бранко Ставрев“ од Иван Ивановски 153

Тодор Кузманов: „МОЌТА НА ТЕАТАРОТ“ – Меѓународен театарски фестивал – Млад отворен театар; автор, Љубиша Никодиновски – Биш 156

Тодор Кузманов: Кон книгата на Ерика Фишер Лихте „Студии за перформативната уметност 160

Б. Миневски: Ристо Стефановски втор том од книгата „МОЈОТ ТЕАТАР“ – моите вистини, записи, сведоштва и сеќавања 164

Роберт Алаѓозевски: Кон книгата МОЈОТ ТЕАТАР: вистини, записи, сеќавања, сведоштва, во два тома од Р. Стефановски 170

Братислав Димитров: РИСТО СТЕФАНОВСКИ – ТЕАТАРСКИ ВОИН ЗА СИТЕ ВРЕМИЊА 172

Тодор Кузманов: Кон монографијата „Ќостаров“ од Ана Стојаноска 173

БЕА СО НАС: БЛАГОЈА СПИРКОСКИ – ЏУМЕРКО 177

БЕА СО НАС: ФАНКА ИКОНОМОВА 178

БЕА СО НАС: МАРИН ЦРВЕНОВ 180

БЕА СО НАС: АНАСТАСИЈА ДИМИТРОВА 181

БЕА СО НАС: БЛАЖЕ АЛЕКСОСКИ 182

БЕА СО НАС: ЈУРИЈ НИКОЛАЕВИЧ МЈАЧИН 183

БЕА СО НАС: ВЛАСТИМИР ЃУЗА СТОИЉКОВИК 186

БЕА СО НАС: КИРО СТАВРЕВСКИ 187

БЕА СО НАС: РОБЕРТ ПАВЛЕВСКИ 188

ПРЕМИЕРИ 2014/2015 г. 190

Издавач: Драмски театар Скопје

За издавачот: м-р Роберт Вељановски

Адреса: ул. Шекспирова, бр. 15, Скопје

Телефон: 389 2 3063 388

E-mail: info@dramskiteatar.com.mk

Главен и одговорен уредник:
Ристо Стефановски

Лектура:
Здравко Ќорвезироски

Ликовно-графичко уредување:
Методија Николовски – Спартак

Цртеж на задната корица: Димитар Кондовски

Печат: Датапонс – Скопје
2015

„Театарски гласник“ финансиски е помогнат од Министерството за култура на Република Македонија

Тираж: 500

ДОБРЕДОЈДЕ ДОМА!



Во далечната 1977 година Драмскиот театар од Скопје и тогашниот директор на установата г-динот Ристо Стефановски, се втурнаа во еден несекојдневен потфат. Решија и објавија гласило кое еднаш или двапати во годината ќе информира, ќе одбележува и ќе ги регистрира сите театарски случувања во Републиката. Се роди „Театарски гласник".

Од тој прв број на „Театарски гласник", издаден во октомври 1977 година до денес, гласникот мина низ многу премрежија. Првите 39 броја беа издадени во Драмскиот театар, со издавачите Ристо Стефановски и Благоја Чоревски, тогашни актуелни директори на Драмскиот театар од Скопје. По излегувањето на овој, 39-ти број започнува патешествието на „Театарски гласник". Четириесеттиот јубилеен број, излезе во мај 1994 година, а беше издаден од тогашниот Дом на младите „25 мај", денешен Младински културен центар, од издавачот, тогашен директор, г-динот Гоце Димовски. Младинскиот културен центар издава три броја од гласникот и од 43 број, па сè до последниот двоброј 83/84 од 2014 година „Театарски гласник" излегува преку Дирекцијата за култура и уметност на Скопје од издавачите, тогашниот директорот г-динот Никола Глигоров и актуелниот директор, г-динот Мирко Стефановски.

Во сите овие години едно име е непроменлива константа на „Театарскиот гласник". Името на човекот кој се потпишува, не само како издавач на првите броеви, ами и како главен и одговорен уредник на списанието, г-динот Ристо Стефановски.

Искажувам огромна благодарност до сите кои на кој било начин во изминатите 38 години вложуваа напори „Театарскиот гласник" секоја година да го види светлото на денот.

Времето покажа дека Гласникот, покрај елементарната функција за информирање, доби и една друга, многу поважна, функција (во согласност со утврдениот факт дека македонските театарски куќи, односно македонските театарски уметници, претпоставувам, водени од премисата дека театарската уметност се случува неповторливо овде и сега, немаат доволно чувство, енергија и ресурси за историчност, односно за забележување на она што се случува во македонскиот театар). Имено, „Театарски гласник" стана редок, ако не и единствен историски, ако сакате и фактографски паметник на сите театарски случувања во Македонија. Барем, од 1977 година, па наваму.

По 22 години и пат изминат за достојна почит, а со поддршка од Министерството за култура на Република Македонија, најпосле, создадени се услови Гласникот да се врати во својата матична куќа, НУ Драмски театар – Скопје. Во овој двоброј 84/85 ќе можете да ги проследите безмалу истите програмски содржини кои досега беа застапени во Гласникот. Но, ова не значи дека веќе од следниот број, в година, во Гласникот ќе нема нови содржини кои ќе содејствуваат со времето во кое живееме и создаваме театар. Она што со сигурност нема да се промени е концептот на „Театарски гласник", односно заложбата ова гласило да третира теми исклучиво од областа на театарската уметност.

Затоа, гласу на македонските театри, ти посакувам топло добредојде дома!

Роберт Вељановски

Издавач и директор
НУ Драмски театар Скопје

International Theatre Institute ITI
World Organization for the Performing Arts

Кшиштоф Варликовскиј

Светски ден на театарот – 27 март, 2015

Вистинските мајстори на театарот најлесно може да ги најдеме надвор од театарските сцени. Обично тоа се луѓе кои не го третираат театарот како вид на машина за репродуцирање на клишеа и конвенции. Токму тие ги пронаоѓаат пулсирачки извори и живи текови на реките, кои најчесто ги избегнуваат театарските сали и насобрана во нив безбројна толпа која се занимава со имитација на некои светови. Имитираме наместо да создаваме сопствени светови кои се концентрирани, па дури и зависни од дебати со публиката и од чувствата кои пристигнуваат прикриени, а кои токму театарот знае најдобро да ги открие.

Таквите водичи ги наоѓам најчесто во прозата. Денес постојано и секојдневно размислувам за писателите кој пред околу сто години визионерски, иако воздржано го опишаа самракот на европските богови, кои ја потонаа нашата цивилизација во до ден-денес неразјаснет мрак. Тука мислам на Франц Кафка, Томас Ман и Марсел Пруст. Денес кон оваа група на пророци би го додал уште Џон Максвел Куци.

Нивното заедничко чувство за неминовниот крај на светот, не како планета, туку како модел на меѓучовечки односи, поредоци и бунтови, е сега со нас на многу изразен начин. Со нас кои живееме после крајот на светот. Во однос на злосторствата и конфликтите што потпалуваат и зафаќаат се` понови места, дури побрзо отколку сеприсутните медиуми, се во состојба да стигнат да ги покријат со своите прилози и извештаи. Овие пожари и онака брзо стануваат здодевни и неповратно исчезнуваат од медиумските известувања, а ние се чувствуваме беспомошни, преплашени, опколени. Веќе не знаеме да градиме кули, додека ѕидовите кои постојано ги создаваме не не заштитуваат пред ништо, напротив тие сами бараат заштита и грижа која ја јаде речиси цела наша животна енергија. И немаме веќе сила да се обидуваме да го согледаме тоа што се наоѓа зад капијата, зад ѕидините. А токму заради тоа би требало да постои театар и од тоа да ја црпе својата моќ. Да гледа таму каде гледањето е забрането.

„Преданието се обидува да го објасни необјаснивото. Бидејќи истото потекнува од длабочината на вистината, мора да го најде својот крај во необјаснивото" – овие зборови кои Кафка ги употреби во врска со метаморфозите на преданието за Прометеј ги користам за да кажам каков би требало да биде театарот и на сите негови работници, оние на сцената и оние во публиката им посакувам токму таков театар кој започнува во длабочината на вистината и го наоѓа својот крај во необјаснивото.

Превод на македонски јазик: Матеј Качоровски

Лектор: Татјана Христовска Качоровска

Интернационален театарски институт - УНЕСКО

International Theatre Institute - UNESCO

27 март, 2015

Македонската порака

Нела ВИТОШЕВИЌ

РЕЖИСЕР

Театарот во кој што верувам отсекогаш бил и ќеостане поле за жестока дебата на проблемите во општеството. Тој треба да биде радикален во ставовите и критичен во мислата. Да создава светови и да нуди решенија. Треба да ја открива вистината, да ги коментира и истакнува

девијациите на општествениот систем. Тој треба да претставува слободна зона во која вирее креативноста и иновативноста. Театарот треба да го отслика скриеното, вистинско лице на светот и да ја црпи инспирацијата од него, овозможувајќи му да се спознае и да ги редефинира своите вредности.

Во време на општествена криза, театарот мора да ги препознае и демистифицира страните на конфликтот, да се обиде да разоткрие што лежи длабоко во сржта на мрачните задкулисните игри и да ја привлече кон себе некорумпираната, интелектуална сила на современото граѓанското општество во кое егзистира. Во такво време, тој несомнено мора да биде најстрогиот аналитичар и катализатор на прогресивните идеи. Да биде бунтовен и силен, слободен и бескомпромисен.

Во услови кога театарот е насилно втурнат во политички игри за да стане пропагандна машинерија, тој го губи своето значење и основна функција. Тогаш театарските дејци, не смеат да покажат слабост и страв туку напротив, треба витешки, храбро и достоинствено со помош на мечот на вистината да тргнат во поход, да се спротистават и борат за негов спас и слобода. „Да се бориш со непобедливото, да одиш каде најхрабрите не се осмелуваат да одат и секогаш да веруваш во невозможното“, вели Дон Кихот објаснувајќи ги начелата на витештвото.

Така и театарските уметници при обидот да се контаминира суштината на театарот, исто како Херакле, заштитени со своите театарски костими од смртоносните воздишки на многуглавата Хидра, мораат да најдат начин да го совладаат чудовиштето и да го заштитат својот интегритет. Во нивниот поход за одбрана, возобнување и зачувување на вистинските вредности, тие, како и Херакле, треба да ги отсечат сите отровни глави на Хидра, сите партизирани структури кои пуштиле корени и го затруле волшебниот, чудесен простор на оваа сценската уметност.

И во тој момент, кога театарот се бори за живот и дише на апарати, неговите творци се оние кои можат да му вдахнат кислород, да му направат реанимација за тој да почне нормално да дише преку бронхиолите на вистинитоста и искреноста. Само на тој начин тие самите ќе ја разбрануваат зачмаеноста на театарското битисување, полека ќе се прочистат од медиокритетскиот дух и сеопштата хипокризија и ќе ја отворат портата на адреналинската треска која нас театарциите не води во процесот на создавање вредни уметнички дела. И тогаш одново, ќе ја пронајдат страста за создавање, поединечно но и колективно. Ќе ја вратат љубовта и радоста во театарот, зашто да не заборавиме дека тој е нашата единствена, најголема љубов но и дека таа љубов подразбира одговорност и посветеност.

На тој начин театарот повторно ќе стане она уметнички и општествено значајно критично, будно око за девијациите во општеството. Тој повторно ќе се воздигне како уметност која не е веќе само индустрија за за-

бава или уметност по нарачка туку медиум кој суштински го поттикнува поединецот на контемплација за современиот живот и општеството во кое живееме.

И тогаш кога театарот ќе се врати од слепата патеката во која го втурнаа, дури тогаш ќе можеме да ги согледаме и реинтерпретираме темите на големите вон временски драмски автори: да го разбереме глобалниот проблем на апатија на денешната Хамлетовската генерација, да ги охрабриме денешните Антигони во борбата против тиранијата на Креонт, да разбереме зошто на денешниот Лопахин му е толку важен имотот на Рањевска и уништувањето на Вишновата градина, и ќе ни стане јасно од каде доаѓа поривот за апсолутистичка власт на Ричард Трети, и ќе можеме да се запрашаме кои се причините за депресија на „малиот човек“ во делата на современите драматичари...

Бертолд Брехт вели: „Уметноста не е огледало во кое се огледува општеството, туку чекан со кој тоа се обликува“... Конечно, ние театарските уметници, мора да го земеме чеканот на уметноста во свои раце и мора да почнеме сами да го обликуваме општеството, преку световите кои ги креираме.

Убедена сум дека како резултат на тој процес неминовно ќе следи како поединечно така и колективно катарзично ослободување на слободоумниот дух и желбата за создавање вистински квалитетна театарска уметност.

Мојот театар е оној кој ми предизвикува немир, кој ми го пореметува сонот, кој ме носи во непознатото, кој верува во невозможното и ги отвара вратите на вистината. Тоа е театарот кој е и слуга, но и учител на публиката и слуга, но и господар на слободата.

Добредојдовте во мојата, нашата, слободна театарска зона, нека ви е среќен денот на театарот!!

ПРОСЛАВА
70 години МНТ







50 ГОДИНИ ДРАМСКИ НА ШЕКСПИРОВА

Почитуван амбасадор на Велика Британија во Република Македонија, Ваша Екселенцијо г-дине Чарлс Гарет, почитувани членови на Управниот одбор на НУ Драмски театар, почитувани директори на националните установи од областа на културата во Република Македонија, почитувани пензионери на Драмскиот театар од Скопје, почитувани создавачи на театарската магија, почитувани претставници на медиумите, почитувани вљубеници во Драмскиот театар, дами и господа, имам особена чест и задоволство да Ве поздравам на чествувањето по повод „50 години Драмски на Шекспирова".

Пред точно 50 години, на 4 март 1965 година, тогашниот Драмски младинско-детски театар, по неполни 19 години творештво на други сцени, се смири и се среди на улицата Шекспирова во населбата Карпош II. Овој објект е изграден со средства на Британската влада кои се донирани за санирање на последиците од катастрофалниот Скопски земјотрес во 1963 година. Во следните 50 години овој театар, создавајќи токму на оваа сцена, ќе ги испише најблескавите страници на современата македонската театарска историја.

Во оваа пригода сакам да ги поздравам создавачите на првата претстава во оваа театарска зграда, „Богомилска балада" во режија на Тодорка Кондова Зафировска: г-динот Ристо Стефановски, тогашен директор на Драмскиот-младинско детски театар, г-динот Милан Ѓурчинов, драматург, г-ѓата Милица Стојанова – актер и г-ѓата Видосава Грубач – актер.

НУ Драмски театар Скопје своите почетоци ги датира во 1946 година. По три години, прераснува во самостојна установа под називот Скопски куклен театар, а во 1958 година се преименува во Младинско-детски театар. Во 1964 година со додавката Драмски пред името на постојната установа, се навестува суштинската промена во ориентацијата на театарот, кој пред себе има поставено за цел за стане нов, актуелен и современ театар, пандан на водечките театри во главните театарски центри на Балканот. Во 1967 година за последен пат е преименуван и оттогаш го носи називот Драмски театар Скопје, кој постепено ќе прерасне во препознатлив македонски културен бренд.

Ако внимателно се разгледа репертоарот и репертоарната политика на НУ Драмски театар од моментот на неговото формирање до денес, а особено по вселувањето во оваа театарска зграда во 1965 година, како и критиките и освртите напишани по повод изведените премиери и освоени награди и признанија, многу лесно паѓа в очи дека овој театар има постојана улога на предвесник на безмалу сите модерни театарски чекори во Републикава. Сознанието за потребата од театар за деца, оформувањето на Куклената, а подоцна и на Младинската сцена, успешното негување на македонската драматика – од формирањето до денес Драмски реализира 128 премиери на домашни драмски текстови, внимателно избираните драмски текстови од класичната и од современата светска драматика, чувството за актуелноста на драмскиот текст и моментот и времето во кое е поставуван, давањето можност на младите режисери со специфичен современ сензибилитет, како и бескрајната грижа за негување, одгледување и разви-

вање на актерскиот потенцијал на Ансамблот, се одликите кои со макотрпна, но и со длабоко обмислена работа го поставуваат Драмскиот театар на пиедесталот како најуспешна театарска куќа во Република Македонија.

НУ Драмски театар од Скопје е добитник на речиси сите релевантни награди и признанија во областа на културата и театарската уметност, како на Балканот, така и во Република Македонија: 11 награди за најдобра претстава во целина на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински", 26 Стериини награди во сите можни категории на Фестивалот „Стериино позорје" во Нови Сад, два „златни лаврови венци" за најдобра претстава, и две „златни маски" за уметничко остварување на претстава во целина на Малите експериментални сцени во Сараево, „11 Октомври" – највисоко општествено признание за особено значајни остварувања во областа на уметноста од интерес на Република Македонија, „Свети Климент Охридски", највисоко општествено признание за особено значајни остварувања во културно-просветната дејност од посебно значење за Република Македонија, и многу, многу други поединечни и колективни награди и признанија.

Почитувани дами и господа, во оваа пригода, без да именувам никого, затоа што списокот едноставно би бил нестварно долг, би сакал да им се заблагодарам на сите кои во изминативе 50 години на кој било начин и во која било функција, се вградија себеси во театарското живеење на Националната установа Драмски театар Скопје.

Упатувам јавна благодарност до Кралството Велика Британија и нејзиниот амбасадор во Република Македонија, неговата екселенција г-динот Чарлс Гарет, за донацијата од 1965 година, со чија помош е изграден овој објект на Драмскиот театар.

Исто така, упатувам благодарност до Министерството за култура на Република Македонија и Министерот за култура во Владата на Република Македонија, г-ѓата Елизабета Канческа-Милевска и до Владата на Република Македонија и Претседателот на Владата на Република Македонија, г-динот Никола Груевски, за континуираната поддршка на сите програмски активности на Драмскиот театар од Скопје.

Упатувам посебна благодарност до нејзиното височество публиката, до сите 2 951 297 гледачи кои, од 4 март 1965 година заклучно со синоќешната претстава, беа незаменлив дел од нашите претстави и се незаменлив поттик за сите наши креации и успеси. Ние на нашата ценета публика, од првата изговорена реплика „И sидовите ми се знајни... и распетиево... и брадите... и Бошко... се овдека ми е знајно", до последната, сношти изговорена реплика „А ние сме трпеливи луѓе, знаеме како да чекаме и кога ќе дојдете ќе бидеме таму да ве пречекаме", на оваа сцена во изминатите 50 години, ѝ понудивме 339 премиери и 10 519 претстави.

Со искрена надеж, но и со посветена работа, дека некој следен јубилеј на НУ Драмски театар Скопје ќе чествуваме во нов современ театар на улицата Шекспирова број 15, Ви благодарам за вниманието!!!

Роберт Вељановски

Директор на НУ Драмски театар Скопје

ВАЛЕНТИН СВЕТОЗАРЕВ

СЦЕНОГРАФ И ДИРЕКТОР НА НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА



Во витрините на мојата канцеларија, меѓу многуте награди и признанија сведоци на успешноста на 70-годишната историја на НТБ, се наоѓаат два предмета, за мене посебно драги. Тоа се две стари тетратки со пожолтени лисја и корици. Нивните страници се педантно и посветено испишани со разни мисли, преводи, забелешки, приказни и други нешта. Сите нив ги поврзува еден заеднички именител, кој се вика ТЕАТАР.

Некаде во жешкото лето во 1963 година трпеливо, со беспрекорен ракопис кој се раѓал од грижливо чуваното „налив перо", ги исполнувал Владимир Гравчевски. Актер, уметник, театрољубец и човек кого што никогаш немав можност да го запознам.

Со него духовно ме запозна најдобриот раскажувач на светот, еден друг Владимир, Владо Цветановски. Овој Дон Кихот, мој театарски брат, кому честопати имав привилегија да му го носам „копјето" (кој пред две години замина во вечноста), така живо и јасно ми го нацрта – што честопати мислам дека и јас несвесно сум излегол од „шинелот" на Гравче.

Но зошто го пишувам и го кажувам сето ова? И зошто овие двајца театарски магови се предмет на моето интересирање?

Кон големиот јубилеј, 70 години на Народниот театар Битола, би сакал нашиот Театар, мојот Театар да не биде напуштен од нивниот дух. Би сакал во него да се раѓаат уште многу, многу „Гравчевци" и „Каначиња" (прекар на В. Цветановски), кои наспроти „сложеното животиште" беспоштедно ќе го даваат својот талент, ќе веруваат дека во театарот сè е можно, ќе мечтаат и сонуваат, ќе љубат и ќе мразат, ќе лудуваат и ќе се смеат, ќе играат и ќе филозофираат, ќе тупаат, ќе брилираат и ќе се обидат макар за миг да допрат до некое срце, таму во полумракот на гледалиштето и неизлечливо да го заразат засекогаш со најстарата и најслатка болест на светот – театарот!

Нека ни е честит јубилејот – 70 години Народен театар Битола.

Тодор Кузманов

НА ЗАПАД НИШТО НОВО, А КАЈ НАС СÈ ПО СТАРО ВО ТЕАТАРСКАТА 2015

Меѓу двата броја на „Театарски гласник“, Македонија се здоби со уште една нова театарска зграда. Онаа на Театарот од Велес. Убава и функционална, е најчестиот коментар во јавноста. Наспроти раскошот, гламурот (а некои велат и кичот на старо-новиот МНТ), Велешкиот театар ги освои симпатиите како простор кој кореспондира со намената. Кога сме веќе тука, веднаш да споменеме дека, како и во случајот на отворањето на МНТ, и овде следеше конкурс за текст со кој ќе биде отворен објектот што и се случи при крајот на 2014-та. Ако ги занемариме дубиозните случувања окулу компетентните комисии чии одлуки воопшто не се доживуваат така, фактите велат дека Театарот многу церемонијално, по долги децении на исче-



кување на нов простор за достоинствено творештво (живот и работа во нормални услови!), беше отворен со пиесата „Најважната работа на светот“ од Братислав Димитров, во режија на Љубиша Георгиевски. Жирито кое ја донесе одлуката за избор на нов драмски текст, го предводеше Петар Темелковски. Сè заедно, прозвучи познато и очекувано. Како да се прави поделба на „пленот наречен праизведба и отворање на нов театар“!? Приказната заврши така што „Најважната работа на светот“ и не била толку важна. Се одржа само три пати во пригодна и свечарска атмосфера и брзо-брзо замина во историјата што, за волја на вистината, се случувало и со многу слич-

ни мегаломански замислени и помпезно најавувани проекти, односно претстави со ангажирање на многу средства и ресурси, а со краток век.

Од друга страна, збирниот поглед на оствареното во продукциска смисла на наште сцени споредено со најавената програма за 2015-та покажува отсуство на значајни претстави и имиња. Така, светлината на рефлекторите не ја видоа „Дон Кихот “ од Сервантес на режисерот Александар Морфов, „Зимската бајка“ од Шекспир на Томаж Пандур, „Сирано де Бержерак“ од Едмонд Ростан на режисерот Дејан Пројковски итн., итн. Сепак, во продолжение да наведеме некои од помаркантните оставрувања на театрите (барем според нивните проекции) во изминатиот период. Во Битолскиот театар тоа е „Иванов“ од Чехов, во режија на гостинот од Русија Александар Бергман, во Велешкиот со успех е поставена „Крал Иби“ од Алфред Жари во режија на Алекасандар Цветановски, Турскиот ги реализира „Окованиот Прометеј“ од Есхил во постановка на Дејан Пројковски и „Сон на летната ноќ“ од Шекспир во режија на А.





Поповски; на сцената на МНТ Зоја Бузлаковска ја постави „Вујко Вања“ од Чехов, а тука со особен интерес се очекува премиерата на „Мајсторот и Маргарита“ од Булгаков во постановка на Иван Поповски; на сцената на Драмскиот театар ги бележиме постановките на „Чолак“ од М. Мекдонах на Синиша Ефтимов, (истата пиеса е поставена и во Албанскиот театар во Скопје, каде што како најзначајна се наметнува премиерата на „Макбет“ од Шекспир најавена за крајот на ноември во режија на гостинката од Бугарија Дијана Добрева), праизведбата на „Безљубни“ од Благица Секулоска и „Еригон“ од Ј. Плевнеш на режисерот Јани Бојаци; од репертоарот на Театарот за деца и младинци ја издвојуваме „Животинска фарма“ од Орвел на Александра Кардалевска, а во Струмичкиот театар постановката на „Ни ќар ни зијан“ од Братислав Димитров на Синиша Ефтимов; во Штипскиот народен театар како позначајна ја издвојуваме „Хотел ни на небо ни наземи“ од Ерик Емануел Шмит во режија на Љупчо Георгиевски, а од репертоарот на Кумановскиот театар – „Мајка храброст“ од Брехт во режија на Звезда Ангеловска; Прилепскиот театар не се прослави со праизведбата на „Кирил и Методиј“ од Плевнеш во режија на Мартин Кочовски, а на репертоарот на театарот од Охрид како најзначајна останува „Стари времиња“ од Пинтер во постановка на Нела Витошевиќ. Значи, ако се имаат предвид и извесни можни пропусти во овој летимичен преглед на театарските случувања, тоа не ја менува општата слика на просечноста на театарската продукција и во квантитативна и во квалитативна смисла. Особено е забе-



лежително годинашново (2015) отсуство на театарската алтернативна продукција. Редок пример е премиерата на „Тероризам“ од Олег и Владимир Плесњакови, што на Малата сцена на МНТ ја постави Јордан Симонов, „Алма Малер“ од Сашо Димовски во режија на Васил Зафирчев, „Солун град на духови“ од Р. Богдановски во режија на Слободан Унковски, „Кој пукаше на 21“ од Керил Черчил во режија на Нина Николиќ, а во продукција на МКЦ...

Во изминатава година се случи и масовен прием на режисери, драматурзи, актери и други профили на кадри во професионалните театарски куќи како ретко кога. Дали е ова волунтаристички и кампањски процес и акција на Министерството за култура или осмислен концепт, треба да покаже ефектот на ваквиот потег, т.е. да се оствари радикална експанзија на творечки пробиви и поинтензивна продукција во периодот што следи…

Тодор Кузманов

ТВОРЕЧКИ ВЕРТИКАЛИ ЈУБИЛЕЈ: 50 ГОДИНИ НА МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

Фестивалите потекнуваат од петтиот век пред нашата ера, кога за време на религиските празници во чест на богот на виното Дионис се изведувале античките комедии, трагедии и дитирамби. Еднаш родена фестивалската идеја веќе никогаш нема да згасне. Ќе се менуваат, се разбира, нејзините форми, но таа самата останува како специфична форма на творештво и живот.

Нашиот фестивал во Прилеп одбележува пет децении. Златен јубилеј кој во себе напластува многу творечки вертикали. Беглиот преглед покажува дека секое негово издание „исфрла“ на површината значајни творечки индивидуи или пак драмски ансамбли. Интересно, но вистинито е дека неочекувано на Прилепскиот театарски фестивал знаеле да блеснат театри од внатрешноста со лимитирани кадровски и други ресурси, но затоа пак полни со ентузијазам и творечка енергија која едноставно блика од нив и се разлева по прилепските сокаци пишувајќи ја историјата на македонското театарско дело. Значи, секој си ги има своите пет минути. Особено е важно дека овој наш фестивал во центарот на своето интере-

сирање ја има домашната драма. Ја стимулира, ја негува и подржува во смисла дека без национална драматургија нема ниту национален театар. Така од година во година фестивалот расте, но и изразува и одразува процеси што се случуваат во флуидната драмска уметност или во уметноста на мигот – театарската претстава и актерската игра.

Фестивалските средби не се само показ на достигнувањата на нашите драмски уметници, туку тие се и неформални денонoќни дружења. Најважните нешта знаеле да се случуваат токму на маргините на главните програми и официјализирани средби. Тоа се тие колективни славења на духот во празнична атмосфера со неискажана радост од самиот чин на постоењето, опиеност од животот и творештвото кои во секој случај брзо минуваат. Духовната авантура наречена Македонски театарски фестивал опстојува веќе педесет години и е врежана во историјата на нашата култура. Да и помогнеме и да придонесеме оваа творечка авантура никогаш да не престане. попатно ќе ја чистиме од крастите и молците кои ја напаѓаат и загрозуваат. После секое издание МТФ е поголем и позначаен. Нека ни е честит јубилејот!

* * *

Голем дел од настаните и содржините на изминатото издание на МТФ „.Чернодрински“ беа во знакот на златниот јубилеј – 5 децении од неговото основање. Така доделени се голем број на пофалници, благодарници дипломи на голем број на поединци и институции чиј придонес за опстојувањето и растежот на фестивалот е несомнен и евидентен по разни основи. Инаку, во чест на јубилејот Фестивалот започна со перформансот „Земјата на Чернодрински – концерт на актерските ѕвезди“ во режија на Дејан Пројковски, а кој се изведе на отворено, на градскиот плоштад во Прилеп. Инаку жирито работеше во состав: Тони Михајловски, Горѓи Јолевски и Илбер Муртези, а на последната вечер во чест на наградените беше изведена претставата „Солунски патрдии“ од М. Поповски во режија на Коле Ангеловски, а во продукција на Драмскиот театар од Скопје. Наградите на животно дело на самиот почеток на фестивалот им беа врачени на годинашните добитници Јелена Лужина, Мето Јовановски и Благој Чоревски. На јубилејното издание на МТФ бележиме и упадливо голем број на настани во придружната програма. Тука



МЕТО ЈОВАНОВСКИ

пред се би ги споменале двете изложби, „Древности“ на Александар Станковски и „Древниот сон“ на Тони Чатлески, како и изложбата „50 години МТФ“ што ја приреди Ј. Лужина. Пладневните термини беа резервирани за промоција на голем број на книги од областа на театарската уметност објавени меѓу две фестивалски изданија, а овде да ги споменеме само монографиите посветени на актерот Бранко Ѓорчев од Лилјана Мазова, „Димитар Ќостаров“, „Режисерската поетика на Бранко Ставрев“ и др. а чии автори се Лилјана Мазова, Ана Стојаноска и Иван Ивановски. Освен тоа ги бележиме и промоциите на собраните драми на авторите Владимир Костов и Јордан Плевнеш. Сепак, главниот сегмент во придружната програма беа театарските претстави кои најчесто се изведуваа во полноќните термини и кои во најголем број беа испитни претстави од ФДУ и ЕСРА, како и Културниот центар „Скрб и утеха“ кој е редовен учесник на фестивалот. Придружната програма беше заокружена со промоцијата на монографијата „Проект Чернодрински“ – 1965–2015 год, чиј приредувач е Ј. Лужина со поголем број на соработници.

Што се однесува до официјалната програма во која спаѓаат претставите вклучени во конкуренцијата за награди, на 50-то издание беа изведени вкупно 13 претстави од исто толку театри од земјава. Притоа, од вкупно 13 претстави дури осум беа од класичната драмска литература, а пет од современата домашна или светска драмска литература. И уште еден индикативен податок: од осумте класични драмски дела дури половината односно четири од нив беа од Шекспир!? Друг, исто така, важен податок е дека од сите тринаесет претстави само една беше работена по домашен драмски текст односно автор. Станува збор за текстот „Безљубни“ од Благица Секулоска што во режија на Златко Славенски го изведе Драмскиот театар од Скопје. Авторката ја доби наградата за најдобар драмски текст, но за жал, без конкуренција. Инаку, како и минатата година и овој пат Фестивалот беше отворен во Скопје каде МНТ ја прикажа „Електра“ авторски проект на Андреј Жолдак заради

„Безљубни"

сложените сценски и технички барања на самата изведба. „Електра" на Жолдак врз основа на античката трагедија на Еврипид се претвора во модерно интониран драмски синопсис од наши дни. Современ според сите свои сегменти, особено во првиот дел оваа претстава во вториот дел е поинаку импостирана и сценски и актерски и режиски, така што добиваме целина која е приказна за одмаздата на Електра и Орест врз нивната мајка Клитемнестра и нивниот очув. Во претставата на МНТ со своите актерски креации доминираа Дарја Ризова во насловната ролја и Ѕвездана Ангеловска во ролјата на Клитемнестра. Низата на претстави работени по класични дела продолжува со „Мајка храброст" од Брехт во која актерката S. Анегловска се јавува во улога на режисер, а во која главниот белег на претставата и го дава Кети Дончевска Илиќ која настапува во насловната ролја. Како посебно интересни и солидни остварувања во целина се наметнаа претставите на Струмичкиот народен театар „Крвави свадби" од Лорка во режија на Љупчо Георгиевски и „Иванов" од Чехов на Битолскиот народен театар, а во постановка на гостинот од Русија Александар Бергман. „Сон на летната ноќ" од Шекспир имаше две постановки и тоа на Турскиот театар на режисерот Александар Поповски и на Прилепскиот театар, каде режисер е Нела Витошевиќ. Претставата на Турскиот театар се одликува со стилизација на дејството и ликовите и редукција на сценските средства, а сепак да понуди верификантен чин во кој подеднакво место имаат стварноста, илузијата и сонот. Во претставата на Нела Витошевиќ слично како и во претставата „Многу врева за ништо" на театарот Комедија во режија на Дејан Пројковски се прави обид за едно осовременување во пристапот со многу музика и кореографија при што во претставата на Комедија учествува и музички бенд од самите актери. Успешна сценска презентација имаше и Тетовскиот театар со „Залуден љубовен труд" во постановка на Сулејман Рушити.

Останатите пет претстави во кои покрај веќе споменатата „Безљубни" на Драмскиот театар, беа „Хотел ни на небо ни на земја" од Емануел Шмит во режија на Љ. Георгиевски, продукција на Штипскиот театар, „Предавање" од Мартин Мекдонах на Албанскиот театар од Скопје, „Приказни од шестиот кат" што според раскази на Д. Михајловски ја постави Дејан Дамјановски, продукција на Велешки театар и „Детектор за лаги" од Василиј Сигарев во режија на Ненад Витанов на Охридскиот театар. И покрај извесни достигнувања во актерска, сценографска, режиска и др. смисла, сепак ниту една од нив не се наметна со некои исклучителни вредности или како вонсериско остварување.

На фестивалот, иако јубилеен, отсуствуваа известувачи од главните државни медиуми, продолжи практиката за неодржување на тркалезни маси за претставите, а отсуствуваа и гости од странство (театарски критичари, автори, театри...).

м-р **Крсто Скубев,** *културолог*

43. МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ

9–31 МАЈ
2015 година

Без свечено отворање!

Зошто ваков наслов? Затоа што веќе 43 години посетителите на еден од најреномираните културни настани кај нас, беа навикнати на свечена церемонија за отворањето на фестивалот и на палење на фестивалскиот оган. Годинава тоа изостана, поради немилите настани што се случија истиот ден во Куманово. Инаку, се беше подготвено уште ден пред тоа, за свечено отворање. Беше направена специјална бина, со соодветна техника и логистика, за свечената церемонија. Но, уште утрината на 9 мај, злокобно одекна веста дека во Куманово гинат луѓе. Раководството на Македонската опера и балет ги следеше настаните и реши да се запали само фестивалскиот оган (во чест на загинатите), а публиката само ја известивме дека, поради трагедијата во Куманово, се откажува церемонијата на свеченото отворање и ја повикавме да ја проследи премиерната изведба на „Магбет“ од Џузепе Верди, која беше поставена за првпат во Македонија, со домашна солистичка екипа.

Мајските оперски вечери како да „немаат среќа“ изминатите неколку години. Имено, речиси секоја година, пред почетокот или за време на одржувањето на Фестивалот, се случуваат избори. Кога претседателски, кога парламентарни или локални, или пак некои заеднички. Зошто ваква констатација? Заради одгласот во јавноста. Имено, како што на сите им е познато, политичките партии и нивните лидери, вложуваат огромни напори и средства во предизборните кампањи, ги „окупираат“ сите медиуми. Медиумите, од друга страна, имаат голем профит од рекламните кампањи и некако сите други настани се одбележуваат бегло, или сосема се игнорираат. Македонската опера и балет е немоќна во борбата за простор во медиумите, па така нашите стотина плакати, за половина час се прелепувани од оние на политичките рекламери. Истото се случува и во електронските медиуми. Така се случуваше минатите години, а според најавите, најверојатно иста ситуација можеме да очекуваме и идната година. Веќе се најавени вонредни избори за крајот на април 2016 година и ако има втор круг на изборите (што е многу веројатно), тој пак ќе „влезе“ во Мајските оперски вечери!

Плакат од Фестивалот

Но, тоа е помалку важно. Најважно е тоа што публиката ги сака Мајските оперски вечери.

Мајските оперски вечери започнаа на 9 мај во далечната 1972 година. Правата професионална оперска претстава „Кавалерија Рустикана“ е изведена на 9 мај 1947 година. Деветти мај е Ден на победата против фашизмот и Ден на Европа. Симболики колку што сакате. Колку да не се заборави.

Но, да се вратиме на 43. мајски оперски вечери.

И годинава, како и минатата година, на Фестивалот имаше шест настани. Пет оперски и една балетска претстава. **„Магбет“** на Џузепе Верди – премиерно, за свеченото отворање и за прв пат во Македонија, **„Травијата“,** на Џузепе Верди, најпопуларната и најизведувана опера во Македонската опера и балет и на Мајските оперски вечери, **„Адријана Лекуврер“** на Франческо Чилеа, која имаше своја премиера во март 2015 година, **„Симон Боканегра“** на Џузепе Верди, со која беа отворени 42. мајски оперски вечери, минатата година, **„Аида“** на Џузепе Верди, традиционално, за затворање на фестивалот и ремек-делото на балетската класика **„Лебедово езеро“** на Петар Илич Чајковски.

На 43. мајски оперски вечери имавме една ексклузивна гостинка – ѕвезда на Фестивалот беше светската оперска дива Даниела Деси од Италија. Даниела Деси настапи во насловната улога на операта „Адријана Лекуврер. Даниела Деси е светски водечки сопран во моментов. Настапува во најпрестижните оперски куќи во светот. Од миланската „La Skala“, преку „Метрополитен“ операта во Њујорк, „Ковен гарден“ и на многу други места. Таа се смета за референтна точка за Верди, Пучини и реалистичкиот, веристички репертоар. Благодарение на убавината на нејзиниот глас, големиот талент и силната техника, способна е да пее од Монтеверди до Прокофјев, толкувајќи повеќе од 70 улоги во оперските спектакли. Добитничка е на голем број светски награди и признанија. Годинашниов фестивал помина под знакот на Даниела Деси. Целиот пропаганден материјал беше означен со нејзиниот лик, за што таа даде согласност и не побара никаков дополнителен надомест, што не е случај со светските ѕвезди од нејзиниот калибар! Такви беа и одгласите во медиумите, па така еве неколку за илустрација и потврда. **„Адријана Лекуврер“** со оперската дива Даниела Деси (Вечер), „Италијанската дива Даниела Деси во Скопје“ (Вест), **„Славната Даниела Деси на Мајските оперски вечери“** (Нова Македонија), **„Дивата** Даниела Деси, доаѓа на Мајските оперски вечери“ (Дневник).

Даниела Деси, даде и неколку интервјуа за македонските медиуми, каде што со задоволство истакна дека „Вреди да се настапува во земји кои вложуваат во операта. Силно верувам дека една од најважните должности на светските водечки уметници е да ја популаризираат операта во светот. Зошто сакам да настапувам на нови места, исто како што настапувам на добро познатите сцени? Има земји што избрале да инвестираат во операта, да градат многу важна врска меѓу сопствената историја и европската музичка култура“ (Дневник, 16.5.2015).

Можеби најважно од сè е тоа што Даниела Деси беше исклучително задоволна од професионалноста на македонскиот оперски ансамбл и Македонската опера и балет е во преговори да дојде и следната година на Мајските оперски вечери.

Отворањето на Фестивалот беше на 9 мај, со премиера на **„Магбет“,** за првпат поставена и изведена во Македонија. Како што е и вообичаено, отворањето предизвика огромен интерес. Во „Магбет“ настапи домашна солистичка екипа, предводена од нашиот баритон Борис Трајанов, кој ја толкуваше насловната улога. Во останатите улоги настапија: Лејди Магбет – Весна Ѓиновска-Илкова, и младите и надежни солисти Банко – Владимир Саздовски, Мекдаф – Марјан Николовски, Дама – Ирина Владимирова, Малколм – Илија Белистојаноски, Доктор – Диме Петров, Слуга на Магбет – Борко Бицовски, Хералд – Марко Тодоровски, Предавник – Димитар Кожухаров, Три привиденија – Симона Петровски, Надежда Рубен и Дарко Јовановски, Данкан (Крал од Шкотска) – Масимилијано Бријарава (Италија) и Флеанц (син на Магбет) – Марко Трајанов. Балетски солисти беа: Борјан Тетиев, Марко Мицов, Кристијан Јангос и Мартин Саздовски.

Авторската екипа ја предводеше диригентот Џанлука Мартиненги, од Италија, режисер: Марко Спада (Италија), сценограф: Мауро Тинти (Италија), костимограф: Раде Василев, *кореоѓраф*: Олга Панго, концерт-мајстор: Верица Ламбевска, асистенти по режија: Масимилијано Бријарава (Италија), Љупка Јакимовска и Трајко Јордановски, асистенти-диригенти: Бисера Чадловска и Стефано Романи (Италија).

Првата продукција на „Магбет“ во Македонија ја постави италијанскиот режисер Марко Спада. Инаку, операта „Магбет“ првпат била изведена во 1874 година во театарот „Teatro de la Pergola“ во Фиренца. „Магбет“ е првото драмско дело на Шекспир што Верди го преточил во музичко-сценско дело. Оваа опера Верди ја напишал пред големиот успех со оперите „Риголето“, „Трубадур“ и „Травијата“, кои му обезбедиле светска, универзална слава. Либретист е Франческо Марија Пјаве, а неговата адаптација на Шекспировата драма ја следи оригиналната приказна, со



„Магбет"- скица од сценографското решение, автор, Мауро Тинти - Италија

неколку измени: наместо Три вештерки, како во драмата на Шекспир, во операта се појавува голем женски хор од вештерки, поделен во три групи. Шекспировите драми за Верди биле животна инспирација. Сакал да ја адаптира „Крал Лир", но никогаш не ја остварил оваа идеја. Затоа, пак, неговите последни две опери исто така се базираат на Шекспировите драми – „Отело" и „Фалстаф", која се базира на „Веселите жени Виндзорски".

Режисерот Марко Спада направи одлична режија. Ја „осовремени" приказната, односно ја „префрли" во современето, бидејќи приказната говори за вечната тема за борба за власт. Марко Спада е сестран уметник кој се занимава со неколку значајни дејности и функции. Работи како музиколог за повеќе значајни италијански музички фондации објавувајќи стручни трудови посветени на операта од XIX век. Во 1992 година, издавачката куќа „Рикорди" ја издава неговата книга со наслов „Театарот на Росини" во чест на двестегодишнината од раѓањето на Џоакино Росини. Предава историја на музиката на Конзерваториумот во Фросињоне, а предавач е и на Универзитетот во Сасари за групата предмети од областа на комуникацијата. Како професор и музички новинар пишува за повеќе значајни италијански публикации, а од 1998 г. е музички критичар за римскиот весник „Унита".

Од 2004 г. е дел од уметничкото водство на Националната академија „Санта Чечилија" во Рим, каде што раководи со специјалниот фестивалски проект посветен на Моцарт. Од 1998 г. е уметнички директор на здружението за култура во Сасари, каде што е задолжен за театарската и концертната сезона на овој град во Сардинија.

Како оперски режисер, од 2004 г. до денес има работено на значајни продукции во Италија и странство меѓу кои: „Мојсеј во Египет" од Росини за Римската опера, „Марин Фалиеро" и „Полиуто" од Доницети за оперскиот фестивал во Бергамо, операта од Нино Рота и „Ноќ на неврастеникот" во Лече и Сасари, „Дон Џовани" во Витербо, Моцартовите опери „Титовото милосрдие" и „Свадбата на Фигаро" во Ставангер во Норвешка и во Сасари, „Лучија ди Ламермур" во Дебрецин и Будимпешта, Вердиевите опери „Луиза Ми-

лер“, Фалстаф“ во Јеси и Сасари, како и „Севилскиот бербер“ во Бејрут.

Овде мораме да ги истакнеме неверојатно инвентивните и адекватни костими на Раде Василев, кои и визуелно, но и асоцијативно на улогите, одлично функционираа на сцената.

На 13-05, следуваше ремек-делото на балетската класика **„Лебедово езеро“** на Петар Илич Чајковски. Авторската екипа ја сочинуваа: Диригент: Ѓорѓе Павловиќ (Србија), Кореограф: Виктор Јаременко (Украина), Главен репетитор и педагог: проф. м-р Тања Вуисиќ Тодоровска, Сценограф: Андреј Злобин (Украина), Костимограф**: Гана Ипатиева (Украина**), Репетитори: м-р Олга Панго, Саша Евтимова, Горан Божинов. Во главните улоги настапија: Одета/Одилија: Нина Капцова (Русија), Принц Зигфрид: Артјом Овчаренко (Русија), Ротбарт: Дојчин Дочев (Бугарија)

Неверојатна е популарноста на ова балетско дело кај нас! Кога и да игра на репертоарот, салонот е исполнет до последно место!

Во главните улоги на оваа претстава, Одета/Одилија и Принц Зигфрид, имавме двајца исклучително квалитетни гости. Нина Капцова и Артјом Овчаренко, Првенци на **„Бољшој“ театарот од Москва.** Нивното гостување комплетно беше спонзорирано од Николај Гришко, сопственик на познатата фабрика за балетска опрема „Гришко“. Неверојатна беше нивната игра на сцената на Македонската опера и балет. Колку беа прекрасни како танчари, исто толку зрачеа со нивната елеганција. „Убави како кукли“, што би рекол нашиот народ! Нина Капцова е родена во 1978 година во Ростов на Дон, и учи балетска игра во класата на Софија Головкина, на Московската кореографска академија. Веднаш по дипломирањето станува дел од балетската трупа на театарот „Бољшој“, каде што денес е прв солист и работи со репетиторот Марина Кондратиева.

Артјом Овчаренко е роден во Дњетропетровск, каде што започнува да учи балетска игра во Државната балетска школа, на 11-годишна возраст, а веќе со 17 години станува член на Академијата на балетот „Бољшој“, каде што за време на студиите зема учество во турнеите на ансамблот во САД, Грција, Германија, Кина и други земји. Дипломира во 2007 година и веднаш е примен да биде член на балетскиот ансамбл на театарот „Бољшој“. Работи под менторство на Николај Цискаридзе и по само една година ја танцува главната машка улога во „Оревокршачка“.

Сцена од претставата „Магбет“ изведена на МОВ 2015

Гостите Нина Капцова и Артјом Овчаренко во „Лебедово езеро"

Публиката ги наградуваше со френетични аплаузи и извици „браво". Понесени од беспрекорната игра на гостите и аплаузите од публиката (која точно знаеше каде и кога да аплаудира), останатите солисти, ансамблот и оркестарот, донесоа една магија во гледалиштето и оваа изведба на „Лебедово езеро" ќе остане долго во сеќавање на љубителите на балетската уметност.

Наредeн настан (17-05-2015), беше најпопуларната и најизведувана опера во МОБ и на Мајските оперски вечери „Травијата" на Џузепе Верди. Авторска екипа: диригент: Норман Вицаја (Индонезија), режисер: Нина Најденова (Бугарија), сценограф: Борис Стојнов (Бугарија), костимограф: Цветанка Стојнова (Бугарија), кореограф: Борјана Сечанова **(Бугарија)**, асс. кореограф: Олга Панго

Настапија**:** Виолета Валери: Сања Керкез (Србија), Алфред Жермон: Домагој Доротиќ (Хрватска), Жорж Жермон: Нико Исаков (Бугарија), Флора: Марика Поповиќ, Анина: Катерина Стојановска , Барон Дуфол: Ернес Ибраимовски, Маркиз Д'Обињи: Драган Ампов, Гастон: Никола Стојчески, д-*р Гренвил*: Невен Силјановски и Џузепе: Игор Гиновски.

Не случајно истакнавме дека „Травијата" е најпопуларна и најизведувана! Таа е пандан на популарноста на „Лебедово езеро" во балетската уметност. Претставата беспрекорно ја водеше маестро Норман Вицаја. За овој индонезиски диригент, музичката критика ќе истакне дека прави магија на сцените на најдобрите оперски куќи и концертни сали во светот. „Да го гледате Норман како диригира мјузикл или опера претставува интензивно искуство. Неговата палка ја води музиката, неговото дело се движи заедно со ритамот, неговите очи блескаат со емоции во страсна и експресивна изведба" – се

само неколку од епитетите врзани за овој исклучителен уметник. Виџаја студира диригирање и композиција во Берлин. Неговата импресивна биографија зборува за преку четиристотини продукции реализирани на сцените ширум светот. Улогата на Виолета Валери е предизвик за секој сопран. Сања Керкез ѝ е добро позната на македонската публика. Се усовршувала кај Оливера Милјаковиќ во Виена, а настапува во Белградската опера и на повеќе сцени во Европа. Ја донесе улогата со многу експресија и емотивно доживување, за што беше наградена со искрени аплаузи. Тенорот Домагој Доротиќ е млад и надежен солист, пред кој претстои блескава кариера. Настапува во Хрватско народно казалиште во Загреб, а чест гостин е и на сцените на другите оперски куќи во Хрватска и во соседните нејзини држави. Со неговата прекрасна боја на гласот, исто така измами искрени аплаузи кај публиката. Бугарскиот баритон Нико Исаков е миленик на скопската публика! Заради неговото често гостување на сцената на МОБ, на шега велат дека е „домашен" солист. Тој е професор по соло-пеење на Музичката академија „Панчо Владигеров" во Софија и во неговата класа дипломираа неколку студенти од Република Македонија, кои веќе настапуваат на сцената на Македонската опера и балет. Исаков редовно ги собира аплаузите на оперските обожаватели и на критиката на сцените во Бугарија и во Европа. Во Софиската национална опера тој ги толкува сите главни баритонски улоги и соработувал со големи оперски имиња како Николај Ѓауров, Гена Димитрова, Ана Томова-Синтов, Никола Ѓузелев. Бил гостин на сцените на оперските куќи во повеќе земји во светот.

Следуваше долгоочекуваната **„Адријана Лекуврер"** од Франческо Чилеа, најмногу заради носителката на насловната улога, Даниела Деси (21.5.2015). За светската оперска дива Даниела Деси веќе направивме достоен осврт. Во **„Адријана Лекуврер"** авторската екипа ја предводеше диригентот: Валерио Гали (Италија), режисерот: Енрико Кастилјоне (Италија), сценографот: Александар Златовиќ (Србија), костимографот: Весна Радовиќ (Србија), кореографот: Олга Панго, асс. диригенти: Иван Еминовиќ и Катерина Стојковска. Настапија: Адријана Лекуврер: Даниела Деси (Италија), Маурицио: Ѓорѓи Цуцковски, Принцеза де Бујон: Тицијана Караро (Италија), Принц де Бујон: Александар Стефаноски, Игуменот од Шазеј: Дејан Стоев, Мишоне: Марче-

„Травијата"



ло Липи (Италија), Госпоѓица Жувено: Билјана Јосифов, Госпоѓица Данжевил: Николина Јаневска, Поисо (риба): Никола Стојчески, Кино: Диме Петров.

„Адријана Лекуврер“ е најизведуваното дело на италијанскиот композитор, Франческо Чилеа и е базирано на истоимената драма на Јуџин Скриб и Ернест Легуве. Премиерно била изведена во 1902 година, на сцената на „Театро лирико“ во Милано. Главните улоги ги толкувале сопранистката Анџелика Пандолфини и прославениот тенор Енрико Карузо. Либретото е работено врз база на вистински настан, по биографијата на француската актерка Адријана Лекуврер (1692–1730). Иако е инспирирано од вистинска животна приказна, поголем дел од дејството е фикција. Во изведбата на оваа опера на Мајските оперски вечери, мораме да го истакнеме и одличниот настап на гостинката Тицијана Караро од Италија и на нашиот тенор, Ѓорѓи Цуцковски. Караро со својот сонорен мецосопран, беше достојна „ривалка“ на Даниела Деси, додека Цуцковски енергично и сценично ја интерпретираше улогата на „двојниот“ љубовник, Маурицио. Сепак, на сцената доминираше ѕвездата на Мајските оперски вечери, Даниела Деси. Таа со својата беспрекорна техника, сценичност и над сè прекрасниот сопран, со право го понесе епитетот дива и ѕвезда на годинашниов оперски фестивал.

Следуваше „Симон Боканегра“ (26.5.2015), на Џузепе Верди, претстава која својата премиера првпат во Македонија, ја доживеа минатата година, за отворањето на минатогодишните Мајски оперски вечери. Диригент: Стефано Романи (Италија), режисер: Антонио Карло де Лучија (Италија), сценограф: Алесандра Полимено (Италија), костимограф: Александар Ношпал, кореограф: Олга Панго. Настапија: Симон Боканегра: Борис Трајанов, Амелија / Марија Боканегра: Валерија Сепе (Италија), Јакопо Фиеско: Владимир Саздовски, Габриеле Адорно: Иван Момиров **(Бугарија)**, Паоло Албијани: Кармине Монако (Италија), Пјетро: Диме Петров, Капетан: Дејан Стоев, Слугинка на Амелија: Валентина Димитриевска. Гостите од Италија, режисерот Антонио Карло де Лучија и диригентот Стефано Романи дадоа голем придонес за да се допре,

„Адријана Лекуврер“

„Симон Боканегра"

како што и самите кажаа, Вердиевиот манир, да се поседува италијанскиот стил на класично градење на една музичка драма од тоа време. Борис Трајанов, толкувајќи ја насловната улога (исто како и минатата година на МОВ), остави посебен впечаток како стожер, како лик кој е силно посветен до крајот да го задржи навидум строгиот принцип на дејство, да го наметне општествено-политичкиот карактер, но зад кого, сепак, се кријат силни чувства. Токму тој емотивен аспект, особено видлив во дуетите со неговата ќерка Амелија (Марија Боканегра), чиј лик го толкуваше сопранот Валерија Сепе (Италија), и најмногу ја допре публиката. Достојно на важноста на ролјите, мораме да ги истакнеме настапите на нашиот Владимир Саздовски и на гостинот од Бугарија, тенорот Иван Момиров. Момиров поседува неверојатно убава боја на гласот и секогаш има експресивен настап, не „маркира" и не пее фалсето (како што велат оперските уметници), туку постојано целосно им се предава на улогите што ги толкува. Затоа е и чест гостин на многу сцени надвор од својата земја.

Традиционално, за затворање на Фестивалот, како и години наназад, на 31.5.2015 г. се одржа претставата „Аида" на Џузепе Верди. Во „Аида" беа следниве учесници, автори и изведувачи: диригент: Стефано Романи (Италија), режисер: Дејан Прошев, сценограф: Зоран Костовски, костимограф: Елена Дончева, кореограф: д-р Снежана Филиповска, асс. диригент: Иван Еминовиќ **и** Катерина Стојковска. Настапија: *Аида*: Ракеле Станиши (Италија), Амнерис: Росана Риналди (Италија), Радамес: Пјеро Џулијачи (Италија), Рамфис: Иван Томашев (Србија), Фараон: Александар Стефаноски, Амонасро: Серџо Болоња (Италија), Главна свештеничка: Олгица Милевска, Гласник: Марјан Николовски, Солисти на Балетот: Марија Кичевска Шокаровска и Бобан Ковачевски и Балетскиот ансамбл на МОБ.

„Аида" помина во своето препознатливо „руво", со иста режија, сценографија, костими и кореографија како повеќе години наназад. Но, тоа не ѝ пречи на публиката. Секоја година се бара билет повеќе за оваа претстава. Може-

би и затоа што се изведува само еднаш годишно, но, сепак таа плени со својата величественост и грандиозност. Со своите прекрасни арии, дуети, посебно со масовните хорски делници, како и со убавата музика за балет, на која е „залепена“ препознатливата кореографија на нашата Снежана Филиповска. За годинашнава претстава недвојбен е впечатокот дека беше компактна, од сите аспекти. Иако настапи интернационална солистичка екипа, претставата протече со чувство дека сите одамна се познаваат и знаат како да си парираат еден со друг, како драматуршки да ја доловат секој својата ролја, како да се следи мизансценот итн. Во таа прекрасна атмосфера, каде што сите го дадоа својот можен максимум, како да отскокнуваше интерпретацијата и сценичноста на мецосопранот Росана Риналди, во ликот на Амнерис.

Ова би бил краток осврт за 43. мајски оперски вечери. Субјективна констатација на авторот на овој текст е дека Мајските вечери како „да го губат здивот“, како да им фали освежување. Последниве години навистина има квалитетни гости, солисти и диригенти. Но, времињата се менуваат! Живееме во динамично и „електронско“ време. Новите генерации се преокупирани со новите технологии. Можеби недостасува некаква off програма, на пример, со добар мјузикл или концерт, или некаков перформанс, ораториум со одлични солисти и сл. Во 2017 година Македонската опера ќе слави 70 години од постоењето. Еве убав повод да се размисли за нова и интересна програма. Но, за тоа треба нов концепт и нова финансиска конструкција.

Да заклучиме со најважните констатации: Мајските оперски вечери се важен дел од македонската култура, успеаја да опстојат и покрај сите транзициски турболенции кај нас и во соседството, но најважно од сè е тоа што публиката ги сака, и уште еднаш ќе потенцираме, дека годинава останаа без свечено отворање, не по вина на Македонската опера и балет.



Сцена од „Аида“

Сузана Вренчовска

Драмска програма на јубилејното 55 издание на ОХРИДСКО ЛЕТО

ТЕАТАРОТ – ПРЕВЕНЦИЈА ПРОТИВ ЛУДИЛОТО НА ВОЈНАТА

Светот во кој што живееме како по правило се навраќа врз принципите на насилството, предрасудите, отуѓеноста. Човекот постојано е на испитот на зрелоста и во постојана потрага по средствата за сопственото исцелување. Најдобриот начин да се дојде до вистинското решение е постојано навраќање и предупредување за сопствените грешки. Функцијата на театарот и воопшто на уметноста е токму тоа. Будење на заборавените чувства кои го оплеменуваат духот и средба со љубовта во себе за која сме помислиле дека е непотребна во овој динамичен,рамнодушен и суров свет.

Токму затоа изборот на драмската програма на годинешното 55 јубилејно издание на Охридско лето се обиде од една страна да ги претстави дел од најновите театарски продукции кои во минатата театарска сезона направија сензација на театарската сцена обидувајќи се да допрат до срцата на гледачите обработувајќи ги последиците од двете најголеми катастрфи на 20 век, првата и втората светска војна.

Полните гледалишта и најпозитивните критико ќе останат како сведоштво дека годинава имавме навистина квалитетна драмска програма на Охридско лето, фестивал со најголема традиција во нашата држава и со највисоки критериуми во создавањето на програмата. Токму затоа возбудата да се подготвува програма за Охридско лето е возбуда која има свој континуитет, смета Ѓорѓи Јолевски, селектор на драмската програма на Охридско лето.

-Во оваа јубилејна 2015 година драмската програма изобилуваше со новитети, високи уметници, копродукции, нови програми, различни простори. Онака како што доликува за јубилејна година. Во самата програма вткаени беа три основни сегменти. Најнапред интернационалната програма која опфаќа повеќе уметници и театарски продукци веќе профилирани на интернационалната театарска сцена. Вториот и не помал по значење се македонските продукции кои ќе се претстават со премиерно прикажување на своите најнови претстави и се разбира праизведби.

„Многу врева за ништо“

Мора да се нагласи дека во секоја од македонските продукции вградени беа интернационални соработници како копродуценти, режисери, драмски автори, актери и други уметници кои се дел од македонската продукција. Третиот сегмент беше новитет на Фестивалот. Воспоставување на програма наречена “Младо театарско Охридско лето која ни претстави национални и интернационални млади театарски уметници кои својот уметнички пристап го базираа врз истражување на нови форми на изразување, вели Јолевски.

Со претставата „Неопланта“ според Ласло Вегел во режија на ислучителниот Андраш Урбан публиката се пренесе во судбините на луѓето во градот Нови Сад, кои ги преживуваат сите историски премрежија и системи од создавањето на градот до денес. Низ гротескната и траги-комична игра на перфектната актерска екипа го видовме лудилото на војните и тажните човечки судбини.

На сцената во предворјето на Света Софија актерите од Новосадско позориште имаа фасцинантна изведба која публиката долго ќе ја памети. Феноменалната актерска екипа и естетиката на Андраш Урбан оставија силен впечаток со тема која ги крши политичките критериуми за тоа што значи демократија, што значи народ и политички системи, што значи чуството на еден народ кој проаѓа низ различни системи во различни временски периоди.

Урбан во овој момент е најкреативниот режисер на Европските простори кој со “Неопланта“ ја освои наградата на публиката на овогодинешниот БИТЕФ, доби награда за најдобра претстава за „Коштана“ на МЕСС, во Битеф театар ја режираше “Антихрист“, во моментов работи на „Франкенштајн“ и дефинитивно е најголемото “ темно “ освежување на Балканот. Што се однесува до актерската екипа, тоа е еден од најдобрите ансамбли, индивидуалци во колективната актерска игра.

По повеќегодишни преговори конечно на фестивалската сцена годинава за прв пат го имавме најдобриот израелски театар со еден од најиграните современи драмски текстови за трагедијата на еврејскиот народ во втората светска војна **„Нашиот клас“** од Тадеуш Слобоѓанек во режија на Ханан Снир, ко-продукцијата на „Камери театар“ и Националниот театар „Хабима“ од Тел Авив од Израел. Потресна драма на естетичката и овозмеската реалност која го доведе гледачот до висок степен на емотивно празнење.

-Веќе пет години бев во постојана комуникација со уметничкиот директор на Камери театар, г-дин Ноам Семел. Секоја година проблем беа средствата но оваа година имавме голема помош од израелскиот амбасадор во Македонија, г-дин Дан Ориан кој има неверојатно чувство за уметност, вели драмскиот селектор.

Народниот театар од Сомбор, Србија на фестивалот „Охридско лето“ ја одигра претставата **„Многу врева за ништо“** од

вечно актуелниот Шекспир а во режија на Ана Ѓорѓевиќ.

Саша Торлаковиќ кој се вбројува помеѓу петте најдобри актери во Србија на сцената во дворот на Основното училиште „Свети Климент Охридски“ покажа дека не случајно добил најмногу стериини награди во неговата земја во текот на својата две и пол деценискa актерска дејност. Според него, претсвата „Многу врева за ништо“ ја сакаат и актерите, но и публиката.

– Шекспир е неиспцрпен рудник кој ви отвора многу теми иако е многу тешко да се определите која ќе биде доминантна. Во нашата претстава важно место зазема секако, машко-женскиот однос, тој компликуван однос кој трае од опстанокот на Адам и Ева до денес, но она што мене ми беше интересно како актер е како една средина, еден естаблишмент , една елита загледана во себе не обраќа внимание каква неправда може да им направи на другите, рече Торлаковиќ.

Премиерите се бисер на драмската програма на Охридско лето. Оваа година видовме четири исклучителни дела.

Народниот театар од Охрид се претстави со **„Стари времиња“** од Харолд Пинтер во режија на Нела Витошевиќ која полека но сигурно ја освојува меѓународната театарска сцена.

– Комплексноста на темите што ги обработува, комплексноста на неговиот стил на пишување едноставно бара огромна зрелост, не само од режисерот, туку многу повеќе и од актерите, вели Витошевиќ.

Според неа, интересно кај Пинтер е што многумина критичари неговиот стил го толкуваат како „пинтеризам“ , и тој е еден од авторите што не може да се вброи во ниеден специфичен стил освен во својот.

– Пинтер е мошне оригинален во својот стил и таа негова оригиналност едностав-



„Стари времиња“

„Антоние и Клеопатра“

но бара и оригинално толкување на целата материја. Во таа смисла, ние направивме еден колаж од сеќавања. Тоа е една растурена сложувалка на сеќавања во којашто и оставаме на публиката сама да ја сложи и не даваме одговор бидејќи авторот како таков, секогаш вели дека нема една вистина во текстот, туку повеќе. Тоа е нешто што е многу суптилно и карактеристично за неговите текстови, додава младата режисерка.

Народниот театар од Битола со претставата **„Антоние и Клеопатра“** од Вилиам Шекспир во режија на американецот Џон Блондел кој битолскот театар со „Хенри VI“ го однесе во Глоб театар во Лондон да ги собере ловориките за својата уметност.

Според режисерот Блондел, „Антоние и Клеопатра“ е најкомплексна и најкомплицирана театарска претстава за изведување и една од најголемите трагедии заедно со „Кралот Лир“ „Магбет“ и „Отело“.

– Кога го играте Шекспир имате две ѕвезди. Првата е Шекспир, а втората е актерскиот ансамбл, појасни Блондел

Претставата „Слуга на двајца господари“ од Карло Голдони во режија на турскиот режисер Јуџен Ертен спои две Национални куќи, турскиот и албанскиот народен театар од Скопје и со неколку балкански јазици ни претстави еден духовит но и суров пластифициран свет во кој преку гротеската, иронијата и сарказмот се вселиме во нашето секојдневие.

– Отсекогаш ми се допаѓаше спојот на јазиците во вашата земја, помеѓу Македонците и Турција, Турците и Албанците, Македонците и Албанците и слично кои меѓусебе одлично се разбираат. Оваа мултилингвална средина ја доживеав во „Куќа на граница“. Тријазичната димензија на претставата ме исфрли чекор напред зашто овде познавам актери кои ги знаат сите овие јазици. Нашата претстава се однесува на љубовта и на лебот. Во современиот свет и двете нешта

„Кирил и Методиј, who are you“

„Опасни врски“

влегоа во тешки димензии. Светот дојде во таква состојба во која почнавме да произведуваме и ѓубриште. За мене овој текст во кој се говори за двајца вљубени од различни заедници и за еден сиромав кој се бори за леб, беше мошне интересен, вели Ертен.

Последната премиера – праизведба на Охридско лето, претставата **„Кирил и Методиј, who are you“** од Јордан Плевнеш во режија на Мартин Кочовски, копродукциски проект во продукција на НЕТА а во копродукција на Охридско лето, Охрид – Македонија, Експонто, Љубљана – Словенија, Сфумато театар од Софија, Бугарија и Народен театар „Војдан Чернодрински“ од Прилеп, Македонија, современа драма за двајца браќа, Кирил и Методиј, кои ја нудат љубовта која и недостига на Европа.

Режисерот Мартин Кочовски направи една исклучително силна претстава која ги руши сите можни табуа и носи новитет во театарската естетика.

„Со Љубовта шегување нема“

– Оваа екипа е збогатена со врвни актери од Грција, Бугарија и Македонија станува една чудна хемија и интересно друштво кое споделува една голема идеја. Таа идеја ја почувствував уште првиот пат кога го прочитав првото нешто што го имаше напишано авторот и сфатив дека не се работи за текст кој би правел некаква ревизија на историските факти за Кирил и Методиј, туку дека станува збор за една потрага по ехото на нивните идеи и нивната мисија. Така почна целата оваа одисеја, вели Кочовски за овој голем копродукциски проект.

Дејан Пројковски се вбројува меѓу режисерите кои својата уметност ја делат со меѓународната јавност. Овој пат ја видовме неговата поставка на **„Опасни врски“** според Лакло во продукција на познатиот ансамбл на театарот „Комисаржевска“ од Санкт Петерсбург, Русија.

Дека големата руска душа и кога пати умее да се спои со било кој дел од светот доказ беше и душевниот призвук и контакт со публиката на мајсторите на актерската игра Евгенија Игумнова како маркизата Де Мертеј и Владимир Крилов како виконт Де Валмонт кои всушност беа предводниците во играта на уште десетмина маестрални руски актери кои ја овоплотиле во прекрасно доживување режијата на нашиот Дејан Пројковски.

– Она што беше моја идеја на овој фестивал да ги донесам претставите со кои нашите реномирани режисери го втемелуваат своето уметничко кредо на различни меридијани на светот и со тоа ја потврдуваат и шират македонската култура како вистински амбасадори на нашата татковина, вели Јолевски.

За прв пат оваа година во рамките на драмската програма на Охридско лето се одигра неколку театарски претстави во програмата „Младо театарско Охридско лето“.

– Оваа програма во својата закрила ги поддржува младите театарски дејци кои преку нови форми и лабараториско истражување се обидуваат театарската уметност да ја обезграничат од веќе постоечките театарски форми и нудат новини кои во нивната понатамошна работа ќе се развиваат и оформуваат, објаснува Јолевски.

„Делириум тременс“

Годинава во оваа програма ги видиме претставите **„Со Љубовта шегување не-**



„Дневникот на лудиот“

ма“ според текстви на Алфред де Мисе во режија на Софија Ристевска во продукција на Независен театар од Битола, Македонија. Претставата **„Делириум тременс“** според Благоја Ристески – Платнар во режија на Игор Трпчески во продукција на „Театарска Работилница“, Прилеп, Македонија, Монотеатарската Опера **„Дневникот на лудиот“** од Николај Васиљевиќ Гоголь, во режија на Марјан Нечак во продукција на Музички театар Битола, Македонија и претставата **„Јованка Орлеанка“** што ја изведоа актерите од Драма театарот од Габрово, Бугарија.

Секако спектакуларно и на ниво на едно големо јубилејно издание на Охридско лето беше и крајот на Фестивалот со претставата **“Figurae veneris historiae“** од Горан Стефановски во режија на Александар Поповски. Македонскиот уметнички тим придружен од Кирил Џајковски, авторот на музиката, преку ансамблот на Словенско народно гледалишче – Драма, Љубљана од Словенија на фасцинантен начин, преку естетски бравури не исправи пред прашањето дали човекот е спремен на остане Човек.

– Би биле луди да ги затвориме очите и да се правиме дека во светот владее мир и благосостојба. Да се залажуваме дека тензијата за превласт на територии и промена на политички системи не постои. Секој ден сме сведоци на систематско обесчовечување и постојано политичко и воено превирање. Светот клокоти. Светот во кој што живееме како по правило се навраќа врз принципите на насилството, предрасудите, отуѓеноста. Човекот

„Јованка Орлеанка“

"Figurae veneris historiae"

постојано е на испитот на зрелоста и во постојана потрага по средствата за сопственото исцелување. Најдобриот начин да се дојде до вистинското решение е постојано навраќање и предупредување за сопствените грешки. Функцијата на театарот и воопшто на уметноста е токму тоа. Будење на заборавените чувства кои го оплеменуваат духот и средба со љубовта во себе за која сме помислиле дека не е непотребна во овој динамичен и суров свет, потенцира Јолевски.

Авторот на „Figurae veneris historiae" Горан Стефановски за неговото дело вели дека сложениот наслов на драмата наслов крие многу проста порака, дека има нешто порнографско во историјата особено кога ќе дојде до големи колежи, со светските војни како круна на политичката порнографија.

Историјата не врти, гнечи на многу начини...Темите за теророт на историјата, за баналноста на злото, секојдневието што не притиска и не фаќа во стапиците на голо преживување, емоционална уцена, им ги соблекува гаќите на луѓето и многу често го сведува нашиот однос на вулгарни препукувања и на јазик на пцости...Во таквиот пеколен казан сите копнееме по човечки збор, по нежни допири, по поезија, истакнува Стефановски.

Оваа јубилејна година сите театарски претстави, со исклучок на една, се одиграа на отворено освојувајќи ги амбиенталните простори на веќе познатите охридски сцени и нови простори кои во иднина ќе станат дел од сцените на Охридско лето.

Според селекторот Јолевски на секој летен фестивал се очекува претставите да се случуваат на отворено. Охрид, како што вели, има прекрасни сцени и несекојдневен амбиент каде што можат да се инсценираат и постават театарски претстави. Прекрасната Св. Софија, Долни Сарај, Антички театар, дворот во училиштето Св. Климент, Самоилова тврдина, Музејот на коските и сите плоштади, сокаци, улици, паркови и црквени дворови, оваа година и годините идни ќе бидат простори за" добредојде" на претставите од целиот свет. Оваа година целокупниот репертоар на драмската програма на Охридско лето беше под ѕвездената небо над светиот град Охрид и ѕвездите и месечината ќе бидат дел од екстериерот на секоја театарска изведба како сведоци за уметничките дострели на плејадата уметници, гости на јубилејното 55-то издание на Охридско лето.

Тодор Кузманов

ВО ЗНАКОТ НА ПОЛИТИЧКИОТ ТЕАТАР

(Кон 40-тото издание на Младиот отворен театар, одржан од 23 до 28 септември во Скопје)

МОТ годинава се одвиваше под мотото Бариери, сакајќи да покаже дека оваа манифестација во секое свое издание се соочува со предизвици кои настојува да ги надмине и да опстојува. Фестивалот настана, се роди, во далечната 1976 година, со цел да ги следи светските театарски тенденции. Во биографијата на Фестивалот стои дека досега се изведени 700 претстави од 43 земји, а дека паралелно со главната програма се одржани и голем број изложби, концерти, промоции и сл. Своевремено, МОТ претставуваше движење кое ги окупира младите вљубеници во уметноста на божицата Талија, фаќајќи чекор со современите театарски струења и донесувајќи ги пред македонската театарска публика најновите претстави од Европа и светот. Секако дека тоа не остана без одраз на нашата домашна театарска сцена, која сè повеќе се ориентира кон театарското истражување и експеримент благодарение на кои сега има свое место и изборен рејтинг во регионот и пошироко. Последен доказ за наведеново, секако е претставата „Електра“, авторски проект на режисерот Андреј Жолдак, а која веќе е закитена со бројни и значајни награди и признанија на фестивалите дома и во регионот.

Јубилејниот, 40-ти Млад отворен театар, во голем стил го отвори швајцарската трупа „Алијас“ со танцовата претстава со наслов „Пред“. Во оваа вивисекција на современиот човек и неговото секојдневие, преку кореографијата и танцот е прикажана тревожноста и тегобноста на постоењето. Низ танцот на голите тела во еден збиен и густ ритам се доловува осуденоста на самотија и атомизираноста на човечките суштества во ерата на информатичката технологија. Низ нивните движења се создава какофонија на мускулите и месото, кои се подложни на бурите и ветриштата на судбината. И музиката и танцот опишуваат една психоделична состојба и мрачна атмосфера која дејствува моќно и силно сугестивно. Голите танчари и танчарки, значи, беа „нагрнати“ со плаштот на заканувачката перспектива во контекст на онтолошките прашања за светот и човекот. Танчарскиот перформанс на гостите од Швајцарија е показ на синтагмата дека танцот е начин на постоење, дури и тогаш кога ја изразува

сета тегобност токму на тоа постоење, односно на самата егзистенција.

Втората претстава на годинашниов МОТ, „Комплексот Ристиќ“, во својата основа го има сценското образование на поетиката и естетиката на режисерот Љубиша Ристиќ, со чие име се поврзува проектот КПГТ (Казалиште, позориште, гледалишче, театар), што од средината на седумдесеттите до средината на деведесеттите години на минатиот век се наметна како модел на културното обединување на федерацијата, чие распаѓање започна или беше навестено уште со мас движењето од 1968 година. Претставата на Оливер Фрлиќ, кој, имено, ги подложува на жестока театарска критика стереотипите на општествената сцена, се доживува како посмртна миса за бившата ју-федерација. Всушност, современиот режисерски „анфант терибл“ се пресметува со контроверзниот „театарски терорист“ Љубиша Ристиќ и со неговите политички лавирања со левичарски печат. Недостигот од зборови и нивната истрошеност се заменува со актерски движења и слики кои опишуваат и асоцираат не толку далечни состојби и настани и во општеството и во уметноста.

Првата од трите панел дискусии во придружната програма на годинашниов МОТ беше на тема „Цензурата и политичкиот театар“. Модератор на трибината беше театрологот Мишел Павловски, а во неа учествуваа претставници од Хрватска, Полска и Белорусија, кои ги изнесоа своите искуства во врска со посочената тема. Како поента може да се издвои фактот дека цензурата постои и дека таа се манифестира во разни форми, како политичка, економска или самоцензура.

Прва претстава на вториот фестивалски ден беше претставата „Самовили“ на Гоголь-центарот од Москва. Тоа беше претстава која зборува за сништата, мечтите и надежите на новите генерации. Барајќи го своето место во светот, тие укажуваат на реалноста низ која минуваат, на во принцип лошо уредениот свет кој им го оставиле нивните предци. Дејството на овој перформанс се случува во бањата како метафора за место каде што луѓето се најсами и најсвои, каде што слободно се преиспитуваат. Пред нас, преку ликовите на младите актери и актерки, дефилираат темите за љубовта во нејзините најразлични појавни форми, потоа за смислата на животот и на светот. Сето тоа екипата го изведува со голема доза на ентузијазам и актерска уверливост и сугестивност која плени.

И додека претставата на гостите од Москва зборува за еволутивните процеси и себенадраснување, дотогаш следната претстава што ја изведе неформалната театарска трупа од Скопје со симболично име „Гнев“, во режија на Зоја Бузалковска, е речиси школски пример на политички ангажиран театар, во кој интересот и љубопитството се поттикнати од актуелноста на која се однесуваат сценските случувања. Тој интерес и љубопитност несомнено ја покажуваат и извонредната посетеност на овој сценски перформанс, кој се темели на едночинките на Харолд Пинтер, „Планински јазик“ (кој овде се трансформира во „комуњарски јазик“), „Уште една за по пат“ и „Време за забава“. Кон ова е придодадена и кратката меѓуигра „Новиот светски поредок“. Инаку, претставата се одигруваше на неколку локации, а во оваа симултанка се реконструираа настаните од кај нас од пред неколку месеци. Тука се протестите за слобода и демократија, пленумите, опозициските „бомби“ со откриените малверзации, манипулации и криминали на власта, примитивното ниво на комуникација и експлозијата на револтот кон ваквата грда реалност. Наспроти спонтано организираните групи, инсцениран е и жестокиот одговор на власта што, се разбира, својата појавна и сценска форма ја има во прису-

ството на специјалците, судските процеси и затворските казни. Значи, претставата на режисерот Бузалковска и на младата актерска екипа е чин кој никого не остава рамнодушен и ќе остане запишана во аналите на МОТ како исклучително смела во соочувањето со актуелните предизвици со кои секојдневно сме соочени. Како посебен куриозитет го одбележуваме и настапот на професорката Мирјана Најчевска во ролјата на Балерината, што силно сведочи за нејзиниот активизам и револт кон постојното изместување на сите вредности во општеството, порачувајќи ни дека „...не е добар граѓанин оној кој не се меша во работите на својот град!“, како што своевремено има подучувано Аристотел. Сакајќи или не, претставата „Време за забава“ коинцидираше и со темата на првата панел-дискусија за цензурата и театарот, во смисла дека уметниците не смеат да стојат настрана од општествените процеси, туку да предводат со својот активизам за промена на состојбите или, како што вели Ерик Фром, „...во принцип, уметниците се опозиција на секоја власт“! Или, би требало тоа да бидат.

Во рамките на придружната програма, на годинашниов МОТ се одржа и промоција на книгата „Моќта на театарот“ од Љубиша Никодиновски – Биш, а која е посветена на 40-годишнината од основањето на МОТ. На промоцијата, за книгата беседеа професорот Кирил Темков и театарскиот критичар Тодор Кузманов. Станува збор за особено значајна публикација, која е сведоштво за настанувањето на МОТ, за ентузијазмот на луѓето кои целосно се вложија во идејата да се направи чекор напред во доменот на театарската естетика и продор кон она што се случува на светската театарска сцена. МОТ своевремено беше движење кое предизвика турбулентни и уметнички, но и општествени промени и бранувања.

Втората панел-дискусија беше на тема „Какви театарски фестивали ни се потребни, односно какви фестивали не ни се потребни“. Модератор на трибината беше продуцентот Русе Арсов, а учествуваа театарски работници од различни профили од кај нас и од странство.

Посебно внимание кај фестивалската публика предизвика гостувањето на театарот „Лидија Литос“ од Атина, поради фактот што тој настапи со претставата „Другата страна“ од нашиот драмски автор Дејан Дуковски. Приказната за четворицата затвореници, односно заробеници, кои се наоѓаат од другата страна на фронтот, изведувачите од атинскиот театар ја раскажуваат низ говор и танц, успешно доловувајќи ги нивните премрежија и копнежот за љубов кој го спротивставуваат на режимот кој ги задушува и ги троши нивните животни сили.

Во селекцијата на годинашниов фестивал се најде и веќе култната камерна претстава „Солун, град на духови“ од Русомир Богдановски, а во режија на Слободан Унковски. Во претставата учествува седумчлена актерска екипа, поддржана и дополнета со извонредната авторска музика и настапот во живо на Златко Ориѓански. Моќта на оваа претстава е во нејзината



„Солун, град на духови“

дискреција, со која се раскажани повеќе поединечни судбини. Тие прозвучуваат топло и сугестивно, можеби најмногу затоа што се лишени од патетичност. Со инсценирањето на автентични настани од историјата, претставата и опоменува и предупредува.

Претставата „Федра“, за која драмската предлошка ја напиша Сашо Димовски, во режија на Александар Ивановски, е копродукциски проект помеѓу театарот од Велес и Словенско младинско гледалиште од Љубљана. Треба да се истакне дека ова остварување остава премногу дубиози во амбициозните обиди за растајнување на античкиот мит за несреќната и трагична љубов помеѓу Федра и нејзиниот посинок Хиполит. Играта на актерите Васил Зафирчев и на Маруша Облак се доживеа како „прегреана“ и пресилна во својата невротичност.

Белорускиот слободен театар, кој веќе неколку сезони, од 2011 година, работи во Лондон, ја изведе претставата „Црвената шума“, која, всушност, е приказна за состојбите во современиот свет, војните, репресивните режими и природните катастрофи, изложувајќи ги луѓето на невидени страдања со смртни последици. Нивната претстава во Брехтовски стил, со епска широчина и култивиран и стилизиран сценски пристап, раскажува судбини на страдалници со апсолутна коинциденција со феноменот на бегалската криза што актуелно се одвива кај нас и во Европа.

Турскиот театар од Скопје ја изведе претставата „Прометеј“, во режија на Дејан Пројковски. Беше тоа уште еден антички мит за богот кој, заради тоа што им го подарува огнот на луѓето, е осуден на вечно страдање од страна на Зевс. Претставата на Турскиот театар ја одликува колективна актерска игра, наспроти која се истакнува впечатливата креација на насловниот лик на Прометеј, кој го толкува актерот Селпин Керим.

* * *

Едно од најголемите изненадувања на годинашниов фестивал беше монооперата на новоформираната театарска трупа од Битола – Музичкиот театар. Станува збор за претставата„ Дневникот на лудиот“ од Гоголь, во режија на Марјан Нечак, кој воедно е и автор на музиката, што, пак, е главен сегмент на ова театарско остварување, покрај, се разбира, ингениозниот хрватски актер Озрен Грабариќ. Нивниот Гоголев лудак е ретко видена сценска транспонажа на малиот чиновник кој тоне во шизофренија. Играта на Грабариќ и неговата вокална интерпретација на извонредната психоделична музика чиј автор е Марјан Нечак, малку е да се рече дека е студиозна и минуциозна. Таа освен тоа е и загадочна, исчекувачка, плејадна и благо, дискретно градирачка. Нема паѓање во несвест, преплашување и карикирање, туку совршено колоритен лик кој е на границата на лудоста, само еден мал чекор и тој ќе се најде во амбисот од кој нема враќање. Притоа, од актерската креација на Грабариќ зрачи изворедно одмерена доза на топлина и симпатија кон ликот на Попришчин, симпатија која потоа се пренесува и кај публиката. Навистина ретко театрско пледоаје кое е иновативно, полнокрвно и силно сугестибилно.

Претставата „**Неопланта**“ на гостите од Нови Сад, на театарот „Ујвидеки синхаз“ ни донесе средба со нам веќе извесниот режисер Андраш Урбан. Овој пат тој со драмскиот ансамбл на споменатиот театар гради претстава според прозата на Ласло Вегел за мултинационалниот и мултикултурен градски живот кој се повива под историските промени, вадејќи ги на светлината на денот или, ако повеќе сакате, на светлината на рефлекторите сите девијации кои се политички, односно демагошко-манимулативно интонирани. Луѓето, за жал, притоа не се само невини жртви, туку тие се супстратот на таква-

„Неопланта“

та изопаченост, тие се одеднаш и џелати и жртви. Оваа претстава на режисерот Андраш Урбан не е толку радикална во театарска смисла, како на пример „Хамлет машина“ поставена на сцената на Битолскиот народен театар и се темели главно на колективна актерска интерпретација.

Блокот политички ангажирани театарски претстави на годинашниов МОТ, која впрочем беше и доминатна естетика на ова 40-то јубилејно издание, беше на-

„Електра“

дополнет и со претставата во продукција на МКЦ „Кој пукаше на 21“ од Керил Черчил, во режија на Нина Николиќ. Низ главно колективната актерска игра е претставено уривањето на една диктатура, а овде моделот се однесува на романската приказна од 1989, но со очигледна дистанција во креативна смисла и емотивното тонење и идентификување со ликовите. Таа, едноставно, поставува прашања за нас самите и за она што нам актуелно ни се случува. Без пардон!

На последната фестивалска вечер МНТ ја изведе својата култна претстава „**Електра**“, авторски проект на украинскиот режисер Андреј Жолдак, која преку античкиот мит за Електра повторно ги поставува прашањата за насилството, но овој пат поаѓајќи од семејството, а односите потоа се рефлектираат врз целото општество. Можеби пораката на Жолдак и на неговата Електра е токму тоа: каков свет им оставаме на потомците и дали со своите постапки родителите не ја детерминираат нивната иднина и ги предрасудуваат настаните што ќе следат. Одмаздата на Електра и нејзиниот брат Орест врз нивната сопствена мајка е раскажана на сценски жесток јазик и манир кој раскинува со традиционалниот и конвенционален модел, а афирмира нов и иновативен пристап. Се разбира, изведбата на МНТ ја красат и извонредни актерски остварувања предводени со Дарја Ризова во насловната ролја и Ѕвезда Ангеловска во ролјата на Клитемнестра.

Како последна на јубилејниот 40-ти Млад отворен театар беше изведена спектакуларната претста-

„А каде е револуцијата, стоко?“

ва, односно перформанс, на алтернативната театарска трупа Монтажстрој од Загреб и на режисерот Борут Шепаровиќ, „**А каде е револуцијата, стоко**?“ Гостите од Загреб го изведоа мултимедијалниот проект со политичка и документарна драмска предлошка која се пее. Документаристиката, која е современ тренд на европскиот театар, во овој случај ги нотира и ги подложува на критика сите моменти низ кои минуваат новоформираните држави и луѓето по распаѓањето на ју-федерацијата. Но, и повеќе од тоа: претставата поставува и некои универзални прашања, како што се несовршеноста на глобалните системи – особено социјализмот, без оглед дали со човечки лик или без него, потоа капитализмот, кој уште на стартот ги покажува забите, ги крши коските, а преку фетишот на парите и потрошувачкиот менталитет го столчува човековото достоинство на најниските можни позиции. Ова, впрочем, светската економска криза го прави глобален проблем. Како своевидно изненадување, петчлената актерско-танчарска трупа Монтажстрој, низ песна и танц излезот ќе го побара во никогаш неостварениот комунизам кој, како што велат, многумина го гледаат денес како насушна потреба. И по завршувањето на претставата во аудиториумот се одгласува нејзиниот наслов „А каде е револуцијата, стоко?“

* * *

Според сè, Фестивалот годинава не само што ги исполни очекувањата, туку означува и нов пробив во доменот на театарската естетика, која се практицира во последно време и кај нас, но и пошироко на европската сцена.

За шест дена во рамките на јубилејниот 40-ти МОТ беа изведени 14 претстави, од кои седум од странство, а седум од дома, одржани се три панел дискусии на актуелни театарски теми, а промовирана беше и монографија за четирите децении на Фестивалот. Доминантна театарска естетика на ова издание, неговиот концепт и физиономија беше политички ангажираниот театар, кој својата сценска форма ја обликува во револт, бунт, крик на очај од постојните состојби и лелек за промени! Заврши МОТ, да живее Младиот отворен театар.

Гоце Ристовски

8-12. IX 2015 г.

МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА КАМЕРЕН ТЕАТАР „РИСТО ШИШКОВ“

Меѓународниот фестивал на камерен театар во Струмица се одржува од 1993 година во чест на великанот на македонското актерство Ристо Шишков. Неколку години пред тоа се одржуваше Манифестацијата „Денови на Ристо Шишков“, од која и произлезе фестивалов кој, пак, од 2005 година е со меѓународен карактер. Вообичаено, Фестивалов почнува на 8 септември, а бројот на театарски претстави и времето на траење на Фестивалот се менуваат секоја година, во зависност од определбата на селекторот.

Како што е познато, на Фестивалот се доделува единствена награда за високо актерско достигнување – Златен медаљон со ликот на Ристо Шишков и парична награда од 1500 евра.

Досегашни добитници на наградата за високо актерско остварување „Ристо Шишков“ се: Сенко Велинов (1993), Игор Џамбазов (1994), Диме Илиев (1995), Зора Георгиева (1996), Перихан Туна (1997), Јоана Поповска (1998), Владимир Ангеловски (1999), Елена Моше (2000), Петар Темелковски (2001), Митко С. Апостоловски (2002), Звезда Ангеловска (2003), Соња Михајлова (2004), Васил Зафирчев (2005), Дејан Лилиќ (2006), Ѓорѓи Јолевски (2007), Мето Јовановски (2008), Ирена Ристиќ (2009), Сузан Агбелге (2010), Борис Чоревски (2011), Никола Ристановски (2012), Нико Горшиќ од Словенија (2013) и Бајруш Мјаку (2014).

На 23. издание на Фестивалот на камерен театар „Ристо Шишков“, што се одржа годинава од осми до 12 септември, за престижното признание се натпреварувааа 64 актери во дванаесет претстави од Албанија, Србија, Бугарија, Ерменија, Словенија и Македонија, а во чест на наградениот актер, на завршницата на Фестивалот беше изведена претставата „Кирил и Методиј“ од Јордан Плевнеш, во режија на Мартин Кочовски.



Сцена од претставата „Кирил и Методиј"

Наградата за најдобро актерско остварување на 23-от меѓународен фестивал на камерен театар „Ристо Шишков" ја доби Анастас Попдимитров, актер на Драмско-куклениот театар од Враца, Република Бугарија, со што стана втор актер надвор од Македонија кој го понесе престижното признание. Меѓународното жири во состав Бајруш Мјаку, претседател, минатогодишен добитник на наградата, Веселина Ѓулева од Бугарија, Драган Јаковљевиќ од Србија и Гоце Ристовски и Тодор Кузманов од Македонија, наградата на Анастас Попдимитров му ја додели за улогата на Таткото во претставата „Татко", работена по текст на Стринберг, во режија на Љупчо Георгиевски, а во продукција на Драмско-куклениот театар од Враца, Бугарија.

Во потесен избор за наградата беа и актерките Билјана Беличанец и Биљана Ѓуровиќ (Србија). Меѓународното жири реши наградата да му ја додели на актерот Попдимитров, со образложение дека наградата му се доделува за задлабочената, студиозна и моќна интерпретација на антологискиот лик на Таткото, во истоимената драма на Стринберг.

Заблагодарувајќи се, награденият актер Анастас Попдимитров, рече дека е многу среќен што ја доби наградата со името на големиот македонски актер Ристо Шишков.

– Исклучително сум горд и среќен што годинава оваа висока награда ми припадна токму мене, награда што го носи името на големиот македонски актер Ристо Шишков, чие име е знак за високо актерство, мајсторство и граѓанска позиција.

По трет или четврти пат сум на Фестивалот „Ристо Шишков", и секое учество на овој фестивал ми остава прекрасни впечатоци и од организацијата и од публиката. Мислам дека оваа награда е и за претходните мои настапи, кога играв и други претстави на овој фестивал" – рече Попдимитров.

Анастас Попдимитров завршил актерска игра на Националната академија „Кристо Сарафов" во Софија, по што бил актер во театарот во Шумен. Во театарот во Враца доаѓа во 1986 година. Одиграл повеќе од сто улоги, а критиката особено ги издвојува Пак во „Сон на летната ноќ" од Шекспир, Ракитин во „Еден месец на село" од Тургенев, Амфитрион во „Амфирион и Алкмена" на Клајст, Вујко Вања во истоимената пиеса на Чехов, Езоп во „Лисицата и грозјето" од Гилермо Фигеједо, потоа неговите остварувања во „Столови" од Јонеско и „Грав" од Елин Рахнев и други.

Добитник е на повеќе награди: специјална награда на МТФ „Подмосковски

Анастас Попдимитров во претставата „Татко"

вечери“ – Москва, Втора награда на Националниот театарски фестивал во Враца, наградата „Актер на Европа за 2013 година“.

Во улогата во претставата „Татко“ во Струмица ја крена на нозе разбранувана-та публика. Соперништвото меѓу Румена Мерџанска (Лаура) и Анастас Попдимитров (Адолф) му овозможи на награде-ниот актер жестоко да се внесе во улогата без излишна патетика.

Фестивалот беше отворен со претста-вата на Народниот театар од Шабац (Србија) „Каиновата лузна“, амбициозна драматизација на истоимениот роман на Владимир Кецмановиќ и Дејан Сто-илковиќ. Дејството е насочено кон Иво Андриќ, кој е амбасадор во Германија во предвечерјето на Втората светска војна. Моралните предизвици пред него, сред-бите со различни претставници на власта, искушенијата, понудите за соработка се основа на широко разгранетото раскажу-вање. На празната сцена, режисерот Југ Радивоевиќ се стреми сè да насочи во моќта на актерите. Уште на почетокот во претставата се споменува фактот дека Андриќ на Милош Црњански му обрнува внимание дека неговиот суматризам, таа ода на способноста поезијата да го спои видливо неспоивото, за консеквенција не мора да има блаженство. Нејзината кон-секвенција може да биде ужас од космич-ки размери. Сместувајќи го стамболскиот Карѓоз во Хитлеровиот Берлин, претста-вата е обид да се спојат двата видливо неспоиви ужаси, како отелотврување на мислата на Андриќ.

И втората изведба на Фестивалот беше посветена на 70-годишнината од крајот на Втората светска војна, претставата на На-родниот театар од Битола „Happy end” от Идо Нетанјаху, во режија на Благој Ми-цевски. Меко раскажана историја за љу-бов, за омилениот Берлин, за неможноста интелигенцијата во тоа време да ја сфати незамисливата закана и сериозноста на претстојните катастрофи и погромот на Евреите. Дејството во претставата тече театарски чисто, без оптоварувања, со барање на некоја скриена длабока смис-ла, а прекрасната Кристина Христова Ни-колова (Леа) беше вистинска наслада за сетилата.

Последната претстава на првата ве-чер, „Надежда Петровиќ“ во продукција на Фестивалот на монодрамата и панто-мимата од Земун (Србија) со режисерот Божидар Ѓуровиќ, исто така се зафаќа со темата војна. Во овој случај станува збор за Првата светска војна. Во претставата актерката Билјана Ѓуровиќ уверливо и прецизно го гради ликот на хероината, внурнувајќи се во него без патетика и не-нужна амбицозност, со моќна дикција и префинети сценски движења и задлабо-ченост во посветеноста на длабоко хума-ните принципи наспроти предизвиците на уметноста на ликот што го толкува.

Претствата „Татко“ работена по Стрин-берг, а во режија на македонскиот режи-сер Љупчо Герогиевски и во продукција на театарот од Враца, Бугарија, му ја до-несе единствената фестивалска награда на Анастас Попдимитров. Секако, тре-ба да се одбележи и огромниот придо-нес во тоа на неговата партнерка Румена Мерџанска (Лаура), но треба да се истакне и учеството на останатите актери: Јоланда Михајлова, Борислав Борисов, Димитар Димитров, Марина Котева и Борислав Са-рафов и режијата на Георгиевски.

„Кабинетот на професорот Тарана“ од Артур Адамов на Народниот театар од Струмица, во режија на Горан Тренчов-ски, го потврдува нагорниот од на теата-рот-домаќин на Фестивалот. Тренчовски како режисер со уважување се однесува

Сцена од претставата „Делириум тременс“

кон авторот а, како што е познато, тој не за првпат се соочува со предизвикот татар на апсурдот, донесувајќи ни на сцената показ за балканското спротивставување кон финесите, својствени и на споменатиот текст на Адамов.

„Делириум тременс“, проект работен според истоимената пиеса на Благоја Ристески – Платнар, е целосна постановка на актерот Игор Трпче, кој цело време е активен на сцената. Дали овој проект ќе го именуваме како перформанс или првенствено концерт, не е најбитно за гледачите. Струмичката публика во големиот салон во Домот на културата вистински уживаше. Со громогласни аплаузи и извици ги наградуваше изведувачите, а имаше и такви кои активно се вклучија со свој конкретен придонес од гледалиштето. Што ќе рече: пееја и играа заедно со актерите. Општа еуфорија. Тоа секако треба да се почитува. Трпче и овој пат се потврди како актер со широк спектар дарби (пејач, танчар, рецитатор...).

Претставата „Тобелија“ на театарот од Враца е преиспитување на патријархалноста на Балканот и одзивот до современието ни. Актерките Јоана Поповска (Македонија) и Росица Огњанова и Камелија Лишковска успешно се справија со мрачната приказна, потврдувајќи го своето актерско мајсторство во градење на невообичаени ликови.

„Стари времиња“ од Харолд Пинтер, во режија на Нела Витошевиќ, и во продукција на Народниот театар од Охрид, манифестира високи театарски дострели. „Просветлените“ од загадочниот текст на Пинтер, Ирена Ристиќ, Горан Стојаноски и Јасмина Билаловиќ и режисерката Витошевиќ заемно се надополнуваат во растајнувањето на драмскиот текст, а актерите, пак, меѓусебно играјќи посветено и прецизно и доловувајќи ги мноштвото

Сцена од претставата на монодрамата „Синан-паша“

нијанси. Воодушевувачки, што го потврди и публиката. Новите, или можеби поточно вистинските вредности во театарот се препознаваат.

Претставата „Обsрни се во гнев“, независен проект од Софија, Бугарија, а во режија на младата македонска режисерка Ана Батева, ги покажа стојностите на тројцата млади актери од Бугарија Ованес Торосјан, Милена Ерменкова и Јулијан Петров. Батева и нивната заедничка естетика и театарска идеологија беа освежување на Фестивалот со својата животна младост и театарска зрелост. Од сцената зрачеше нивната посветеност.

Дмитри Орготска од Корча (Албанија), кој не е првпат на Фестивалот во Струмица, се претстави со монодрамата „Синан-паша“. Актерот, слободно може да се рече од „страта школа“, воодушеви и овој пат со својата извонредна дикција, и тоа со навршени 84 години. Се сеќавам дека по неговиот претходен настап, еден гледач, на разговорите по претставата во Струмица, истакна дека го засакал албанскиот јазик благодарение на изведбата на Орготска. За улогата Дмитри Орготска доби награда на НЕТА.

„Љубовници“ на Драмскиот театар од Скопје, со текст и во режија на Катерина Коцевска, може да се определи како комедија со претензии за драма. Урбана, едновремено и современа љубовна приказна која се темели на болниот проблем

Сцена од претставата „Љубовници“

Сцена од претставата „Вдовицата се мажи“

за хомосексуалноста, која благодарение на режисерскиот усет се наметна како чисто актерска претстава на извонредните Билјана Беличанец-Алексиќ, Зоран Љутков, Драган Спасов-Дац и Маја Вељковиќ-Пановска. Репликите и ситуациите предизвикуваа бурно смеење на задоволната публика, а се чини дека некогаш тие се резултат на актуелната изведба и амбиент. Но, многумина веројатно си заминаа чувствувајќи го пресвртот и показот дека живееме во време во кое тешко може да се справиме со животните ситуации што се испречуваат пред нас.

Претставата „Вдовицата се мажи“, работена според водвиљот „Мечка“ од Чехов, во продукција на Државниот младински театар од Ереван (Ерменија), а во адаптацијата и режија на македонскиот актер и режисер Младен Крстевски, беше обид за нов и поинаков препрочит на драмскиот класик, кој се чини докрај остана недофатен и недоволно сфатен од публиката.

Во чест на наградениот актер, на завршната вечер беше изведена претставата „Кирил и Методиј“, работена според текст на Јордан Плевнеш, а во режија на Мартин Кочовски. Претставата, прогласена за најдобра во конкуренцијата на НЕТА, е копродукција на народниот театар од Прилеп, Малиот драмски театар од Битола, Фестивалот „Охридско лето“, театарската работилница „Сфумато“ од Софија и Клас арт студиото од Солун, Грција. Сценограф е Јани Константиновски Пунтос од Полска, костимограф Елена Иванова од Бугарија, автор на музиката Горан Трајковски од Македонија.

Сцена од претставата „Кирил и Методиј“

М-р Гоце Ристовски

МЕЃУНАРОДЕН ТЕТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ" – КРИВА ПАЛАНКА

МИТСКА ТОЧКА ВО МАКЕДОНСКАТА МИТОПОЕТИКА

Со ритуална процесија и кревање на фестивалското знаме беше отворен седмиот Меѓународен тетарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски", што се одржа во Националната установа Центар за култура во Крива Паланка, од од 14-ти до 23-ти септември.

Фестивалот почна со свеченост во чест на добитникот на наградата за особен придонес во македонската театарска уметност и култура „Свети Јоаким Осоговски" истакнатиот македонски писател, културен деец и дипломат Јордан Плевнеш.

Градоначалникот на Крива Паланка, Арсенчо Алексовски, кој му го врачи признанието на годинашниот лауреат, во присуство на заменик министерот за култура Драган Недељковиќ, Ив Робер, претседател на Европската пијано програма на Европската унија, претставници на МПЦ и бројни културни дејци, изјави дека е горд што Фестивалот прерасна во манифестација која привлекува голем број истакнати театарски имиња од регионот и што лауреати на Фестивалот се еминентни македонски имиња од театарскиот свет.

Како што е познато досегашни добитници на ова, веќе престижно, признание се Зафир Хаџиманов, Милица Стојанова, Шенка Колозова, Петар Темелковски, Страшко Милошевски, Мето Јовановски и Јордан Плевнеш.

Заблагодарувајќи се на укажаната чест пред бројната публика Јордан Плевнеш рече:

– Ова признание за мене е длабоко поврзување со тој фасцинантен простор во кој уште од мојата рана младост сум испишал дела кои оттогаш по моето заминување за Париз се изведувани на сите континенти. Секогаш кога пишувам врз белото поле на листот пред мене се појавува таа магична слика на манастирот Свети Јоаким Осоговски како една митска точка на мојата нераскинлива поврзаност со македонската митопоетика што ја пренесувам низ меридијаните – истакна Плевнеш.

Тој додаде дека, во енциклопедискиот речник на неговото срце, незаменливо е местото на Св. Јоаким Осоговски во него.

– Се сеќавам на зборовите на бесмртниот Ернесто Сабато којшто рече „без херои, маченици и светци човечкиот род не може да постои" - нагласи Плевнеш.

Во рамките на вечерта посветена на годинашниот лауреат беше прикажан документарен филм за творештвото на Плевнеш, а беседа одржа Гоце Ристовски.

Беседа за Јордан Плевнеш

ЖИВОТОТ Е МИГ НА ЗАЛУДНА НАДЕЖ

Нека ни е честито годинашново отворањето на Меѓународниот театарски фестивал „Јоаким Осоговски“ кој веќе зазема видно место на културната мапа на нашите простори, афирмирајќи се како евидентен показ и доказ за културна реализација на идејата „Балканот без граници низ театарска игра“. Посакувам и годинава убаво театарско дружење со актери од Балканот, кои ќе ги раскрилат чувствата за соработка и поголемо меѓусебно разбирање со нивното актерско мајсторство и милозвучието на нашите балкански јазици.

Ми падна особена чест но и тешка задача вечерва да беседам за нашиот лауреат, писателот, дипломат, универзитетски професор, истакнат полемичар,осведочен македонист и балканофил Јордан Плевнеш, кој неколку децении гоафирмира македонскиот дух ширум светските меридијани. Честа е исклучителна оти наполно сум свесен дека овој чин, овенчувањето на Јордан Плевнеш со наградата за особени заслуги во културата и театарската дејност во Македонија „Свети Јоаким Осоговски“, именувана според патронот на Крива Паланка, сесловенскиот светител, ќе биде длабоко врежан во културната историја на овој град. Во овој свечен миг испишуваме уште една светластраница во духовната меморија на овој град со висперни духовни вихрени внесувајќи ја сребрената коса на Плевнеш како света реликвија.

Тешка задача оти за Јордан Плевнеш, „таинствен, убав и древен како Охридското езеро“, како што го дефинира црногорскиот режисер Бранко Балетиќ е многу говорено и пишувано во Македонија, ширум Европа и Америка. Од Далас до Москва, од Скопје до Париз. На парискиот универзитет

Сорбона беше организиран симпозиум посветен на неговото творештво под претседателство на Херберт Лотман, биографот на Алберт Ками и Густав Флобер. Во организација на Институтот за македонска литература и Македонската академија на науките и уметностите за неговиот роман „Осмо светско чудо“ како лулка на светот зборуваа специјалисти од Москва, Берлин, Њујорк, Варшава, Братислава, Белград, Загреб, Токио, Истанбул, Букурешт …

За романот по неговото објавување во Париз се напишани стотоици страници повеќе отколуку страниците на самиот роман.

На Универзитетот од Тексас во Далас, со наслов “Р” – процес и значење, е одржан посебен симпозиум со учество на бројни теоретичари за современиот театарски израз со пророчката мисла на Роберт Кориган, театролог од светскиглас, дека делото на Плевнеш ќе биде неодминлив дел од светската културна ризница.

Големиот словенечки дух Тарас Кермаунер во текстот Евро-Словенија и Евро-Македонија каде на тие две средини им предвидуваше иднина на толеранција и европско отворање кон другите на Плевнеш му одреди водечко место во новите тенденции на европеизацијата на македонската книжевност.

За Плевнеш се напишани цели книги, од кои една со наслов „Една митопоетика“ од м-р Софија Тренчовска, наскоро ќе биде промовирана воСтрумица. За неговото творештво се напишани и

одбранети научни трудови, повеќемина стекнале научни титули растајнувајќи ја галаксијата Плевнеш која плови низ бескрајниот вселенски простор надвор од сите познати физички закони.

Тројца од нашите досегашни добитници на наградата „Свети Јоаким Осоговски"- Милица Стојанова, Петар Темелковски и Мето Јовановски - со своето актерско мајсторство проблеснаа токму и во драмите на Јордан Плевнеш.

За драмите на Плевнеш објавени се голем број на текстови во најзначајните ревии и книжевни и театарски списанија низ Југославија и Европа чии референции се посебна тема за истражување од страна на идните проучувачина македонскиот театарски живот. Посебно внимание на неговиот драмски јазик посветија: Владимир Стаменковиќ, Андреј Инкрет, Јоже Хорват, Дарко Гашпаревиќ, Слободан Шнајдер, Авдо Мујичиновиќ, Феликс Пашиќ, Сафет Плакало, Јован Христиќ, Ласло Вагел и посебно Проф. Драган Клаиќ во неговата обемна студија објавена под наслов "Борењето со историјата во драмите на Плевнеш".

Негови театарски текстови, романи, поезија и есеи се објавени и изведувани на педесетина јазици ширум светот. Бил визитинг професор на многу американски и европски универзитети. Од 1998 година живееше и твореше воПариз. Од 2.000-та до 2.005-та беше амбасадор на Република Македонија во Франција, Шпанија, Португалија и УНЕСКО. Од 2007-та е ректор на Европскиот универзитет за аудио-визуелни уметности.

Режирал серија документарни филмови за значајните личности на 20-тиот век, автор е на сценаријата за филмовите „Тајаната книга" и „Хумана револуција".

Во бестселерот „Смртта на францускиот јазик" Клод Динетон напиша дека Плевнеш, како далечен роднина на Еврипид во една реченица може да покажедека животот е миг на залудна надеж. Поедноставено „неговата биографија има Орвеловски карактер" како што определи Јован Ќирилов.

Јордан Плевнеш го основа и првиот независен весник во независна Македонија „Република", а на негова покана бев дел од уредувачкиот тим на првиот број.

Се чувствувам привилегиран оти со Јордан Плевнеш се познаваме, пријателствуваме и соработуваме веќе четири децении. Тоа ме охрабрува да си земам за слобода да кажам неколку нешта сосема лично. Го паметам денот на нашето запознавање. Јордан беше облечен во црна фанела како за оплакување на целокупна Македонија, исплетена од вредните раце на неговата мајка Трајанка, македонска хероина која на македонската култура, заедно со својот сопруг Симе Цветановски - Плевнеш, сирак, дрвар и борец меѓу Солунскиот и Сремскиот фронт, како што појаснува Јордан, и ги даруваи Љубе и Владо Цветановски, браќата на Јордан, кои предвреме не напуштијаи се преселија на небото.

Сосема искрено, и во драмите и во прозата и поезијата, во блескавите есеи и полемики Плевнеш го доживувам првенствено како вдахновен поет. Како мислител чиј баражен оган на огностредни идеи е рамносилен на исфрленитекуршуми од познатата автоматска пушка „Калашников", мерени во единица време. Како алхемичар на зборот и тајното писмо кој знае дека речиси се што е објективно е релативно и дека само субјективното е апсолутно. Дека идеите за слободата се обновуваат како лисје во шумата на апсурдот на светската историја и дека не театарот туку животот е апсурден, како што велеше Јонеско.

Очебијно е присуството на хаосот во творештвото на Плевнеш. Хаотични се ликовите, хаотични се ситуациите, ха-

отичен е светот во кој живеат. Тоа потврдува дека како и на небото, состојбата во неговото творештво е одлична. „Иако на небото владее голем неред, состојбата таму е одлична“, да цитирам еден слоган од познатата 1968 - година.

Во една приогода група интелектуалци од европски маштаб се собраа на ручек во моето скровиште во Велестово, на падините на Галичица. Меѓу уважените гости беа и Јордан Плевнеш и Лилјана Котевска Плевнеш, неговата сопруга иинспирација, според негово лично признание. Во таа пригода Јордан ни ја образложи неговата идеа за изградба на лулка токму на таа планина. Лулка меѓу двете езера, лулка на љубовта. Заклучокот со кој ситесе согласивме сакам да го споделам со Вас: може да не верувате во фантасмагоричните и утописти-

Јордан Плевнеш:
Во енциклопедискиот речник
на моето срце незаменливо е местото
на Св. Јоаким Осоговски
(на фестивалот Ј. Осоговски)

чки идеи на овој модерен Дон Кихот, но тоа незначи дека тие идеи не можат да бидат полезни и благотворни.

Кога Плевнеш беседеше за Ив Бонфоа, добитник на Златниот венец на СВП во светиот Божји храм Света Софија во Охрид за миг почувствува дека сиот сјај на Париз се надкрилил над бистрите охридски води. Ми се стори тоа толку реално што посакав да се качам на Ајфеловата кула заплеткана во рибарските мрежи на охридското рибарско пристаниште и од висина да ги погледам портретите на Плевнеш и Бонфоа што се отсликуваа во очите на светците.

Да не видите, ама да ми верувате. Кога е во прашање Јордан Плевнеш и неговата вдановена реч и тоа е можно да се случи. Како доказ на тоа го приложувам и фактот дека во годините кога од идеолошки причини, како непријатели на државата бевме прогонувани и јас и тој, во премрежјата низ кои врвевме, наместо поздрав при секоја средба, Јордан ќе ми се обратеше со реченицата позната од француските барикади: Да бидеме реални, да веруваме во невозможното!

Ви ја честитам наградата и Ви посакувам долг творечки живот и добро здравје, да течете и натаму како реката на светото крштевање чие име го носите, и Ви благодарам што смогнувате сили и надвор од мерата, што би рекол прочуениот прилепски терзија Марко Цепенко, да не уверувате дека да се биде Македонец е естетски чин, дека една идеја што не е опасна, воопшто не може да биде наречена идеја! Дека „уметноста му е должна на секој човек посебно“, дека „сегашноста е тука, иднината е непозната, најнепредвидливо е минатото“, дека „целиот свет е едно семејство, а Балканот – простор на љубовта“, дека единствено убавината ќе го спаси светот.

Крива Паланка
14.09.2015.

ДЕСЕТ ДЕНА СО ТЕАТРИ ОД ПЕТ БАЛКАНСКИ ЗЕМЈИ

Десет дена Крива Паланка живееше со избраници на Талија од пет Балкански земји, од разбирливо, блиско до нас, говорно подрачје, а придружната фестивалската програма понуди и промоции на дела од областа на театарот- делото „Од обред до театар“ од проф. д-р Тихомир Стојановски и драмскиот текст „9“ од Гоце Ристовски.

Фестивалската програма беше отворена со претставата „ Ранет орел“ на Народен театар „Лесковац“, Република Србија која беше убаво приеменаод публика. Претставата е пародија на познатата мелодрама, инспирирана од романот на Мирјана Јаковлевиќ(Мир-Јам) а поигрување со темата и ликовите, надополнето со оригиналниот лесковачки говор, предизвика овации кај гледачите, кои ја наградија бројната актерска екипа со огромни аплаузи. Особено задоволство кај публиката предизвика настапот на популарниот актер Богољуб Митиќ, познат како Гоша, кој се појави во улогата на авијатичарот Ненад Алексиќ.

Втората вечер настапи „Театар комедија“ од Скопје со„Ах, љубов моја“, според турска приказна, вдахновена од комичната нота на режисер Коле Ангеловски.Извонредната актерска екипа, Нина Деан, Атанас Атанасовски Александар Микиќ, Роберт Ристов, Крсте Јовановски, Зорица Стојановска, јавоодушеви публика совечната тема за љубовта и љубовните интриги, и беше наградена со долг аплауз.

На третата вечер, уметничката работилница „Призор“ од Белград, Србија, ја изведе претставата „Цимери“. Во претставата, која ги толкува идеалите на младите, темата на љубовта и слободата, настапија актерите Марија Вељковиќ, Саша Јоксимовиќ, Сташа Радуловиќ и Ана Сакиќ.

Автор и режисер на претставата „Цимери“ е Раде Вукотиќ, а композитор Александар Милетиќ.

Извонредната актерска игра на младиот Милан Васиќ, кој како централен лик доминираше во претставата и ја градеше до кулминација секоја наредна сцена од драмскиот текст, ги восхити гледачите кои на нозе му аплаудираа за одиграната улога.

На 18 септември беше изведена претставата „ Кариеристи“на општински народен театар „Невена Коканова“ од Дупница, Бугарија, редовен учесник на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“.Драмскиот текст, чиј автор е Иван Вазов, говори за секогаш актуелниот општествен фено-

„Ах, љубов моја“, „Театар комедија“, Скопје (на фестивалот Ј. Осоговски)

Лаги и паралаги со театарот од Вршац, постојани учесници на фестивалот во Крива Паланка (на фестивалот Ј. Осоговски)

„Цимери“, уметничка работилница „Призор“ од Белград (на фестивалот Ј. Осоговски)

мен преку роднински и пријателски врски да се дојде до примамлива работна позиција, која овозможува добра плата без да се вложува труд и без да се имаат потребните квалификации. Највпечатливбеше актерот Николај Иванов во улогата дедо Станчо, а веќе добро позната актерска екипа беше наградена со аплаузи од кривопаланечката публика.

Народниот театар од Херцег Нови, Црна Гора се претстави со „Не сме ние од вчера“ на своето прво учество на оваа театарса манифестација. Претставата „Не сме ние од вчера“ е сатира на евроатланските аспирации на земјите од Балканот и перцепцијата на обичните луѓе за Европската Унија.Настапија актерите Даниел Прашчевиќ, (кој е автор на текстот и режисер), Бојан Каљевиќ и Зоран Мириќ. Публиката ги награди со бројни аплаузи сатиричните реплики, актерската игра и карактеристичниот говор на гостите од Црна Гора.

Народен театар „Стерија“ од Вршац, Република Србија ја изведе „Лаги и паралаги“, одЈован Стерија Поповиќ, подготвена во пресрет на одбележувањето на 210-годишнината од неговото раѓање.Во комедијата „Лаги и паралаги“се прикажавуваат аномалиите на општеството во кое живеел Стерија Поповиќ, преку градација на карактерните особини на луѓето, склони кон измама и лаги како начин на живеење со нагласка дека секоја лага ќе биде разоткриена, но и дека непоправливиот човечки менталитет е лишен од секаква морална поука и каење.

На фестивалот настапи и градскиот театар „Јоза Ивакиќ“, од Винковци, Хрватска со претставата „Не се моткај разголена наоколу“која ги обработува етичките норми и првила во средината, како и наивноста, простодушноста и недораснатоста на одредени општествени улоги.Симпатичната актерска екипа и нивната изведба заслужено беше наградена со аплаузи.

Фестивалот го затворија младите кривопаланечки актерски надежи од драмското студио при Националнатаустанова центар за култура од Крива Паланка со „Чорбаџи Теодос“ од Васил Иљоски, во режија на професорката-Лиле Стојановска и младиот режисер Глигор Цветковски. Младите актери кои предизвикаа овации кај публиката упатија посебна благодарност до доајенот на македонската театарска уметност Милица Стојанова, која со своето богато искуство и стручни совети даде придонес претставата да биде донесена на високо естетско ниво.



„Ранет орел“, Народен театар „Лесковац“ – пародија на романот на Мир-Јам (на фестивалот Ј. Осоговски)

Тодор Кузманов

РУТИНИРАНО И ТЕКОВНО

(Кон Осмото издание на Фестивалот на пантомима и физички театар ПАНФИЗ кој се одржа од 3 до 7 октомври 2015 во Скопје)

Осмото издание на фестивалот на пантомимата и физичкиот театар ПАНФИЗ пред пасионираната публика за овие специфични жанрови на драмската уметност презентираа пет претстави од кои само една беше доминатно од жанрот на пантомимата, а останатите четири од физичкиот театар. Се разбира овие два жанра не можат докрај да се одвојат така што и во едниот и во другиот случај тие имаат хибридност во својата завршна форма, односно меѓусебно мешање и проникнување. За разлика од некои поранешни изданија годинава изостанаа спектакулрани и сензационални театарски остварувања, значи фестивалската програма беше во знакот на просечноста. Ако се бара заеднички именител на изведените пет претстави односно нешто како концепт или физиономија на годинашнава манифестација тогаш секако тоа би била темата за машко-женските односи, но и оваа формулација треба да се земе само условно и повеќе како случајно поклопување отколку како доследно замислен и спроведен концепт. На Осмиот ПАНФИЗ немаше ниту еден претставник од РМ што секако е своевиден хендикеп од причини што самиот факт на основање и постоење на овој фестивал е всушност стимул и мотивација за домашните драмски уметници за професионално насочување кон овој жанр.

Швајцарскиот пантомимичар Дамир Дантес, кој во 2010 година беше лауреат на Панфиз, годинава ја имаше честа да го отвори фестивалот со претставата „Мажите се поинакви, а и жените исто така“. Како што сме известени од програмската книшка претставата е настаната и инспирирана од делото „Мажите се од Марс, а жените се од Венера“ од Џон Грејс. Низ извонредна, допадлива и виртуозна пантомимска игра Дамир Дантес понудува неколку сценски целини во кои се сликаат машко-женските односи. Многу пластично и моќно со изразните средствата на пантомимата швајцарскиот актер игра машки и женски лик, нивните меѓусебни судири и недоразбирања, но

и нивната љубов и симпатија. Неговата пантомима е изразито поетична, топла и сугестибилна. Во празниот сценски простор тој го осмислува однесувањето на мажот и жената во продавница (при што жената без усул избира и купува, а мажот намргодено плаќа!); на работно место (мажот е мрзелив и сака да ескивира, а жената рутински ги обавува задачите за да и остане време за сопствената нега, шминкање, но и флертување кое впрочем и ќе ги обедини). Ќе остане запаметена изворедната сцена со ескалаторот, односно подвижните скали која Дамир Дантес мајсторски ја изведува. Неговиот настап во целина беше пречекан и подржан со бурни реакции, воодушевување и аплаузи на отворена сцена.

Мувмент студиото од Романија ја изведе претставата со наслов „Кешчевецсе“ која низ играта на двајца актери ги инсценира сложените односи на пријателството осуетени од околината. Врските тешко се создаваат, а лесно се раскинуваат, осудувајќи го човекот на фатална осаменост. На романските изведувачи не може да им се одрече евидентната телесна елоквенција иако во целина нивниот настап и претстава слично како и самиот наслов останува прилично херметична и недостапна за поголема интеракција со публиката.

Јасен Попов од Бугарија ја изведе претставата „Граници“. Всушност тоа беше сценски перформанс во кој елементите на пантомимата се мешаат со оние на физичкиот театар, а овој пак дополнет со акробатика, жонглерство и еквилибристика ја раскажува приказната за човековата потрага по смислата на своето постоење, за пречките и границите на патот за остварување на среќата и хармонијата во животот. Јасен Попов е вешт и сигурен во изведбата која сепак трае кратко и останува впечатокот дека станува збор за сценска етида без амбиции да прерасне во заокружена и позначајна претстава.

Трупата „Сајновиал“ од Чешка односно двајцата актери Марек Зелинка и Мартин Талага на публиката и понудија едно од можните поимања на тезата за доминацијата на телото во отсликувањето на машкиот физички идентитет над останатите можности како што се говорот, умот и емоциите. Низ својата игра тие покажуваат и докажуваат како само преку телото е можна интеракцијата со надворешниот свет, и дека говорот на телото е најстар, но и најбрз начин на комуникација. Сепак низ нивната телесна експресија е јасно дека секое движење на духот добива свој еквивалент во движењето на телото и така тие два принципа меѓусебно се надополнуваат за да ја обликуваат целината на машкиот идентитет.

Последна на годинашниов Панфиз беше претставата со наслов „Пиеса за двајца“ во продукција на Александрос Михаил театарот од Солун, Република Грција. Беше тоа уште еден пример за полнокрвен физички театар на тема машко-женски односи со силно изразена експресивност, концизност и прецизност во сценските дејства и максимална концентрација на двајцата актери. Нивната игра зрачеше од енергија и ентузијазам, односно понесеност во растајнувањето ма меѓусебните односи. Тоа се односи на меѓусебни судири, привлекување и одбивање. Понекогаш во зависност за кој дел од тие односи станува збор, тие се жестоки и беспоштедни, силни и одлучни, а оваа решителност се разбира се чита, се разбира и се воспри-

ема преку нивните движења, гестови, мимики, но и преку нивните погледи. Значи имаме убав пример на обединување на изразните средства на телото во кои поимот и знакот не се изедначуваат, но во значајна мерка се поклопуваат и ја олеснуваат комуникацијата со публиката. И додека актерот е крајно сериозен и концентриран манифестирајќи сила на фаталност во она што го прави и преживува, дотогаш со не помала посветеност својата завидна телесна експресивност ја потврдува и актерката при што во даден момент многу дискретно и дава простор и на женственоста односно на женскиот принцип. Играта на двајца актери од Грција истовремено е и жестока и поетична, благо еротично,



но на моменти и сурова и беспоштедна. Вреди да се подвлече дека тие се крајно синхронизирани и делуваат сценски моќно со симултаните движења и како поединци, но и како актерски пар.

Жирито во состав Тодор Кузманов, театарски критичар, претседател и Дарко Спасов, драматург и Ангелчо Илиевски, режисер, членови, донесоа едногласна Одлука единствената награда за најдобро остварување да се додели на претставата „Пиеса за двајца“ на Александрос Михаил театарот од Грција. Инаку, наградата во износ од 300 евра ја дониираат Антонија Цветанова и Росен Пацов од Република Бугарија.

Тодор Кузманов

ФЕСТИВАЛ СО КВАЛИТАТИВНИ ОСЦИЛАЦИИ

(Кон 51. издание на Драмскиот аматерски фестивал на Македонија што се одржа во Кочани во мај 2015 г.)

Под покровителство на Министерството за култура, како и со поддршка на општина Кочани и поголем број спонзори, по 51 пат се одржа нашата најстара театарска манифестација Драмски аматерски фестивал, или накратко ДАФ. Програмата на годинашниов фестивал ја сочинуваа вкупно 16 претстави, вклучително и онаа одиграна на крајот на Фестивалот во чест на наградените. (Станува збор за претставата „Сомнително лице“ од Б. Нушиќ во режија на Лазар Ѓорѓевиќ, во продукција на Здружението на пензионерите од Куманово). Според веќе традиционалниот концепт, дел од претставите, односно пет од нив, спаѓаат во програмата за најмладите гледачи, т.е. тоа се претстави за деца кои се играа напладне во театарското матине, а кои овој пат без исклучок беа и изведувани од деца; другиот дел претстави беа вечерните аматерски претстави, а во терминот од 22,30 се играа претставите од алтернативната програма. Покрај тоа, во рамките на придружната програма, на Фестивалот беше одржана и промоција на книгата „Вертикали“ од театарскиот критичар и театролог Иван Ивановски, а која се однесува на петдеценискиот развој и опстојувањето на оваа манифестација, јубилеј кој беше одбележан минатата година. Оваа монографија останува трајно и значајно сведоштво за развојот на драмскиот аматеризам кај нас и како таква е бесценет извор за идно истражување на овој сегмент на театарското творештво.

Фестивалот го отвори аматерите од гимназијата „Гоце Делчев“ од Куманово со претставата „Недоразбирање во д-мол“ од Давид Јовановиќ и во негова режија. Всушност, ова е една од оние претстави кои комплетно се должат на ангажманот на аматерите. Убав пример за амбициозен пристап најпрво за пишување, а потем и за постановка на сопствен драмски текст. Притоа, текстот оставаше впечаток на убаво замислена драмска приказна која сепак не значи дека во претставата се провлекуваа бројни слабости кои попречија за уште посериозно свртување на вниманието на гледачите. Особено неславно помина втората фестивалска претстава „На клупата“ од Трајче Кацаров што во режија на Глигор Цветковски ја изведе Драмското студио од Центарот за култура од Крива Паланка. И овде публиката беше соочена со дубиозен театарски чин речиси во сите негови сегменти, а посебно во актерската игра. Првата претстава во детската програма и првата светла точка на самата манифестација беше „Јованче и Марика“ од Браќата Грим во режија на

Душко Кукоски, а во продукција на КУД „Дримкол“ од Вевчани. Оваа позната детска лектира беше преточена во симпатичен сценски чин со убави актерски остварувања кои публиката ги награди со аплаузи искажувајќи поддршка и одобрување. Училиштето за театар што работи при Театарот 007 од Скопје се претстави со инсценација на „Женидба“ од Гоголь и со колективна режија на самите актери. Овој, во секој случај, амбициозен проект донесе неколку симпатични актерски остварувања меѓу кои го издвојуваме она на Весна Пановска во ролјата на препредената сводничка Фјокла Ивановна. Претставата на групата „Од игра до претстава“ се издвојуваше и по некои други свои сегменти, како што беше, на пример, костимографијата.

Вистинското и полнокрвно изненадување на ова 51. издание на Фестивалот на кочанската публика ѝ го приредија аматерите од театарот „Без маска“ што работи при Интимниот театар од Битола со претставата „Те сакам Барбара“. Како автори на текстот се јавуваат Александар Дошиќ



и Ана Жежовска, а во неа настапуваат три актерки и еден актер. „Те сакам Барбара“ зад својот наслов, на примерот на една несреќна љубов ги открива горливите прашања за аномалиите на општествениот систем, и тоа како на капитализмот воопшто, така и на конкретните слабости кај нас, а поради кои младите запаѓаат во лавиринтот на бесперспективност, загубеност, оттуѓеност и очај. Начинот на кој е стокмена оваа претстава ни дава за право да ја сметаме за перформанс во кој не се претставени некои фикционални драмски ликови туку конкретни млади луѓе во потрага по својот загубен идентитет и потрага по смислата на животот. Со сценски редукционизам на сите театарски средства, трупата создава моќен театарски чин кој тревожи и провоцира. Тоа беше политички ангажирана претстава како своевиден револт, бунт и пркос против разорноста на режимот во кој се осудени да живеат. Едно големо браво за оваа трупа чие име „Без маска“ веќе доволно ја опишува нивната сценска работа, но и нивниот став за актуелните случувања во нашето општество.

Веќе следната претстава од програмата за деца беше тотален неуспех и доживеа целосно фијаско. Имено, претставата на Драмската секција при ОУ „Гоце Делчев“ од Штип под менторство, што ќе рече, авторство и режија на неколкумина наставници по македонски јазик, „Снег во јуни“,

заврши уште и пред да започне. По само триесетина минути во кои поединечно во стихувана верзија се преставија протагонистите на 12-те месеци во годината и кога се чинеше дека допрва ќе следи драмска приказна, дејство и сценски конфликт, заплет, кулминација и расплет – претставата заврши оставајќи ги изневерени најмладите гледачи – децата кои до последно место го исполнија салонот во Центарот за култура „Бели мугри“ во Кочани.

Сериозен сценски чин и театарско остварување понуди аматерскиот театар од центарот за култура „Кочо Рацин“ од Кичево. Во убава светлина тие се претставија со пиесата „Добра ноќ, Патриција“ од Алдо Бенедети, во режија на Михајло Петревски. Претставата ни донесе неколку забележителни актерски остварувања, меѓу кои го издвојуваме она на Робертина Атанасоска во насловната ролја. Повеќе од скромни сценски резултати – така може да се дефинира најкусо изведбата на претставата „Мозаикот наречен Велес“ од Љупчо Данов, во режија на актерката Весна Димитровска–Бобевски, на драмската група „Словото“ од Велес. Тоа беше само половичен обид сценски да се раскаже дел од богатата историја на градот со примеси на политичко-патриотска реторика која е сосем одвишна кога станува збор за претстава за деца.

Драмското студио „Креативити“ од Прилеп, под наслов „Кој е крив“ во режија на Влатко Петковски, прикажа една од можните верзии на бајката за Црвенкапа и Волкот во која дејството се одигрува во полициска станица за да се истражи, имено, кој е крив? Во претставата имаше убави актерски остварувања и иновативни сценски решенија кои ја прават приемчива за публиката. Такво решение, на пример, беше она за прекинување на приказната токму во моментот кога се случува заплетот, со рекламни спотови, односно со музика и сонгови во функција на поддршка на основното дејство.

Драмската група „Анима“ од гимназијата „Ј. Б. Тито“ од Битола се претстави

со „Болен Дојчин и Ангелина: во името на љубовта“ по текст и режија на Даниела Петровска. Сè во овој сценски игроказ беше доведено речиси до професионално изведбено ниво, костимографија, актерска игра, режија итн. Но, сепак, заради краткото траење, таа тешко може да се подведе под категоријата театарска претстава, туку поскоро како некоја етида на зададената тема.

Уште една вертикала на ова 51. издание на ДАФ беше настапот на аматерите од Домот на културата „Тошо Арсов“ од Виница со претставата „Чехов на Толстој му кажа збогум“ од современиот хрватски драмски писател Миро Гавран, во режија на Саша Нацевски. Речиси сите сегменти во претставата беа грижливо изработени, па така имавме функционална сценска рамка, светло, костими, актерска игра, режија и соодветно избрана музика која ја создаваше атмосферата. Овој амбициозен театарски проект, за жал, не беше ослободен од извесен грч на изведувачите во обидот за што поуспешно претставување и интерпретација на темата за односите помеѓу двајцата великани на руската литература. Иако станува збор за пиеса од комедиографскиот жанр, тие неа ја толкуваа премногу круто и претерано сериозно што резултираше во изнасилена драматичност.

Сивилото на програмата за деца беше дополнето и со претставата на Драмската секција од ОУ „Тодор Ангелевски“ од Битола, „Зошто не сме сите исти“, авторски проект на Весна Гагаловскасо најголема изведувачка екипа на ова издание на ДАФ, како и со претставата на Драмската секција од ОУ „Синиша Стоилов“ од Виница, „Ојле брада во животинска балада“ од Трајче Кацаров во режија на Билјана Ѓорѓиева Гаврилова. И обете претстави го засилуваат впечатокот од отсуство на многу посериозен пристап кон претставите за деца. Вака тие остануваат не на аматерско туку на дилетантстко рамниште и го одразуваат инфантилизмот на инволвираните во нивната продукција. Овој сегмент за секое наредно издание бара сериозно преиспитување и радикално менување.

Инаку, во доблесните остварувања на ова 51. фестивалско издание секако спаѓаат и претставите „Бетон махала“ од Бранислав Недиќ на театарската трупа од Нови Пазар, Република Србија, и „Столови“ од Јонеско, во режија на Петар Данаиловски, продукција на Центарот за култура од Кочани. Во обете претстави евидентен беше иновативниот режиски пристап и убави извајани ликови што придонесе тие да бидат акламативно прифатени од фестивалската публика.

Љуйка Коларова Паевиќ

НУ Центар за култура Битола
– Битола, 2015

ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА МОНОДРАМАТА

Националната установа Центар за култура од Битола, повторно беше организатор на 17. по ред интернационален фестивал на монодрамата Битола 2015, што се одржа од 24 до 28.4.2015 година.

Покровител е Министерството за култура на Р Македонија, кое од поодамна го препозна значењето на овој единствен фестивал од овој вид во Р Македонија.

Оваа година имаше гости од повеќе земји, како што се Србија, Бугарија, Украина, Турција, Хрватска, Романија, Израел, Велика Британија, како и три монодрамски остварувања од Македонија. Претставите се играа на сцените на Центарот за култура и на сцените на Народниот театар.

Свеченото отворање се одржа во салата на Народниот театар од Битола, каде што, пред преполна сала, гостуваше Македонскиот народен театар од Скопје и во чест на отворањето ја изведе претставата „Животот на Молиер“ од Булгаков, а режисер е Александар Поповски. Фестивалот го прогласи за отворен великанот на рускиот филм, еден од главните ликови од култниот филм на Тарковски „Андреј Рублов“, народниот артист на Русија, г-нот Јурий Назаров, кој беше и претседател на стручното меѓународно жири, во кое учествуваа и Нина Мазур од Германија, Благој Чоревски, Ирена Ристиќ и Илија Упалевски. На Фестивалот се обрати и директорот на НУ Центар за култура, г-дин Борче Димитровски.

Оваа година Фестивалот го продолжи концептот да ја проширува програмата со претстави во придружна програма, така што се збогати самиот Фестивал, што наиде на одобрување од бројната публика.

На вториот фестивалски ден веќе се прикажаа три монодрами во конкуренција, и тоа: *Приказни без зборови*, пантомима од Романија, во изведба на Стефан Руксанда, потоа претставата *Конечно, крај* од Израелскиот театарски центар Мерказ ха Бама, во изведба на актерот Гера Сендлер и македонската актерка Весна Петрушевска, со монодрамата *Последна шанса*. На крајот, во доцниот вечерен термин, се претставија гостинките од ТАГАЊКА театарот од Москва, кои беа надвор од конкуренција, со театарско-музички перформанс, под наслов *Женски судбини* – врвните актерки Људмила Маљцева и Полина Нечитаило.

Третиот ден беше резервиран за три одлични монодрами, и тоа: театарот Тиартро од Истанбул од Турција, се претстави со *Крайовата последна лента* од Бекет, во изведба на извонредниот Хилми Демирер, а потоа терминот од 20 ч. премиерно беше одржана претставата на НУ Народен театар од Прилеп, кој на текст од Платнарот под наслов *Делириум тременс*, маестрално ја изигра актерот Игор Трпчески.

Третата претстава беше со наслов *Зоран Радмиловиќ* на гостите од Шабац, Србија, во изведба на ценетиот актер Иван Томашевиќ, кој ја воодушеви многубројната публика.

Во понеделникот беа претставени дури четири проекти, и тоа: претставата *Јас, што имам невини раце*, со актерката Весна Томинац-Матачиќ, во режија на Иван Лео Лемо од Загреб, Хрватска, додека потоа на сцената стапи познатиот и одличен актер од Бугарија – Николај Урумов, со *Дневникот на лудиот*, во режија на Лили Абаџиева.

Натаму, програмата продолжи со младиот актер од Киев, Украина, Елвин Рзаев, со претставата под наслов *Монолог на воен психолог*.

На крајот од овој фестивалски ден беше изведен авторскиот проект на битолчанецот Петар Милошевски, кој живее и работи во Лондон, Велика Британија, под наслов *Љубов*, кој ја крена на нозе публиката што беше присутна во „Нова сцена" на Центарот за култура.

Последниот ден пред свеченото затворање на Фестивалот, беше изведена претставата Хашамет, авторски проект на одличниот актер од театарот од Тетово, Бурхан Амити, како трета претстава од Македонија која, навистина, ја воодушеви публиката.

Г-нот Јуриј Назаров, претседател на жирито, ја соопшти одлуката: Гран при на Фестивалот за најдобра претстава да ја добие актерката од Хрватска Весна Томинац-Матачиќ за претставата *Јас што имам невини раце*, во режија на Иван Лео Лемо.

Веќе неколку години се доделува и награда од публиката, која ја врачува Градоначалникот на Општина Битола во вид на плакета со заштитниот грб на градот, од страна на Градоначалникот г-дин Владимир Талески, а оваа година таа награда му беше доделена на маестралниот Иван Томашевиќ, за улогата во монодрамата *Зоран Радмиловиќ*, која ги воодушеви битолчани.

Фестивалот за затворен го прогласи директорот на Фестивалот и на Центарот за култура, г-нот Борче Димитровски.

Во чест на гостите, учесниците и наградените, а на огромно задоволство на многубројната публика, се одигра претставата *Не се клади на Енглези*, од МНТ Скопје, во режија на Синиша Ефтимов.

Со тоа беше затворен 17. интернационален Фестивал на монодрамата Битола 2015, со уште поголеми желби и надежи дека следното издание ќе биде потврда за уште подобро претставување, како на културата и уметноста од нашата земја, така и од светските монодрамски продукции.



Билјана Крајчевска, *драматург*

Битола Шекспир фестивал
(22 јули – 28 јули 2015 г.)

РАДОСТА ДА СЕ ИГРА ШЕКСПИР

Со читањето на Сонет 26 од В. Шекспир, се отвори годинашниов интернационален, трет по ред, Битола Шекспир фестивал (22 јули - 28 јули 2015 г.).

Идејата на Битолскиот театар, за основањето на овој Фестивал сега веќе јасно се забележува: се создаде еден токму таков исклучителен простор за „шекспировска сцена" на која (ќе) се прикажуваат современи светски театарски изведби работени по делата на Вилијам Шекспир. Водени од таквата желба, Битола Шекспир Фестивалот стана едно од најзначајните културни збиднувања во земјава, а и пошироко.

Првото и второто издание на овој Фестивал (2013 г. и 2014 г.), како проект поддржан од Министерството за култура на РМ и Општина Битола, поминаа со голем успех. Заедно со македонските, беа претставени околу 16 продукции на театрите од Албанија, Велика Британија, Кина, Мексико, Русија, САД, Србија, Турција, итн. Третото издание на Фестивалот им се приклучува со шест изведби на Шекспировите дела, и тоа гостувања од Бугарија, САД, Србија, Холандија и, секако, наши домашни остварувања.

На овој Фестивал, покрај тековната програма, под раководство на значајниот



шекспиролог Мартин Рандал (Канада), во соработка со ИТИ центарот од Македонија и театарската компанија Лит Мун од САД, во присуство на едукатори и уметници од различни области, покрај театарската (Модератор: Иванка Апостолова, Билјана Крајчевска - драматург, Јован Ристовски - режисер, Анѓелчо Илиевски - режисер, Мирна Рустемовиќ- драматург, Хрватска, Ивана Пуруса - перформер и политиколог, актери од НУ Народен театар Битола и Лит Мун театарската компанија од Санта Барбара, Калифорнија, САД), се одржа повеќедневна работилница за развивање драмски текст инспириран од Сонетите на Шекспир.

Идејата на оваа интернационална соработка, која овозможи простор за размена на искуства и учења на светските театарски процеси (балкански, европски, американски) е разработка на Шекспировите сонети, а потоа создавање услови во кои тие би станале драмска предлошка или инспирација за театарска изведба составена од два дела, која во тековната година ќе се работи на два континента: Лит Мун театарот ќе ја подготвува во Санта Барбара, а вториот дел НУ Народен театар Битола на матичната сцена. Претставата составена од „комбинацијата" на овие две различни култури, својата европска премиера ја очекува на Битола Шекспир фестивалот во 2016 г., додека американската наесен, во Санта Барбара во 2016 г.

Оваа работилница, посветена на Шекспировите сонети, не придонесе само за еден нов аспект на истражувањето, туку и за прилог кон нивното модерно толкување со деконструкција на оригиналниот текст на сонетот преку длабоки емотивни, естетски, интелектуални, идеолошки и формални причини и последици. Најпосле, преку овој вид работилници, ѝ се овозможи на стручната јавност да се запознае и со нови методи и гледишта во проучувањата на обемниот и епохален опус на Шекспир, кој е единствен по убавината на своите сижеа, во најфиното толкување на човечките особини и на постапките на трагичните и комичните јунаци.

На битолската „Шекспировска сцена", која секогаш е сè повеќезначна, имавме можност да погледнеме различни изведби и интерпретации: привлечни необични решенија, ефектно претерување со задача да се испитаат границите на комичното, режисерски концепти во кои се користат и нетеатарски елементи преплетувајќи го класичниот Шекспир со цитати на поп-културата и различни жанрови, со еден збор од сериозно и продлабочено читање на Шекспир до луцидно толкување на симболи и идеи.

Трагањето по вистинитоста на животот, позицијата на обичниот човек спрема сопствените чувства, одлуките и егзистенционалните проблеми со кои и денес се бориме се темите на шесте стилски различни претстави кои зедоа учество пред многубројната публика, на овој трет по ред „интернационален театар".

Куриозитет претставува премиерната изведба и воедно прва поставка на оваа историска трагедија кај нас во Македонија.

22 јули 2015г.
Антоние и Клеопатра
(режија **Џон Блондел**, НУ Народен театар Битола)

Свет на страсти и судбина. Свет во кој лесно и просто се губат животи, држави, се менуваат позиции, се напуштаат жените, мажите, љубовниците, се изневерува-ат пријателите, се сака власт.

Антоние и Клеопатра на Џон Блондел е изведба на промени. Примамлив естетски концепт: во првата половина претставата е комедија, а вториот дел преминува во трагедија.

Додека една сцена се претопува во друга, се доловува филмскиот ритам на претставата, како и нејзиниот надреален карактер- ликовите со промената на атмосферата се претвораат во некој друглик, сепак постепено приближувајќи се до сопствената пропаст.

Комплексните карактери сега само осумминатa актери, и во време од околу час и половина, се искреирани до крај: низ игра која ја остварува суштината на идејата за секогаш опасните страсти за моќ и копнежот по љубов.

23 јули 2015 г.
Многу врева за ништо од В. Шекспир (режија **Ана Ѓорѓевиќ**, Народно позориште – Сомбор, Србија)

Шекспировиот хумор не е пакослив туку инвентивен и ослободувачки, неговата комедија е час лудорија, час остроумна духовитост... Како јазик што се учи во детството или во сонот.

Ана Ѓорѓевиќ , својот концепт на оваа комедија го сместува во оничричка рамка во која сè што се случува во чистата љубов на младиот пар станува релативно, а злото што им го чинат завидливите станува прераскажано, литерарно. Актерите играат со посебен отклон кон комедијата на апсурдот и со голема умешност што треба да ја претстави двојната природа на сонот во кој сите страсти се сенки на сцената која станала игралиште за секоја интрига.

„Во нашиот „сон“, во таа „маѓепсана градина“ венчавањето го спасуваат лудаци. Наши херои се оние што светот го гледаат како „будали“. Една голема неправда што води кон катастрофа ја поправаат инфериорните, умствено и физички слабите, неуките, угнетените, зашто лудите во нас и околу нас подобро ја гледаат стварноста и нејзината вистина отколку мудрите и учените.“ (А.Ѓ.)

25 јули 2015 г.
Хамлет од В. Шекспир (режија **Џон Блондел,** Лит Мун театарска компанија – Санта Барбара, Калифорнија, Сад)

Секоја генерација е должна да има свој Хамлет, зашто тој е еден од најистанчените инструменти за објаснувањето и сфаќањето на човечката судбина. За овој Хамлет (прв пат поставен од Лит Мун во 2001 г. исто така од Блондел) велат дека терминот „авангардна класика” не е оксиморон, како порано, но сè уште е тешко да се пронајде такво возбудливо, дело кое не само што му пркоси на забот на времето туку, како поминуваат годините, добива поголема вредност.

Денес истиот Хамлет е деконструкција или ремикс на една голема трагедија, каде многу сцени, дијалози и монолози или се отсечени или се извадени од оригиналниот контекст и се поставени на друго место во целата приказна.

На почетокот на претставата, тој седи во публиката кое ја потенцира улогата на Хамлет и неговиот неуморен ум и очајната потреба да ја открие мистеријата - тој е само обичен човек, буквално еден од нас. Додека целата приказна е раскажана на повеќе или помалку линеарен начин, овие јукстапозиции се изделуваат, ни помагаат да го доживееме неспоредливиот израз на Шекспир на повеќе бодри начини. На пример, Хамлет постојано го започнува својот монолог „Да се биде или да не се биде“, за повеќепати да биде прекинат, што е една прекрасна метафора на тоа како во ова брзо општество заситено со информации размислувањето е скоро и невозможно.

26 јули 2015 г.
Сон на летната ноќ од В. Шекспир (режија, **Александар Поповски,** НУ Турски театар – Скопје, Македонија)

„Прашањето што денеска значи љубовта, сонот, илузијата, идеологијата не засега сите, а сонот е составен токму од

овие елементи. Сонот во некој смисол е и радикален, бидејќи ние го напуштивме сонувањето, кое е дури и демоде. Денес соништата не можеме да ги најдеме на пазарот. Светот на фантазијата, митовите, потсвеста - за мене светот на убавината - е обвиткан со завеса, зад која ретко погледнуваме. Во оваа претстава не сакавме до крај да ги одвоиме стварноста и сонот; во целина претставата можеби е сон на еден стар човек, можеби на Пук, а можеби и на актерот кој го играл Пук. Јас оваа претстава ја гледам како една сфера, во која има уште една сфера и уште една... Сон во сонот сон... Овој сон продолжува се до крајот на монологот на Пук, кој го "позајмивме" од Просперо, бидејќи Просперо истовремено е и Пук, како што **Сон на летната ноќ** и **Бура** на места е истиот текст..." (А.П.)

27 јули 2015 г.
Сонет 116 од В. Шекспир и песни испирирани од него
(**Ги Сонен,** Амстердам, Холандија)

Неверојатна е моќта на човечкото тело да прераскаже една приказна што говори за смислата. Трагајќи по сопствена интерпретација, заменувајќи ги зборовите и писмото со телото како средство односно како поетско тело, Ги Сонен го изградува овој соло перформанс врз мотивите на Сонет 116 од Шекспир.

Во една постмодерна рамка приказните, во кои станува збор за ситниците што во животот (во играта) значат, кореографски се надоврзуваат, дораскажуваат, а во нив телото со неверојатен жар и задоволство го моделира својот личен однос и исто како што Шекспир во својот сонет ја надминува секоја болка, ја надминува смртта, тоа оди подалеку од бесконечноста, зашто љубовта е поткрепа на сè – сè до самиот крај.

28 јули 2015 г.
Ромео и Јулија од В. Шекспир
(режија **Петринел Гочев**, Драмски театар – Габрово, Бугарија)

Овој прочит на пиесата на однесе во полето на модерниот театар. Непретенциозно, уметнички неусилено но естетски издржано театарско дело со богат сценографски израз: магичен, врзивен и неочекуван. Величествено!

Пред очите ни се редат слики кои нè пренесуваат сред куќите на Верона од стеблата на дрвјата, ликовите одат на котурни, се растураат платна и ја градат арката на храмот. Една искрена игра и полна со ентузијазам и брилијантни актерски остварувања. Куклен театар во театар, силни препратки од комедија дел арте, ефектни режисерски решенија и мобилна сценографија се само дел од Ромео и Јулија на XXI век створена за современиот гледач кој живее забрзано на работ на комедијата и трагедијата.

* * *

Бесценети театарски искуства го проследија овој трет по ред Битола Шекспир фестивал. Претстави кои создаваат провокација, бесценети дијалози. Публиката уживаше сред оживеаните херои на Шекспир.

Да се чита Шекспир, да се режира, да се игра и да се гледа е животна филозофија. А тоа претставува вистинска радост. Затоа е неопходно и во иднина оваа фестивалска традиција да се продолжи, да остваруваме не само трет туку триесет и трет итн. по ред Битола Шекспир фестивал.

ДЕНОВИ НА КОМЕДИЈАТА

01.10. (четврток)

НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА СКОПЈЕ

"НЕШТО ПРОПУШТАМЕ"

Режија: Бојан Трифуновски

Сценографија: Љубиша Јованов

Костими: Искра Џокиќ

Музика: Емин Џијан

Настапуваат: Сашко Коцев, Нина Деан, Валентин Костадиновски – Тино, Ѓаклина Петровска, Столе Мицов

Гледачи: 658

02.10. (петок)

НУЦК "Ј.Х.К. ЏИНОТ" ТЕАТАР ВЕЛЕС

„СПАНАЌ СО ПРЖЕНИ КОМПИРИ"

Режија: Ненад Витанов

Сценографија: Филип Коруновски

Костими: Александра Крнинова Груев

Настапуваат: Владимир Тулиев, Жарко Спасовски, Фаик Мефаилоски

Гледачи: 534

03.10. (сабота)

ПРОДУКЦИЈА ВИДИК СКОПЈЕ

"НИ ВАМУ, НИ ТАМУ"

Режија, сценографија, костими, музика: Симеон Дамевски, Љупчо Тодоровски - Упа

Настапуваат: Симеон Дамевски, Љупчо Тодоровски – Упа и Никола Кумев

Гледачи: 556

04.10. (недела)

ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ

"ЧОЛАК"

Адаптација и режија: Синиша Евтимов

Сценографија: Илина Ангеловска

Настапуваат: Сашо Тасевски, Рубенс Муратовски, Игор Стојчевски и Филип Трајковиќ

Гледачи: 597

07.10. (среда)

НУЦК "МАРКО ЦЕПЕНКОВ" ТЕАТАР ПРИЛЕП

"ПРЕМИЕРА ВО САБОТА"

Режија: Коле Ангеловски

Драматург: Ивана Нелковска, Лидија Митоска - Ѓорѓиевска

Сценски дизајн и костими: Илина Ангеловска

Музика: Томе Темелковски

Кореограф: Кире Миладиновски

Настапуваат: Трајче Иваноски, Виолета Чакарова, Владимир Ѓорѓијоски, Катерина Чамакоска – Клинческа, Марјан Чакмакоски, Наташа Наумоска, Александар Тодески, Димитар Ѓорѓиевски, Михајло Миленкоски, Најдо Тодески, Даниела Иваноска, Андон Јованоски – Аша, Зоран Иваноски, Димитар Црцороски, Марија Спиркоска – Илијеска, Јасмина Мицовска - Станкоска

Гледачи: 628

08.10. (четврток)

НУЦК "АЦО ШОПОВ" ТЕАТАР ШТИП

"ЛУЛКА"

Режија: Андреј Цветановски

Сценографија: Владо Ѓорески - Рефик

Костими: Ана Кркулевска

Настапуваат: Владимир Тулиев, Кристина Атанасова Арсова, Милорад Ангелов, Анѓелка Нашкова, Пеце Ристевски, Марија Минчева, Миле Вратеовски, Ефтим Трајчов – Ѓаурски и Виктор Арев

Гледачи: 471

09.10. (петок)

ТЕАТАР "ТАЛИЈА" ТУЗЛА, БИХ

"ДРЖАВЕН ЛОПОВ"

Режија: Томислав Крстиќ

Сценографија: Сеад Хоџиќ - Хис

Настапуваат: Ненад Томиќ, Решад Бариќ, Миленко Иликтаревиќ

Гледачи: 667

10.10. (сабота)

ЕВРОБАЛКАН ИНСТИТУТ ПРИШТИНА, КОСОВО

"ЧЕХОВ МУ КАЖУВА ЗБОГУМ НА ТОЛСТОЈ"

Режија: Севдије Ајети

Настапуваат: Беслим Мучај, Зета Бахтири, Дукаѓин Подримај, Семира Љатифи

Гледачи: 107

12.10. (понеделник)

ДРАМСКИ КУКЛЕН ТЕАТАР СИЛИСТРА, БУГАРИЈА

"СЕ БАРА НОВ СОПРУГ"

Режија: Васил Василев

Сценографија и костими: Николај Нинов

Музика: Васил Василев

Настапуваат: Мима Дапкова, Иван Самоковлиев, Александар Павлов

Гледачи: 485

14.10. (среда)

НУ ТУРСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ

"СЛУГА НА ДВАЈЦА ГОСПОДАРИ"

Режија: Јуџел Ертен

Сценографија: Валентин Светозарев

Костими: Благој Мицевски

Драматургија: Јуџел Ертен, Маја Стевановиќ

Настапуваат: Тамер Ибрахим, Насрин Таир, Емине Кадриу, Неат Али, Сефедин Нуредини, Аида Елези, Селпин Керим, Осман Али, Ерман Шабан

Гледачи: 104

15.10. (четврток)

НУ ТЕАТАР БИТОЛА

"БЕЗ ПАНИКА"

Режија: Благој Мицевски

Драматург: Билјана Крајчевска

Сценографија: Драган Анѓелковиќ

Костими: Благој Мицевски

Настапуваат: Никола Пројчевски, Маријан Ѓоргиевски, Александар Копања

Гледачи: 599

16.10. (петок)

НУЦК "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" ТЕАТАР ОХРИД

"ДЕТЕКТОР ЗА ЛАГИ"

Режија: Ненад Витанов

Сценографија: Филип Коруновски

Костими: Александра Крнинова Груев

Настапуваат: Јасмина Билаловиќ, Никола Тодоровски и Стрезо Стаматовски

Гледачи: 621

17.10. (сабота)

НУЦК "ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ" АЛБАНСКА ДРАМА КУМАНОВО

"БОНСЕРС"

Режија: Ќазмедин Нуредини

Настапуваат: Сефедин Шабани, Енвер Халими, Шкаќим Исљами, Ќазмедин Нуредини

Гледачи: 135

17.10. (сабота)

ПРОДУКЦИЈА ПРИЗОР БЕЛГРАД, СРБИЈА

"ЉУБОВНИЦИ"

Адаптација и режија: Раде Вукотиќ

Настапуваат: Катарина Марковиќ, Бојана Ординачев, Сташа Радуловиќ, Срѓан Карановиќ и Марко Живиќ

Гледачи: 672

18.10. (недела)

НУЦК "ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ" ТЕАТАР КУМАНОВО

ПРЕМИЕРА "ИДИОТИ"

Режија: Мирослав Петковиќ

Асистент на режија: Бојана Краљевска

Драматургија: Сашо Костовски и Зоран Зафировски

Сценографија: Бојан Маневски

Музика: Боби Серафимовски

Настапуваат: Мартин Лазаревски, Марко Трајковиќ, Александра Михајловска и Владо Дојчиновски

Гледачи: 658

МНТ ФЕСТ 2015 во Јубилејот 70 години МНТ

Во годината кога Македонскиот народен театар преку го чествува својот 70 годишен јубилеј преку најразлични форми на театарски израз, во периодот од 27.5.–3.6.2015 се случи извонреден театарски настан МНТ ФЕСТ, кој на сцената на Македонскиот народен театар донесе шест интернационални претстави кои за македонската публика беа големо освежување.

Фестивалот се отвори со претставата „Ѕвонарот на Богородичната црква во Париз“, од Виктор Иго во режија на Лилија Абациева, а во изведба на театарот „Софија“ од Софија, Република Бугарија. Оваа претстава публиката ќе ја памти како извонредно успешна во целина, а актерската игра на Калин Врачански во улогата на Квазимодо беше посебно наградена со громогласен аплауз. Следна претстава на фестивалот беше гостувањето на Националниот театар „Немзети Синхаз“ од Будимпешта, Република Унгарија, со делото „Сон на летната ноќ“ од Вилијам Шекспир, во режија на Давид Дојашвили. Со извонредните сценски и визуелни решенија, актерската екипа создаде современа интерпретација на Шекспировите илузии во оваа драма. Неколку дена подоцна, со голем интерес од публиката, беше проследена претставата „Бело кафе“ од Александар Поповиќ во режија на Милан Нешковиќ од Народно позориште од Белград, Република Србија. Поради блискоста на контекстот кој го зафаќаше темата на претставата, поради заедничките делови блиска историја, поради сличните премрежја и брзата идентификација со публиката, ова гостување публиката ја остави без здив.

„Ѕвонарот на Богородичната црква во Париз“

„Сон на летната ноќ“

„Дневникот на лудиот“

Фестивалот ФИАТ од Подгорица и „Град театар“ од Будва, Република Црна Гора на 06.06.2015 г. ја изведоа претставата „Три сестри“ од Антон Павлович Чехов, во режија на Ана Вукотиќ и Слободан Милатовиќ. Ова

„Три сестри“

драматуршки радикално, а режисерски интригантно читање на Чехов, отвори нови прашања како и во која мера „Три сестри“ трпи радикални интервенции. Во, овој случај, публиката одговори со аплауз. По гостувањето од Црна Гора, гостуваше Државниот театар од Истанбул, Република Турција, со претставата „Кога ова би било филм“ на ав-

„Кога ова би било филм“

торот Алмир Имширевич, а во режија на Билге Емин. Главната програма на овој фестивал беше затворена со копродукциската претстава на Државниот драмски театар „Коте Марџанишвили“ од Тбилиси, Република Грузија и Театарската фондација „Емилија Романья“ од Модена, Република Италија. Тие на 20.06.2015.г. ја изведоа претставата „Дневникот на лудиот“ од Николај Василевич Гоголь, во режија на Леван Цуладзе.

Во придружната програма наречена МОЈ ТЕАТАР, беа реализирани разговори со режисерката Лилија Абациева, драматургот Ерно Веребеш, композиторот Горан Трајковски, режисерите Ана Вукотиќ и Слободан Милатовиќ, како и сценографот Валентин Светозарев. Во рамките на МЕМОАРИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР се одржа разговор со познатиот македонски режисер Бранко Ставрев. Разговор го водеше драматургот Загорка Поп-Антоска Андовска.

„Бело кафе“

Исто така беа реализирани и две изложби: една во соработка со Амбасадата на Република Полска, изложбата на слики на С. И. Виткиевич – Виткаци (1885–1939), како и изложбата на театарски плакат на Сергеј Светозарев.

Посетеноста на сите овие театарски претстави и придружни манифестации беше на највисоко ниво, што зборува дека кај македонската публика постои глад за култура, глад за театарски настани, а тоа е само поттик за МНТ следната година програмата да биде збогатена со уште поголем број претстави и придружни културни настани.

Емилија Џийунова

ТАНЦ ФЕСТИВАЛ
– Скопје 2015

...„Единаесет години со **В**ас, драги вљубеници во танцот. **Е**динаесет... и еве, повторно застанавме на *„шшиците шшо живош значаш“*. **З**а мене... за мене секогаш единствен пат, кој повторно и повторно би го одбрала, но никогаш не би сакала да бидам сама. **С**ама на тој пат, колку и да изгледа тоа така. Би сакала секогаш да ве сретнувам и со вас да го споделам мигот на радоста и среќата предизвикана од убавината на танцот“... напиша таа, уметничкиот директор на ТАНЦ ФЕСТ – СКОПЈЕ 2015, Рисима Рисимкин, а ние само го прочитавме ова.

Го прочитавме и нашата дружба започна со свеченото отворање на овој, веќе одамна реномиран фестивал за современ танц во Македонија, а и пошироко. Бевме сведоци на доделувањето на престижната награда за врвни остварувања во областа на современиот танц „Менада“. Дискурзивен чин како рефлексија на историската свест, но и средба со сегашноста преку креативните мигови, како што беше и изведбата на кореографското дело на Рисима Рисимкин „СМС (Сите мои слики)“.

„СМС“ е дело кое се раѓа од идејата... вели авторката, кореограф и режисер Рисима Рисимкин... „Слики кои ги сонував и на некој начин раскажуваат една прикаска нераскажана... прикаска за себе, за чувствата, за љубовта, за тагата, за...“

...„Слики сонувани, прикаска нераскажана“... еве, супериорно за да ги отсонува на сцената на Македонскиот народен театар. Преку кореографско-режисерската постапка и уметничката фикција, ни ја раскажа својата прикаска, преточена во театарски чин во кој мошне прецизно се поставени сите иманентни фактори.

Претстава создадена не само од имагинацијата, туку и од контемплацијата на авторката и дискурзивниот кореографски ракопис. Кореографски конструкции исконструирани со богатата палета од флуидни до силно енергични движења и танци во хармонија со мошне инспиративната и специфична по својот звук музика на Дуке Бојаџиев. Движења и танци со кои асоцијативно ни ги пренесува емоциите и расположението. За... „љубовта“... „тагата“... за „сите песни и сништа“...

И, секако, сето тоа не ќе беше така видливо ако притоа не беше максимално испровоцирана интерпративната енергија, техниката и сензибилноста на танчарите и танчарките: А. Дончевски, М. Киселичка, А. Петрушевска, В. Апосто-



ловски, Ј. Мунко, А. Андреева, Д. Кокољ, Т. Туса, А. Марковска, Д. Битровски и Z. Wijansonw – Netherlands, R. Konter, E. Mos – Tsimageorgis, P. di Quirico – Rotterdam Dance Academy, кои со танцово-технички рафинман ги прелетаа танцовите пасажи, создавајќи експресивни слики, врамени во убаво обмисленият и дизајниран, од Матеј Мијатовиќ, сценски простор и во него ликовните елементи – извонредно компатибилните костими како креација и непогрешливиот сенз за стилот, бојата и материјалот, на Благоја Мицевски, надополнети со мошне впечатливата шминка на Небојша Пешевски, прелиени со боите на сценската илиуминација.

Како интергален дел од програмската концепција на фестивалот за современ танц „ТАНЦ ФЕСТ СКОПЈЕ – 2015“ беше и меѓународниот натпревар на млади кореографи од Македонија, Израел, Полска, Холандија, Германија, Турција и САД.

Талентирани млади уметници кои пред интернационалната жири-комисија, составена од еминентни личности од сферата на балетската уметност – танчари, кореографи, педагози, критичари, теоретичари и публицисти, го презентираа својот кореографски потенцијал, инвенција и креативност, а потоа дел од високо оценетите перформанси беа изведени и пред бројната фестивалска публика, на малата сцена при Македонската опера и балет.

Кореографски минијатури со кои Јаков Мунко, Валентино Арсовски, Матеа Киселичка, Адријана Дончевска, Sanne Klifford, Iae Dubois, ни ја покажаа не само физикалноста и видното поле помеѓу телото и енергијата, туку и рационализацијата на идејата, односно нејзиното оформување преку пречистени движења и симболи, провоцирајќи ја невербалната комуникација со гледачите.

Во Младинско-културниот центар и салата 25 Мај, настапија членовите на компанијата „ДЕРИДА“ од Бугарија, танцова компанија формирана во 2004 година од страна на кореографот Ивано Јелиазлиев и уметничкиот менаџер Атанас Манев.

„ДЕРИДА“ како „инструмент за создавање танцови перформанси“, интензивно работи на развојот и популаризацијата на овој танцов израз во Бугарија, преку едукативниот процес и продукциски систем, велат создавачите Желјазков и Манев.

Пред бројната публика, вистинските вљубеници на современата танцова сцена, гостите од Бугарија настапија со кореографското дело на Живко Желјазков „Тивко оружје“, работено врз музиката на Иван Шопов, визуализација Полина Слојанова, продукција Атанас Манев.

Делото е структурирано врз тема од секојдневниот живот и силното влијание на современата технологија која манипулативно води кон унификација и уништување на индивидуата. Тема која имплицитно и ја инцира нејзината реализација – преку унифицирани движења на нозете и долниот дел од телото на танчарите (горниот дел, корпусот и лицето притаени и во полутемнина), без физичко напрегнување, со монотоно праволиниско движење на танчарите, кореографот Живко Желјазков ја модулира својата основна премиса, фаворизирајќи ги чистината на движењето и исклучителната интерактивност со музиката, костимите и светлото. Така, сè заедно ја отсликува латентната нехумана клаустрофобична и неетичка димензија на таквото општество.

Покрај танцовата минијатура „Биг ган“, во кореографија и изведба на Станислав Генадиев од Бугарија, кој ставајќи ги во функција својот физички изглед и танцо-





ва техника, прави иронизирана алузија на „мачомен“ кој паунизирано, истакнувајќи го мускулестиот физикус и материјална сопственост, сака да го привлече вниманието на спротивниот пол – жената, со особен интерес (иако настанот се случуваше во Велес, градот на културата во Македонија за оваа 2015 година) беше проследено гостувањето на современата танцова компанија „Драгон кунг фу“ од Пекинг, Кина. Современата танцова компанија ги интегрира традиционалната, надалеку позната, кинеска боречка вештина кунг фу и традиционалната танцбили игра, во една современа форма и естетика.

Игра која повеќе од два и пол милениума им била позната на Кинезите, но поради нивното религиско сфаќање на животот, според кое не се манифестираат личните чувства, играта не била општо прифатена. Средиштето на играта било во кинеските дворови и им служело на кинеските цареви за утврдување на нивниот престиж. Играта имала политички класен карактер и ја играле 64 исклучиво машки танчари (кои се школувале во дворските училишта), според строго утврдените правила и редослед.

Правила што еве и до ден-денес се почитуваат и се применуваат. Длабоките корени на традицијата се отчитуваа во устројството и принципите на оваа компанија и момчињата кои нè одушевија со боречко-танцовата вештина. Акробатски скокови, динамика и енергија ставени во фукција на фантастично исконструираните кореографии на Лиу Лу, Танг Лианфенг, Ли Вен, Ли Чао Ху Мингвали, работени врз музиката на Зоу Ханг, ликовно визуализирани преку извонредно функционалните и стилски соодветно решени костими, разновидни реквизити и игра на светла со кои создаваа фасцинантни форми и фантазмагорични слики, предизвукувајќи бурен аплауз и овации кај бројната публика во салонот на велешкиот театар Јордан Хаџи Константинов – Џинот.

Тодор Кузманов

ЗНАЧАЈНИ И ДОБЛЕСНИ ТЕАТАРСКИ ОСТВАРУВАЊА

Кон Деветтото издание на меѓународниот театарски фестивал СКУПИФЕСТ кој се одржа во Скопје од 27 октомври до 1 ноември 2015 година

На годинашниов Деветти по ред СКУПИФЕСТ учествуваат театри од осум земји кои изведоа исто толку претстави. Годинава гостите дојдоа од Косово, Словенија, Србија, Русија, Финска, Германија, Грузија и Бугарија. Паѓа в очи дека на годинашново издание немаше ниту една претстава од Македонија, што впрочем се случува и со некои други фестивалски манифестации кај нас.

Честа да го отвори фестивалот ја имаше Националниот театар од Косово кој во копродукција со Урбан театарот од Приштина ја изведе претставата „Шопинг и Факинг“ од Марк Рејвенхил во режија на Фатос Бериша. Претставата за моралниот распад на општеството драмските актери од Косово ја изведоа со евидентна ведрина и со многу ирониј во пристапот и креациите што овде се наметна како контрапункт на невеселата судбина на т.н. генерација на екстазите, на генерацијата на која додека растела и е сугерирано дека врховен бог се парите и следствено пораката која одзвонува од сцената е – Земи ги парите! Следниот императив е „Убиј пред да бидеш убиен!“. Всушност подлабоката анализа и проникнување во претставата покажува дека зад сексуалните перверзии на двата пара кои подразбираат истополови врски и секс без граници, се крие, односно е запретана потребата за вистинска

љубов која подразбира давање и примање. Значи, станува збор за генерација на несреќници и губитници кои припаѓаат на генерацијата на интернетот и кои се осудени на осаменост, изгубеност и очај кој се артикулира во крик на немоќ и небиднина. Гостинските актери од Приштина со своето агирање предизвикаа позитивни вибрации на сомилост и разбирање кон судбината на ликовите кои ги интерпретираат, како и симпатии и воодушевување кај гледачите.

Втора претстава на програмата на СКУПИФЕСТ беше „Крај на љубовта“ од Паскал Рамберт во режија на Ивица Буљан, словенечко-хрватска копродукција. Оваа претстава се состои од два подолги монолога на машкиот и женскиот лик во претставата во кои секој од нив причините за крајот на љубовта ги гледа и ги бара во оној другиот. Кога веќе е јасно дека крајот е дојден ликовите се судираат во една нерамноправна битка , студено и сурово. Битката навистина се

води со зборови, но тоа не е ни малку утешно зашто тие се крајно беспоштедни еден кон друг. Бојното поле е нивниот заеднички поминат живот зад кој останува само пустош. Партнерите се вивисецираат меѓусебно со хируршка прецизност одејќи до дното на подсвеста и до најнежните душевни трепети. Оваа драмска приказна со висок филозофско-психолошки набој актерите Пиа Земљиќ и Марко Мандиќ ја интерпретираат со виртуозност и перфекција својствени на осведочени професионалци.

Претставата „Духот кој оди или патот на Прометеј“ од Дејан Дуковски во режија на Александар Поповски, продукција на СНП од Нови Сад беше дочекана и проследено со огромно љубопитство и интерес од публиката која до последно место го исполни гледалиштетот во киното „Фросина“ во МКЦ. Овој интерес се разбира соодветно беше алиментиран од страна на изведувачката екипа предводена од нашиот авторски тандем Дуковски-Поповски и актерите од Нови Сад. Спред се овој текст и оваа претстава доаѓаат како реакција на актуелната општествена и политичка ситуација во еден поширок контекст, но и простор на случување, ако не и со универзални димензии. Ракурсот овде е насочен кон местото и улогата на т.н. „мал човек“ во ваквите околности, односно опстојувањето во корумпиран и криминализиран систем. Еден човек со име Александар – Мара- алијас Хамлет се решава да се побуни. Но оваа побуна не е Хамлетовската побуна на вечното и веќе антологиско двоумење кое го спречува да делува, туку напротив. Тој, односно Мара ја зема правдата во свои раце и ја дели со револверот убивајќи ги тираните и насилниците. „Духот кој оди“ е театар во театар за што сведочат и бројните реплики и сцени, а чија основа е главно споменатата Шекспирова трагедија иако истата овде се трансформира во утопистичка мелодрама. Заплетот започнува со судирот помеѓу Мара и банкарот кој доаѓа да му ја конфискува куќата. Ѕвони на тревога и започнува танцот на злото кое се оживотворува во повеќе сцени кои се лесно препознатливи за публиката и подложни за идентификација со нив. Впрочем, може само да се замисли или претпостави на колкумина од нас во даден момент му пука филмот и дека вака или онака се тоа се потенцијални кандидати за ликот на Мара. Режисерот Поповски ја подвлекува и подзасилува театрализиацијата на дејство и со тоа што сценографските елементи ги разместуваат самите актери. (Инаку, да споменеме дека сценограф е Таџистер Севинч, од Истанбул). Да истакнеме дека во претставата публиката имаше можност да ужива во извонредните актерски креации на Ненад Пеќинар во главната ролја на Мара, потоа Душан Јакшиќ, Игор Павловиќ, Радоје Чупиќ, Вишња Обрадовиќ и др. Се надеваме дека „Духот кој оди“ по премиерата во Нови Сад и гостувањето во Скопје го чека долго патешествие затоа што светот во кој живееме е толку несовршен, пакосен и зол... Навистина, „ Духот“ го уште чека многу работа.

Театарот „Кај мостот“ од Перм – Русија кој важи за еден од ретките ако не и единствен театар во светот кој ја негува естетиката на театарскиот мистицизам ја изведе претставата „Паночка“ од Нина Садур работена според новелата „Виј“ од Гоголь, а во режија на Сергеј Федотов. Ова е претстава за мрачните сили и за претворањето на жените во вештерки според моделот на средновековниот мистицизам. Сцените на идиличните средби на козаците покрај топлите печки зачинети со многу вотка и комични флертувања се само подготовка за страшните собитија кои следат. Сепак, трансформацијата на жените во вештерки од што нема да биде поштедена ниту Паночка, ќерката на Газдата на имотот на кој се случува дејство-

то, не е лишено од длабока филозофска основа, а соодветно место има и ритуалот на иницијација. Режисерот Федотов главниот акцент го става на создавањето на соодветна атмосфера која на претставата и придава загонетност и мистична таинственост. Тоа е судир на нечистите сили на Сотоната и кревките христијански души на козаците. Во „Паночка" посебно импресивно делува сценографската рамка чиј автор е режисерот Федотов.

Театарот „Метаморфози" од Хелсинки – Финска ја изведе претставата „Сауна" што означува едно специфично место во кое низ спојот на мисли, звуци и етерични испарувања настануваат соодветни процеси во човековото тело и дух. Приказната е раскажана без зборови низ слики и сцени во кои заедно се ликовите и куклите за да претстават разни емотивни состојби на жената и животниот циклус од раѓањето до смртта. Според својата должина може да се каже дека попрво станува збор за етида на зададената тема која во инстант форма ја доловува женската природа и нејзините манифестации од најинтимен карактер, а за чиј израз најпогодно место е имено Сауната.

Театарската трупа од Диселдорф, Триер и од Келн – Германија ја изведе претставата „Радар" од Себастиан Улбрих во режија на Емануел Барц. Тоа е претстава која на сосем необичен и несекојдневен театарски јазик и средства раскажува приказна за двајца љубовници чија комуникација е најпрво отежната, а потем и невозможна. Недоразбирањата и неможноста за комуникација ќе завршат трагично со самоубиството на девојката и потем безуспешниот обид за остварување на комуникацијата меѓу два различни света. Овој и „оној" од другата страна. Невозможна мисија. Но во моменти на очај вреди да се направи обид. Перформансот на изведувачите од Германија е исполнет со звуци кои ја универзализираат темата и настанот. Во секој случај станува збор за невообичаен и оргинален пристап во создавање на театарска структура.

„Куќата на гневот" од Лорка во режија на Јана Добрева, а во продукција на театарот „Возраждане" од Софија – Бугарија е жестока претстава за страстите на неколку жени заробени во мрачниот дом на Бернарда Алба. Конфликтот го предизвикува неможноста да ја реализираат својата генеричка природа, факт на која секоја од петте ќерки реагира различно, индивидуално. Над нив бдее нивната мајка која со својата појава и делување очитува фаталност на збиднувањата предизвикувајќи ја трагедијата на своите ќерки. Помеѓу

неа и нив е слугинката која го детектира развојот на настаните односно неминовноста со која ќе се случи самоубиството на најмладата од ќерките, Адела, која се одважува да го презре лажниот морал и општествената лицемерност...„Куќата на гневот“ е цврста и конзистентна претстава со убави, па и брилијантни актерски остварувања реализирани на фонот на крстот на кој сите се распнати. Тоа е модерен и истражувачки пристап во толкувањето на драмската класика, обид кој овде е повеќе од успешен.

Државниот младински театар од Тбилиси – Грузија ја изведе претставата „1945“. Тоа е приказна за едно германско момче кое растејќи во услови на насилство подоцна како последица на тоа ќе се изроди во Дикататор. Најпрво тоа ќе биде Хитлер во нацистичка Германија, а потем ќе се трансформира во Сталин во во комунистичкиот Советски сојуз. Злото продолжува предупредува оваа претстава на гостите од Тбилиси, а во која е евидентен голем творечки ентузијазам и стремеж во процесот да се вклучи, да се инволвира и публиката. Низ експресивна и динамична игра се претставени пороците и злото во општеството наспроти ретките изблици на хуманоста и добрината. Театарската илузија во претставата се создава со необичното користење на реквизитите кое е ефектно и оригинално.

Жирито на Деветтото издание на СКУПИФЕСТ едногласно одлучи Гран при за најдобро остварување во целина да го додели на претставата „Духот кој оди“ од Дејан Дуковски во режија на Александар Поповски, а во продукција на Српското народно позориште од Нови Сад – Србија. Во образложението се вели дека, претставата „Духот кој оди“ е претстава која се одликува со актуелност и ангажираност во претставувањето на моралните дилеми на човекот во современиот свет. Режијата во претставата е минуциозна и аналитична, при што врз основа на драмскиот текст создава цврста и моазична театарска структура, а актерската игра е на високо професионално ниво. Инаку, жирито работеше во состав: Рози Костани, актер и режисер од Тирана, претстедател и Тодор Кузманов, театарски критичар и Сулејман Рушити, режисер од Македонија, членови.

ГОЛА МЕСЕЧИНА

2015

„Гола месечина“ е меѓународен фестивал на комедијата, кој оваа година се одржа по втор пат. Фестивалот траеше од 20 јуни до 30 јуни, а претставите се играа со почеток од 21:00 часот, на отворена сцена – фудбалското игралиште до детската градинка „Сонце“ во Аеродром и важно е да се напомне дека влезот за сите претстави беше бесплатен.

Публиката која во просек беше околу 2000 луѓе по претстава имаше можност да ги види претставите:

20.06 – СТЈУАРДЕСИ од Марк Камолети, режија Синиша Евтимов, ТЕАТАР КОМЕДИЈА

Боинг боинг е оргиналното име на текстот на Марк Камолети кој веќе е влезен во Гинисовата книга на рекорди како еден од најизведуваните текстови. Дејствието на пиесата се одвива околу еден архитект-плејбој – Бернард, кој смета дека ја нашол формулата за совршен ергенски живот и неговите три девојки стјуардеси.

21.06 – ДАМИТЕ БИРААТ од Ентони Мекартен и Стефан Синклер, режија Адмир Гламочак, АЛТТЕАТАР Сараево, Република Босна и Херцеговина

Оваа претстава зборува за група невработени млади момчиња, кои земаат еден огласник во кој се обидуваат да најдат оглас за вработување, а вниманието им го задржува еден оглас во кој се бараат танцувачи за во диско клуб. Момчињата ќе го прифатат предизвикот и ќе почнат макотрпно да вежбаат со нивната тренерка.

22.06 – СПАНАЌ СО ПРЖЕНИ КОМПИРИ од Золтан Егреши, режија Ненад Витанов, НАРОДЕН ТЕАТАР ЏИНОТ, Велес

Претставата е современа комедија со одредени мелодрамски моменти која ги третира современите проблеми на обичниот човек и ги опишува проблемите со кои се соочуваат тројца фудбалски судии за време на еден натпревар.

23.06 – ШУМА од Островски, режија Драгана Таневска, НУЦК АНТОН ПАНОВ, Струмица

Дело кое ги поставува вечните прашања за човечките односи, обидувајќи се да го реши проблемот меѓу моралното и неморалното, особено мрачно обликувајќи ги ликовите на руската аристократија. публиката ќе може да погледне една поинаква комедија специфична по својот израз. Приказна за љубовта н Аксјуша, моралните вредности на Раиса Павловна, желбата за подобра живот на Буланов, богатењето на Восмибратов и убавината на животот на Несреќников.

24.06 – ОД КОЛ НА КОЛ од Реј Куни, режија Коле Ангеловски, НАРОДЕН ТЕАТАР ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ, Прилеп

Оваа претстава е најизведувана претстава на Народен театар Војдан Чернодрински, претстава создадена од мајсторот за хит комедии Коле Ангеловски, според текст на еден од најпоставуваните автори Реј Куни. Оваа изведба на ОД КОЛ НА КОЛ ќе биде 101 изведба на претставата

26.06 – ЧОЛАК од Мартин Мекдонах, режија на Синиша Евтимов, ДРАМСКИ ТЕАТАР, Скопје

Дејствието се случува во мало гратче во Америка, а насловот на претставата е адаптација од оригиналот – чолак значи човек без една рака / невешт човек. Оваа претстава се занимава со табу-темата – на нетрпеливоста кон одредена полова определба.

27.06 – ЏОН ПИПЛФОКС од Душан Радовиќ, режија на Коле Ангеловски, ДРАМСКИ ТЕАТАР, Скопје

Ова е претстава – мјузикл кој низ игра, музика/песни, мечување и уште низа знаци, ја оживува приказната за храбриот капетан и неговата верна посада. Приказна за капетанот Џон Пиплфокс (со 72 рани, наречен и Капетан Ѕвонец) кој за да си го поврати реномето добива задача да го убие крвожедното седмоглаво чудовиште во Кинеското море и да го спаси светот од тоа зло.

30.06 – Стендап вечер со Никола Тодороски – Свечено доделување на наградите

Важно е да се знае дека „Гола месечина" е меѓународен фестивалот со натпреварувачки карактер, а оваа година претставите ги оценуваше тричлена жири комисија – театарската критичарка Лилјана Мазова, театарскиот режисер Бојан Трифуновски и актерката Катерина Коцевска – кои ги доделија следните награди:

Најдобра машка улога ја доби Рубенс Муратовски за улогата Мартин во претставата „Чолак" во режија на Синиша Евтимов, во продукција на Драмски Театар – Скопје.

Наградата за најдобра режија ја доби Адмир Гламочак за претставата „Дамите бираат" од Ентони Мекартен и Стефан Синклер, во продукција на АлтТеатар Сараево.

Со Гран-при е наградена претставата „Дамите бираат" од Ентони Мекартен и Стефан Синклер, во продукција на АлтТеатар Сараево.

Жирито годинава одлучи да не ја додели наградата за најдобра женска улога.

Меѓународниот фестивал на комедијата „Гола Месечина 2015" е во организација на Театар Комедија, Скопје, а финансиски е поддржан од општина Аеродром и Министерството за култура.

Дарја Ризова, *актерка*

ОД ЖОЛДАК НАУЧИВ ДЕКА НЕМА НЕШТО ШТО Е НЕВОЗМОЖНО

Актерката Дарја Ризова завршила актерска игра на ФДУ Скопје, во класата на професор Кирил Ристоски и тогашниот негов асистент Зоја Бузалковска. Вработена е во МНТ Скопје. Играла голем број главни улоги во дела кои се дел од класичната театарска литература – „Електра“ (според Софокле и Еврипид), „Госпоѓица Јулија“ (Стриндберг), „Сината птица“ (Метерлинк), „Вујко Вања“ (Чехов) – како и во претстави поставени по текстови од современата македонска драматика – „Спиноза“ (Смилевски), „Таму каде што не сум бил“ (Мирчевска), „Вечната куќа“ (Плевнеш). Активен учесник е и во независниот и алтернативен театар, каде што главно толкува улоги од современата светска драматика.

Во последно време таа е најактуелна по улогата на Електра во истоимената претстава во режија на унгарскиот маестро Андри Жолдак, која ѝ донесе и бројни награди, меѓу кои наградите за главна женска улога на фестивалите „Војдан Чернодрински“ – Прилеп, за античка драма СТОБИ и ФИАТ – Подгорица.

1. *Изминатава театарска година помина во знакот на „Електра“, оригинална и извонредна претстава во која ти ја толкуваше насловната улога, улога што ќе остане забележана по бројните позитивни одгласи на публиката и критиката, како и наградите со кои се закити. Како започна соработката со познатиот и контроверзен режисер Андри Жолдак?*

Имаше кастинг, многу тежок кастинг всушност. Сите за прв пат се соочивме со некој како што е Жолдак. Искрено, беше многу страшно. Неговиот пристап беше агресивен и страшен. Дојдоа актери од цела Македонија. Првин направи една екипа, па ја смени и тогаш влегов јас, по што ја добив улогата на Електра.

2. *Во театарските кругови, многу се зборуваше за необичниот и суров метод на работа со актерите на украинскиот режисер. Може ли да ни доловиш како изгледаше процесот? Што тој бараше од вас и колку бевте подготвени да одговорите на неговите барања?*

Имавме психички и физички напорен процес, пробите беа интензивни, и по 12 часа. Јас сум многу среќна што ова ми се случи. Ова не е само мој успех,

„Електра“

ова е успех и на цела актерска екипа и успех на Македонскиот народен театар. Предизвик е да работиш со таков генијa. Со него стекнав огромно искуство и сакам повторно да работам со него. Од Жолдак научив дека нема нешто што е невозможно. Сè што е замислено, може да се пренесе на сцената. Тој успеа да ме поттикне да пробудам свои скриени страни и да ги покажам на сцената.

3. *Гледно од денешна точка, со временска дистанција, дали таквиот процес на работа влијае благородно на актерот, дали му помага да достигне продуктивно креативно лудило, или пак може да доведе до целосно затворање и актерска немоќ?*

Доколку се затвориш и не го следиш, за тебе едноставно ќе се најде замена и ќе те исклучи од процесот. Бидејќи тој толку вложува во тебе и ти нуди толку многу енергија, што едноставно му веруваш и го зграпчуваш неговото лудило.

4. *Да го тргнеме процесот и конкретниот режисерски метод настрана, ме интересира твојот личен однос кон материјалот со кој се занимава претставата, како се справи со карактерот, одлуките и постапките на Електра? Успеа ли да се помириш со „нечовечното“ во неа и да го спроведеш низ себе, низ твојата личност и искуство?*

„Електра“ е приказна за злосторството на едно кралско семејство и, како што

„Госпоѓица Јулија“

вика Жолдак, сите ние сме одговорни за делата на нашите родители, како и за нашите сопствени дела, без разлика дали тоа ни се допаѓа или не. Она што го правиме денес, ќе има влијание врз нашите деца, но и врз децата на нашите деца. Претстава која ги доловува најскриените импулси на човекот, неговата темна страна, неговите внатрешни пориви, до каде сè е подготвен човекот да оди.

Електра носи во себе љубов, верба и голема тага во нејзината душа, верба кон Господ и се обидува да одговори на прашањето зошто немаме потреба од чиста љубов.

Во „Електра“ и на Софокле и на Еврипид цело време се зборува за крвопролевање, за самото убиство и одмаздата, но во нашата претстава, акцент се удира на искушението, борбата против себе, како да му го одземеш животот на тој што те родил, како да ја скинеш папочната врвца помеѓу себе и мајка ти, постојаното двоумење, дилемата да се биде или не. И да, најтешко ми беше да се соживеам со фактот дека треба да ја убијам мајка ми.

5. *Минатата година, на сцената на твојот матичен театар МНТ, ја толкуваше и улогата на Соња во уште еден лектирен драмски текст – „Вујко Вања“, во режија на Зоја Бузалковска. Контрастот меѓу естетиките на двете претстави, како и двете твои улоги, не може да е поочигледен. Кажи ни како енергичната, агресивна и сигурна Електра, успеа да се претвори во нежната, срамежлива и пасивна Соња?*

„Сината птица“

„Вујко Вања“

Тешко беше со толку куса пауза да се премине од една во друга претстава, од еден во друг лик, особено што станува збор за две крајности на човечкиот карактер. Но, тоа е тоа што сакам да го правам. Убавината на играта е во трансформациите, а тоа ретко ни се случува – да можеш да се претставиш во толку многу различни светла.

6. *Во ова време во кое кичот, шундот и лесната забава владеат со поголеми-*

„Спиноза"

од дел од потенцијалната уметничка публика, вреди ли да се гине на сцена онака како што треба да се гине кога се игра Еврипид, Чехов, Стриндберг или Гоце Смилевски?

Кај нас народот е тотално затруен од кич и тешко е таа публика да дојде да гледа претстава, да сака уметност и де сфати некои посуштински работи за кои се потребни поширок светогледи. Но, не смееме да се предадеме. Ќе дојдат нови генерации и да се надеваме дека нашето гинење ќе има влијание врз нивното создавање. Дека ќе им помогнеме да ја изберат уметноста, наспроти шундот.

7. *Минатата година ќе ја памети по бројните награди што ги доби за улогата на Електра. Што значат наградите за еден млад актер?*

Се разбира дека многу значат, особено кога се заслужени, кога си се вложил толку многу, кога паднале жртви и пот и крв. Ти даваат стимул за понатаму, да чекориш цврсто и стабилно, да го работиш тоа што навистина го сакаш, тоа што навистина си ти и нема ништо поубаво од тоа да си вистински вљубен во својата професија.

8. *Што те очекува на професионален план во иднина? Има ли нешто во театарот што може да те исплаши по искуството со „Електра" и соработката со Жолдак?*

Во моментов работам на претставата „Разговор во четири очи" според роман од Бергман, во режија на Нина Николиќ. Премиерата треба да се случи на крајот на декември на Малата сцена на МНТ.

Инаку, многу ме плаши најавената следна соработка со Жолдак (ха-ха-ха). Но, сепак, најмногу се плашам од тоа дека ќе добијам улога што сакам и можам да ја одиграм, а при тоа ќе соработувам со режисер без идеја.

Разговараше:
Александра Бошковска

Благица Секуловска,
драмски писател и драматург

ДА СИ ПИСАТЕЛ Е КАКО ПОСТОЈАНО ДА ИМАШ ДОМАШНО КОЕ НЕ ТИ Е НАПИШАНО

1. *Дипломираше драматургија на ФДУ Скопје пред десетина години и до пред една година беше слободен уметник на пазарот. Отскоро си вработена како драматург во професионална и буџетирана установа - Театарот „Комедија", кажи ми нешто за предностите и маните на тоа да се биде независен и/или вработен креативец.*

Ако го сакаш она што го правиш, ако тоа те исполнува, те тера да даваш се' од себе, тогаш ја работиш вистинската работа и во тој случај многу е мала разликата дали тоа го правиш само за себе, или се даваш себе за една структура која секако е дел од твоето поле на интерес. Мене ми е најважно дека и вака и онака – пишувањето/театарот останува центарот на моето делување, а тоа за мене е суштински важно – оти пишувањето е мојата срж/суштост/бит. А инаку сум пресреќна дека конечно и драматурзите ја добија шансата да станат дел од театарските куќи – и оти сега и тие имаат свој дом, а за мене Театар „Комедија" е најтоплата и најубава дома и уживам што сум дел од таа приказна.

2. *Многумина сè уште не прават разлика меѓу драматург и драмски автор. Студиите на ФДУ ве учат и на двете*



професии. Што е едното, а што другото?

Драматург е оној кој треаба да чита нови и свежи автори, драматург е оној кој треба да пречитува и открива нови работи во старите текстови, драматург е оној кој му помага на режисерот на најлесен начин да стигне до негова-та замислена цел (еден вид ци-пи ес) драматургот е оној кој се грижи на публиката да и се пренесе јасна порака (режисерската визија), драматаургот е тука да внимава на обединувањето на сите елементи и симболи во една единствена приказна, драматургот му помага на уметничкиот директор во креи-

Безљубни - Наташа Петровиќ, Александар Степанулески

рањето на репертоарот, драматургот е мостот помеѓу авторот и режисерот, драматургот се грижи и за визијата и за мисијата на театарот и долгорчно и краткорочно, драматургот е задолжен за афирмирање на домашната култура и јазик... Но работата како драматург воопшто не е гаранција дека неговите дела ќе бидат поставени, оти не секој драматург е и драмски писател, исто како што и не секој драмски писател може да работи како драматург... Не е исто воопшто. Драматургот не мора да знае да пишува, треба да знае да сече, да монтира, да чита и од прочитаното да пресоздаде, а драмскиот писател е автор – тој креира дела. А јас за среќа сум и едното и другото.

3. *Како гледаш на креативниот простор што му е отстапен на драматургот во македонскиот театар? Си ја работи ли воопшто професијата за која се оствучил?*

Јас апсолутно имам простор во кој се бара од мене да го покажам она за кое сум стручна и не само јас - голем процент од драматурзите ја добија таа шанса, конечно после дваесет години, да станат дел од театарот, оти секаде и во светот и кај нас не смее да постои театар, ако во него нема потпорен столб – а тоа е драматургот. И да, секојдневно сум ангажирана со задачи кои се дел од мојата професија.

3. *Кое е твоето мислење за застапеноста на македонското драмско писмо на сцените на професионалните театри? Има ли место за современите/ младите македонски драмски творци?*

Место има а и да нема, ние мора да го создадеме, оти нема ништо поважно за еден идентитет од неговото писмо, а тоа се делата кои ги пишуваме, за да останат како сведоштва за нашето постоење, за духот на нашето време, за генерациите после нас да можат да sирнат наназад, да видат како сме живееле, што не' радувало, што не' мачело, кои и какви им биле предците – тоа е оној завет кои ние треба ним да им го оста-



Безљубни - Сања Арсовска, Златко Митревски

виме. Оти ако не си го напишал, исто како и да не било. А инаку сметам дека нашите театри се трудат да им дадат простор на младите автори - во Театар „Комедија“ ние секоја сезона имаме праизведба на најмалку еден домашен текст и тоа е она што секогаш ќе биде наш врвен приоритет. Затоа ги повикувам колегите да творат и да испраќаат текстови, ние сме тука спремни да читаме и да соработуваме.

4. *Твојот наградуван текст „Безљубни“ имаше праизведба на сцената на Драмски театар Скопје. Беше активен учесник во процесот, редовно ги следеше пробите, како изгледа кога драмските ситуации, ликови и односи што дотогаш постоеле само во твојата имагинација (или како мртво слово на хартија), одеднаш стануваат живи и реални за сите да ги видат?*

Па... Како би му изгледало на едно дете кое цело време ужива во една имагинарна игра со неговите играчки кога тие наеднаш би му оживеале? Така некако јас се чувствувам кога ќе помислам на целиот тој процес... Навистина е огромна привилегија еден автор да има шанса да си ги види ликовите живи, да ги виде неговите мисли како живеат во тродимензионален простор. Да им го чуе гласот, да им го осети мирисот, да им гледа во лицето, тоа е една вистинска алхемија, тоа е таа магија која театарот го чини толку посебен . И плус е тоа еден свет кој го креираат различни чинители, актерите кои се толку посебни и незаменливи, визијата, т.е. читањето на режисерот кое е исто така суштинско во обликувањето на тој жив/„реален" свет кој постои тука пред нас овде и сега и секоја изведба е толку различна и толку своја, а толку магична и миговна оти не е како слика или како албум со песни, или како скулптура, па да си ги земеш и да си ги имаш дома – не, ова е само овде и сега и само тогаш е така... И секако најмногу од се зависи од интерактивноста со публиката

која исто така е една и единствена во тој миг. Е тоа е алхемија и тој уникатен квалитет го има само театарот. Нема премотување, нема пауза, нема простор за грешки – има само еден неповторлив отсечок од времето кое го споделуваме едновремено со публиката.

5. *Што работиш во моментов, пишуваш ли? Некаков драматуршки ангажман?*

Има една шега за писателите која многу ми се допаѓа, оди вака, што значи да си писател? Тоа е како постојано да имаш домашна која не ти е напишана... Оти нема запирање, кога ќе завршиш едно дело тоа не значи дека си готов, тоа значи дека сега е време да почеш одново... Јас сакам да пишувам... Секој ден по нешто. Неважно во каква форма е. Некогаш е песна, некогаш е расказ, некогаш е сценарио, некогаш е драма... Сега конкретно работам и на мојата нова комедија и на три кратки сценарија.

6. *Ти си долгогодишен вљубеник и практикувач на јога, а богами и признат инструктор. Знаеме за здравствените и ментални бенефити што ги пружа вежбањето јога, но ме интересира како јогата би можела да се вклопи во секојдневната професионална рутина на еден театарски креативец (актер, режисер...) и со што би придонела?*

Вљубеник апсолутен, практикувач исто така, а ова признат инструктор не ми оди некако, оти јас никогаш не сум се доживувала себе си така. Јогата за мене е еден дар кој ете имав чест да го добијам на увид и се' што сакам е тоа да го споделам со една мала група на луѓе кои ќе умеат да го препознаат и да му се радуваат исто толку колку и јас, оти споделувањето/делењето за мене значи множење. Јогата е систем кој те учи да умееш да се контролираш, да се спознаваш, да си ги откриваш границите, можностите, потенцијалите, ти го прави телото флексибилно, а само така е можно да имаш и флексибилен ум, ти го освестува дишењето, а со самото тоа ти го освестува и постоењето, оти што си ако здив не си... Во тој смисол таа е секому потребна, а особено би било добро секој креативец да се обиде да ја разгледа и оваа алатка која во секој поглед би му служела за да може да твори и повеќе и подобро.

Безљубни - Наташа Петровиќ, Александар Степанулески

Разговараше: *Александра Бошковска*

Ристо Стефановски

„Јане Задрогаз“

1829	Марко Цепенков е Роден во Крушево; син на патувачкиот лекар и печалбар Коста Цепенков.
1846	Живее во Струга, каде што успева да научи турски, грчки, бугарски и влашки.
1852	Мора да го остави учењето и во Битола и Прилеп да се зафати со терзиски занает.
1856–57	Се запознава со Димитар Миладинов и почнува да собира народни умотворби.
1888	Заминува во Софија, со надеж да ги отпечати собраните материјали.
1889–1906	Во „Зборникот за народни умотворенија, наука и книжнина“ уредуван од Иван Д. Шишманов во Софија, фрагментарно излегуваат неговите записи.
1900	Живее во Софија како продавач на тутун. Наполно ослепува на едното око, а лошо гледа на другото. Се враќа во Македонија по нови материјали.
1904	Останува сакат по еден судир со велосипед.
1905–20	Живее мошне тешко, оставен сам на себе, во крајна немаштина и беда, без секаква материјална поткрепа и заборавен од сите. Последниот обид да добие некаква пензија пропаѓа. Умира на 29 декември 1920 година. „Малцина разбраа за смртта на скромниот трудбеник Марко К. Цепенков, кој бесшумно беше испратен до вечното живеалиште и никаков венец не му ја искити катафалката“.

Научивте, знајте и паметувајте! Работата лажеше, ама трапо не излажа. Кучката не лажеше за да брани селото, ами за газо свој да го варди. Лагата беше голема, ама куса ја имаше ногата и правината и го смогна. Правината ја надмножуа кривината. Правината се танчи ама не се кини. Можи малцина сте, ама малите реки поеќе се вредни од многуте облаци безводни. И вакви какви што сте поарно барајте име чесно одошто многу сребро. Верувајте на своите очи поеќе одошто на туѓите зборои. Рано купете си обувки за долгио пат, за танецо што сте го ватиле да го завршите. Остајте ја мрзата, ватете ја брзата. Орајте, копајте, ранете се. Не преместујте туѓи меѓи, ама знајте си и своите. Живејте како луѓе, оти чоеко е чело на веков. Борете се оти чоеко се родил на веков за да познај зошто се родил. Поарно мртви здрави одошто болни живи. Поарно мртви здрави одошто болни живи.

(Финалето од ЈАНЕ ЗАДРОГАЗ)

Смили се ти, о господи,

Виделото поврати ми

На мојте две мили очи,

Дај ми здравје исцели ме

За да гледам како напре,

Да допишам приказните,

Приказните и песните

И многуто друзи збирќи

Што сум збирал од годиње,

Како што берат пчелите

Мед и восок по горите

И го носат в кошарите,

Сите да 'и напечатам,

Вечен спомен да остаам

Да 'и пеат и ми велат:

„Бог да прости деда Марка

Што 'и пишал тие нешта

Од нашите прадедои

И за сега да се знаи.

МАРКО ЦЕПЕНКОВ

од Автобиографијата

Првите размислувања за претстава инспирирана од Цепенков се јавија уште при првите контакти со Цепенковото творештво, а посебно по читањето на приказната „Четириесетте царски синои и четириесетте снаи, големата змија, ламјата, Арапо, царо и дервишот“. Првиот конкретен обид се јави во вид на синопсис за фарса со име „Трудната царица, заразениот народ, разумните браќа, неразумните браќа и ламјата (со гозба и епилог)“. По долготрајна работа, овој штур синопсис се претвори во сценарио за претстава кое сега се викаше Петре, според името на главниот јунак. Сценариото трпеше дополнувања и измени додека не се дојде до сценскиот колаж ЈАНЕ составен од текстови на Цепенков ставени во служба на приказната. На крајот дојде ЈАНЕ ЗАДРОГАЗ кој, за разлика од своите претходници, има автономна драмска структура.

При пишувањето на пиесата обилно користев мотиви од македонското народно творештво собрано од МАРКО ЦЕПЕНКОВ, како и елементи од неговите етнографско-филолошки материјали и автобиографија. Основната намера при тоа беше драмски функционално да се поврзат и осмислат одредени елементи од Цепенковите записи

и со нивна помош да се раскаже нова, сценска приказна.

Режисерот на претставата, Слободан Унковски, беше цело време во тек со работата врз текстот и многу помогна со своите сугестии.

Пиесата настана како плод на искрена желба да се воспостави допир со Цепенков, да се даде еден можен одговор на неговиот предизвик и едно можно видување на неговата огромна и бескрајно богата материја.

Мутавџии!

Јажари!

Воденичари!

Бочвари!

Калајџии!

Бојаџии!

Кожувари!

Ќурчии!

Орачи!

Фурнаџии!

Пајтонџии!

Чоаџии!

Абаџии!

Касапи!

Терзии!

Брашнари!

Базирѓани!

Серафи!

Градинари!

Анџии!

Меанџии!

Казанџии!

Бакали!

Кантарџии!

Ковачи!

Цигулари!

Амали!

Според расказите на Марко Цепенков, Горан Стефановски, неодамна ја завршши драматизацијата на претставата што сега носи работен наслов Петре. Набргу ќе почнат подготовките за претставата, со која, доколку биде навреме готова, Драмски театар ќе го пријави своето учество на Стериино позорје. Пријавите за учество треба да бидат поднесени најдоцна до 30 ноември, додека претставата премиерно треба да биде изведена најдоцна до 1 јануари 1974 година. Драматизацијата ја направи „младиот театарски работник" Горан Стефановски.

На Големата сцена на Драмскиот театар во тек се подготовките за драмата Петре. Режисерот Унковски ги известил новинарите дека постоеле размислувања премиерната изведба, која се очекува на 30 декември, да биде изведена на Скопски саем. Главните улоги ги толкуваат Милица Стојанова, Лиле Георгиевска, Тодорка Кондова-Зафировска, Крум Стојанов, Драги Костовски, Димитар Гешоски, Дарко Дамевски, Мите Грозданов, Ненад Милосављевиќ, Јон Исаја, Мајда Тушар и други. Драмата е пријавена за Стериино позорје, пишува во Вечер од 18.12.1973 година.

На 28. 12. во весникот Вечер со крупен наслов е објавено „Артистите против драмата Јане", а во поднасловот стои: „Артистичкиот ансамбл на Драмскиот театар деновиве ги прекина пробите на драмата Јане". Во текстот се дообјаснува: „Меѓутоа, информирани сме дека Артистичкиот ансамбл на Драмскиот театар решил повеќе да не се ангажира околу завршните работи на премиерната изведба, остро противставувајќи се на текстот и на начинот на работа на режисерот Слободан Унковски. Исто така, информирани сме дека артистичкиот колектив искажал голем отпор и кон идејата претставата да се игра на Скопски саем. Поради таквите состојби и едногласниот отпор на артистите, режисерот Унковски повеќе не работи на подготовките на драмата Јане. Претставата и натаму формално се наоѓа на репертоарот за идната година. Новонастанатата состојба ја исклучи можноста Колективот, по неколкугодишното отсуство „од најголемиот и најврвен театарски фестивал во нашата земја, пак да се појави и да го повтори својот порано забележан успех".

До првиот прекин дошло пред десетина дена, поради одбивање на еден дел од Ансамблот да ја продолжи работата на претставата. Театарскиот совет веднаш се собрал и решил претставата по секоја цена да продолжи да се подготвува. Новинарот останал неколку часа во Театарот во разговор со учесниците во претставата. Мислењата што ги слушнал, меѓу кои и на Димитар Гешоски и Ацо Јовановски, се сведувале на следново: „Обидот според расказите на Цепенков да се направи претставата е секако за поздравување. Меѓутоа, во текстот што треба да послужи како основа за претставата Јане не е земено она што е најдоброто кај Цепенков. Треба да се дополни така што фабулата нема да биде едностранa, да обезбедува создавање режисерска претстава без улоги. Подобро е текстот да се доработи, па дури тогаш да се постави на сцена".

Режисерот Слободан Унковски изјавил дека пробите престанале околу 20 декември, и тоа во време кога бил поставен целиот мизансцен и кога останувале уште

десетина проби за да се заврши претставата во својата прва фаза и да може премиерата да се даде на 30 декември. Со тоа ќе биде испочитуван рокот, што било предуслов за учество на Стериино позорје. Во почетокот имало отпор и кај дел од артистите на пробите: отпори кон текстот, просторот, отпор кон тоа сите артисти цело време да се на сцена. Еднаш се запрело со работа од артистите кои мислеле дека текстот литературно, а и по своите драматуршки квалитети, нема заокружена целина и дека за правење една колективна претстава тоа не е крајниот резултат. Претставата требало да биде обид да се надмине „Граѓанскиот" начин на размислување во театарот. Тоа го прави актерот во улогата да биде активен творец на сцената, а не само објект за работа. Поделбата на улогите во претставата била направена меѓу артистите од тогашната „Вечерна сцена", еден силен состав кој прв пат се нашол заедно на сцена, во една претстава. Бидејќи во Јане практично не постојат главни и споредни улоги, многу суети биле повредени. Ваквата претстава бара многу поголемо ангажирање на сите учесници, за разлика од една „класична" претстава. А климата во Театарот во моментот била таква „што се мисли на сè друго, само не на претставата". По одлуката на Театарскиот совет сепак да се продолжи со работа, директорот Ристо Стефановски одбил да продолжи, со образложение дека саботирањата внатре во Ансамблот не гарантираат резултат достоен за фирмата на овој Театар.

Театарскиот совет повторно се состанал и решил веднаш да се почне со подготовките на комедијата Болва в уво, наместо најавената претстава која вчера требало да има премиера. Драмскиот театар приредил уште едно непријатно изненадување кај љубителите на театарската уметност, коишто тоа најмалку го очекувале од театар каков што беше Драмскиот театар.[1]

„Премиерата не се одржа. Дали се работи за одлагање? Некои велат нема ни да се одржи, меѓу нив и режисерот Унковски. Други велат можеби, а трети дека мора да се одржи" пишува во поднасловот новинарот Г. А. на весникот Вечер. Новинарот се прашува зошто никој од Театарот не дал објаснување, ниту пак посочил за што се работи. За повлекувањето на Јане кружеле три варијанти: артистички протест, режисерска заблуда, театарска недоследност. Повторно новинарот се прашува: „како се случило, една прифатена, одобрена и најавена во јавноста претстава, пријавена дури за Стериино позорје, да биде бојкотирана од артистите и повлечена од репертоарот? И тоа во Драмскиот театар, кој барем досега важеше за смел, монолитен, мошне амбициозен колектив, со разработена самоуправа" (Вечер, 5.01.1974).

Еве што јас сум запишал на 22.12.1973 година. „Слободан денес ми се јави дека нема да го подготвува Јане. Ова дојде по неколкуте прекини на пробите. Артистите не сакаа да пробаат. Само состаноци, само кавги и епилогот е ова. За што, всушност, се работи? Отпорот на вечерната сцена е константен. Така е со сите претстави – и со Вишновата градина и со Учени жени и со Свадба и со дипломските претстави. Тоа е првата и основна причина. Надвор играат (затоа што таму нема самоуправување), а овде бидејќи 'самоуправуваат' – ништо. Второ, Слободан не е енергичен, да не речам дека не е убеден во тоа *што го прави*, трето, луѓето се учени да играат главни улоги, а овде нема такви и воопшто не сакаат да играат вакви претстави. Кога ќе видиш, се сковало заговор против мене, да не речам против ваквиот театар... И Стериино позорје е известено

[1] Н. М.: Не чини текстот или отсуствува професионалноста, Нова Македонија, 31.12.1973.

дека конкурираме со пиесата, и печатот и јавноста знаат и одеднаш – ништо. Ова се крупни работи за да не се загрижиш. Овојпат мора да биде многу, многу тешко. Нема тука што. Картите на маса, па нека биде што ќе биде. Нека се види сè, што имаме и што немаме. Луѓето во колективот се вознемирени од фактот дека мора да се работи... плата ќе нема без работа... но овде пак нешто се мати. Наместо јас со досегашните мои инсистирања да ги потсредам работите и отворените прашања, да добијам сатисфакција, се случува обратното. Чудно е, но така е. Јас не знам што се случува надвор и кој сè оттаму ги влече конците. А дека влече, тоа е сигурно. Тоа се луѓето кои со лупа ја следат мојата работа, а јас малку знам за нив... Во секој случај, тие имаат повеќе време од мене. Успешно ме саботираат. Но, да видиме што да правам јас? Немам никаква моќ и тоа е евидентно, сè што сакам да направам треба да помине низ сито и решето, а всушност тие те санкаат и водат. Но, кој мене ме прашува кога ме земаат за виновен само мене, а од никаде поддршка, ниту од одбор, ниту од комитет, а фала Богу ниту од колективот. Не мора токму вака да е, но колективот штом не оди онака како што велам јас, штом ме држи како заложник, тоа мора нешто да значи.

И сè така откако станав директор. Почнувај нова работа, подготвувај нови претстави – како оној англиски адмирал кој со својата флота сред океан го известиле командантите на бродовите дека од сите страни се опколени од јапонски подморници кои само што не ги торпедирале. Тој се исправил и рекол: „По ѓаволите со торпедата, со полна пареа напред.“ Ако останеле да чекаат, целата флота ќе била потопена, а ако тргнеле напред – сигурно ќе се спасел некој.

И покрај најавата дека на 30.12. ќе се одржи премиерата на Јане Задрогаз, претставата не се одржа. Новинарите се прашуваат дали се работи за одлагање или воопшто нема да се одржи. Дали е тоа артистички протест, режисерска заблуда или театарска недоследност. Се прашуваат како може да се случи, прифатена, одобрена и најавена претстава во јавноста, пријавена и за Стериино позорје, да биде бојкотирана од артистите и повлечена од репертоарот? И тоа во Драмскиот театар, кој барем досега важел за смел, монолитен, мошне амбициозен колектив, со разработена самоуправа. Се надеваат дека има изгледи за негова скорешна изведба. Театарот не излезе со соопштение и јавно не проговори за причините кои доведоа до одлагањето. Иако и јавноста знаеше дека основната причина беше поделбата на улогите. Поголемиот дел од екипата не беше подготвен да учествува во пиеса во која нема главни улоги и во која сите се на сцена од почетокот до крајот. Таквите пиеси за нив беа туѓи. Од едната и од другата страна не веруваа дека од таков текст и од таков режисер може да резултира претстава. Се разбира, имаше и трето, ангажирањето во проекти надвор од театарот од каде што се добиваа дополнителни пари. Таа пиеса се одигра подоцна, главно со млади актери кои беа подготвени да експериментираат и кои веруваа во младиот автор и режисер.

Така ја заврши Драмскиот театар 1973 година, која се памти по расправиите за финансирањето и „судењето“ на претставата Хамлет од Долно Гаштани, по одлагањето, поточно откажувањето, на премиерата на Јане и по растурањето на екипата што работеше на подготовките; по неколкуте дипломски претстави со сигурни настапи на режисерите-дебитанти; по југословенската праизведба на драмата Јас, Клаудиј и по новата потврда на високите вредности на режисерот Слободан Унковски; по гостувањето на режисерот

Мата Милошевиќ и по презентацијата на дела од Чехов и Молиер во Театарот. Театарот го мелеше инерцијата однадвор и однатре како два воденични камења и тој повторно и повторно како птицата феникс воскреснуваше наспроти сè, од него бликаа нови дострели, нови претстави, нови режисери и актери. Тој подем ниту надворешната ниту внатрешната инерција не можеше да го спречи.

На 29 октомври 1974 година, започнаа подготовките на претставата Јане од Горан Стефановски. Ова драмско дело Драмскиот театар го подготвуваше и минатата година, но во текот на подготовките работата беше прекината. Сега драмата е авторско дело на младиот драматург Горан Стефановски, додека минатата година Јане се водеше како дело работено по текстови на Марко Цепенков, а во драматизација на Горан Стефановски. Улогите во Јане ќе ги толкуваат: Мето Јовановски, Тодорка Кондова-Зафировска, Крум Стојанов, Ацо Ѓорчев, Благоја Црвенков, Коле Ангеловски, Ацо Дуковски, Димче Мешковски, Мајда Тушар, Мите Гроздановв, Ленче Делова, Лилјана Георгиевска, Сабина Ајрула, Снежана Стамеска и Стево Спасовски. Премиерата се очекува во втората половина на декември. Наводно, поради потребата од доработување на текстот, минатата година, непосредно пред премиерата, а на барање на дел од артистичкиот ансамбл што беше ангажиран во претставата, Јане беше симнат „од дневен ред“. Текстот навистина претрпе извесни дополнувања во меѓувреме и сега, во речиси сосема нова поделба на улогите, премиерата и праизведбата се очекуваат со особен интерес.

Во почетокот го употребив изразот „експеримент“ за сезоната на домашен текст. Не од страв дека овој амбициозен потфат нема да успее, туку под влијание на атмосферата на резервираност и нескриен отпор дури, што ја создава дел од колективот со тврдења дека домашната драмска литература нуди скромен избор на дела, дека постои опасност од запаѓање во едноличност, дека домашното драмско дело не нуди „големи“ улоги и дека со сето тоа ја сведува славата на артистот, па и на театарот, во локални рамки. Место за стравување нема. Сезоната само многу посериозно ќе се сврти на домашниот текст, а Драмскиот театар и без тоа континуирано го негува. Впрочем, чија драма ако не својата, најверно и најдлабоко се доживува, гледачот се препознава, се пишува за неговата историја, фолклор, пејзажи, преокупации. Главен јунак е човекот. Дали неговиот лик на сцената ќе биде „голем“ или „мал“ зависи пред сè од артистот што го толкува.

Во претпремиерниот разговор со новинарите, Горан Стефановски рекол: „При пишувањето на пиесата обилно користев мотиви од македонското народно творештво собрано од Марко Цепенков, како и елементи од неговите етнографско-филолошки материјали и автобиографија. Притоа, заедно со режисерот Унковски, настојувавме да направиме не рецитал на Цепенков,туку преку драмски функционално поврзување и осмислување на одделни елементи од Цепенковите записи, да раскажеме една нова, сценска приказна“. Слободан Унковски – кому Јане, сега веќе Јане Задрогаз – му е прво поставување на македонски текст, настојувал да направи претстава со елементи на традицијата и фарсичноста, „без и најмал обид на елементите од Цепенков земени, да им се даде поинакво значење од она што тие го имаат. На претставата треба да се гледа не како на наше толкување на Цепенков, зашто таква намера немавме, туку како на едно наше видување на тој свет, на тоа дело.“ Разликата помеѓу оваа претстава и минатогодишната која треба-

ло да биде прикажувана во сосема поинаков амбиент на новиот Саем, била во тоа што се зборува за драмски текст, речиси во класична смисла на зборот со ситуации и ликови. „Минатата година имавме в рака сценарио според кое артистичкиот ансамбл заедно со авторот и режисерот требаше да направи претстава. Тоа беше многу посмело, поризично, но и поветувачко. Затоа, пак, на претставата што ќе ја гледате утревечер, работеше една навистина амбициозна, длабоко заинтересирана за успехот артистичка екипа, давајќи максимум од себе во еден релативно кус подготвителен период."

Првите размислувања за претставата се јавиле кај Стефановски со првите контакти со Цепенковото творештво по читањето на приказната „Четириесетте царски синови и четириесетте снаи, големата змија, ламјата, Арапо, царо и дервишот." Првиот обид бил синопсис за фарса „Трудната царица, заразениот народ, разумните браќа, неразумните браќа и ламјата (со гозба и епилог)". По долготрајна работа, штуриот синопсис се претворил во сценарио за претстава која се викала Петре, според името на главниот јунак. Сценариото се дополнувало и се заменувало додека не се дошло до сценскиот колаж Јане составен од текстови на Цепенков ставени во служба на приказната. „На крајот, дојде Јане Задрогаз кој, за разлика од своите претходници, има автономна драмска структура."[2]

„Одамна во салонот на Драмскиот театар во Скопје не одекнал спонтан аплауз слеан во единствено воодушевување, како што тоа беше завчера вечер на праизведбата на народната фантазија со пеење Јане Задрогаз од Горан Стефановски, а во режија на Слободан Унковски. Беше тоа театарска вечер во која артистите триумфираа – ја започнува рецензијата Петре Бакевски. Долгиот процес на создавањето на ова драмско дело несомнено вроди навистина оригинален сценски резултат. Почнал смело и творечки да копа по Цепенковиот свет и да го оттргне она најсочното, најавтентичното, најоригиналното и највозбудливото за да продолжи, преку една сопствена творечка слобода, тоа бравурозно да го надгледува и оформува во единствена драматуршка целина". Горан Стефановски направил драмско дело кое е целото напоено од ова наше македонско живеење од „онаа наша македонска богата традиција која со векови ги одразува духот и величината на македонскиот човек. Тој го насочил авторското истражување длабоко во срцевината на македонскиот мит, творечки чепкал и расчепкувал, за да го извлече на преден план македонскиот ритуал и митското. И смело го извлекол и го преточил во силно драмско кажување."

Човекот кој ги раскажува настаните, Марко Цепенков (Крум Стојанов) што се случуваат на празникот на народот, конципирано е на два пункта: драмата е од една страна царицата (Тодорка Кондова) лоша, со ништо незадоволна, чија преокупација е да роди царчиња, и, од другата страна, народот што сака да ѝ угоди, да ја нагости, народ потчинет и секогаш подготвен да се фати во костец со злото. Така и би. Царицата сонила дека ќе роди царчиња, но народот ќе мине преку тешки болести за да се породи царицата. Тука е и змејот (Ацо Ѓорчев), кој е страв и трепет и народот сака да се ослободи од него. Но, тој станува маж на царицата и нивни господар. Јане (Мето Јовановски) го повика народот да се бори против злото. Народот ќе победи и ќе слави. Многу заплети и пресврти, многу возбудувања и изненадувања.

[2] Н. М.: Сценска приказна според Цепенков, Нова Македонија; П. Б.: Фарсично гледање на традицијата, Вечер, 25.12.1974.

Режисерот Слободан Унковски направил претстава која возбудува и пленува, режија доведена до перфекција со проучен секој детаљ и поставен во функција на игра. „Од ритуалите македонски тој прави вистински драми кои се слеваат во една цврсто по врзана Целина. Со тоа на претставата ѝ дал силен интензитет, голема ширина за игра, ни отворил простор во кој безгранично го чувствуваме судирот на митското и фарсичното и преку таа синтеза ни го потенцира човекот и неговата борба. Претставата е полна со впечатливи и импресивни слики градени на безброј детали, режиски вешто компонирани и оригинално остварени. Тоа е претстава до крајности чиста и бисерно реализирана, во која многу решенија, многу поставени судири, многу конфликти и многу драмски ситуации зачудувачки пленуваат. Слободан Унковски со грандиозен театарски потфат посмело го поставува и темелникот на македонскиот ритуален театар. Јане Задрогаз означува пресвртница во живеењето на Драмскиот театар и, веројатно, пресвртница во македонската театарска уметност. Целиот актерски ансамбл до максимум ја исполнил задачата. Беа тоа ликови систематски и студиозно градени, ликови бисерно осмислени преку личниот напор на секој поединец“. Но сепак своето субјективно возбудување го искажува критичарот за играта на Тодорка Кондова-Зафировска, на Ацо Ѓорчев и на Мето Јовановски. „ По гледањето на народната фантазија со пеење Јане Задрогаз, човек се чувствува збогатен и облагороден.“[3]

Во анкетата на весникот Нова Македонија говори директорот на Драмскиот театар кој, меѓу другото, за репертоарот на Драмски театар изјавил дека репертоарот за Драмата, за Малата, Детската и Куклената сцена претставува едно од најсуштествените прашања за кои се грижи куќата. Свесни за фактот дека од репертоарната политика во најголем процент зависат севкупните успеси на театарот, неговата натамошна уметничка афирмација, настојуваме да избереме дела со несомнено добри квалитети. Треба да истакнеме дека тука не станува збор за дела што преку други театри се осведочиле како такви. Напротив, готови сме и настојуваме да го играме секој текст што значи квалитет, што значи нов, па дури и најскромен придонес во националната драматургија. Се залагаме оваа 1975 година да биде во духот на националното драмско творештво, проблемите ќе се зголемуваат поради недостиг на поголем број текстови. Но, без оглед на тоа, оваа состојба нема да биде причина да отстапуваме од оваа програма. За решавање на проблемот со публика нема единствени формули и рецепти. Нашите согледувања на фактот е дека посетата се наоѓа во најтесна врска со репертоарот. Ако на сценаата имаме квалитетен текст, режисер, артисти, ако имаме добра претстава, тогаш и публиката ќе биде во театар. Заедницата за култура сè уште нема изградено поцврсти критериуми за финансирањето на сценските куќи. Се толерираат состојби што помалку или повеќе отстапуваат од најдоследното спроведување од начелото, распределбата да се врши според трудот и квалитетот на трудот. Овде се мисли не само на глобалната распределба, туку и на распределбата во работните организации, бидејќи ни во нашиот театар, ниту пак во некој друг, не е изнајдена цена на трудот според единствени мерила и критериуми. Тоа е причина некои луѓе да се однесуваат неодговорно, иако многу ретко можат да се видат на сценаата, а редовно во полн износ си го добиваат личниот доход. Присутна е констатацијата дека за некои театарот е место за добивање пензиски

3 Петре Бакевски: Така раскажува Цепенков, Вечер, 28.12.1974.

стаж и социјално осигурување, а работата е во телевизија и на филмот, каде што се заработува. Суштината на кадровскиот проблем лежи во натамошното продлабочување на квалификационата структура на сите профили во театарот, на нивното стручно оспособување и усовршување не само преку редовно школување, туку преку специјализации, студиски престои. Нашиот театар во тридецениското постоење постави 36 праизведби од домашни автори. Во сите домени на сценската уметност, насушна потреба и императив на времето во кое живееме е потребата од млади кадри.[4]

Во Драмскиот театра се вработени 91 лице. Од нив, 42 артисти, од кои 16 со завршена Театарска академија. Вкупниот број вработени со високо образование е 22, со што театарот има највисоко образовно ниво од сличните куќи не само во Македонија. На прашањето од новинарката со што уште е единствен Драмски театар – со наградата за Покојник како најдобра претстава; за најдобра режија на Љубиша Георгиевски и за најдобар актер Крум Стојанов, на Стериино позорје во 1967; со Октомвриската награда во 1968 г.; со „Златниот венец“ во Сараево за режија на Љубиша Георгиевски и за Мите Грозданов за најдобар актер во 1968 г.; со втората Стериина награда на Крум Стојанов за Адам и Ева и Јов; со Златниот венец за Болен Дојчин од Ѓорѓи Сталев во 1972 г.; со Златниот венец за Ништо во Сараево... со седумте дипломски претстави изведени на нашата сцена и уште со многу други работи со кои се гордееме. На прашањето како се чувствува меѓу луѓе за кои вели дека се „малку чудни, пречувствителни артисти, одговара дека тие треба да се чувствуваат со ваков директор... Инаку, и јас сум бил актер. Во еден период кога требаше да се ангажирам во расчистување на лошите состојби во МНТ, си реков нема да бидам тоа што сакав, артист, но ќе се трудам никој повеќе да не го минува оној пат што јас во тие години го минував. Возбудувањата во театарот ги има на претек од разни причини, но најмногу од системот. Јас, како директор, можам да решавам само за тоа кој што ќе работи, да давам задачи, но не можам да решавам кој треба да се награди или казни. Решението оваа година да поставуваме исклучиво македонски тек- стови предизвика големи реакции, нема автор, нема текстови. Така е во почетокот – многу возбудувања, потоа работите се смируваат. Ние сме против ваквото функционирање кое ја има за цел институцијата. Не се согласуваме да се финансира националната институција туку националните вредности, кои може да ги има насекаде, и во Прилеп и во Куманово. „Нетрпеливоста“ не е против МНТ, туку кон она како и што работат. Ние играме 260 претстави во една календарска година, а тие двојно помалку и пак тие повеќе добиваат. За нас не е новина гостување на актери од МНТ кај нас – вратите за секого биле отворени за секој вид соработка. Незадоволството доаѓа од различниот третман. Инаку, успесите на МНТ и нè радуваат и нè стимулираат. Телевизијата и филмот ги третираат артистите како „наемна работна сила“. Ги ангажираат за еден проект. А потоа артистот му се враќа на театарот кој треба да се грижи за социјалното осигурување, стан, одмор и слично. Неорганизираноста на другите медиуми ги оневозможува програмите во театарот. И тогаш театарот го плаќа цехот, се одлагаат и проби и претстави, она што не се случило, одлагање претстави заради немање публика. Последните неколку сезони, пред сè поради неколку вонредни претстави кои го полнат театарот, поради претстави за секакви вкусови и на крајот

4 М. Маневски (ја води анкетата): „Поцврсти критериуми за финансирањето на театрите“ (учество на Ристо Стефановски), Нова Македонија, 6 февруари 1975 г.

поради добрата дистрибуција на билети. За најновата премиера Јане Задрогаз, велат дека е нова страница во историјата на Македонскиот театар. За нас и за мене, тоа е само потврда дека имав право кога велев дека имаме и наши автори, наши текстови. Во досегашното директорување, мојот најголем личен успех е театарот на аголот од улиците „Шекспирова“ и „Нушиќева“, Драмскиот театар. Ќе останам директор на театарот додека имам што да кажам.[5]

Претставата Јане Задрогаз... „во својата комплексност гасне и се обновува до свеченост во сликата, како рој од зборови и тага, како течна магија која се оплодува низ сценскиот јазик, за да ѝ даде боја, не на сува актуелност, туку на реализиран тек, чија смисла ја побарала својата основа народната приказна запишана од Марко Цепенков...“ пишува Јордан Плевнеш и ќе продолжи дека Јане Задрогаз како драмска материја го одликува нејзиниот автор Горан Стефановски... „со моќна имагинација да воспостави тек на кажувањето, чиј избор на мудростите на високо креативно ниво се развил во автономна целина со оригинален поглед, идеја и форма...“ Режисерот Слободан Унковски... „наметнува заклучоци за општа состојба во театарскиот миг во Македонија и претставува инвентивен образец на сестраност во постановката од детаљот до сценатa и настанот...“ Претставата е реализирана од ансамблот чии заложби се важни за сценатa, Тодорка Кондова-Зафировска, Крум Стојанов, Мето Јовановски, Ацо Ѓорчев, Петар Темелковски... „кои се издвојуваат со особена носивост и нијансираност“ и Владимир Ангеловски, Коле Ангеловски, Ацо Дуковски, Димче Мешковски, Мајда Тушар, Мите Грозданов, Ленче Делова, Лилјана Георгиева, Шишман Ангеловски, Сабина Ајрула, Стево Спасовски и Снежана Стамеска „како носители на колективниот успех...“ Сценографијата на Владимир Георгиевски се одликувала со особена инвентивност во обликувањето на комплетната слика на претставата, како и костимографијата на Ѓорѓи Здравев.[6]

Од првата претстава во новата зграда на Театарот, Богомилска балада – драматизација на романот на Владо Малевски Она што беше небо – од Милан Ѓурчинов и Илија Зафировски, изминаа 10 години. По тој повод правиме „мала балансна сметка“ за десетгодишната активност на Драмскиот театар. Во изминатиот десетгодишен период, беа прикажани на Вечерната сцена 48 премиери; на детската 15; на Куклената 9 и на Малата сцена 8 премиерни изведби, или вкупно 80 премиери.

Драмскиот театар во своите почетоци го прокламира својот творечки интерес кои домашното драмско творештво. На сцената на Драмскиот театар за изминативе де- сет години праизведби на македонски драмски дела имал 16: Богомилска балада, Самуил, Партитурата за еден Мирон, Немирна рудина, Пештера, Бумеранг, Адам и Ева и Јов, Богунемили, Владимир и Косара, Земја во која не се стигнува, Свадба, Мустаќите на генералот Рококајко, Грдиот Нарцис, Лиза, Лиза..., Јане Задрогаз и Бамји. Во истиот период претставите ги поставувале повеќе македонски режисери: Тодорка Кондова-Зафировска, Димитрие Османли, Вукан Диневски, Крум Стојанов, Љубиша Георгиевски, Мирко Стефановски, Душко Наумовски, Димитар Христов, Слободан Унковски, Георги Трајанов, Кирил Ќортошев, Владимир Милчин, Димитар Станковски, Коле Ангеловски и Миодраг Шаурек.

Гостувања на познати режисери од другите републики: Франце Крижај, Душко

[5] Јасмина Јанева: „Ете ви возбудување“ (разговор со Ристо Стефановски – Очи в очи), Екран, 8 февруари 1975 г.

6 Јордан Плевнеш: „Течната магија на сценатa“, Студентски збор, 13 јануари 1975 г.



Родиќ, Жарко Петан, Сава Комненовиќ, Звездана Ладика, Љубиша Ѓокиќ, Србољуб Станковиќ и Мата Милошевиќ. Како гости од странство беа Мјачеслав Гуркиевиќ, Кажимјеж Браун, Бојан Дановски, Вили Цанков, Весна Фикова, Гарет Морган... Театарот настапувал на Стериино позорје со претставата Богомилска балада (1966), Покојник (1967), Бумеранг (1969), Адам и Ева и Јов (1970), Јане Задрогаз (1975). На фестивалот на Малите и експериментални сцени – Сараево: Партитура на еден Мирон (1968), Адам и Ева и Јов (1970), Клисарот (1971), Болен Дојчин (1972) и Ништо (1973).

Во 1967 г., Драмскиот театар гостуваше на БИТЕФ (Белград) со Покојник (1967) и на Меѓународниот фестивал на детски театар во Софија со претставата Педаче (1972). На Фестивалот на детето во Шибеник гостувавме сите поминати десет години.

На сцената на Драмски театар дипломирале повеќе македонски театарски режисери и артисти. Први дипломски режии имаа: Владимир Милчин, Димитар Станковски, Васил Ќортошев, Петар Димовски, Љупчо Тозија, Борко Зафировски, Наум Пановски и Виолета Џолева. Во претходните страници беше збор и за добиените награди.

Драмскиот театар беше всушност оној што го предизвика раздвижувањето од кое се појавија многу млади режисери, актери, којшто ја проветри и напои со свежа вода заспаната, самобендисана дотогашна театарска атмосфера. И што е многу важно, не беа тие нови луѓе имировизатори туку школувани луѓе кои знаат што сакаат и тоа се разбира не можеше да остане без резултати – тие беа видливи. А тоа што сè уште имаше силни бариери, чудни критериуми и несфатливи постапки од луѓе кои себеси си милуваат да се наречат „културни дејци", тоа е само нешто кое треба да се надмине и тоа не со вербализам туку со конкретни творечки резултати.

Републичката селекторска комисија за Стериино позорје во состав: Иван Мазов, Иван Ивановски и Ацо Стефановски, по видените пет претстави, се состанала на 30 декември и одлучила по гледањето на претставите Јане Задрогаз, Потоп, Убавината чекори сама, Марко Крале и Векутума века... решила на главниот селектор да му ги предложи претставите: Јане Задрогаз од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски; Потоп од Бранко

Пендовски, во режија на Бранко Ставрев и Векутума века... адаптација и режија на Бранко Ставрев.

Театарот на народностите од Скопје потврди дека по негово барање, селекторот Жорж Паро ќе ја гледа на 19 јануари и претставата на Турската драма Убавината чекори сама од Томе Арсовски, во режија на Бранко Гапо. По гледањето на претстави- те, селекторот соопштил дека селекцијата ќе ја соопшти на 21 јануари. За овогодишното Позорје конкурирале 70 претстави од сите републики. Нашите претстави Жорж Паро ги гледал на редовни изведби во Скопје и Струмица.

На 20 јануари уметничкиот совет на Стериино позорје ја одржал последната седница и по неколкучасовно заседавање го усвоил предлогот на селекторот во кој се наоѓале осум претстави, и тоа: Сценската адаптација на Цепенков Јане Задрогаз од Горан Стефановски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје, а во режија на Слободан Унковски; Скуп од Марин Држиќ, во изведба на театарот Гавела – Загреб; Хитлер во партизани од Фадил Хаџиќ, во изведба на казалиште Јазавац – Загреб; Штуки нема од Брегел, Народно гледалиште од Целје; Случајот на шампионот од Радомир Смилјаниќ, во изведба на Југословенско драмско позориште од Белград; Огниште од Жарко Команин, НП Титоград; Хасанагиница од Љубомир Симовиќ, НП Белград и Загубениот син од Андреј Хинг, Месно гледалишче од Љубљана. Надвор од конкуренција ќе се прикажат Љубица од М. Вучетиќ – Ателје 212 и Мој животе од Пејаковиќ – НП Сараево. Гости на годинашново Позорје ќе биде театарот Вахтангов од Москва, со претставата Господа Глембаеви, во режија на Мирослав Беловиќ. Селекторот Жорж Паро изјавил за новинарите дека карактеристика на годинашниве игри е доста големиот број современи драмски текстови, а цел блок ќе биде посветен на комедиографско домашно творештво. Ќе се одржат и разговори за современото комедиографско творештво. Ќе се одржи и трета Средба на младите театарски творци, која станала традиционална. Овој пат Позорјето на младите ќе било посветено на сценското движење, ќе се одржи и Меѓународното триенале на театарската сценографија и костими. Позорјето ќе ги преземе изложбите Дваесет и петгодишнина на Дубровничките летни игри и Петнаесетгодишнина на Фестивалот на малите и експериментални сцени. Стериино позорје е свртено повеќе кон сегашниот миг на Југословенското драмско творештво, повеќе кон оној што доаѓа, одошто кон оној што е зад нас. Посебно внимание се посветува на студентите од високите театарски школи, со предавање, разговори и практични демонстрации. Заедно со студентите, наставниците од високите театарски школи од Сараево, Загреб, Љубљана, Белград и Приштина, на овие Средби ќе земат учество и претставници на Отсекот за драмска уметност од Скопје. Игрите ќе почнат на 16 април со свечена јавна седница на главниот одбор на Позорјето, кој во знак на сеќавање на сите досега 20 одржани фестивали, на театарски работници и соработници ќе им додели награди за особени заслуги за унапредувањето на театарската уметност и култура. Истиот ден ќе биде отворена изложба посветена на 80-годишнина од животот и 60 години од литерарно-театарската и општествената работа на академик Јосип Видмар, претседател на словенечката академија на науките и уметностите и на Стериино позорје.

Како гостин на Позорјето на 21 април ќе настапи Владимир Светиев со монодрамата Дневникот на лудиот од Гоголь, во режија на Вукан Диневски.

Жорж Паро донесе на Позорјето четири комедии и сите четири лошо поминале: Скуп, Хитлер во партизани, А штуката ја нема, Случајот на шампионот. Комедиографските дела не ги исполниле очекувањата и на критиката и на публиката. Многу повеќе донеле разочарување отколку што наметнале прашања за размислување. Владимир Светиев во преполниот салон Бен Акиба ја прикажа својата монодрама, а повеќе театарски критичари и посетители искажале грст пофалби за „вештото и уверливо толкување" на Попришчин. На 20 април било прикажана и првонаградената претстава на Фестивалот на малите сцени во Сараево Хрватска рапсодија од Мирослав Крлежа, режија на Љубиша Георгиевски, НП Зеница. Претставата била мошне добро примена.

Според досегашниот тек на Позорјето, а веќе се ближи кон крајот, Јане Задрогаз ги има сите објективни можности со својот уметнички квалитет да се нареди во врвот на најуспешно остварување. На 21 април на трибината за современа комедија учествувал и драмскиот писател Томе Арсовски, кој говорел за нашиот театарски јунак, како и напорите на писателите да го најдат своето место меѓу современиот вкус и традицијата. Нашите новинари кои досега пишуваа со критички забелешки по претставите Огниште и Изгубениот син со наслови како „конечно тргна" со пооптимистични написи пишуваа за наредните претстави. Дваесеттите југословенски театарски игри завршиле на 25 вечерта со изведбата на претставата Хасанагиница. Претставата Јане Задрогаз" се одржа на 24 април и доживеа „мошне голем и забележителен успех на Позорјето..." На тркалезната маса критиката на која учествуваа над 150 југословенски критичари и театролози „главен предмет на расправа беше Јане Задрогаз. Критиката на трибината беше едногласна:



Јане Задрогаз е едно од најуспешните театарски остварувања на Позорјето..." Во двочасовната дискусија „можеа да се слушнат само комплименти за драмскиот првенец на Горан Стефановски, за мошне инвентивната режија на Слободан Унковски, за продуховеноста и сценична игра на артистичкиот ансамбл ..." Претставата не ги тематизирала само мотивите „туку ги проблематизира на ниво на современ театар на ниво на човекот и општеството... најинтелигентно остварување на Позорјето..." Двајцата млади скопски интелектуалци, Стефановски и Унковски, успеале не само да извадат руда, туку и добро да ја преработат.

Претставата Јане Задрогаз на Стериното позорје освои осум награди кои се високо признание и за ансамблот и за македонскиот театар. Новинарката Лилјана Мазова ги објави изјавите на Ристо Стефановски, директор на Драмскиот театар, кој меѓу другото вели дека наградите се повторно потврда за зрелоста на Драмскиот театар. Ова е второ признание што нè

прави горди. За последните десет години учествувавме со свои претстави на Стериното позорје по шести пат годинава, учествувавме со наша чисто македонска претстава почнувајќи од плакатот до сите учесници. Сè што е постигнато е резултат токму на автентичноста што претставата со себе ја носи. На тркалезната маса на критиката во неколку наврати било потенцирано инструктивното што таа го носи, како треба да се користи заоставштината и како тоа треба да се користи и да се гради во рамките на една интерпретација.

Иван Мазов, театарски критичар, изјавил дека претставата остварила многу силен впечаток и над очекувањата... „цело време се наоѓаше на врвот како фаворит за награди, уште пред да биде прикажана за неа се зборуваше како за значаен настан во театарскиот живот на Југославија...“ Наградата, макар да е вонредно високо признание, за многумина... „во однос на *Изгубениот син* од Хинг, *Јане Задрогаз* беше позначајна претстава, бидејќи оперира со посвежи и помалку познати работи...“ Изгубениот син добил повисоки признанија можеби само поради... „перфекцијата на режијата и играта на ансамблот...“ Во официјалните кругови постојано била подвлекувана... „зрелата и осмислена игра на скопските артисти. Меѓу нив посебно била истакнувана глумата на Тодорка Кондова-Зафировска, која беше окарактеризирана како брехтовска. Таа за цело време беше на врвот на кандидатите за највисоката Стериина награда... Сепак ова треба да се препушти на заткулисните работи, кои за жал и овој пат не го одминаа Позорјето...“

Тодорка Кондова-Зафировска рекла оти Позорјето покажа... „дека македонскиот сензибилитет е нешто посебно во југословенскиот театар. Тој е своевидна варијација на талентот на македонскиот театар. Верувам дека веќе без инфериорност ќе се вклучува во југословенските театарски текови, иако сè уште постојат бариери, кои ќе треба да се совладаат...“ Петре Бакевски, театарски критичар, смета дека Јане Задрогаз имал исклучително значење за истражувањето на македонската народна традиција... „Таа не е фолклористичка претстава, туку претстава која поаѓа од елементи на македонскиот изворен фолклор, преку нив за да проговори на еден современ свеж и оригинален театарски јазик... оригинален и автентичен театарски чин, претстава која во себе го носи начинот на мислење на ова наше време и нашиот современ дух...“ Самоил Дуковски, актер, изјавил дека публиката извонредно ја примила претставата, со што бил погоден универзалниот театарски јазик, кому не му пречат јазичните бариери.[7]

Петре Бакевски пишува дека претставата ја одушевила публиката. Во самиот почеток мошне добро комуницирале со публиката во преполната сала... „а со својата впечатливост и специфичност таа успеа докрај да ја освои фестивалската публика. Ретко која вечер во салта на СНП во Нови Сад, за време на Позорјето одекна така искрен и спонтан аплауз на задоволство и одушевување како што тоа беше за изведбата на Јане Задрогаз“. Пораката на „Тркалезната маса“ на критиката и на останатите театарски луѓе собрани околу Стериино позорје е дека делото е „една необична и одлична претстава, којашто во себе носи многу ново. Ова и публиката, по спуштањето на завесата, умееше да го поздрави со долготраен аплауз...“ известува Иван Мазов од Нови Сад. На ваков театар му припаѓа иднината, вели Дарко Гашпаровиќ. Се поделија наградите и Стериината награда за најдобра претстава во целина ја доби Загубениот син од Андреј Хинг, на месно гледалиш-

7 Лиле Мазова: „Значаен настан за театарскиот живот кај нас“, Нова Македонија, 29 април 1975 г.

че Љубљана, како и режисерот на истата претстава Миле Корун. Стериината награда за текстот Хасанагиница на Љубомир Симовиќ од НП Белград. За најдобри артистички остварувања, награди добија Драгица Томас од Титоград; Милена Зупанчиќ од Љубљана; Изет Хејдор Хаџиќ од Загреб; Миодраг Петровиќ од Белград и Милан Жутиќ од Белград. Стериина награда за костимографија добија: Ѓорѓи Здравев (Јане Задрогаз), за сценографија, и Свето Јовановиќ (Загубениот син од Љубљана). Вонредна Стериина награда за најдобра претстава врз комедиографски текст доби Целје (СНТ).

А штуката ја нема, доби вонредна Стериина награда за претстава во целина – диплома и Стериина фигура; Драмски театар – Скопје, за Јане Задрогаз, „за автентичен и неповторлив театарски чин во кој креативно се проткајуваат македонската народна традиција и современиот сценски израз. Покрај двете Стериини награди во официјална конкуренција, ја доби и мошна значајната награда на Позорјето – наградата од Тркалезната маса на критиката за најдобра претстава на Фестивалот. Тодорка Кондова-Зафировска е носител на наградата на новосадскиот весник Дневник, уметничка слика од Дудаш. Трибината на младите му ја додели наградата за млад театарски работник на Слободан Унковски, а книжевната младина на Војводина на Горан Стефановски му ја додели наградата како најмлад автор. Сценографот Владимир Георгиевски е добитник на наградата на Индустријата за бои и лакови Дуга, „за најадекватна примена на бои во сценографијата“. А костимографот Горѓи Здравев ја доби наградата на новосадското претпријатие Новотекс за најдобро креиран костим.

Сцена од претставата „Јане Задрогаз“

За претставата Јане Задрогаз пишуваа сите весници и списанија со наслови: Узоран пучки театар (Борба), Фантастичан ритуал језика (Вечерње новости, 26 февруари); меѓу другото пишува дека претставата била „целосно, компактна и вдахновена“. „Слободно може да се каже дека претставата Јане Задрогаз во Драмскиот театар е значаен датум во репертоарот на македонскиот театар, како полна пулсација и одраз на македонското духовно битие, баш затоа што оваа претстава е длабоко народна, ама без претерано фолклорно оптоварување“ Жарко Команин) (Политика, 6 март 1975)... Укажувајќи на местото во кое се крие народното (јазично) благо, претставата истовремено го разобличува фолклорниот патос, на кај младиот режисер се потсмева. Во овој двократен наивизам и иронија, ритуал, сместена е модернизирана верзија за сказната за императорот и дворскиот шут, една своевидна лудорија, како што е она во знаменитото царство По·по (Леонс и Лена ...) Тодорка Кондова-Зафировска, „во чија игра на среќен начин се споени фантазија и иронија, народна сказновидост и хумор, наивизам и смисла за иронично зголемување, народска сочност и сатирична острина, реалистичност и гротескно комични елементи. Зголемување на пропорциите и гигантизација (на движењето, гестот, гласот) се својства на овој карикатурален стил; на овој стил на игра и материјата која ја толкуваа, прибегнале и останатите толкувачи на улогите“... „Интелигентна претстава со неколку убави сцени...“ (Мухарем Первиќ).

Под наслов „Многукратен целисходен потфат“, во Дневник (24 април) од Нови Сад), пишува „...Ако многу (често и оправдано) е напаѓан селекторот на Позорјето Жорж Паро, оваа година направи барем нешто без резерва мудро и целисходно – тоа е неговата одлука во Нови Сад да ја донесе претставата на скопскиот Драм-

Горан Стефановски

ски театар *Јане Задрогаз*. Донесувајќи ја, внесе дух на изворна и модерна театарска свежина во поголемата стушеност на овогодишниот фестивал... Претстава како оваа се свечен чин на театарот, бидејќи со срце се зачнати и остварени ...“ (Миодраг Кујунџиќ).

Вјесник, од 26 април, под наслов „Бајка за силата на народниот дух“, пишува: „Унковски гради мечтателно питорескна театарска игра.., мошне успешно ги иронизира фолклорните мотиви, во тоа е основниот шарм на претставата. Неговата иронија се нафрлува на застоеноста на духот, на угнетувачите и манипулаторите во тој жабурнак профилираат навистина неколку успешни сценски ликови ...“ Под наслов „Македонска свеченост“ (Вечерњи лист, 25 април), пишува: „повеќе од пријатно изненадување донесе Драмскиот театар со претставата Јане Задрогаз... Прво што одушеви во таа претстава беа боите. Сценската слика се зафатила со фолклорот на најизворниот и најмодерниот начин“ (М. Гргичевиќ).



Слободан Унковски

Новости во неколку наврати пишува за претставата, овој пат за разговорите на „Тркалезната маса“ со наслов „Јанета баш го испофалија“ (25 април) во истиот весник. Истиот ден, под наслов „Силата на народната мудрост“ се осврнува Милан Митиќ... „Тројца писатели, Жарко Команин, Андреј Хинг и Горан Стефановски – се најзаслужни што дваесеттите игри во Нови Сад се претвориле во смотра достојна на тој јубилеј. Средбата со Драмскиот театар од Скопје беше првокласно соочување...“ Овој театарски ритуал, целиот искричав и составен од прави истини и со од животот проверени заклучоци, рељефно ја открива суштината на националното битие на Македонија, нејзината историја и бурите во неа – духовити решенија, прекрасни сцени и слики, добри актери, предводени со Крум Стојанов, ѝ дадоа на претставата прекрасен звук и ја претворија во волшебна фреска достојна на оние призори пред кои човек занемува од убавина. Нема сомнение: јубилејното Стериино позорје ќе заврши со богата жетва. И Политика (25 април), покрај другото, ја пренесува пораката на Тркалезната маса на критиката и останатите околу Позорјето дека „синоќа гледавме една необична и решителна претстава, која носи многу нова ...“

„Можеме да заклучиме дека Јане Задрогаз на Драмски театар е своевидна историја на човештвото: „сите три плана се проткаени со ирониција во помала или поголема мера...“ (Слободан Селениќ).

НИН (4 мај): Со претставата на народната фантазија со пеење на Горан Стефановски Јане Задрогаз, „овогодишното Стериино позорје влезе во својата позрела фаза. Таа претстава, во режија на Слободан Унковски, е важен датум за македонскиот театар, дури обележува точка во која таа, и тоа на дело, на еден сосем млад домашен автор, успеа да фати чекор со современите струења во европскиот театар. Во театарски поглед, таа е значајна поради дозата фина театралност во која е прикажана приказната за раѓањето на една колективна свест, за борбата на еден народен јунак со лошата царица и грубиот змеј, поради извонредно обликуваните сценски слики, зад кои стои толку богата фантазија на двајца млади автори, како и нивното солидно познавање на архаичните облици на некогашните народни приказни. Ама нејзината главна вредност е во нешто друго: во тоа што кон лексичкото, па и сценско богатство на македонскиот народ, со кое нè запозна Марко Цепенков (1829–1920), не приоѓа со романтична сериозност, туку од неа често иронично се дистанцира, за да ја преобрази во материјал за една претстава во која се нижат фарсични и ритуални елементи, на кои далечни роднини можат да бидат и делата кои го напишале Кафка или Џојс“ – пишува Владо Стаменковиќ.

Малата трибина на Стериино позорје беше посветена на односот на театрите

и критиката спрема театарската сценографија и костимографија. Со цел да се добие проекција на сценските простори, беше организиран разговор за сцените во домовите на културата. Беше организиран состанок на претставници на републичките и покраинските драмски фестивали за потпишување самоуправна спогодба за меѓусебна соработка, како и собир на театарските документаристи на Југославија. Гостуваше Сталното словенско гледалишче од Трст, а по повод 30-годишниот јубилеј на неговата дејност. Едночинките на непознати автори од XIII век Месарот Абевил и Народносно слово на лисецот Бернард исто така го свртеа вниманието на публиката во Нови Сад. Меѓу најимпресивните сценски реализации на Фестивалот на фестивалите секогаш е колажот од Крлежини класични текстови со наслов Крлежината пресметка со нас, кој сугестивно го изведе Раде Шербеџија, во режија на Дино Радоевиќ. Пријатен впечаток остави и средбата со Собата од Љубомир Симовиќ, во која е прикажано едно кафеанско секојдневие. Режисер на претставата на театарот на поезијата во Белград е Жељко Оршековиќ.

Убаво се вклопи во необично богатиот репертоар на Фестивал на фестивалите претставата на белградскиот театар на поезијата Белешки на една Ана од Момо Капор во изведба на Зорица Јовановиќ. Потоа ретко интересниот проект на Драмското студио од Карловац – монодрамата Клитемнестра од Марјан Матковиќ, во изведба на Мирјана Шегрт.

Честопати си го поставував прашањето – дали со претставата Јане Задрогаз навистина добро поминавме на Стериино позорје? Се множеа одговорите. Тодорка Кондова со она што го видовме на Позорјето секако требаше да ја добие Стериината награда. Неа ја заобиколи наградата уште со Покојник. Ние за актерски награди ги имавме и толку фалените речиси во сите критики Мето Јовановски и Ацо Ѓорчев. Наградата на Тркалезната маса на критиката за најдобра претстава на Фестивалот ја прогласи претставата Јане Задрогаз, што отвора повеќе прашања и недоумици. Но, тоа е фестивал со многу предложени претстави и секакви интереси и нема да биде првпат поставено вакво прашање од наша страна. Добивавме награди, но некои и нè заобиколуваа, како што беше со Партитурата на еден Мирон (таа не се проби на Стериино позорје и Болен Дојчин), како што подоцна ќе се случи со нашата претстава Ослободување на Скопје, која на Стериино позорје дојде како првонаградена од Сараево, Црна дупка – да не редиме, бидејќи за редење ќе има и други кои беа многукратно наградувани.

На 1 јули, во рамките на музичко-сценската манифестација Денови на слободата во Крушевац, настапи Драмскиот театар со претставата Јане Задрогаз од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски. Претставата во втората половина на август ќе биде изведена на Дубровничките летни игри во Дубровник. На слободарските XI свеченост во Крушевац (28 мај–7 јули) прв пат гостува македонски театар. Иако дождливото време се закануваше до пред почетокот на претставата, иако подврнуваше за време на претставата, околу четири илјади луѓе, со бурни аплаузи, ги наградија артистите. На годинашниве Денови на слободата во Крушевац, покрај Драмскиот театар, учествуваа и Народното позориште од Зеница (со „Црнила“), а настапи и загребскиот театар Гавела со Кралево од М. Крлежа. Другите вечери се исполнети со претстави од СР Србија. За време на фестивалот во Крушевац, официјално бевме известени дека Јане Задрогаз е вклучен во програмата на меѓународниот театарски

Сцена од претставата „Јане Задрогаз"

фестивал БИТЕФ во Белград со настап на 22 септември.

На 3 јули Драмскиот театар замина во Шибеник и веќе на 4 јули имаше настап на меѓународниот фестивал на детето со претставата Брод со зелена брада од Маја Ѓуровиќ, во режија на Србољуб Станковиќ. Покровител на Фестивалот на детето е претседателот Јосип Броз Тито.

БИТЕФ се одржува од 9 до 30 септември на тема Митот и стварноста, а единствен претставник од Југославија е Драмскиот театар со претставата Јане Задрогаз. На Фестивалот ќе настапат единаесет ансамбли. Претставата ќе биде изведена на сцената на Ателје 212 на 22, а на 23 септември на сцената на Студентскиот културен центар во Белград. Во октомври претставата ќе се изведе на фестивалот Денови на југословенската класика во Лесковац.

Претставата Јане Задрогаз е поканета да конкурира за учество на третиот меѓународен театарски фестивал во Каракас, Венецуела. Пристигнатата покана е испратена од извршниот директор Каракас на Федерацијата на Фестивалот и од потпретседателот на федерацијата на театарските фестивали на Америка Карлос Хименес. Во рамките на федерацијата се наоѓале меѓународните театарски фестивали во Манисалер (Колумбија), Лос Анџелес (САД), Мар де Плато (Аргентина), Кито (Еквадор), Мексико и Каракас. Фестивалот ќе се одржи од 11 до 21 март 1976 г. Поканата од страна на Драмскиот театар била прифатена. Со евентуалното заминување на Јане Задрогаз преку Атлантикот, оваа претстава ќе го круниса своето мошне успешно патување на повеќе сцени по премиерата во Скопје. Јане Задрогаз на Стериино позорје доби осум награди, беше прикажана на Охридско лето, на Војдан Чернодрински во Прилеп, на Дубровничките летни игри и на Деновите на слободата во Крушевац.

Во рамките на неделата на македонската култура во Црна Гора, а по повод врачувањето на Његошевата награда на Блаже Коневски на 23 октомври, Драмскиот театар ја прикажа во Црногорското народно позориште претставата Јане Задрогаз од Горан Стефановски. Со тоа заврши

Сцена од претставата „Јане Задрогаз"

манифестацијата Денови на македонска култура во СР Црна Гора. За претставата владееше голем интерес. Салата беше исполнета до последното место, во ... „времето на прикажувањето на претставата, а и потоа, долго одекнуваше од аплаузите на присутната публика. Ансамблот на Драмскиот театар и со ова гостување додаде уште една алка повеќе на синџирот на успехот на претставата Јане Задрогаз на повеќе југословенски сцени..."

Лауреати на наградата на град Скопје *13* Ноември за 1975 г. се и Слободан Унковски, за режијата на Јане Задрогаз од Горан Стефановски, во која тој се потврдува... „како изразито талентиран театарски визионер, кој има доволно знаење, интуиција и енергија своите најсмели намери да ги спроведе во жив, возбудлив театарски чин..." Посебно место за успехот на Јане Задрогаз зазема учинокот на режисерот Слободан Унковски... „и Александар Ѓорчев за улогата на Змејот во Јане Задрогаз, кој е едно од најмаркантните театарски личности кај нас..." со извонредни актерски квалитети... „природност на сцената, одлична моќ на трансформација, беспрекорно чиста дикција, уверливост и необичен актерски шарм..." Овде секако, прв требаше да биде некој друг. Се слушаа наоколу гласови дека Јане Задрогаз е од Цепенков. Како тој и некој друг имаат поголем удел за така успешната (не пиеса) претстава. Такви времиња, таква средина. Претставата Јане Задрогаз, поточно текстот, не доби награда и на Фестивалот Војдан Чернодрински во Прилеп. Но, за тоа подоцна.

Според Слободан Рошкоски, „сè што можеше да се види на годинашниве театарски игри, тоа беше изведбата надвор од конкуренција со настап на Драмскиот театар од Скопје, со претставата Јане Задрогаз од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски. Игрите со таа претстава започнаа и со неа завршија; другото беше видено и, за жал, во оваа пригода мошне лошо презентирано, без дух и смисла за поголеми уметнички експонирања..." Театрите од внатрешноста, продолжува рецензентот Рошкоски, на Игрите покажале една банализираност, изведувајќи драмски

дела од двајца автора – Чашуле и Пендовски; Иљоски и Ценeнков сосем случајно биле застапени. „Срцевината на ваквото согледување требало да се побара во конфузноста“, просто нелогички е три вечери „да му бидат посветени на еден автор, две на друг, останатото е останато...“ Овде се наметнувало и друго прашање: „Не може и не смее од немајќи дух и смисла, жиријата да се стават во улога на делачи и признавачи на квалитетот во тоталниот неквалитет. Каде е тука стимулансот на драмското кажување, изразот, творештвото... Дали токму неквалитетниот треба да се наградува? ...“ Колку театрите од внатрешноста се интересираат за актерскиот кадар што ја завршува театарската академија и зошто не се интересирале? Дали одбојноста не е свесно чување на она што се има и на она што се сака да се има?[8]

На Интернационалниот театарски фестивал БИТЕФ во 1975 година, што се одржува од 9 до 30 септември во Белград на тема Митот и стварноста, единствен југословенски претставник е Драмскиот театар од Скопје, со претставата Јане Задрогаз од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски. Ќе настапат на 22 и 23 септември на Стериино иозорје и на Дубровничките летни игри, а претставата и понатаму го привлекува вниманието на целокупната театарска јавност во Југославија. На деветтиот БИТЕФ, настапуваат вкупно 13 ансамбли од светот.

Таа година БИТЕФ бил отворен со претставата Животот и смртта на Ричард Трети во изведба на театарот од Источен Берлин, а во режија на Манфред Векверт. Истиот ден на сцената (9 септември) на сцената на Југословенско драмско позориште, театарот Хипон Ногокудон од Токио, ќе се претстави со Чапја, Врзани за мотики, Фустан од пердуви, Крадец и Дињa. Со тоа, првпат на БИТЕФ има две отворања (со разлика од два часа – првата во 20 часот) во Народно позориште за постарите, а во Југословенско драмско за помладите љубители на театарската уметност. На БИТЕФ првпат ќе учествуваат ансамбли од Грција и Турција. Уметничкиот театар од Грција ќе се претстави со Птици од Аристофан, во ново толкување на Карлос Кун, а постојаниот театар од Кеф во Тунис со претставата Жед на авангардниот режисер Сусиј. Меѓу најзначајните претстави, покрај Ричард *III* треба да биде Тартиф во изведба на францускиот театар од Вилбран, во режија на прославениот Рене Планшон, како и претставата На летување од Максим Горки во режија на Петер Штајн во изведба на западногерманскиот театар од Берлин. Свежина носат и претставите на младите творци Андреј Шербан, со античката Трилогија, Фредерик Бал со Јас и Питер Доуси со Војводата од Малфија. Големиот режисер Јурај Заводски од Москва, кој е зачетник на модерниот театар доаѓа со Злосторство и казна од Достоевски.

Претстава ќе прикаже и ансамблот Ла мама од Њујорк, глазговскиот Ситизенс театар и Театарската лабораторија од Брисел. Дополнително на нашата претстава се приклучи и ансамблот од Љубљана со претставата Двојно љубовно искушение.

Вонредниот текст, неоспорната зрелост на уметничкиот ансамбл, за успешното презентирање на народното творештво што со векови го создаваше македонскиот народ, ѝ овозможи на претставата Јане Задрогаз да настапи на ваков фестивал во конкуренција на најдоброто што го создал светот на полето на театарската уметност. Претставата ќе се прикаже на 22 септември на сцената на Ателје 212, а на 23 септември во Студентскиот културен центар на Нов Белград.

[8] Слободан Рошкоски: „Како да се нема сили за поголемо уметничко експонирање“, Трудбеник бр. 26, 6 јуни 1975 г.

Дописникот на весникот Нова Македонија, Ристо Кузмановски, пишува дека нашиот настап на БИТЕФ „претставува мошне значајна дата за македонскиот театар, а посебно за Драмскиот театар од Скопје... целта да биде прикажан во мошне остра конкуренцпја, како што е токму на БИТЕФ, Јане Задрогаз ја заслужи на јубилејното Стериино позорје...“ Горан Стефановски и Слободан Унковски успеаја да го привлечат вниманието на целокупната југословенска јавност...

Веќе се претставиле Французите и Американците со три мошне интересни претстави. Французите со Тартиф, театарот Ла мама од Њујорк со две претстави – Тројанки–Електра и Медеја. Роже Планшон, еден од најголемите француски режисери, Тартиф го претстави од социолошки пристап кон класичниот текст на Молиер. Трагедијата Тројанки–Електра според Еврипид и Софокле и Медеја според Софокле и Сенека, во режија на Андреј Шербан (Театар Ла мама) била резултат на повеќегодишна интензивна работа на текстовите, на експерименти со артисти, на музички истражувања, на искуствата што младиот режисер ги добил работејќи со Питер Брук во Париз и низ Африка и Америка. Врз основа на текстовите на Софокле, Еврипид и Сенека, наедно и со поетските текстови за ацтешките ритуали, создал нова материја со која направил успешен обид во решавањето на загатката за прикажување на текстови од хеленистичкнот и римскиот период. Нашата претстава спаѓа меѓу најзначајните изведби кои ја карактеризираат моментната состојба на современиот театар во светот („Јане Задрогаз во меѓународна конкуренција“, Нова Македонија, 20 септември).

Драмскиот театар го оправда високото признание – учеството на годинашниов БИТЕФ. Со вакви зборови го започна својот напис Лиле Мазова од Белград. Вчерашниот ден со прикажувањето на Јане Задрогаз бил наречен Ден на југословенската театарска уметност. Првпат на Фестивалот еден ансамбл беше награден со неколку бурни аплаузи за време на прикажувањето на претставата. Претставата се следеше со симултан превод, што не ѝ **пречеше** на публиката да се соживее со неа, да ја прими срдечно и со симпатии, спонтано да реагира на досетките, да ракоплеска на отворено и на крај на „бис“ да го врати ансамблот да ја испее последната песна од претставата. На разговорот по претставата се одеше кон истакнување на квалитетот на македонскиот театар. „Според мене, претставата Јане Задрогаз помина мошне убаво, истакнува Јован Кирилов, селектор на БИТЕФ. Онака како што очекувавме, срдечно и спонтано. Таа веќе се склопи во мотото на фестивалот Меѓу митот и стварноста, каде што акцент е митот. Ова е добра и длабока претстава. Текстот овој пат го следев на симултан превод. Тој е голема предност за претставата. Јазикот е богат, добар е и добро преведен. Сметам дека една од причините што претставата е успешна е и тоа што таа поседува литературно-фолклорни вредности, кои не се голо фолклористика ...“

Милисав Мирковиќ, управител на Југословенско драмско позориште, вели дека претставата Јане Задрогаз со причина влезе во конкуренција на Деветтиот БИТЕФ: со својата хармонична оркестрација на народното предание и со адекватниот ритуален народен театар. Александар Берчек, артист: Одлична претстава. Маја Димитриевиќ, артистка: Особено ми е драго што го видов ова. Претставата поседува многу симболи и метафори, па затоа веднаш не е читлива. Режисерот Унковски е многу надарен. Гојко Шантиќ, артист:

Сцена од претставата „Јане Задрогаз"

Сликата што ни ја понудија македонските уметници е импресивна. Славица Лалицки, костимограф: Претставата ја гледав по втор пат со особено задоволство. Бранко Плеша: Убаво. Мики Стаменковиќ, филмски режисер: Мене ми се допаѓа. Драго ми е што Југословените достојно се претставени на Деветтиот БИТЕФ. Режисерска претстава.

Драмскиот театар по вторпат отиде на Фестивалот БИТЕФ. Првиот пат настапи во 1967 година, со претставата Покојник од Бранислав Нушиќ, во режија на Љубиша Георгиевски.

Работите во театарот се парцелизираа, не постоеше веќе духот на колективна работа. Не ја гледаа идејата на претставата, туку себеси. Навистина е чудно, но сепак препознатливо. Во изминатата година премиерно беше прикажана, покрај другите, и претставата Јане Задрогаз од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски. Во претставата имаше најмалку 4 улоги за награда, и тоа: Тодорка Кондова-Зафировска (Царицата), Мето Јовановски (Јане), Крум Стојанов (Цепенков) и Ацо Ѓорчев (Змејот). Секоја од овие улоги беше изведена со врвен уметнички резултат. Претставата се закити со голем број награди на Стериино позорје, но не доби награда за текст на Игрите во Прилеп. Повторно прашањето: Зошто? Па како би се чувствувале и актерите и тие што стоеле зад нив по откажувањето да настапат во претставата со изговор дека ниту Горан Стефановски не бил автор, ниту Слободан Унковски режисер и, се разбира, ниту Драмскиот театар со таа претстава не направил чекор напред.

Како гром од ведро небо беше веста дека Драмскиот театар со претставата Јане Задрогаз е поканет на престижниот Меѓународен фестивал во Каракас (Венецуела). Веста и официјално на 30 јануари ја соопшти директорот на Драмскиот театар и ги даде најнужните податоци. Третиот меѓународен фестивал во Каракас нема натпреварувачки карактер и се одржува секоја втора година. На Вториот фестивал присуствувале театри од Шпанија, Португалија, Велика Британија, Полска, Унгарија, Чехословачка, СССР, а настапиле и ансамбли од Аргентина, Бразил, Костарика, Чиле, Колумбија, Еквадор, Перу, Порторико, САД и Венецуела. Според оценатa на публиката и критиката, најуспешна претстава била Јерма од Федерико Гарсија Лорка од Барселона; А чена во изведба на театарот Комуна од

Лисабон; Алиса во земјата на чудата во изведба на Менхетен процект од Њујорк и Пансамиентос од Ломар Алфред, во изведба на театарот Ла мама од Њујорк.

Во театарот се подготвува нова премиера – Седмо кради помалку од Дарио Фо, во режија на Димитар Станкоски. Во пиесата учествуваат актерите Ацо Јовановски, Стево Спасовски, Мите Грозданов, Снежана Стамеска, Ленче Делова, Снежана Михајловиќ, Благоја Чорески, Ангелина Иванова, Шишман Ангеловски, Мето Јовановски и Диме Илиев. Ансамблот на Драмскиот театар од Скопје од 6 до 30 март треба да оди на турнеја низ повеќе градови во СР Германија со претставата Бегалка од Васил Иљоски. За нашите работници ќе ја изведе 16 пати во 14 градови: Минхен, Нирнберг, Вирцбург, Касел, Хановер, Хамбург, Бремен, Дортмунд, Есе, Диселдорф, Бон, Келн, Франкфурт и Штутгарт. Така беше договорено и се чекаше денот за тргнување. За жал, моќните „пријатели“ направија сè за да не ја реализира Драмскиот театар договорената турнеја. Ги лишија нашите привремено вработени во Германија да уживаат, да се релаксираат со прекрасната изведба на Бегалка. Подоцна, некои мои пријатели, го виделе човекот од нашето Министерство како ги влече, заедно со некои наши членови, музичките инструменти по градовите на Германија. Ја замениле програмата за да се офајдат тие од за нас договорената турнеја. Така, истата таа „булумента“ се обидуваше да го оневозможи нашиот настап во Каракас (Венецуела).

Во средината на март, Фестивалскиот одбор на Охридско лето ја усвои програмата за манифестацијата во 1976 година. Честа да го отвори летото ја има Драмскиот театар со драмата Цар Едип од Софокле, во режија на познатиот режисер и професор Миле Корун.

На 14 март на свечен начин беше одбележен сребрениот јубилеј на народната фантазија со пеење Јане Задрогаз од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски. Беше изведена по педесетти пат.

Од пред неколку месеци е познато дека Ансамблот на Драмскиот театар од 20 април до 2 мај треба да земе учество во официјалната програма на Третиот интернационален фестивал во Венецуела (Каракас), како единствен претставник од нашата земја. До заминувањето останува еден месец, меѓутоа сè уште никој не може да ни потврди со сигурност дали навистина Драмскиот театар ќе отпатува. Се слушаат најразлични, непотврдени гласови дека Фестивалот во Каракас е безначаен, дека некој „се пошегувал со изборот на Драмскиот театар“, дека одењето е „рамно на убаво смислена фантазија“, дека него го организира ЦИА итн. На оние што ги шириа ваквите гласови, што пласираа интриги, озборувања, разнообразни подбишеги, им остана само вистината да им се врати како бумеранг. Фестивалот се одржува по трет пат и е посветен на Третиот свет и не случајно е избран претставник од нашата земја. Фестивалот е член на Федерацијата на фестивалите на американските театри, што значи дека ни се отвораат вратите и за други фестивали. Дирекцијата на Фестивалот, по Каракас, го кани Драмскиот театар со Јане Задрогаз да биде изведен и во Колумбија, Панама, Костарика и Гватемала, како и во други градови во внатрешноста на Венецуела – Маракаибо, Кара, Гвајана, Борксимета, Мароко, Валенција и Кумана. Фестивалот обезбедува престој за сите поканети театри за време на траењето на програмата. Има обезбедено исхрана, хотелско сместување и џепарлак за секој учесник. Драмскиот театар треба да обезбеди само плаќање на патните трошоци. Театарот се обрати до сите релевантни фактори: Републичката и Градската интересна заедница на кул-

турата, до Комисијата за културни врски со странство на СРМ. Одговор сè уште нема. Проблем се јави и со пренесувањето на сценографијата за претставата. Така, вкупното барање за ова патување се заокружи на 120.000,000 динари.

Драмскиот театар е посебно избран ансамбл за патување во Каракас по препорака од Стериино позорје и по оцените на Карло Хименес, директор на Фестивалот, кој дефинитивната одлука ја донел за време на престојот на БИТЕФ. Партиципацијата од една третина од потребните средства е сигурна само од Сојузната комисија од Белград, што ги координира ваквите акции за меѓународна соработка. Сигурни се и средствата од Градската заедница, а не се изјаснуваат само Републичката заедница за култура и Секретаријатот за односи со странство, од каде што доаѓа и опструкцијата. Времето за поаѓање се приближува и иницијативата на реномираниот Фестивал во Каракас, што инаку е под покровителство на УНЕСКО, може да заврши во безизлез „поради една скромна, во вакви случаи би рекле прескромна сума пари, особено ако се има предвид фактот дека сојузниот орган безрезервно ја реализира својата поддршка и помош, а во сопствената средина имаме исклучок кој воопшто не би можел да биде оправдан или мотивиран со т.н. објективни причини. Малку апсурдно звучи толку близок, а далечен Каракас, останува таков исклучително од причини што не смеат да имаат право на граѓанство во нашата средина“.[9]

Од Собирот на работните луѓе во Драмскиот театар се испрати јавен апел во средствата за информирање и до релевантните фактори во градот и Републиката, во кој се појаснуваа околностите во врска со најавеното патување на Фестивалот во Каракас. „Колективот на Драмскиот театар на својот собир одржан на 19. III 1976 година едногласно реши Драмскиот театар да учествува со претставата Јане Задрогаз на Фестивалот во Каракас, а таа одлука сè уште не е ставена на дневен ред пред Комисијата за културни врски. Со горчина можеме да констатираме дека во случајов се испречи една чиновничка и ситносметкаџиска логика, потхранувана од неодговорни озборувања за природата и карактерот на спомнатиот Фестивал и од антагонистички дејства кон Драмскиот театар“, се вели во писмото.

Еве што сум запишал во мојот Исповедник: Исто како за турнејата за Германија – сè се меша, сè се прекршува преку Републичката комисија за културни врски со странство и Секретаријатот за односи со странство. Претставникот од Минхен на Палас-турист (кој требаше да биде организатор на турнејата) ни рече дека се јавиле од Скопје и рекле дека оваа пиеса (‚Бегалка) е старомодна и неинтересна. Нешто слично се случи и со Каракас. Спомнатите институции не само што не даваат пари, „туку се ангажирале по секоја цена да не одиме. Дури и без да нè прашаат нас, телеграфски ја известиле Венецуела дека Југославија нема да даде пари за гостувањето на Драмски театар во Каракас“. Како што изгледа, и Венецуела пропадна. Што сила се испречи. Се разбира дека овде главниот збор го имаа Стојмир и Чинго и зад нив Душко Поповски, Гиновски и евентуално Перо Карајанов, Томе Момировски. Но, секаде каде што бевме, наидовме не само на одобрување, туку и на гордост. Сите велат: неизоставно треба да одиме, а види што излегува. Комисијата за културни врски преку Михаил Банде ја води играта. Зар е можно ова. Зар може дотаму да одат работите. Јас малку ги идеализирам состојбите и луѓето, но горе само пазарлаци се прават. Дај-дам. Ова е првпат

[9] В. Андоновски: Зошто неизвесност?, „Нова Македонија“, 14. III 1976.

откако постои слободна Македонија да сме повикани на меѓународен фестивал и да не се оди. Толку ли се моќни Стојмир и Чинго, или многу непријатели собравме. Од Комисијава нејќеа да разговараат колку пари фалат. Нив не ги интересираат парите, други се причините поради кои не нѐ пуштаат. Времето се наближува, а ние никакви можности немаме нешто да преземеме. Значи ли тоа дека оваа турнеја ни пропадна? По сѐ изгледа – значи. За жал и за срам. Уште една мала можност остана кога ќе го прочитаат писмово нешто да преземат, но да не веруваш. Одлуката негде паднала. Кога Благој Попов, наш осведочен пријател, ништо не неправи, никој друг нема ништо да преземе. Ова е втор сериозен удар против мене.

Во хороскопот пишува дека оваа недела ќе ми се оствари некоја пославна работа што долго сум ја подготвувал. Да веруваме во хороскопи. Во Остен има афоризам: „Драмскиот театар има претстава за Стериино позорје, а МНТ ги има Живко Чинго и Бранко Ставрев“, точната состојба на театарскиот живот.

Со разни натегања, ќе одиме во Каракас. Навистина со многу горчина, но за инает на сѐ, се оди. Што напаѓање беше против мене, лажго, ги доведува работите пред свршен чин, лош човек што ги наседнал новинарите и театарот. Што ли не и однадвор и однатре. Еден ми вели: Штом одите, си прав. Така е. Многу ја извалкаа работава, многу ниски удари, но по сѐ изгледа и ние коњ за трки имаме, што би рекол Зорановиќ од Сараево; „Стојмир со политика, а Ристо со уметност“, така сум напишал во моите дневнички записи.

Во целата оваа приказна најмногу ни помогна нашата снаодливост и среќа. Пред тргнувањето, Благоја Попов се јави и рече: „Ристе еве ти уште 10.000,000 динари, ако се доволни одете, ако не се – не одете. Тие пари го затворија пакетот за аранжманот. Толку ни недостасуваа. Во што беше среќата, би рекол – лукавоста. Според редовните цени на авионските билети, ни недостасуваа повеќе пари. Во Белград имаше една агенција, „Југоагент“, која ни понуди да патуваме како туристи со наполу помала цена. Со „Палас-турист“ го средивме аранжманот со молчење, да не се знае. Тие што не ни дозволуваа да патуваме беа сигурни дека нема да обезбедиме пари. Ние веќе бевме во авионот, а тие испратиле телеграма до Фестивалот, дека поради немање финансиски средства – Драмскиот театар не доаѓа. Сакавме да понесеме и некој човек од политиката со кој бевме договорени претходно, но шефот на Партијата на градот што не ми рече – дека, ете, сум сакал да ги компромитирам и слично.

Така ние дојдовме во Каракас. Фестивалот и нашата амбасада претходно биле известени дека не доаѓаме. Заради сѐ тоа нашето планирано прикажување претстави во други градови и држави отпадна, иако сите други учесници ги реализираа патувањата на други сцени.

Пред заминувањето од Нови Сад за Франкфурт, дадов изјава дека ова гостување е од вонредно значење на нашиот театар и нашата земја и дека тоа е потврда оти македонскиот театар се вбројува во врвот на најуспешните светски театри затоа што на Фестивалот имаше само уште 29 театри од целиот свет. Тодорка Кондова-Зафировска изјави дека се чувствува пресреќна што сѐ добро се завршило со одењето на овој значаен фестивал. Меѓутоа, за неа и за сите учесници ова е голем професионален испит, затоа што треба да настапиме во најголема светска конкуренција. Веруваме дека успехот на југословенските театарски сцени ќе го пренесеме и на сцените во Венецуела.

На Фестивалот гостуваше и театарот ИТД од Загреб. Ние во Каракас со Јане Задрогаз“ настапивме ноќта спроти Први мај во Националниот театар, најрепрезентативната театарска зграда во државата, во централниот градски кварт. На попладневната и на вечерната претстава присуствуваа најугледни личности од културниот и јавниот живот на градот, голем број критичари од Венецуела и од латино-американските земји, како и голем број театарски уметници од ансамблите-учесници на Фестивалот. Нашиот ансамбл на двете претстави беше поздравен со повеќе аплаузи на отворена сцена и со необично долго скандирање по завршувањето на претставата. За нашите уметници, Југословенската амбасада во Каракас приреди прием, на кој присуствуваа познати културни и театарски личности. Ансамблот имаше можност да види вредни театарски остварувања на повеќе групи со претстави кои се реткост за европските сфаќања. На враќање во Скопје, Ансамблот се задржа два дни во Њујорк, каде што помина во запознавање на градот и на театарскиот живот на Бродвеј. „Носиме силен впечаток од престојот во Каракас и од нашето учество на Фестивалот. Настапивме на 30 април со две претстави кои беа примени со видливо воодушевување. Слушнавме масовни ракоплескања на отворена сцена, а на крајот на претставите воодушевувањата беа искажувани преку долготрајни аплаузи. Учеството на Фестивалот несомнено претставува најголем дострел на нашиот Ансамбл. Добивме впечаток дека Фестивалот е еден од најголемите фестивали во светот. На него учествуваа ансамбли од дваесетина земји: Јапонија, Иран, Малезија, Бразил, Костарика, Аргентина, Перу, САД, Франција, Италија, Германија, Полска, Шпанија, Белгија, Португалија и други. Според впечатоците искажани од голем број еминентни театарски стручњаци од целиот свет, нашата претстава се вбројувала меѓу најдобрите театарски остварувања на Фестивалот. Посебно интересна беше средбата со нашите сонародници во Венецуела. Речиси сите тие присуствуваа на изведбата и за нив тоа беше вистинска средба со својата земја и со својот народ. Директорот Стефановски нè информира дека членовите на Ансамблот имале можност да проследат и голем број од фестивалските претстави. Тие виделе околу триесетина изведби на разни сцени во Каракас.[10]

Ансамблите настапуваа во петнаесет сали, така што дневно се прикажуваа по седум различни претстави паралелно, повторени 2–3 пати, во 18,30 и 21,30 часот. Солидната професионална подготвеност, посебно вложениот труд за да бидат кажани претставувањата на различните луѓе на шпански јазик, како и претходно, на шпански и англиски јазик, одделени летоци за гледачите, сето тоа беше поздравено од многубројната публика во репрезентативниот Театар национале. Публиката лесно комуницираше со претставата, ја следеше и со топли аплаузи ја наградуваше полетната игра на македонските актери. По бројот на учесниците, еден од поголемите, ако не и најголем, Фестивалот на сите учесници-гости им овозможи да ги видат речиси сите претстави. Тоа беше ретко доживување за многубројните гледачи, училиште за артистите и за другите театарски творци.

Беа прикажани претставите: Болва на трупата Црвениот круг од Порторико; Театарот Бахија од Бразил се претстави со претставата градена врз расказот од Жорж Амадо За смртта на Куинкас Неро од Агуа; Театарот од Богота ја прикажа Гневните станари од Хаиро Анибал Нињо; Амазонки беше сценско прикажување на народните обичаи од регионот на Амазон; театарската двојка на театарот Хамада Зенка Гекио од Токио ја прикажа претставата А

[10] Н.Б.: Венецуелски аплаузи за Јане, Вечер, 8. V 1976.

и Б од Зенуа Хамада; италијанската трупа се претстави со Смртта на геометријата; имаше два полски театра кои ги прикажаа претставите Дон Жуан од Молиер и Егзада; Слободниот театар од Минхен настапи со претстава работена според текстови на Брехт; Шпанците настапија со претставата Јоан Сала алијас Сералонга; а Белгија со претставата Историјата на Јас и уште многу други претстави.

Прославата на годишнината на Театарот помина со сите нишани – премиера на текст од Ѓорѓи Сталев за родоначалникот на театарот во Македонија Јордан Хаџи Константинов-Џинот, изложба за дејноста на театарот, монографијата „30 години Драмски театар“, симпозиум за домашната драма, гостувања, празник за публиката... Професорот Исак Амар, долгогодишен директор на повеќе театри во Србија, ми прати писмо во кое пишува дека однел извонредни впечатоци од дводневниот престој на прославата. „Мислам дека безрезервно треба да бидеш задоволен од нивото на организацијата, богатството на атмосферата, угледот и значењето на овој голем датум во историјата на Драмскиот театар што тој го постигна... Се надевам дека се одмораш по напорните денови и ноќи кои си ги проживеал со подготвувањето и остварувањето на јубилејот на Театарот, на чие чело навистина достојно и достоинствено стоиш...“.

Ова го објавувам поради нешто друго. Прославата навистина беше голем празник, и не само за Театарот. Додека ја подготвувавме прославата, гледав околу мене и подалеку мрачни, намуртени луѓе. Знаев дека успехот на Театарот не можат да го проголтаат така лесно. Очекувавме реакција. Немаа материјал за текот и за настаните околу прославата, п не само за неа.

Веднаш по Новата година во Театарот одново метеж, расправии. Се држат неприкинати состаноци, се сака да се иницира криза. Некој се фали – ќе го урива проектот Црнила, се напаѓа Уметничкиот совет како некомпетентен да носи одлуки за прием на актери, се шират гласови дека во театарот е „хаос“, да не се работи во недела и во понеделник, се бара бенефициран стаж, 12 дена зимски одмор... Најгласни се тие што не помнат кога се качиле па сцена. Иако бев предупреден отпорано дека се подготвувал некаков напис во весник против Драмски театар, „нашите пријатели“ ми рекоа дека нема такво нешто, туку дека „такво нешто начуле“ Еве што сум запишал за ваквите случувања: „Секако дека прославата па Театарот некому не му се бендисува. Достојно претставување во Москва. Патем, уште и срдитата администрација од Комисијата за културни врски со странство, како и од Секретаријатот за односи со странство. Веројатно и круговите во ЦК СКМ кои се против нас. Еден комплот, а и една наша особина – сè да извалкаме и да загадиме. Да, мора да смрди. Ова е многу лош напис, навредлив, посебно за Каракас. Како се осудуваат, како смеат. Но, ќе мора да се впуштиме во полемика. Готов е и одговорот. Всушност, ништо не е точно во целиот напис. Сè е една инсинуација и подметнување. Тоа, всушност, за нас работи. Но, да не се крие нешто зад сето ова? Што би можело, освен пакост и злоба на немоќни. Тоа не значи дека и однатре нема кумчиња...“. А еве што објави весникот Нова Македонија со потпис па новинарот Јован Павловски, под наслов: „Моменти. Притисоци“. „Веста објавена во еден наш дневник беше ексклузивна и радувачка: ’Драмскиот театар годинава во Сао Паоло и Париз...’. За новинарот тоа било за ’најдиректните притисоци што врз јавноста од повеќе причини го вршат поединци или, пак, цели институции. Зашто точно е: ниту е дефинитивно зацртано гостувањето на Драмскиот теа-

Сцена од претставата „Јаее Задрогаз“

тар на некој си таму театарски фестивал во далечен Бразил за кого никој ништо не знае...’. А тоа што некој користејќи ги средствата за јавно информирање, и не само нив, на своја сопствена иницијатива, предвреме, без каква и да е согласност на органите на самоуправувањето, од едно циркуларно и до сите поголеми театри испратена покана, прават веќе готов и утврден аранжман. Тоа навистина е само обид сопствените туристички интереси да се наметнат над општествените интереси на оваа Република. ’Ова гостување, не е ништо, туку создавање бришан простор кој потоа ќе овозможи разновидни притисоци на повеќе институции да обезбедат финансиски средства...’. ’Нешто слично може да значи најавата за гостувањето во Париз’. Откако речиси ќе се заплаче за средствата што земјата ќе ги загуби, безобразно ќе се запраша... А потоа кога ќе дојде официјалното известување (како за случајот со гостувањето во Каракас), дека претставата што не чинела повеќе од седумдесет (стари) милиони, ја гледале само осумнаесет души, црвенееме. Се чини, само тоа и ни останува. Токму затоа треба да сме против какви било предвремени и своеволни атаци на јавното мислење, против какви било бришани простори што потоа ќе се користат во оваа или онаа насока...“. Потоа се даваат совети во вакви пригоди што треба да се прави за да се избегнеле личните интереси и „туристичко-глобтротерските амбиции...“.

Напишавме одговор: „Во цивилизирани земји со ова се оди на суд... ако го пуштат, но ќе мораат. И да видиме дали на суд ќе одиме оти би било многу добро Нова Македонија да ни го плати патот за Сао Паоло – тоа би било невиден скандал, но би ги опаметил луѓето да не пљампаат многу и пред да речат нешто – добро да промислат...“.

Луцидниот Љубиша Георгиевски во весникот Вечер, во написот „Уши в уши“, го врати делот од топката за нивниот удел во написот со пораката и аберот „селекторот од Сараево во Битола ќе ја гледа претставата Свадбата на Мара, во Драмскиот театар Среќни денови, а потем ќе се одвезе на свечен ручек во Македонскиот народен театар...“.

Го пративме одговорот до главниот уредник. Првиот збор му бил: кој го напишал, а вториот дека одговорот е голем и дека можело да биде долг само колку написот. Ми рекоа дека некој од „големциве“ му честитал на Павловски за „смелоста“. Веќе биле напишани три шлајфни од новинар во Вечер, кој му ги дал на неговиот директор со исти и слични напади врз нас. Кај директорот на весникот и кај главниот уредник со часови ме убедуваа да исфрлиме дел од нашиот одговор. Тие останувааа на своето дека вршиме притисок, а јас – дека тие не само со написот туку дека и сега вршат притисок врз мене и Театарот. Се видов на излегување и со Јован Павловски, кој се заблагодари за нашиот фер однос во написот што не навредуваме, ми кажа дека нему му го подметнале и ми наведе четири-пет имиња на луѓе кои беа мошне важни личности во земјата. А јас вака се тешев и си одговарав на прашањата кои немаат одговор: „И додека јас се варам во сопствената пот, мојот колега од МНТ веќе десет дена си е на починка во Охрид, директорот на Театарот на народностите си го користи годишниот одмор, а јас се борам за права. Се исплати ли тоа? Педесет ги направи, умот не ти дојде. Се бориш, сè уште. До кога, за што? Светот е толку темен и малата светлина надалеку се гледа...“.

Еве делови од нашето писмо: „Авторот на статијата, со однапред пресметана цел, ги осудува притисоците и притоа истовремено врши притисок изнесените непрецизни тврдења да ги наметне како вистини. Зад сето ова не може да стои ништо друго освен обид да се дискредитира трудот на Драмскиот театар и да се девалвираат неговите дострели, за што е пишувано толку пати досега, а особено во текот на минатиот месец, кога Театарот прославуваше 30-годишнина од своето постоење. Така, активноста на Драмскиот театар, што е добро познато не само во Македонија туку и значително пошироко, невешто се става под прашалник, бидејќи наместо обид за критично преиспитување на вредностите и квалитетите, се понудени невистини што се навредливи не само за Театарот, туку и за културата воопшто...“. Овој дел од нашиот одговор не беше објавен во весникот. Понатаму, стои во писмото:

1.Драмскиот театар никаде нема изјавено дека оди во Сао Паоло на Фестивалот, туку, како што тоа е изјавено во весникот Вечер, дека е поканет да учествува на него.

2. Импутирањето дека во Театарот се работи „без каква и да е согласност на органите на самоуправувањето“ во целост е плод на фантазијата, бидејќи и ова прашање, како и сите други, се разгледувани и просудувани во демократска самоуправна процедура. Така, Театарскиот совет на седницата одржана на 4 декември 1976 година, не само што одлучи начелно да ја прифати, туку во исто време ги поддржа мерките што беа преземени во тој правец, дотогаш согласувајќи се со испратените известувања до Комисијата за културни врски со странство и до Републичката заедница за култура, чие неприкосновено право е да го планира или не ова гостување во своите планови и програми за дејност во 1977 година. Врз основа на ваквиот став на највисокиот самоуправен орган на Театарот, Уметничкиот совет на седницата од 14 јануари 1977 година, ед-

ногласно одлучи да продолжат контактите со организаторите во фестивалот во Сао Паоло и да се преземат соодветни мерки за евентуално реализирање на учеството.

3. Дали фестивалот во Сао Паоло е „некојси театарски фестивал во далечен Бразил“ или сериозна уметничка манифестација од меѓународен карактер, секој може лесно да пресуди врз основа на бројните осврти што се публикувани за него. Во текот на минатата година на него учествуваа театри од Италија, Франција, Шпанија, Индија, Јапонија, Иран, Уганда, Исланд, Аргентина, Бразил и некои други земји, од кои неколку учесници беа застапени и на БИТЕФ, што сигурно далеку е помериторен суд одошто мислењето на авторот на статијата.

4. Во однос на тврдењето дека поканувањето било вршено со „една циркуларна и до сите поголеми театри испратена покана“ можеме да кажеме дека Театарот е поканет по гостувањето во Венецуела со Јане Задрогаз и токму оваа покана е потврда за успешноста на тоа гостување. Впрочем, Јован Павловски можеби ќе може да ги наброи другите театри од Републиката и Југославија што го добиле тој циркулар.

5. Формулацијата на авторот дека „Нешто слично може да значи најавата за гостувањето во Париз: поставување на оние што ја подготвуваат Неделата на македонската култура во Франција пред свршен чин“ е злонамерна дезинформација. Вистината е следнава: Републичката комисија за културни врски со странство со свое писмо бр. 653–13/75 од 13 јануари 1976 година, официјално го извести Драмскиот театар за следново: „Координативниот одбор на Републичката комисија за културни врски со странство на спомнатата седница донесе заклучок СР Македонија да биде презентирана во Франција преку претставата Јане Задрогаз ... на Вашата театарска куќа. Оваа одлука е конечна...“.

6. Театарот сакал да ги задоволи „сопствените туристички интереси и нив да ги наметне над општествените интереси“ е апсурдно обвинување. Драмскиот театар беше во Каракас и ќе оди во Париз со Јане Задрогаз не поради тоа што врши притисоци, туку исклучително поради осведочениот квалитет на претставата што таа иста Република ја награди со врвно признание во областа на културата, доделувајќи ѝ ја Наградата *11 Октомври*, со претставата што има две Ноемвриски награди, осум награди на Стериино позорје и многу други признанија.

Како може да се објасни учеството на БИТЕФ, на Дубровничките летни игри, на Слободиште во Крагуевац, на Охридско лето, во Титоград по повод доделувањето на Његошевата награда на академикот Блаже Конески и на други места?

7. „А потоа кога ќе дојде официјалното известување (како во случајот на Каракас) дека претставата што не чинела повеќе од 70 (стари) милиони ја гледале само 18 души, црвенееле“. Гостувањето во Каракас чинеше точно 47 (стари) милиони и 885,54 стари динари, или помалку за триесетина милиони (пак стари) од сметката на Јован Павловски.

Што се однесува до публиката, не знаејќи го во моментов изворот на „официјалното соопштение“, можеме да го кажеме следново: Ако не се верува на изјавите на непосредните учесници и на фестивалот, ако не се верува на официјалниот извештај на Драмскиот театар за гостувањето во Каракас (усвоен на состанокот на поширокиот состав на Театарскиот совет со надворешни членови), тогаш, можеби, требало да се поверува на фотографиите објавени во изданието на Вашата куќа Екран бр. 287, каде што може да се види полната сала и артистите на крајот од претставата. Впрочем, ако му беше на Јован Павловски познато дека беа одигра-

Сцена од претставата „Јане Задрогаз"

ни две претстави, а не една како што тврди тој, можеби ќе го поделеше „бројот на гледачите" со 24 и така ќе добиеше уште помала цифра, што докрај би можело да го компромитира ова гостување.

8. Врз основа на сè што е речено досега, произлегува дека притисоците не ги врши Драмскиот театар туку Јован Павловски, настојувајќи да го оневозможи учеството на Драмскиот театар во Сао Паоло и во Париз и да го компромитира првото гостување на еден македонски театар на меѓународен фестивал, и тоа во Латинска Америка.

Ваквиот став и ваквото искривоколчување на состојбите уште повеќе вчудовидува ако се укаже дека Јован Павловски, како делегиран претставник на општествената заедница во нашиот Театарски совет, во мандатот кога се вршеа подготовки и кога учествувавме на Фестивалот во Каракас, можеше на самото место и навреме да укаже на овие „аномалии" од позицијата на самоуправувач. Зошто со толку доцнење се активира неговата свест и зошто токму во овој момент го прикажува Драмскиот театар во вакво светло пред чии притисоци општеството „капитулира", е прашање на професионалната етика.

И, на крајот, нема причини Јован Павловски да црвенее за работата на Драмскиот театар, доволно е да црвенее за својата



Сцени од претставата „Бегалка“

сопствена работа, зашто по она што го пишува се става во улога на оној што ги девалвира достигањата на Драмскиот театар и на македонската култура... Ни стана јасно дека писмото не е само на Јован Павловски и на весникот Нова Македонија. Јован ми рече дека ќе ги објави имињата на сите што го наседнале. Ние, навистина, очекувавме нешто слично. Многумина не ни сакаа добро, не ги радуваа нашите успеси, од една или друга причина. Драмскиот театар создаваше нови стандарди, ја издувуваше маглата околу и во театарот, ги откриваше вистинските вредности и патиштата по кои требаше да оди, ги отвори вратите за секакви влијанија, никако само за едно, го збогати театарот со млади, талентирани, високообразовани кадри, доминантен во репертоарот стана домашниот автор, го најде клучот како да ја донесе публиката во театарот со теми што неа ја окупираа. Проговори за нивните преокупации, проблеми, херои, пејзажи, фолклор, историја – стана пред и над сè нивни театар. Сето тоа некому му пречеше. А таквите кај нас и околу нас ги имаше премногу, за кои успехот на Театарот беше нивни неуспех од многубројни и разновидни причини. Ми се чини дека со одговоров им ги избивме „адутите од рака“, барем засега.

Во сета оваа ситуација, поголемиот дел од културната елита молчеше, како да не беше жива. Не знаеше човек да процени и кој е полош. Овие што со Јован Павловски направија обид да нè извалкаат, а ги имаше и однатре и однадвор, или другите кои молчат, гледаат сеир, па ако тргне на лошо ќе ја досолат акцијата што првите ја почнаа. Еден театарски критичар ми ја раскажа приказната како се одвивало сценариото. Но, тоа во друга пригода. Се разбира, имавме и искрени поддржувачи – луѓе кои го принудија весникот да го објави нашиот одговор и кои ни дошепнуваа што ни се подготвува. А и ние, покрај сите работи, знаевме и да размислуваме и да влечеме потези кои ќе ги амортизираат сите подмолни игри. Се разбира, најголем пријател ни беше нашата работа и резултатите од неа. Инаку, одамна ниту нас ниту Драмскиот театар би ги имало.

ПОЛСКИОТ ПЕЧАТ ЗА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР

Од 5 до 16 јануари Драмскиот театар го изведе своето гостување во НР Полска. Притоа ги посети Краков и Варшава, каде што беа изведени претставите: Јане Задрогаз од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски и Црнила од Коле Чашуле во режија на Љубиша Геогриевски.

Поточно, во Краков, на сцената на театарот Багатела, беа изведени Црнила пред 473 гледачи, додека Јане Задрогаз се играше два пати пред вкупно 927 гледачи. Во Варшава, на сцената на Театар нови, се прикажа Јане Задрогаз пред 517 гледачи.

Гостувањето на нашиот Театар наиде на топол и мошне широк одзив во полскиот печат. Не оптоварувајќи го читателот со сиот информативен материјал кој беше објавен по повод гостувањето, донесуваме само мал избор од написи и критични белешки што беа објавени во тамошниот печат, а на извесен начин ги квалификуваат нашите претстави.

„ГАЗЕТА“, Краков, 11. I 1978 г.

...Вратите на Драмскиот театар во Скопје биле секогаш и ќе бидат отворени за талентираните артисти, дебитантите и за сите оние кои сакаат да внесат свој придонес за развитокот на театарот.

За тоа имавме можност да се увериме кога во театарот Багатела ги гледавме двете претстави: Црнила од Коле Чашуле (во режија на Љубиша Георгиевски) и Јане Задрогаз од Горан Стефановски (во режија на Слободан Унковски).

Претставите беа срдечно примени од страна на краковската публика...

ЕХО, Краков, 11. I 1978 г.

... На сцената на театарот Багатела, македонските артисти прикажаа две претстави многу срдечно и топло примени од краковската публика: Јане Задрогаз од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски и Црнила од Коле Чашуле, во режија на Љубиша Георгиевски. И двете претстави се од македонски автори и му припаѓаат на она струење на репертоарот што претпоставува интересна, современа домашна драмска литература...

ТРИБУНА ЛУДУ, Варшава, 20. I 1978 г.

Горан СТЕФАНОВСКИ (роден 1952 год.), чијашто претстава Јане Задрогаз Драмскиот театар од Скопје ја презентираше во Варшава, посегна по старите народни преданија, верувања и обреди, опфаќајќи ги во својата фабула легендата за Змејот и „лошата“ кралица која го угнетува народот. При тоа тој употреби оригинална конструкција – ја воведе на сцена личноста на Марко Цепенков, народниот собирач на басни и легенди од XIX век, кој ги претставува и интерпретира судбините на јунаците, ја отвора и ја завршува драмата. На авторот му успеа да ја поврзе сликовитоста на басните и ирационалноста на темата со реализмот на сликата на средината и извлекувањето на нивната народна совест. На тој начин го подвлекол личниот однос кон стариот мит – го интерпретира од позиција на искуството од историјата и современото знаење за револуционерните општествени преобразби.

Претставата режирана од младиот југословенски режисер Слободан Унковски многу успешно ја доловува ат-



ГОРАН СТЕФАНОВСКИ

мосферата. Еднаш тоа е безгрижната игра на артистите во изведбата на народниот пазарен спектакл. А во некои моменти, кога станува збор за човечките страдања и сликите од народните одредби, расте температурата на претставата. Таа промена на расположенијата беше прилика артистите да ги презентираат своите занаетчиски можности и талентот. При оваа сликовита претстава недостасуваше тоа што организаторите не се погрижиле полскиот текст да биде симултано преведуван, со што би им се овозможило на гледачите да ги оценат вредностите на живиот дијалог и да вникнат во метафоричната смисла, кои се поинакви од нашата традиција и историски извори.

СЛОБОДАН УНКОВСКИ



Ева ЌЕЛАК

ЖИЧЕ ВАРШАВИ, Варшава, 25. I 1978 год.

Стефановски и Унковски ја базираа својата театарска креација врз основа на етнографски материјали и биографијата на многузаслужниот македонски собирач – Марко Цепенков.

Тие го искористиле собраниот материјал од него низ долги години, во вид на народни песни, соништа, верувања. Од нив тие конструирале драма за македонскиот народ и Змејот кој го загрозува, за Царицата, нејзините тројца изродени синови и на крај за Јане Задрогаз (како кај нас Будалиот Јаш) кој е носител на народните мудрости и многувековните искуства на народот. Тој по многу перипетии го победува Змејот и Царицата која се беше договорила со него, носејќи му спас на народот.

Поетиката на сонот, басните и фолклорот ја прави таа претстава неповторлива креација, мудра и многу значајна. И притоа, мошне современа во својот инсценициран лик. Жално е што јазичната бариера не дозволи таа претстава да се прочита на полн и подлабок начин. Но, да не губиме надеж, можеби некој од нашите театри ќе се заинтересира некогаш поблиску за македонските инсценаторски постигања *и* ќе ги пренесе во својот репертоар.

СТУДЕНТ, Краков, 26. I 1978 г.

Драмата е заснована врз народни мотиви и со осет избрани етнографско-филозофски материјали. Така, на сцената гледаме разнобоен мозаик, народни обичаи, легенди, поговорки итн. Интересната сценографија, музиката и песните ја направија оваа претстава вонредно лесно читлива за полскиот гледач.

Црнила, пак, во режија на Љубиша Георгиевски е општествена, политичка драма, која истовремено се стреми да создаде универзална слика на функционирањето на тероризмот.

Претставата е мошне, остра, полна со експресија, предадена во динамично темпо кое постојано му го апсорбира вниманието на гледачот.

М. Н.

Илија Зафировски

Импресии од гостувањето на Драмскиот театар во НР Бугарија

ОПРАВДАНО РЕНОМЕТО НА ЕДЕН ОД НАЈПОПУЛАРНИТЕ ТЕАТРИ КАЈ НАС

Гостувањето на Драмскиот театар од Скопје во НР Бугарија во октомври оваа година, како известувач го следеше и уредникот на Нова Македонија Илија Зафировски, па го замоливме за нашево информативно средство да ги изнесе своите впечатоци. Еве што пишува тој:

Во доста старото здание на Театарот во Пловдив, град којшто има стогодишна традиција на професионален театар (тука се јавува првиот професионален театар во НР Бугарија), драмските уметници од СР Македонија ѝ се претставија на публиката, може да се рече, на реномиран начин, и со играта на актерите и со репертоарот одбран за ова нивно десетто гостување надвор од земјата. Изрази на задоволство, уметничко доживување и гостопримство не беа само раскошните букети цвеќе од „долината на розите“, што на учесниците на претставите им ги подаруваа домаќините, туку и расположението на публиката (секоја вечер во салонот имаше над 700 гледачи) која отворено ги искажуваше своите чувства преку долготрајните аплаузи. Аплаузите на отворена сцена – и на крајот од секоја претстава – беа надворешна манифестација на допаѓање на кое наиде колективната и индивидуалната игра на актерите, режисерските видувања, сценографските и костимографските решенија и сè она што како белег го носи ансамблот на Драмскиот театар, прикажувајќи од својот богат репертоар три претстави: Бегалка, Ревизор и Јане Задрогаз.

Колективот на Драмскиот театар и во Пловдив, а последната вечер и во соседното гратче Карлово, со видливо чувство на одговорност и уметнички ангажман, од првата до последната реплика на сцените во НР Бугарија сосема го оправда епитетот на „еден од најпопуларните театри во Југославија“ како што во кусата информација за ова гостување пишува Работническо дело. Останува уште и критиката да го одбележи гостувањето па да се заокружи целосната слика за овој контакт меѓу двете соседни земји на театарски план, за кој и нашите и бугарските соговорници, на најофицијални места за време на госту-

зиран не само (и најмалку) врз основа на споредбата во односот кон фолклорното богатство, туку кој се изразува пред сè во значителното филозофско осмислување на тој материјал, како од страна на младиот драматург така и од страна на енергичната и јасна идеја на режисерот Слободан Унковски. Од успешната симбиоза на двата творца, суеверието прераснува во филозофска изрека, а изреката смело рефлектира во современото самочувство на гледачот, во неговото чувство за слобода и за ослободување на духот. Горан Стефановски ја збогатува приказната филозофски и поетски, ја воздигнува до нивото на општочовечките вредности и идеи, разоткривајќи го вечниот конфликт меѓу доброто и злото во неговата целост и дијалектичко единство. Во особениот поетско-симболички јазик на режијата на Слободан Унковски, мошне блиску до принципите на комедија дел арте до средновековниот фарсичен театар, хармонично се вклопува и сценографското решение на Владимир Георгиевски, кое ќе помогне како во пластичното изразување на фолклорно митското сиже, така и во истакнувањето на метафоричните акценти. И покрај тоа што во целата претстава паѓа в очи активната режисерска умешност на Унковски да изгради пластична уметничка слика, прекрасна илустрација на современото актерско мајсторство беше играта на Крум Стојанов (Марко Цепенков и Тоде Мудрецот), на Мето Јовановски (Јане Задрогаз) на Тодорка Кондова-Зафировска (Кралицата), на Димче Мешковски (Тасе свирачот), на Владимир и Коле Ангеловски и на Ацо Дуковски (Јанкула, Секула и Петрула).

Претставата Ревизор предизвика интерес кај пловдивската театарска публика пред сè од аспект на современиот прочит на бесмртното дело на Гоголь. Независно од некои интересни режисерски решенија, од пожртвуваната актерска игра, од стремежот на Чоревски кон еден интересен Хлестаков, претставата не беше изедначена во своите поодделни делови. Режисерската имагинација, на места расипничка, како да се исцрпува кон финалето на пиесата и ја пропушта шансата категорично да го каже својот збор.

Сцени од претставата „Бегалка“

Гостувањето на Драмскиот театар од Скопје покажа богата палета актерски таленти, ни овозможи средба со активна и умна режија, ни го прикажа духовното единство со современите тенденции на напредниот театар на нашето време.

Кремена БАБАЧЕВА

НАРОДНА КУЛТУРА,
Софија, 10. XI 78 г.

НИ ГОСТУВАШЕ СКОПСКИОТ ДРАМСКИ ТЕАТАР

Неодамна во пловдивскиот Драматичен театар гостуваше Драмскиот театар од Скопје. Тој прикажа пред нашите гледачи три свои претстави: Бегалка од Васил Иљоски, Ревизор од Гоголь и Јане Задрогаз од Горан Стефановски. Плакатата по повод гостувањето ни претставува три театарски режисери со различен приод кон драмскиот материјал. Бегалка е играна повеќе од двесте пати на сцената на скопскиот Драмски театар. Чувството за хумор, романтичната победа на младоста, песните и ората кои не стивнуваат, вплетени во популарното сиже – богата мома спроти волјата на татка си бега за својот сиромашен љубовник – во тоа се крие тајната на долгиот сценски живот на оваа дело. Режисерот Т. Кондова-Зафировска и сценографот Д. Кондовски ги зачувале цртите на народниот бит и обичај, пресоздавајќи ги со поетската возвишеност. На сцената има многу светлина и празничност. Претставата е изведена со чистота и наивност на народната песна — со една стилизација на декорот и мизансценот, во отворената поларизација на карактерите, со вплетување рефрени од народни песни кои ќе прозвучат час како коментар на настаните час како музичка завеса. Актерите ги создаваат своите херои со романтична обоеност, некако запрени во времето. Исполнети со пиетет кон делото, тие играат со сценска уверливост, без да бараат посовремени изразни средства во сликање на своите ликови.

Во стилот на драматургијата и режијата ги градат своите ликови Иванка Зенделска (Евра), Јон Исаја (Аџи Трајко), Мара Исаја (Велика), многу непосредност носи Снежана Стамеска (Донка). Со чувство за хумор го создава својот лик Досе (Владимир Ангеловски), кој со неочекувани досетки извлекува само една црта од неговиот карактер — глупост која шармира. И ако во Бегалка фолклорот е средство за разоткривање на сижето и неговиот незаменлив фон, од друга страна естетичните категории на кои се потчинува театарската мисла на творците на Јане Задрогаз имаат друга димензија. Дебитантот во драматургија Г. Стефановски и младиот режисер С. Унковски создаваат претстава со интересна жанровска конструкција. Нејзина основа се средновековните народни мистерии и театри на плоштадите. Претставата започнува со народниот празник „коледе“, празник на маските. Маската во народниот театар е повод за ослободување, симбол на слободата, вклучување во еден свет поинаков од секојдневието. Г. Стефановски го определува жанрот на пиесата како „народна фантазија со пеење“. Дејството се гради врз база на легендата за Јане Задрогаз од која творците на претставата ги извлекуваат вечните човечки вредности, судирот на народот и поробувачот, живиот народен дух и неговата победа над злото. Уводниот дел е игра на „театар во театар“. Учесниците-коледари ја играат легендата за лошата ца-

Сцена од претставата „Јане Задрогаз"

рица, змејот и Јане кој го спасува народот. Во основата на пиесата лежат народните умотворби и песни. Прикажаното излегува од рамките на почетната народна игра и звучи метафорично. Богатата фантазија на режисерот С. Унковски и чистата линија на декорот на В. Георгиевски, сугестивната костимографија на Георги Здравев ја градат театралноста на претставата, стегната во рамките на една строга архитектоника. Нејзе ѝ е туѓа моментната импровизациона слобода на поединечниот актер. Од ритамот, олицетворение на внатрешното расположение на главниот херој – народот, се раѓаат пластични ликови, израз на краен духовен напор – протест, страдање, победа, веселба. Дејството се гради во нивниот остар судир. Особено се впечатливи сцената на сонот-претчувството за страшната болест што ќе дојде, сцената на раѓањето, која започнува мистично и на својот врв неочекувано се свртува во гротеска — царицата раѓа три смешни јунаци кои громогласно ќе запеат „јуначка" песна и ќе заиграат „јуначко" оро, или пак сцената на народната веселба што ќе ја изрази вечната човечка виталност...

Успехот на Јане Задрогаз е плод на еден целовит актерски ансамбл, кој ја доловува со подеднаква умешност чудната смеса на фантазија и реалност, полетот на фантазијата и скептицизмот на прозата, трезната човечка мисла. Претставата ги прикажа можностите на творците на скопскиот Драмски театар да го преосмислат фолклорното богатство, да внесат нова содржина во него, да ја воздигнат метафората до поетско обопштување.

Третата претстава е Ревизор од Гоголь, поставена од Димитар Станкоски. Младиот режисер се трудел да создаде интересна претстава, исполнета со интересни досетки и одделно решени сцени. Во неговата концепција, меѓутоа, комичното е силно подвлечено кое го ослабува сатиричното сечило на претставата и критичкиот патос на Гоголь.

Гостувањето на Драмскиот театар од Скопје ни озозможи средба со уметност на творци која го помага активирањето на културната размена меѓу нашите две земји.

„...Овде ни бутате еден текст што нема ни глава ни опашка, да не говориме за бесмислениов наслов Петре (Јане Задрогаз). Од ова претстава не бидува. Ти Унко, арно си фати со Јас Клаудиј, што си запнал сега со домашна драма? Да не е овој Горан, што ни е симпатичен, внук на Ристета директорот на Драмски, текстов немаше да биде ни прочитан, а камоли поставен на сцена. На клоци ќе ве истеравме одовде. Ма, допишете го првин, па после ќе зборуваме. Тука ќе прекинеме со проби. А бе каков Цепенков, Ценевски снима филм, отидовме кај него. Драмски мора да биде модерен театар.

***Некои од водечките артисти во Драмски** во Скопје кога се стопираа пробите на Јане Задрогаз, 1973 год.*

„Ги погледнав и двајцата болни: С. Г. пати од комплетна неухранетост, нередовен живот и посттрауматска депресија. Истиот симптом го забележав и кај У. С., со денови не излегува од дома, скоро ништо не јаде и не се бричи. Не кажуваат што им се случило. Не кажуваат ништо.“

***Од телефонскиот разговор на доктор Бети Конеска** со директорот на Драмски, Ристе.*

Така бе дечки, ѝ го обеливте образот на Македонијава! Ех Горане, од тебе ќе биде автор!

***Некои од водечките Глумци од Драмски,** на гостување на Јане Задрогаз во Театарот на Авенијата Елисејски Полиња во Париз, сега дојдени само како публика.*

ПРОБА

Ако нешто ме нервирало кај домашните драмски автори, тоа била нивната потреба да доаѓаат на проба. Ако нешто сум можел комплетно да го разберам, тоа е потребата на домашните драмски автори да видат како им напредува текстот.

На Горан му говоревме: Ти, кога пишуваш, ние ти доаѓаме ли зад грб и ти гледаме во машината (тогаш уште пишуваше со машина за пишување)? Не. Ти ги знаеме ли сите маки, колебања, тешкотии, драми додека пишуваш? Не.

Драмскиот автор чека да види готов резултат. Бидејќи тој има готов резултат во драмска форма. Сцената си има друга логика. Да не повторувам овде: процес, развој, фази, слоеви, елементи и целини, разградување и композиција. Расположенија и творечки кризи, а времето еп тен лимитирано.

Затоа се договараме со Горан да не доаѓа на проби. Ќе го викнеме кога ќе дојде

Сцена од претставата „Јане Задрогаз“

време. Кога ќе биде време, кога нема да ни биде срам ни од нас ни од него. Не му е право. Ненад, кој го сака најмногу, му вели: Твое пишување, наша проба!

Не доаѓа.

Потоа, додека пробам, во салата на Драмски чувствувам некој поглед одзади, се вртам – никого нема. Пак се вртам и го наоѓам авторот како ја подава главата некаде во задните редови. Ја прекинуваме пробата и сите се смееме. Тој можеби вели: Ми падна вчера тука едно пенкалце, па наминав да си го најдам, или не вели ништо.

А ние всушност сакаме да имаме слобода да кажеме разни работи за текстот, за поединечните реплики, за да ни олесни, за да можеме докрај да ги совладаме. Значи, ако кажеме: их, ова баш нема врска, тоа не е длабока анализа или критика на стилот и композицијата на ценетиот автор, туку наш вентил, наш начин да се пробиеме низ сложените и компликувани текстови на нашиот омилен автор.

Потоа, тој ги печати текстовите. Никогаш не ги отпечатил онака како што сме ги скратиле (по негде, по некоја ситна реплика) туку ги презентирал онака како што ги донел на првата проба.

За разлика од него, речиси сите текстови на Шекспир се печатени од суфлерскиот примерок онака како што се одиграни. Да, но професијата режисер е измислена многу години по смртта на Шекспир и малку години пред раѓањето на Стефановски.

ГРАЃА

На едни постдипломски студии базирани на висока наука (како цел) и средна практика (како реалност), ме поканија да реконструираме една од првите претстави на текст на Стефановски. По некаква случајност, по некаква намерност, тој разговор не се случи. Сретнав некои од студентите, ми рекоа дека сами го реконструирале и било супер, одлично, во целост успеало.

Останав замислен над тој факт. Доволно ли е ако го имате текстот, некои костими, фотографии па дури и видеоснимка (што недостасува во конкретниот случај), да ви стане сосем јасно каква претстава имало речиси триесет години наназад? По многу години работа во театарот, не умеам да ви кажам колку беше фасцинантен Мето Јовановски како Јане Задрогаз, една невозможна смеса на внатрешен хаос, љубов и прецизен превод на она што би можело да се нарече македонски дух. Каде се запишани оние прекрасни паузи во уводниот монолог на Крум Стојанов, како да се реконструира онаа исконска енергија, злоба и шарм што ги зрачеше Ацо Горчев како Змејот. Како да ви ја опишам играта на Тодорка Кондова како Кралицата или на кој начин да бидам прецизен говорејќи за играта на Коле. Дади и Дукац како тројцата полудебилни синови на лошата кралица. Дури и да ги чуете песните, никој што не бил тогаш таму не знае како прекрасно било женското пеење на Ленче, Лиле, Снеже, Мајда, Сабина со кое се отвораше една нова фаза во структурата.

Како на сајбер-истражувачот да му дадам информации за позицијата на тело на Стево Спасовски кога ги говореше дилемите на својот лик или за оној негов иронично-смешно- заумен-недофатлив начин на интерпретација во која ништо, ама баш ништо не е свето, а истовремено сè е битно.

Кај ќе беше таа претстава без фанатизмот (колку тесно определување) на Мите или присутната неприсутност на Мешко... Перо? И така натаму...

Како да ја спакуваме претставата во истражувачки фолдер? Дека може, сум видел. Дали треба, не знам. Во МХАТ во Москва гледав претстави што ги чуваат со децении по смртта на режисерот и веќе никој од оригиналната поделба не игра во нив. Имаат сè: информации, автентичност, ист мизансцен, простор, дури и костимите се излижани од играње, а некаква најважна работа засекогаш е загубена.

Кои се моите докази дека сум ги работел текстовите на Стефановски? Некои текстови во весници, некои дипломи од некои награди, некои подзаборавени фотографии, едно сеќавање на мојата душа. Сè уште виталните членови на публиката што ќе си приспомнат. Нема процес на кој ќе успеам да докажам со материјални докази дека тоа постоело, дека тоа сме биле и ние.

Не можете да се занимавате со режија, а да имате потреба за вечност. Претставите постојат пред сè само од 19,30 до 22,15 (или колку веќе ќе траат) и сето друго е само идеја за еден сон. А драмскиот текст трае.

Внимавајте како ја држите в раце оваа колекција од драмски текстови на Горан Стефановски. Можат да ви испаднат разни личности, луѓе, ликови, карактери, актерки и актери, дилетанти и врвни професионалци, деца, животни, сценографи и костимографи, композитори и светло-мајстори, поддржувачи кои во прав момент знаеле да ни дадат еден грам сила што толку ни фалела тогаш. Тоа се фуснотите на оваа книга, тоа е селектираната библиографија на Драмскиот Автор, тоа се конците кои нè врзуваат засекогаш.

Шекспир, во Бура вели: Ние сме граѓа од која се создаваат соништата.

Животот на една цела генерација беше особен, возбудлив и пред постојани предизвици, бидејќи го имаше својот драмски писател Стефановски. Новите генерации одново го откриваат и го преведуваат на новомакедонските состојби својот современик Стефановски. Човекот што ги задаваше нашите сонови..."[11]

[11] Делови превземени од книгите на Горан Стефановски за кој предговор напишал Слободан Унковски со наслов „Некој од сликитеките со Стефановски" – Горан Стефановски – *Собрани драми*, кн. I, „Табернакул", Скопје.

Елена Јосимовска
Верица Јосимовска

ВОЈНИЧКИТЕ ТЕАТРИ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ НИЗ ФОТОГРАФСКИОТ ОБЈЕКТИВ (1916-1918)

Првата светска војна била прв глобален воен судир помеѓу двата спротивставени воени блока: Антантата и Централните сили заедно со нивните сојузници. Значењето на Првата светска војна е толку големо што во историографијата бележи дека со годината на нејзиното започнување (1914), започнува да тече XX век. Со неа започнува столетието на војните со огромна загуба на човечки животи. Се водела на повеќе фронтови во светот, а еден меѓу нив, Јужниот фронт, се наоѓал на територијата на Македонија, поради што во литературата се именува како Македонски фронт.

Таа започнала и завршила на Балканот со решавачката битка кај Добро Поле.

За Првата светска војна досега се напишани илјадници страници, цели томови се посветени на воените операции, на распоредот на силите на фронтот, на победите и загубите на завојуваните, но, никој не посветил доволно внимание на театарските претстави на фронтот кои честопати имале пресудно значење за борбениот морал на војската.

Рововите по должината на фронтовата линија на Македонскиот фронт биле место каде што цели 3 години целосно се одвивал тешкиот војнички живот. Овде во моментите кога оружјето и војничките труби замолкнувале силно, била присутна потребата „глувата“ тишина на фронтот со нешто да се пополни. За да се победат црните мисли, да се зачуваат цврстата волја и здравиот разум, да се подигне моралот со ефикасен механизам и да се заштити војската од депресија, било неопходно да се осмисли како да се исполни слободното време на војниците. Бидејќи практиката покажала дека театарот е тој што може да им ја задоволи потребата од игра и забава, макар и на кратко, започнало формирањето на војнички театри на фронтот, во заробеничките логори, во центрите за реконвалесценција на воените болници.

Војничките театри на Македонскиот фронт, формирани во самите полкови и дивизии и гостувањата на разните патувачки театарски трупи, одиграле огромна улога како поткрепа на издржливоста и војничката подготвеност. Многумина од актерите како воени обврзници или заробеници, помагани од своите воени единици, заедно со надарените аматери, биле иницијатори и основачи на војничките и заробеничките театри.

Во нивните програми необично важна улога одиграле воените и цивилните оркестри. Најзначајни имиња на полето на музиката во српските војнички театри биле Станислав Сташа Бинички и Драгутин Покорни.

Историјата забележала дека војничките театри се старо искуство на војните. Ги имало уште во времето на Александар Велики, кој глумците ги водел во Екбатан (Персија), а Наполеон во походите на Египет тргнал заедно со „балетскиот корпус“. Кога тргнал на Русија, ја повел и прочуената глумица од тоа време Луџза Физил, додека на фронтот кај Верден (мртвиот град), веќе остарената Сара Бернар низ војничките ровови рецитирала поеми за храброст и победи.

Актерскиот колектив пред влезот на зградата на војничкиот театар на Вардарската дивизија на македонскиот фронт

Театрите никнувале на фронтот, на борбените линии во затишјата помеѓу борбите, на борбените положби, во заробеничките логори, репертоарите биле составувани набрзина, маскирани. За потребите на претставата биле користени сите можни предмети од блиската околина: вреќи од храна, конзерви, тенеќиени кутии, делкани штици...

Според расположливите податоци: фотографии, театарски плакати, записи и сеќавања, може да се констатира дека на Македонскиот фронт им се посветувало големо внимание на театарските и музичките претстави. Во недостиг на материјали, освен за српските и бугарските војнички театри, немаме можности да зборуваме за театарски претстави на другите присутни војски на Македонскиот фронт.

На српската страна постоеле: Театар на Вардарската дивизија, Театар на IX полк на Првата српска армија, Војничкиот театар „Тоша Јовановиќ“ и Театар на заробените српски војници во бугарската војска.

На бугарската страна имало фронтови и полкови театри. За разлика од полковите, кои биле формирани од самите војници на полкот, фронтовите театри биле патувачки театарски групи кои организирале театарски претстави на фронтовата линија, со цел да го подигаат духот на војниците од бугарската армија.

„Овде каде што куршумите трупови на нашите луѓе се влечкаат неопеани
трупови кои почиваат во илјадите песочни гробови
Овде нашиот театар ја подига и спушта својата завеса

Радивое Караџиќ

Прв и најголем српски театар на фронтот бил театарот на Вардарската дивизија, подоцна преименуван во театар на Југословенската дивизија, кој бил формиран по иницијатива на неколкумина познати глумци кои ѝ припаѓале на оваа дивизија, меѓу нив и скопскиот актер Сима Стаиновиќ – Шуќур, кој бил и управник на овој театар. На почетокот, театарската сцена била подигната под ведро небо од штиците на сандаците за муниција и неупотребливите авионски крила. Но подоцна, кон крајот на 1917 година, воената единица на огромен простор подигнала голема сцена со 600 амфитеатрално наредени седишта, а можела да прими уште 800 гледачи. Пред сцената имало вграден оркестар со седишта и пултови. Во тоа време, овој театар работел под многу поволни услови, па така до август 1918 година биле изведени 100 претстави. Театарската дружина, покрај неколкуте професионални актери, била составена во најголем дел од аматери-интелектуалци, работници, занаетчии, службеници и студенти. Од репертоарот на овој театар, меѓу другите, биле изведени: Хеј Словени, Ѓидо, Коштана, Моминска клетва, Зулумќар, Хајдук Станко, Војводата Бранко, Обичен човек, Данок во крв... Овој театар постоел до 30 август 1918 година. Капелник на оркестарот на војничкиот театар на Вардарската дивизија бил Јован Урбан.

Претставата на Кнез Иво од Семберије изведена на фронтот 1917 год.

Војничкиот театар на IX полк на I српска армија

Овој театар се наоѓал на фронтот сместен во селото Будимирци во битолскиот дел на Мариово. Работел од 20.10.1917 до 27.08.1918 год. Основач на овој театар бил професорот Радивое Караџиќ, подоцна драматург, режисер и управник на Скопскиот театар (1922–1928).

Пред зградата на театарот на IX полк на I српска армија

Главен режисер, а подоцна и управник, бил актерот Лазар Лазаревиќ, поранешен член на патувачкиот театар од Нови Сад.

Театарот имал широка просторна зграда направена од елови стебла, голема сцена и 400 седишта. Се наоѓала на оддалеченост на 1500 метри од рововите на српската војска. Во него свиреле два воени оркестра: на Дунавската и на Моравската дивизија.

Војничкиот театар „Тоша Јовановиќ“

Овој театар бил најнапред во Битола, но поради ситуацијата, неговиот управник Михајло Лазиќ – Чичко, заедно со

Сцена од преставата *Артиљерија рустикана* 1918 год,

Актерски ансамбл во претставата *Артиљерија рустикана* 1918 год

целата трупа, голем дел од библиотеката и гардеробата, преместил во Солун. Веќе на 31.1.1917 година се давала првата претстава – „Обичен човек".

Многу често на сцената на овој, но и на другите воjнички театри, била поставувана оперета „Артилерија рустикана" . Тоа, всушност, била пародија на оперета „Кавалерија рустикана" (Селско витештво) од Пјетро Маскањи. За ова пародирано дело на познатиот белградски актер, карикатурист и хуморист Бранислав Брана Цветковиќ, публиката пројавувала голем интерес, особено што шегата многу позитивно психолошки влијаела врз расположението на воjниците и нивните старешини.

Само во Солун биле организирани 50 претстави, а гостувал и во реконвалесцентното одделение во Зејтинлик и во дополнителната команда на француската ескадрила во Микра, во близината на Солун. Од 20.8.1917 година, Врховната команда го префрлила театарот во реконвалесцентното одделение во Воден каде постојано имало сместено околу 3-4000 воjници. Преку денот се давале бесплатни претстави за офицерскиот кадар и воjниците а навечер за граѓанството, но со наплата на влезници. Театарот гостувал и во болницата на Американските жени во Воден. Театарот останал во Воден до 20.09.1918 година кога по наредба на военото министерство повторно бил префрлен во Битола и отпочнал со работа на 28.10.1918 година. Во него улогите ги толкувале исклучиво професионални глумци, а многу ретко за масовни сцени, како статисти биле ангажирани и аматери. Репертоарот бил многу разновиден и театарот работел како во мирнодопски услови со вкупно одиграни 211 претстави.

Воjнички театар во логорот на заробените српски воjници од Бугарската воjска

Претстава пред воени српски заробеници

Театарската екипа од претставата во заробеничкиот логор

Учесници во претставите

Полкови и Фронтови театри во Бугарската војска на Македонскиот фронт



Полкови и Фронтови тестри во Бугарската војска на Македонскиот фронт

Поштенска картичка на која се наоѓа актерскиот колектив на Фронтовиот театар од пиесата „Емигранти" од Иван Вазов одиграна на македонскиот фронт во 1918 г., пред војниците на 14. македонски пешадиски полк

Полкова театарска група Дијалог „Пижо и Пенда" на Македонскиот фронт пред 14. македонски пешадиски полк.

Војничкиот театар „Бомба" на планината Беласица, 25 јуни 1916 год., ја изведува пиесата *Балканска комедија*

Сцена од претставата *На одисуство* во 1918 год.

На позадината на оваа фотографија има напишано текст кој целосно ни ја разоткрива целта за формирањето на војничкиот театар на фронтот во Првата светска војна: „Мили ми тате, за да не скучаят войниците, когато немат работа създадохме им театър. Дават се повече смешни работи. Даже и балканската комедия. Снимката представлява момента, когато Ганю е на тесно. Аз съм здрав. Поздравявам всички. Син ти Митко."

Импровизирана сцена, на Полкова театарска трупа и преставата *Маж и жена* во 1918 год.

Прикажаните фотографии за театарските активности на Македонскиот фронт се доволен доказ за театарот како своевиден феномен и потребата од него и во војна и во мир. Во прилог на ова многу вистинито делуваат зборовите на Душан Ковачевиќ, драмски писател, сценарист и академик од Белград, кој вели „Ако војната е болест, а сигурно е, тогаш театарот има лековито својство".

***Милан Маџарев**, критики*

„ИГРАНКА ВО ВРЕМЕТО НА ЛУНАСА“

(Други програм Радио Београда – „Путевима културе“, понеделјак, 20.03.1995 г.)

Премиерата на Драмски театар Скопје „Игранка во времето на Лунаса“ на Брајан Фрајл во режија на Александра Ковачевиќ претставува театарски насатан од првокласно значење. Во скопската „Лунаса“, Александра Ковачевиќ обрнува особено внимание на проблематиката на временско претопување на сценската сегашност и минато и на улогата на мајкл како наратор и (не)зависен учесник во настаните. Тој е затвореник на минатото кој не воведува во семејниот фотоалбум тргајќи чаршафи од неговите најблиски што секако потсетува на откривање мебел во напуштена куќа. Меѓутоа Мајкл нема моќ потполно да се пресели во минатото поради едноставниот, но парадоксален факт дека минатото е дел од него, но то не е дел од минатото. На сцена тоа е остварено со изместување на просторните планови и преку играта на партнерите како кон дете преку што се остварува модерна варијанта на Брехтовиот ефект на зачудност.

Отуѓеноста на Мајкл од сегашноста, симболично е претставена со две штаки кои тој упорно ги носи за време на претставата, макар што не е јасно чии се и зошто толку се труди околу нив. Низ апотеоза штаките се трансформираат во негови крила што ќе му помогнат во летот над семејната историја и потрагата по личен идентитет.Во режисерската постановка голем удел му е даден и на вториот сценски план, видлив бладарејќи им на прозирните ѕидови на сценографијата на Миодраг Табачки. Александра Ковачевиќ го користи вториот план за паралелни дејствија и за поетски интринарите сцени кои се конаст на дејството во првиот план, со што се обогатува структурата на претставата. Легитимни елементи на режисерската постапка на Александра Ковачевиќ се повторување на ситуациите, односите и репликите на поединечни ликови како одраз на животната колотечина и потенцирање на драмското во текстот.

зборови со разновидни звуци на тропалки што потсетува на источниот театар. Во откривањето на лицата има магија на откривање за публиката која постапно открива кој дотогаш зборувал. Помалку, тоа наликува на детска игра: сега ме гледаш – сега не! Милчин како искусен театарски волк, успева од хорот да индивидуализира еден лик преку заинтересираниот поглед на Креонт. Коринтјанката која единствена не падна на колена пред него го привлекува како жена, но уште повеќе и како поданичка, која треба да се фрли на колена, како што и прави. Во битолската „медеја“ условно е прекршено правилото убиствата да се случуваат зад сцена. Гласникот кој ја носи веста за смртта на Креонт и неговата ќерка ставен е на слатки маки од страна на хорот, за Медеја да го убие на крајот во хокус-покус манир, откако дотогаш изигруваше негов џокеј. Не видовме како, но со оглед на нејзината репутација на волшебничка, им поверуваме на сопствените очи како на (не)сигурен сведок. Сонцето на проскениумот со меч-зракот се закануваше да остане декоративен елемент се' до претпоследната сцена. Тогаш Медеја го искористи мечот-зрак за да ги убие своите деца зад сцената. Големата глава која се спушта од чигата покажува дека Медеја има варијанта за заминување горе додека Јасон останува да страда, долу на земја.

Валентина Грамосли ја игра Медеја со одлична актерска техника. Нејзиниот костим се менуваше од првиот чин кога има многу материјали на себе, преку ешарпа-блуза, до црн проширен фустан преку кој ја облекува белата ноќница на ќерката на Креонт со предавничката црвена трага, што и' ја носи Јасон за уште повеќе да ја повреди. Валентина Грамосли покажува голем степен на прилагодливост за различни сценски ситуации во кои беше дури и пасивна, но никогаш разоружана. Во нејзината интерпретација Медеја е жена борец пар екселанс. Петар Горко го толкува ликот на Јасон како толкав слабич што се поствува прашањето каде своевремено и биле очите на Медеја. Можеби се заљубила во проекција на Јасон која во многу што го надминува оригиналот. Егеј, атинскиот крал го игра Борис Чоревски како маж кој преку хуморот се бори против судбината. Заводливата Медеја преку поставувањето на неговата рака врз нејзините гради му покажува дека таа може лесно, по природен пат, да го реши нејзиниот проблем со природата. На нејзина жалост, Егеј е преголем дипломат за да ризикува конфликт со кој било владетел.

Костимите на Благој Мицевски понекогаш потсетуваа на современо одело, а пред се' модерните сандали на Медеја изработени по урнек на котурни. Она што остана нејасно во концептот на костимите е присуството на неколку штитници за колена кои ги носеа членките на хорот. За време на изведбата не се разјасни дали беа поради претпазливост или имаа подлабока стилска смисла.

Тодор Кузманов

НЕПРОЦЕНЛИВО АМАТЕРСКО ТВОРЕШТВО

(„ВЕРТИКАЛИ“ од Иван Ивановски по повод пет децении на Драмскиот аматерски фестивал)

Неуморниот театарски критичар и театролог Иван Ивановски не престанува да нè изненадува со нови дела и трудови. Со педесетина наслови од кои најголемиот број се поврзани со театарот и со театарското дело кај нас, тој веројатно е најплодниот театрописец чие име ќе остане трајно забележано во историјата на македонскиот театар. Само да спомнеме дека неговиот творечки опус подразбира рецензии за театарски претстави, монографии за истакнати драмски уметници, патописи, есеи, анализи и синтези и други жанрови на пишаниот збор. Се заедно тоа е огромен фонд на театаролошка литература во кој друштво на Иван Ивановски, можат да му прават само уште малкумина посветеници на театарското дело. Помалку познат факт поврзан со творештвото на Ивановски е оној дека тој е и автор на неколку збирки поезија за деца и дека и тука е не помалку успешен отколку во делата за театарот кој сепак останува негова доминатна творечка преокупација.

Книгата „Вертикали“ е последното дело на Иван Ивановски кое е настанато по повод одбележувањето на петдецениското опстојување на Фестивалот на драмските аматери на Македонија, а во чија реализација значаен придонес како соработник на авторот дава и Благој Пенов кој повеќе од три децении го организира и раководи овој фестивал кој се смета за најстарата театарска манифестација кај нас. Кога сме веќе тука, само за потсетување го наведуваме податокот дека по повод слични јубилеи книги со слична проблематика објавија и новинарот од Кочани, Киро Герасимов и театрологот Александар Алексиев. Првата носи наслов „Повеќе од игра“, а втората „Љубов за љубов“. Тие, заедно со архивата на Фестивалот, се дел од материјалите врз основа на кои настанува и оваа последна книга посветена на драмскиот аматеризам. Другиот, најважен и најголем дел од материјалите се секако личната архива на самиот автор Ивановски која тој педатно ја собирал и чувал токму во текот на пет децении колку што трае и самата манифестација. Тоа ќе рече дека авторот го следи овој сегмент на театарското творештво од самите негови почетоци и тоа во различни својства:

Драмскиот аматерски фестивал во Кочани – повод за „Вертикали" од Иван Ивановски

како известувач за Радио Скопје, но и за други медиуми, потоа како член на жири, селектор, учесник и водител на тркалезните маси на критиката итн.

Оттука главната одлика на овој труд е неговиот личен печат и придонес што самиот го вградувал и сега во една рецензирана форма го понудува на јавноста како сублимат од повеќедеценискатa активност на полето на драмскиот аматеризам. Трудот од над стотина страници се одликува уште и со веќе пословичната педантност, исцрпност и компететност на Иван Ивановски на која сме навикнале и преку неговите досегашни објави. Предмет на неговиот интерес се сите сегменти на театарскиот чин, како што се драмскиот текст, режијата, актерската игра, сценографијата, костимографијата итн. Неговите просудувања на достигнувањата на аматерите се срочени со особено ако не и исклучително внимание во приодот што е и очекувано кога се знае дека станува збор за аматерите кои се пречуствителни кон искажаниот збор за нивниот ангажман. Сепак, оценките и покрај тоа не значат секогаш само пофалба и подршка, туку многу често и укажувања, сугестии и бележење на објективните слабости во оваа специфична театарска дејност. Минуциозноста на авторовиот пристап е видлива уште на самиот почеток кога тој го истражува фактот за годината која ќе се земе за почеток на Драмскиот аматерски фестивал, а за што постојат извесни дилеми, за потоа да заклучи дека „...официјално завесата на овој фестивал од републички карактер се крена во 1961 год. во Работничкиот дом во Скопје..."

Монографијата е историја на драмскиот аматеризам во Македонија, а со самото тоа и историја на многу ансамбли и театри посебно. Значи, станува збор за многу поединечни истории синтетизирани и обединети под заеднички наслов, многу индикативен и сликовит ВЕРТИКАЛИ! И навистина во петдеценискиот развој има многу вертикали, односно многу истакнати поединци, групи и театри. Дел од нив почнувајќи токму од ДАФ, РАДС или ФААТ веќе според тоа како се именува истиот во различни периоди, го продолжија својот пат и ги освојуваа сцените во регионот и пошироко. Таков е на пример, случајот со „Сцена

71“ од Виница која со проектот работен по Мајаковски „На сет глас“ стигна дури и до престижниот фестивал во Нанси во Франција, потоа слична е и судбината на театарот на ромите Пралипе кој впрочем својата работа во еден период ја продолжи во театарот на Роберто Чули во Милхајм во Германија. Слични настани и ѕвездени мигови навистина има многу и еве да наведеме селективно по нешто од тоа огромно богатство и искуство содржани во драмскиот аматеризам. Првата постановка на антолгиската пиеса на Бекет „Чекајќи го Годо“ во продукција на Младинската сцена од Велес е изведена десетина години по нејзината праизведба во Париз, а по смотрите во земјава, истата претстава ќе освои трето место на Сојузниот фестивал на драмските аматери од Југославија во Хвар. Со овој проект е поврзано и името на Боре Ангеловски кој во својство на режисер и актер останува трајно поврзан со овој сегмент и е редовен учесник на ДАФ во протег на неколку децении... Понатаму, меѓу звучните имиња секако спаѓаат и Не-театарот Кактус, како и Театарот кај Свети Никита Голтарот со чии претстави се поврзани имињата на Слободан Унковски, Владимир Милчин, Виолета Џолева, Ненад Стојановски...

Во различни периоди и во разни околности свои пет минути на фестивалот имаат разни центри од различни региони и краеви, па така еднаш тоа е Битола, друг пат Скопје, па Струмица, Велес, Штип, Кочани, па некои селски средини...Некои групи и театри опстојуваат подолго, некои други згаснуваат, но затоа пак секогаш придоаѓаат нови и други заплиснувајќи го театарскиот простор со нови свежини и иновации. Токму тоа, таа непрестана смена на генерации и смена на театарската естетика е самата срж, есенција на драмскиот аматеризам. Како птицата феникс која повторно се раѓа и вечно се обновува.

Од внимателниот прочит на оваа монографија ќе се соочиме со уште многу вистини и феномени поврзани со аматерското драмско творештво:



– аматеризмот значи масовност и демократичност;

– аматеризмот значи ентузијазам и искреност, а над се љубов;

– тука се регрутираат кадри и како идни театарски професионалци, но и како трајно „заразени“ театарски поклоници во својство на гледачи и живо заинтересирани за театар, најчесто до крајот на животот, како што и првата љубов е вечна и незгаслива;

– аматеризмот е движење, тоа е извор на свежи идеи, оригиналност во секоја смисла,иновации во театарската естетика, алтернатива, отворање на нови хоризонти и перспективи, нов исказ и израз;

– впрочем, алтернативноста е иманентна одлика на аматерското драмско творештво;

Често се случува, а во овој труд има доволно примери, од аматерските драмски состави да се пројават, да изникнат, да израснат вистински театарски естети што удираат тон и печат на целокупното театарско дело, исто како што во професионалните театари можат да се сретнат случајни сопатници кои едноставно ја промашиле својата професија. Од тие причини аматеризмот мора да се негува, да се подржува и стимулира, но не и да се прави „упад“ во неговиот природен систем и тек – тој едноставно не смее да биде имитација на она што се случува во институциите. Во консеквентно и доследно спроведениот аматерски живот за што сведочи и фестивалот и книгата за него, се раѓа творештво во кое нема место за шмирање, карикирање, лага, трговија...

Уште еднаш за крај: монографијата „Вертикали“ од Иван Ивановски е значајно, ретко, ако не и единствено дело кое се занимава со една од најблагородните форми на театарската уметност, каква што е аматеризмот.

Тодор Кузманов

РЕЖИСЕРСКИОТ РАКОПИС НА БРАНКО СТАВРЕВ

(Кон книгата „Режисерската поетика на Бранко Ставрев“ од Иван Ивановски)

По обемната и педантна анализа на целокупното театарско творештво на режисерот Бранко Ставрев, Иван Ивановски кој е автор на педесетина книги од областа на театарот, ни понудува и Резиме во кое ги дефинира основните карактеристики на режисерската поетика на Ставрев. Со тоа Ивановски прави поинерски чекори кога е во прашање уметноста на режијата како фундаментална театарска дисциплина за која кај нас или воопшто или многу малку е пишувано. Барем засега. Може само да се претпостави дека ангажманот на Бранко Ставрев, како што впрочем може да се согледа од обемниот текст сугерира пред се сериозен и високопрофесионален пристап, потоа корелацијата на поставуваните претстави со современиот миг и со амбиентот кој не само што ги опкружува творците туку и влијае на самата продукција. Занимавањето со режија по исчитувањето на аналитичните студии на Иван Ивановски, за Бранко Ставрев е всушност занимавање со самата есенција на човековата егзистенција и со нејзината смисла. Тоа значи режијата е предизвик за тој да се нурне во растајнувањето на светот и животот. Секогаш, се разбира со поинаков приод и со поинаква крајна цел, веќе во зависност од конкретниот текст и претстава. Ако воопшто се тврди дека ниту еден режисер на стартува со подготовките на некоја претстава, пред да го пронајде клучот за неа, тогаш за Ставрев оваа теза важи во една апсолутна смисла. Значи тој секогаш настојува неговите постановки да бидат и современи и актуелни. Тој се обраќа на гледачот сега и тука. Дури и повеќе од тоа. Редица негови постановки ни откриваат во режисерот Ставрев автор кој презема ризици на политички интониран режиски ракопис кој подразбира и уметничка, креативна субверзивност. Понатаму, ваквата негова ориентација за современ прочит на класичните дела е посебно евидентен во неговите постановки на дела од македонските автори, а овде како потсетување ќе упатам на претставата „Печалбари“ од Антон Панов реализирана сцената на Штипскиот народен театар во која е евидентен интересот на режисерот Ставрев за фолклорот и неговата функционална употреба во претставите, а што е соодветно одбележано и во трудот на Ивановски.

Кога велиме дека основната појдовна позиција е пронаоѓањето на клучот на претставата, текстот, авторот, тогаш тоа означува дека треба да се откријат суштествените одлики на понудениот материјал, а истиот да се набљудува во еден поширок цивилизациски и универзален контекст. А на Ставрев не му недостига творечката љубопитност за нурнување во најтемните вилаети на свеста и потсвеста настојувајќи да биде вистинит во онаа смисла, дека „...спротивно на убавото не е грдото, туку лажното“. Ова особено важи за сцената на која работите се мултиплицираат. Натаму, вистинитоста во творештвото на Ставрев има две димензии и естетска и етичка. На ова секако треба да се додаде и евидентната страственост на Ставрев во

реализацијата на претставите. Навистина како што констатира и Ивановски неговата режисерска поетика се одликува со рационалност, концептуалност и аналитичност, но таа истовремено ја вклучува и емотивноста. Или најточно би било дека неговиот ракопис лавира меѓу рациото и емоцијата на оној ист начин како кога самиот ќе изјави во една прилика, дека режијата е емоција која мисли! Инаку, стремежот за вистината е тесно поврзано со уметникот и со уметничкото творештво. Или како што вели Ерик Фром во „Револуцијата на надежта" - уметниците се опозиција на секоја власт. Потврда за ова наоѓаме во голем број постановки на Ставрев, а овде да ги споменеме само „Sидот, водата", „Макавејските празници", „Животот на Галилеј", „Мелница"....Значи, нема сомнеж дека креативното кредо на Ставрев е страсната прегратка на естетиката и етиката востановена уште во античката филозофија, а формулирано како калокагатија кое кај нас е одлично преточено во здравицата – За арно, за убаво!

Бранко Ставрев како и што може да се очекува од еден фанатичен уметник вљубен во својата професија на секоја од своите постановки и втиснува свој печат. Преку својот конкретен ангажман на брусање и сенчање на драмскиот материјал тој настојува и најчесто успева да го избегне маниризмот и шаблонските решенија и над се или пред се да биде индивидуалец. Значаен и одважен. Режисерот Бранко Ставрев преку режијата постанува ни помалку ни повеќе туку демиург и создател на стварноста се разбира преку специфичниот јазик и израз на синтетичката театарска уметност. Во оваа своја творечка авантура тој секогаш настојува да ја вовлече и публиката, сеедно како ќе го постигне тоа во секој одделен случај. Некогаш тоа е преку процесиите, ритуалите, празникувањето и сл. Другатпат пак истото тоа ќе се остварува преку концептот, ритамот и темпото, мизансценот, актерската игра и визуелизацијата. Значи, на повидок е дека во случајот на Бранко Ставрев режијата се сфаќа и се практицира како уметност на целината, а процесот подразбира од хаосот да се организира структура која ќе дејствува врз гледачите.

Американскиот актер и театролог Џозеф Чајкин во еден од своите есеи за театрската уметност укажува на присутноста на актерот, својство кое не го поседуваат сите кои се занимаваат со оваа професија. Тоа отприлика значи, дека ако го има ова својство, тоа и се гледа и се чуствува сеедно каде режисерот ќе го постави актерот, дали на ариер или на авансцената. Е, во оваа смисла својството за присутност слободно може да се поврзе и со режиите на Ставрев. Имено, во неговите постановки просто избликнува неговата тесна и емоционална и интелектуална поврзаност со самите автори. Ова е евидентно особено во режиите настанати во т.н. авторски тандем: такви се претставите работени по текстови на Живко Чинго, Митко Мацунков, Бранко Пендовски, Томе Арсовски, Коле Чашуле итн. Тука меѓу другото треба да се каже збор-два и за неговата извонредна информираност и упатеност во домашната и светската книжевност, а која освен во неговите режии најеклатантно е манифестирана и во неговите две книги за театарските работи, „Делос – остров што плови" и „Затвореник во ореова лушпа". Неговата ерудиција во спрега со неговиот галопирачки дух за освојување на нови духовни хоризонти, исто така, се очитува во определбата особено изразена на почетокот на неговата кариера, но и подоцна, а тоа е да се појавува како комплетен автор на театарскиот чин. Тоа значи, негов текст, режија, сценографија, избор на музика... Ако ја парафразираме латинската изрека „Homo sum e nihil humani me alenium puto", тогаш Ставрев како да ни довикнув: „Театарџија сум и ништо театарско не ми е туѓо!" И навистина, во протегот на пет децении, почнувајќи од шеесеттите годи-

ни на минатиот век па до денес тој тоа го потврдува легитимирајќи се како еден од водечките режисери кај нас во еден подолг временски период. Со своето дело тој го пробива и го трасира патот на развојот на македонскиот театар и македонската режија, која дотогаш исклучиво се потпираше на реалистичкиот театар и на методот и системот на Станиславски, кон мноштвото на театарски форми, стилови и естетики карактеристични за втората половина на минатиот век. Се разбира, Ставрев не им робува на тие т.н. „изми“ и ниту случајно не се поведува по нив и не манифестира никогаш егзибиционизам или егоцентризам за да и повладува да речеме на публиката или критиката. Дури би можело да се каже дека во неговото творештво како да се сретнуваат и како да се помируваат старото и новото во осмислена целина. Одтука лага би било да се каже и да се тврди дека тој не посгенал по некои порадикални форми затоа што му биле туѓи, туку напротив секогаш бил критички поставен кон нив и слични како и српскиот режисер Бора Драшковиќ не без основа би можел да констатира дека многуте „изми“ на модерното доба не се ништо друго, туку нови имиња на старите заблуди. Наспроти ова стои веќе еднаш споменатата одлика на Ставрев за спојот на рационалноста и чувствата, кои, уште еднаш да го цитирам Фром, „...ако се раздвоени, мислата закржлавува и се претвора во некаква шизоидна интелектуална активност, а чувствата се трансформираат во невротичност штетна за самиот живот“.

Целокупното творештво на Бранко Ставрев ја потврдува тезата дека секоја голема уметност по својата суштина се наоѓа во конфликт со општеството на своето време. Во оваа смисла низ своите режиски постановки со промисленост и студиозност тој се труди да ја изрази, да ја искаже и покаже вистината за животот и светот и тоа без оглед дали таквата вистина му служи на даденото општество или не. Затоа уметноста на Ставрев, како и секоја гоелма уметност е револуционерна. Таа не копира, не имитира туку креира, создава и продуцира.

Кариерата Ставрев ја поминува главно во МНТ и во струмичкиот театар, како и на поголем број други дестинации, дома и во странство. Тоа е кариера на бескомпромисна борба за вистината, себежртвување и положување на олтарот на божицата Талија. Ставрев вешто и умешно се справувал со бројните тешкотии и проблеми пред кои е исправен секој творец и уметник, никогаш не потклекнувајќи и не правејќи компромиси кои би биле дамка за уметничкиот супстрат на личноста. Одтука и укажувањето на неговата константност и творечка кондиција и по пензионирањето да продолжи со „Вечната игра“ на Мацунков на сцената на струмичкиот театар, како, засега, последна режија, а која сведочи дека творештвото е процес на постојано себе преиспитување и потврдување.

Во 2000 – та година Битолскиот народен театар со неколку претстави од тековниот репертоар гостуваше во Австралија. Како сведок и учесник на тој настан имав можност да се уверам што значи успешна режија и изведба. Имено, станува збор за претставата „Последните селани“ од Петре М. Андреевски во режија токму на Ставрев. Од познати причини на вакви гостувања отпаѓаат во целост или делумно сценографијата, костимографијата, тоа меѓутоа не попречи претставата да функционира со сета своја полнотија, богатство, колоритност. Значи дека режисерот и вдахнал душа и ја направил самоодржлива што секако е своевиден идеал на секој уметник. Токму таквите случувања не уверуваат дека пред нас стои еден голем човек и уметник од завиден ранг. Или како што во својот поговор кон книгата на Иван Ивановски ќе забележи академик Митко Мацунков – станува збор за една важна книга и за една, јас би додал, уште поважна личност!

Тодор Кузманов

ДЕПОНИРАНО ТЕАТАРСКО БОГАТСТВО

„МОЌТА НА ТЕАТАРОТ“ – Меѓународен театарски фестивал – Млад отворен театар; автор, Љубиша Никодиновски – Биш

Во едно дамнешно интервју со авторот на монографијата, Љубиша Никодиновски – Биш, а која се појавува по повод 40 –те години на Младиот отворен театар, редок културен феномен на нашиве простори, во неделникот „Пулс“ што го води Јагода Михајловска – Георгиева, сакајќи или не, дадени се сите основните параметри, особености, својства на личноста која стои зад овој труд. Имено, интервјуто правено во 1991 година сосем добро ја отсликува како личноста која, внимавајте, не се крие зад псевдонимот или надимакот – БИШ, туку поправо се отркива со неа. Тоа е човекот кој својот живот и кариера ја посвети на театарот и тоа на оној театар „кој оди“, личност – „сонувач“, алтернативец, бунтовник по вокација, со девиза: да се урнат ѕидовите, бариерите...“

Ова е доволен вовед за да се навратиме на најновиот труд „Моќта на театарот“ на овој пасиониран театарски деец, а кој се појавува по повод четири децении на Младиот отворен театар, а чиј основач или барем поскромно кажано, еден од основачите, е токму Љубиша Никодиновски – Биш. „Моќта на театарот“ всушност е мотото под кое се одвиваа неколку изданија на оваа манифестација, овој пат позајмено за една од најзначајните театарски монографии кај нас која го тангира алтернативното театрско творештво. Кај нас и во светот! Впрочем, како што во една прилика изјавува и самиот автор, „... свет против светот!“ Тука, се разбира, има силни допирни точки и со манифестот на еден од првите алтернативни театри кај нас „Театарот кај Св. Никита Голтарот“ чиј член е и авторот на овој труд. Но,- тоа и може да се претпостави, или како што вели еден латински филозоф „...од ништо не настанува ништо“! Имено, Биш е претставник на токму онаа генерација на млади, бунтовни луѓе, кои ќе се замешаат во работите на својот град- држава, сакајќи да внесат свежина, новитет, идеи кои ќе отвораат перспективи и хоризонти. Вод просторот на духот. Засебно: во просторот на театарот. Ако дотогаш на македонскиот театарски простор и хоризонт постоеше и се негуваше т.н. реалистичен театар, од шеесеттите години работите почнуваат да се менуваат и тоа радикално. Инстант кажано: се појавуваат првите академски образовани режисери, актиери, сценографи... следат неколку исклучителни театарски појави, но следи и парадигматичната 1968 година... тектонски придвижувања и бранувања во социјалната сфера кои не остануваат без одглас и во уметничкото творештво. Во почетокот на

седумедесттите на минатиот век се поевидентно се артикулира и потребата за наши домашни одговори на светските турболенции. Следува, во овој контекст појава на списанието „Фокус“ (секоја сличност со денешниот „Фокус“ ви ја препуштаме Вам), па формирањето на Отворениот театарски универзитет при Естетичката лабораторија на Филозофскиот факултет во Скопје со неизбежниот и неизмерно почитуван и ценет професор, Кирил Темков, но и со нашиот Биш. Започнува процес кој понатаму ќе се артикулира во појавата на Младиот отворен театар. Годината е 1976. Потем Биш и МОТ ќе се врзат, ќе се прегрнат. Прегратката ќе трае долго, долго...А ќе се нарекува: Биш, уметнички директор и селектор на МОТ во протег на неколку децении. Приказната завршува, барем во еден свој дел со негово прогласувње за почесен претстседател на МОТ и „цементирање“ на таа позиција со појавата на оваа монографија за четирите децении на фестивалот како еден исклучителен феномен во македонскиот театар и култура кој ќе остане забележан со златни букви во историјата на нашата култура воопшто.

Откако добар дел од своите сили и активност ќе посвети во најразлични форми на ангажман во театрските нешта (како актер, организатор, менанџер, селектор, уметнички директор...) Биш во 2009 – та година ќе го издаде и своето прво, но капитално дело што воедно е и негова дисертација на Фолозофскиот факултет во Скопје, „Естетиката на алтернативниот театар во Македонија“. Во истото, тој на научно фундиран начин и со соодветен методолошки пристап ќе ја расветли темата за другоста, за „инаквоста“, за различноста, но и со придобивките од тоа, со еден збор АЛЕРНАТИВАТА на примерот на македонскиот театар. Во трудот на овој наш современик безмалку се вградени сите релевантни појави на планот на алтернативното театарско творештво, главно од втората половина на минатиот век, меѓу кои секако покрај веќе споменатиот „Театар кај свети Никита Голтарот“, спаѓаат и „Театарот Чекори“, „Театарот на Ромите Пралипе“, „Отворениот театарски универзитет“, „Сцена 71“ од Виница, „Поетскиот театар Скрб и утеха“, „Младиот отворен театар“ и др.

И токму оваа, овде како последна наведена алтернативна појава на нашиот културен простор,МОТ која со време израснува во културен феномен “parexselance”, е предмет на длабинска анализа и стамено претставување пред нашата читателска и културна јавност. Љубиша Никодиновски – Биш со овој свој труд „на тацна“ ни ги понудува сите 39 изданија на оваа



без сомение најзначајна алтернативна театарска манифестација со висок рејтинг не само дома туку во Европа и светот. Низ текст и слика може да се проследи долгата историја на Младиот отворен театар, манифестација која означи пробив во тогаш југословенскиот културен простор, но и пошироко. Од подолгиот воведен текст во трудот „Моќта на театарот“ во кој е поместен и Манифестот на фестивалот лапидарно може да се детектираат главните цели и идејата за основањето на истиот. Веќе првото него издание во 1976 година предизвикува завиден интерес кај театарската публика, главно кај помладата популација, а тој тренд ќе продолжи во следните изданија така што слободно може да се каже дека станува збор за своевидно движење кое одеднаш ги артикулира како културните потреби така и вкупниот опстествен и социјален статус на граѓаните кои едноставно му итаат во пресрет на својот фестивал, на својот театар, на својот „друг“, „различен“, „нов“ израз, исказ, естетика во театарот... МОТ се претвора во фестивал кој одеднаш ги инкорпора во себе сите појави на новата уметност, модерната, постмодерната и постпостмодерната, настојувајќи да држи чекор со се она што се случува на европската и светската театарска сцена. Впрочем за тоа доволно илустративно зборуваат и збирните податоци за над 700 изведени претстави од над четиресетина земји од цел свет. Одеднаш барем за дестина дена Скопје и Макеодниј станаа центар на театарскиот свет во кој свој влог имаат голем број на театарски уметници од светот и од дома. И како што театарскиот свет се „сликаше“ кај нас, така и нашите претставници од фелата ја искористија можноста „да кажат што знаат“, па така, на оваа манифестација рамноправно место имаа и нашите домашни продукции и автори од сите сегменти на театарското творештво. Во монографијата нотирани се и многу други важни, релевантни факти за развојот на македонската театарска култура, како што се врмежувањето во низа меѓународни театарски асоцијации што дефинтивно ќе резултира и со основањето на Македонскиот центар на ИТИ – Унеско, со што Македонија влегува како рамноправен партнер во светското театарско семејство. Како што се гледа од книгата во деведесеттите години МОТ внесува новина со тоа што својот концепт настојува да го изрази со мото како знак за препознавање. Така, еднаш тоа е „истражување на коренитe“, друг пат „враќање кон авангардата“, па, „Антиката и митот“, па следуваат неколку изданија под мотото „Театарот на крстопат“ и „Моќта на театарот“, како што впрочем и гласи насловот на овој репрезентативен труд. Константа на фестивалот останува стремежот за секогаш нов, модерен и вонстандарден театар, како и публиката што истиот го препознава и му ита во прсрет.



Во изминатите четири децении според овој систематичен преглед е јасно дека во аналите на МОТ остануваат забележани врвни театарски имиња и трупи од целиот свет, како и тоа дека токму со овој фестивал на нашиве простори своја експанзија доживува и танцовиот театар.

Најголемиот дел од монографијата е посветен на исцрпното претставување на сите досегашни изданија и тоа во најкомплетна форма, со сите претстави, кастинзите за нив и други релевантни податоци важни и значајни за историјата не само на фестиавлот МОТ туку и многу пошироко. Потоа е поместен и репертоарот на МОТ во изминатите 4 децении на англиски јазик, како и прилог посветен на основачите и советите на фестивалот со коментари и дневнички записи.

Сите изминати изданија на МОТ ја сведочат појавата на нова театарска естетика чии главни одлики се експериментот и истражувањето, изнаоѓањето на нови форми и оставрување на полна комуникација со публиката. Освен влијанието што го врши на планот на театарската естетика МОТ со претставите, како и со придружните програми има и силно влијание на општествената свест и процеси дотолку повеќе ако се има предвид дека најголемиот дел од претставите го одразуваат политички ангажираниот театар. Впрочем еклатантен пример за оваа теза е последното јубилејно издание на Младиот отворен театар. Затоа, со овој свој труд Љубиша Никодиновски Биш ја прави основата , базата за идни студии за театарот на наша почва во еден долг временски период пришто основниот лозунг е потрагата по театарскиот новум и немирењето со постојните состојби како во театарот, така и во општеството. МОТ започнува кон средината на седумдесеттите години на минатиот век кога веќе во театарот е легитимирана, не само практично туку и теориски уметноста на перформансот или уметноста на акцијата. Се разбира овој тренд е видлив во репертоарот на МОТ кој просто изобилува, „врие“ одтеатарски пеерформанси, ритуални претстави, физички и танцов театар, како и мултимедијални спектакли од голем маштаб.

Несомнено оваа книга е драгоцен придонес во пантеонот на македонското театарско дело. Љубиша Никодиновски – Биш, вечниот театарски бунтовник преку неа како да ни порачува: „Посакај менување... воодушеви се од огнот во кој се крие творечкиот дух кој со земскиот свет владее, а кој во танцот на фигурата, најмногу од се, пресвртот и промените ги љуби!“ И по неа односно и по „Моќта на театарот“, театарот останува на „Крстопат“, како впрочем и животот и светот...

Тодор Кузманов

НОВИ СТРУЕЊА ВО ТЕАТАРСКАТА УМЕТНОСТ

(Кон книѓата на Ерика Фишер Лихте „Студии за перформативната уметност)

Ерика Фишер Лихте

Пред десетина години во рамките на Белградскиот интернционален театарски фестивал БИТЕФ настапи и култниот американски „Ливинг театар“. кој како мото на својата изведба ја истакна паролата „Да го промениме светот!“. Одговорот од публиката беше: „Променете се вие самите!“. Еве, токму овој настан можеби е вистинското навестување на движењата и појавите што се случија во театарската уметност во 60-тите и 70-тите години на минатиот век, а кои соодветни рефлексии наоѓаат и во театрологијата. Германскиот театролог Ерика Фишер Лихте својата анализа и вовед во „Естетиката на перформативната уметност“ ја започнува со приказот на претставата на југословенската уметница Марина Абрамовиќ од 1975 год. „Усните на Томас“. Станува збор за театарски перформанс кој шокира, зачудува и запрашува и очигледно не може да се смести во наследените естетички теории. Овој перформанс истовремено содржи црти како на ритуалот, така и на спектаклот. Осцилира меѓу нив. Сосем гола, со малку реквизити, Абрамовиќ изведува торту-ра врз своето тело, но овој пат отсуствуваат знаците на страдањето. Нејзиниот настап го менува односот субјект–објект, а тоа упатува на промена на односот помеѓу материјалното и знаковното. Имено, според херменевтичката и семиотичка естетика, сè во уметничкото дело важи како знак. Овде, пак, материјалното, односно телесноста (сечење на сопственото тело со жилет), доминира над знаковното. Овде гледачите не се само субјекти кои чуствуваат и мислат, туку и дејствувачки субјекти – односно актери. Овој тренд, според Лихте, започнува во 60-тите години на XX век, а тоа значи дека тогаш се случува перформативниот пресврт, т.е. појавата на нов уметнички вид кој се оквалификува како уметност на акција или уметност на перформанс. Оваа појава ја карактеризираат топењето, односно исчезнувањето на границите меѓу уметностите и тенденцијата да се создаваат настани, а не дела. Дејствата кои ги извршуваат актерите и гледачите не значат ништо друго, различно од она што тие го прават, тие дејства се автореференцијал-



ни, а со тоа и перформативни. Како пример за новиот тренд, Лихте ги наведува Шекнер, „Перформанс групата“, „Ливинг театарот“ на Џулиен Бек и Џудите Малина, потоа претставата „Дионис 69“... Инаку, самиот поим перформативно го воведува Џон Остин во 1955 год. во предавањата на Харвард под наслов „Вовед во филозофијата на јазикот“, со значење извршување на дејства. Во оваа смисла, перформативната уметност е исто што и акциската уметност. Инаугурирањето на овој поим има своја предисторија. Најпрво, тоа подразбира дека конституирањето на театарот како уметност започнува кога интересот не е повеќе литературата, туку претставата. Театрологијата е востановена во Германија како наука за претставата. Во овој контекст, театарот и драмата се изворно спротивставени. Како што во религијата принципот е дејствувањето (преточено во ритуал), така и перформативните акти го произведуваат она што го извршуваат, а тоа е социјалната стварност на некоја заедница, на пример, преку чинот на јадењето на жртвуваните животни! Хиерархиски, како што од митот се оди кон ритуалот, така и од литературниот текст се оди кон театарската претстава. Во ерата на перформативната уметност се случува преминот од знаковниот статус на телото кон неговиот материјален статус. Тоа и не е ништо друго туку измена на ролјите субјект–објект како едно од базичните прашања на театарот. Шекнер во 60-тите години експериментира со различни форми на партиципација на гледачите, усогласување на односите, перформер–гледач, настојувајќи да го етаблира односот на рамноправност на ко-субјектите. Примерот за тоа е преставата „Дионис 69“, работена според „Бакхи“ од Еврипид. Тука, гледачите учествуваат во ритуалот на раѓањето на Дионис, во ритуалот на смртта на Пентеј и најпосле во танцот на Бакхите, при што и изведувачите и гледачите се сосем голи. Тука настанува судир помеѓу естетскиот процес (играта) и општествениот настан кој се случува благодарение на учеството на гледачите. Оваа партиципација понекогаш значи и самите изведувачи (перформерите) да бидат деградирани во објекти. Според друг пример со перформансот „Комуна“, перформерите ги силуваат гледачите. Се води вистинска војна за тоа кој ќе биде субјект, а кој објект. Инаку, тоа е перформас за војната во Виетнам, реализиран во 1972 год., а кој завршува со процесија по улиците на Њујорк. Всушност, поентата е во тоа што кога гледачите еднаш веќе ќе бидат вклучени, тогаш развојот и крајот на претставата стануваат непредвидливи. Показателно овде е да се наведат и перформансите, но и теоретските погледи на еден од Шекнеровите следбеници, Гилјермо Гомез Пена, кои ни предочуваат актуелен колонијалистички дискурс. Конечно, во естетиката на перформативното одвај можат јасно да се раздвојат подрачјата на уметноста, светот, животот и политиката.

Во третото и четвртото поглавје (од вкупно седум), се разгледуваат разни аспекти и конститутивни елементи на есте-

тиката на перформансот, како што се заедницата, допирот, живоста, телесноста, презенцијата, животинското тело, перформативните простори, атмосферата, гласовноста, времеността, односно ритамот. Така, на пример, индикативно и особено важно е да се подвлече тезата дека преку претставата, но видена како перформанс, актерите и гледачите од поединечни индивидуи треба да бидат преобразени во членови на заедница. Ова е убаво илустрирано преку работата на „Театарот на оргии и мистерии" која покажува дека ритуалот секогаш значи заедница и во оваа смисла е цитиран ставот на Ниче дека аполонискиот принцип има за цел индивидуализација, а напротив дионизискиот принцип ја разбива, ги фрла индивидуите во екстаза и ги преобразува во членови на заедницата која пее и игра! Тоа е енергија која циркулира!

Кога зборува за допирот, Ерика Фишер Лихте наоѓа за сходно да го прикаже историскиот развој на овој конститутивен елемент на перформансот. Така, таа наведува дека во антикот меѓу гледалиштето и сцената се наоѓа оркестрата како простор за хорот, во XV и XVI век, оркестрата служи за дворјаните, во XVII век во неа се сместуваат музичарите. Станува збор за тоа дека театарот на илузијата го исклучува допирот. Актуелната појава на перформативната уметност значи укинување на дихотомијата, јавност–приватност. Тоа што порано било незамисливо сега станува јавна порака, односно приватното и интимното. Доволно е за пример да се наведе аферата меѓу Клинтон и Моника Левински.

Од петтото до седмото поглавје, Ерика Фишер Лихте ги сумира своите истражувања откако, се разбира, претходно исцрпно ги наведе и ги анализира елементите што ги сретнуваме во перформансот, или уште поточно елементите кои го конституираат овој тип театарски изведби. И додека во традиционалната естетика прашањето е дали актерите се способни примерно и точно да ги изнесат значењата на текстот и да ги посредуваат до гледачите, сега свртувањето од литературниот театар кое го прават претставниците на историската авангарда (Крег, футуристите, дадаистите, сурреалистите, Мејерхољд, Арто), го истакнува барањето театарот да престане да ги посредува значењата и наместо тоа да го поттикнува дејствувањето. Наместо моделот на реалистичко-психолошкиот театар, се нуди или се повикува на форми како што се вариететските изведби и циркусот. Примери за овој пресврт наоѓаме кај Маринети, кој се залага за футуристички синтетички театар кој предизвикува шокантни ефекти, телесни лудости и сл., како и во Советскиот Сојуз во 20-тите години на минатиот век. Како заклучок на петтото поглавје под наслов „Емергенција на значењата", би можело да се приведе тезата дека естетиката на дејствувањето бара актерите да се откажат од секоја конституција на значењата. Полека, Фихте се приближува кон своите завршни согледувања, па во оваа смисла примената на „Слоу моушн" ефектот од страна на режисерот Роберт Вилсон го толкува не како обид да се десемантизираат гестовите, туку тие за да се покажат (и да се искористат) во својата авторефернцијалност. Всушност, нагласката е ставена на фактот за брзите промени на два поредока, при што процесот на забележување и произведување значења останува субјективен, но не и солипсистички. И уште нешто, во театарот од шеесеттите години концептот е таков што дејствувањето е, имено, заемно дејствување меѓу гледачите и изведувачите.

Шестото поглавје е насловено „Претставата како настан", при што веднаш се упатува на фактот, дека таа настанува како резултат на дејствувањето и однесувањето на актерите и гледачите. Особено важно е да се напомне и тоа дека во овие нови струења се напушта гледиштето за уметникот како автономен субјект кој создава автономно дело кое гледачите секогаш различно го толкува-

ат, но не можат да го сменат во неговата материјалност, иако, сепак, во свеста на гледачите ваквото гледиште сè уште, и тоа како, опстојува. Уметникот на перформансот во своите перформанси создава специфична ситуација на која се изложува самиот себеси, но и другите гледачи. За ова доволно сведочи наведениот перформанс на Марина Абрамовиќ, во кој гледачите се принудени да не се сметаат само за набљудувачи чие однесување е неважно за натамошниот тек, па и за крајот на претставата. За нашата култура, средишни поими се оние за паровите како што се уметност–стварност; субјект–објект; тело–дух, човек–животно, кои во новата констелација го губат значењето и почнуваат да осцилираат, да се движат и да се колебаат, дефинитивно за да се урнат. Постепено, тука Фихте ќе го воведе и терминот лиминалност, инаку инаугуриран во делата на Виктор Тарнер, а кој во суштина значи праг или, поточно, неговото преоѓање, премин од нешто во нешто друго. Перформативното движење доведува не само до отстранување на границите меѓу разните уметности, туку и меѓу уметноста и не-уметноста. Ова е евидентно и со појавата на т.н. културни перформанси како што се олимписките игри, фубалот, венчавките, погребите, судските процеси, божјите служби... Односот меѓу уметничките и не-уметничките претстави, главно, е таков што едните се стремат да бидат оние другите! Уметниците, всушност, работат на тоа да ги минат границите меѓу уметноста и животот, помеѓу естетското и она што се означува како социјално, политичко, етичко... Прагот, односно лиминалните стремежи, секогаш се двозначни, затоа што тука е неизбежен ризикот – што нè чека од другата страна?!

Истржувањето на Фихте кулминира и се сублимира во седмото поглавје, кое таа го насловува како „Повторно маѓепсување на светот“. Карактерот на претставите/перформансите како настани овозможува спотнување на процесот на постојана трансформација. Оваа естетика на перформативната уметност се наметнува како неопходна дисциплина, со оглед на фактот дека од шеесеттите години со перформативниот пресврт и со појавата и распространувањето на новите медиуми во нашата култура се оликуваат мноштво нови видови претстави во спортот, политиката, свеченостите кои навистина не полагаат право да бидат уметнички дела, но сепак се перципираат и се сфаќаат како нови можности за театрализирање и естетизирање на нашиот свет и живот и како пат и средство за повторно маѓепсување на светот.

Од почеткот на XX век сите авангардни движења го поставуваат барањето за приближување на уметноста и животот, и прокламирајќи нова естетика на дејствувањето, затоа што повеќе не можеле да веруваат ниту во императивот за вистината ниту во налогот за образовната функција на автономната уметност, туку нејзиното одвојување од животот го сфатиле како нејзин крај. Естетиката на перформативната уметност се залага за уметност на преоѓање на границите, односно границите да ги претвори во прагови, а со тоа и уметност на преминот, на преоѓањето на праговите. Тоа е „ново“ просветителство кое не го повикува човекот да владее со природата, туку наспрот – го повикува и поттикнува, го охрабрува да стапи во однос со самиот себе и со светот кој не го одредува она „или-или“, туку и она „не само – туку и...“ и во животот да се однесува како во уметничките изведби.

И, на крајот, не случајно Фихте како вовед во својата *Естетика на перформативната уметност* ја приложува песната на Рајнер Марија Рилке, која во еден свој дел во неформален превод сугерира:

„Посакај менување. Воодушеви се од огнот, во него ствар една ти се скрива што со промени се краси; творечкиот дух кој со земскиот свет владее, во танцот на фигурата најмногу од сè пресвртот го љуби“.

ТЕАТАРОТ Е СОПСТВЕНО ВЈЕРУЈУ И ИДЕАЛ ЗА СОПСТВЕНАТА ЗЕМЈА

Ристо Стефановски: втор том од книгата „МОЈОТ ТЕАТАР“ – моите вистини, записи, сведоштва и сеќавања

Во вториот том од своите „вистини за Драмскиот театар, но и за македонскиот театар“, воопшто, забележани во периодот од 4 јануари 1981 до 4 октомври 1983 година, Ристе Стефановски, всушност, со јавноста споделува голем број приватни, лични записи за турбулентното време во кое работел и ги достигнувал врвовите со театарските претстави, борејќи се со една од големите заблуди на тоа време - самоуправувањето. Според Стефановски, кој како директор секојдневно се соочувал со „големата идеја во практика“, самоуправувањето било сфатено како манипулација за заштита на личните интереси. Секој се чувствувал повикан во таа самоуправна анархија да преговара со одделни режисери, да ветува режија, се разбира доколку тој биде во поделбата, најчесто во главната улога, па режисерот доаѓал со готова поделба договорена однапред со актерите и со инсистирање таа да биде прифатена без какви било забелешки и сугестии. Значи, однадвор сè изгледало како сказновиден простор со прекрасни цвеќиња што се прелеваат низ погледот како бескрајни каскади, па воопшто не може да се претпостави дека во тој простор од сказните, меѓу занесните бои и мириси, постојат дупки со жив песок, кои тешко можат да се забележат. Занесени од убавината на просторот, од раскошот на природата, живиот песок може да се забележи дури тогаш кога ќе биде доцна. А велат, оној што ќе влезе во жив песок – пропаѓа тонејќи сè подлабоко додека се бори да излезе. Можеби токму со вакво чувство, но и со исто таков восхит дека сепак има луѓе кои убавината не може да ги заслепи за да не ја видат навреме опасноста што ги демне, треба да се читаат записите на Ристе Стефановски за неговиот живот во театарот и со театарот. Притоа веднаш треба да се каже дека Стефановски знаел да ги предвиди и навреме да ги заобиколи сите маскирани „црни јами“ на патот. А такви имало многу, па Стефановски ги бележи сите, без да се штеди себеси, но и другите. И својата искреност и туѓата завист, и својата љубов и туѓата злоба. Со својот дневник разговара и за оние што гледаат отстрана чекајќи некој да пропадне во „живиот песок“, но и за сите напори што ги правел за да ги премости провалиите скриени меѓу цвеќињата што маѓепсуваат.

Разговарајќи со својот дневник како со најблизок пријател, Стефановски не само што го бележи секој настан битен за Драмскиот театар, и за македонскиот театар воопшто, туку сето тоа го става во контекст на општествено-политичките случувања во земјата и во светот, оставајќи сјајни опсервации за времето во кое живее и создава. Притоа, како што веќе спомнавме, она што е карактеристично за ваквите специфични записи за театарот и околу театарот, чие објавување започна со првиот том посветен на Младинско–куклениот театар, а сега продолжува со томот за подемот, развојот и проблемите на Драмскиот театар до неговото заминување за генерален директор на МНТ, е тоа што Стефановски всушност не пишува туку разговара со својот дневник; пред него се исповеда, но и бара совет; пред него се жали, бара помош, но и се фали кога заедно ќе успеат да заобиколат уште една

од оние маскирани театарски стапици од жив песок. Благодарение на таквиот стил на комуникација со и во својот дневник, Стефановски отворено, искрено и жестоко се преиспитува и самиот себеси, се критикува и се прекорува за некој направен или ненаправен потег, признавајќи си самиот пред себеси, се разбира, дека „театарот е симбол за моето вјерују, за мојот идеал за сопствената земја", свесен пред дневникот, и само пред него, дека заеднички учествуваат во создавање на еден театар а сега „заеднички му ја пишуваат и историјата", мислејќи на Драмскиот театар, но и на македонскиот театар воопшто, зашто времето за кое пишува се поклопува со времето кога „неговиот театар од Карпош" е симбол на македонскиот театар, белег за препознавање на македонската театарска уметност воопшто, во поширок рамки.

Слушајќи го шепотот меѓу страниците, поточно зад завесите на овој необичен театарски дневник, односно своевиден „жив вертеп", ги прелистувам белешките останати по читањето на оние неколку стотини страници кои „во живо" го бележат пулсот на сцената и зад сцената, мирисот на салонот и гримиорните, трепетот на честиците заробени во светлоста на рефлекторите, и забележувам дека сум издвоил десетици парчиња текст без да ги бележам датите кога се запишани, а сега гледам дека воопшто и не се потребни затоа што без нив текстот функционира како каскада на чувства кои се прелеваат едно во друго, создавајќи ја матицата на мислите која постојано во себе ја содржи посветеноста на театарот докрај, можеби единствената таква посветеност на ова уметност на овие простори, но и загриженоста за тоа што се случува во институцијата и за она што може да се случи ако се направи погрешен чекор, за ситните интриги на луѓето околу театарот и за суетата на актерите, а притоа постојано се има чувство дека она што се исповеда пред дневникот веднаш потоа е причина или повод за нов предизвик, за нов успех сè до последниот запис и заминувањето на Стефановски во МНТ. Притоа, постојано, како ехо, се враќаат зборовите „моиве по мене со камења фрлаат, а јас ним им враќам со режии, улоги, награди...", или „сè ми се чини дека сум на страната на оние што губат, а притоа постојано останувам со оние што владеат. Чуден парадокс!" Самиот ќе забележи дека театарот е борба, своевидно движење на отпорот против моќниците, узурпаторите, силеџиите и кабадаиите, како што вели, знаејќи дека „колку повеќе зборуваат против тебе, толку повеќе успеси нижеш".

Сепак, се чини, во однос на случувањата во театарот и околу него, неколку настани како да остават најдлабоки траги во дневникот. Прво, големиот успех и големата радост поврзани со претставата „Диво месо" на Горан Стефановски и Слободан Унковски, и второ – големото разочарување и големата тага во врска со претставата „Лет во место" од истиот тандем, која, авторите, без да знае директорот, место во Драмски театар решаваат да ја реализираат во Младинскиот дом во Скопје. Колку тоа го повредило Ристе Стефановски, се гледа од неколкуте десетици страници денонoќен „разговор" со дневникот посветени токму на овој настан. Се разбира, како противудар на овој потег, Стефановски се обидува да направи претстава што ќе ѝ парира на „предавничката" претстава и за тоа го повикува Љубиша Георгиевски, сметајќи дека само тој може да го извлече од „живиот песок" што му го подметнуваат Горан и Унко. Притоа со голема трема, со чувство „да се биде или не" го следи целиот процес на создавање на таканаречената претстава „Д", како денот „Д". И тогаш се случува „Еригон" на Јордан Плевнеш и Љубиша Георгиевски, претстава со која, како што вели Стефановски, уште еднаш, на разочарување на многумина, успева да го одржи Драмскиот театар на врвот. Истовремено, претставата „Лет во место", на чија премиера Ристе Стефановски не оди од револт, неславно пропаѓа по само неколку репризи. Заедно со овој ненадеен

емотивен удар, кој секако е и личен емотивен потрес за Стефановски, зашто за него сè што се случува во театарот е како да му се случува во семејството, овде би ги издвоиле и потресните записи од откривањето на болеста, боледувањето и лекувањето на неговиот брат Мирко Стефановски, татко на Горан Стефановски, забележани со огромна емотивност и братска љубов, која се следи од запис во запис до неминовниот крај на човекот за кој Ристе самиот признава дека засекогаш го врзал за театарот.

Овој краток запис за дневникот на Ристе Стефановски, кој не може да се раскажува туку само да се прима и доживува со сите емоции што се вградени во него, би го завршиле со неколку извадоци поврзани со претставата „Лет во место", и она што се случувало околу неа. Според записот на Ристе Стефановски, откако се дознало што се подготвува, Унковски се обидел да му објасни дека нема лоши намери: „Тој сака да даде отказ во театарот и да прави театар во Домот на младите '25 Мај', со тоа што пиесата на Горана 'Лет во место' да ја режира во прво време како самостојна група. Ова како да го планирал мојот најголем непријател, така лошо да ме удри и да ме заболи. По сè, сега ова. Зар и ти, сине Бруте! Јас сум распнат надве. Пред некој ден, сега е сабота, во четвртокот, во 14 часот, ми дојде Горан и ми рече дека Унко и тој сабајле ќе одат кај Предраг Пенушлиски (секретарот на Градскиот СИЗ) и ќе бараат пари за пиесата 'Лет во место', да ја подготвуваат во Домот на младите и дека Исо Руси го брка да потпише со него договор за текстот. Утрината и Унко тоа ми го потврди, со зборовите дека тој не можел да работи овде со овие луѓе, дека со мене во неколку наврати сме се обидувале да си одиме, дека сака како и јас да проба да создаде театар и слично. Ми вели: 'Знам дека тебе ти е најтешко'. Не знам што чекори ќе преземам. Да си одам ли од театарот, или да се впрегнам и да го насочувам овој брод? Ако е второто, треба да се борам, а ако се борам – единствени противници ми се Унко и Горан! А со кого останувам? Што тие ќе сторат? За нив е интересно Унко да си оди и на друго место да подготвува претстава – нова тезга. Сите ќе се израдуваат Унко да си оди, и овие надвор, да не речам само Бранко и Чинго, туку и писателиве околу театарот. Се создава вакуум во театарот. Сите ќе сакаат да гризнат по нешто. Јас сум тука! Што јас ќе правам...."

Само неколку дена подоцна, 25 септември 1981 година, Стефановски ќе запише: „Сè уште не сум прибран од новонастанатата ситуација. Цел свет ова како да го подготвуваше за да ми напакости, и пак не ќе можеше вака и толку. Што е, тука е. Унко дефинитивно си оди. Се обидува во Домот на младите да направи свој театар. Сите чекори ги презел. Обмислувано е долго време... Тој го дал текстот да го рецензираат Матеја Матевски, Ацо Алексиев, Благој Иванов. Значи, луѓето што ние заедно не сме ги гледале како луѓе со добри намери кон нас и кон Драмскиот театар. Сега тој нив ги приграбува и ги зема за патрони, мецени... Во секој случај, дојдоа времиња во кои од мене се бара или да се повлечам, или повторно да ги засукам ракавите, па „кому што падне". Само што овој пат ќе биде многу потешко и понеизвесно. Тој решил да прави театар... Јас секогаш се откривав, отворено зборував, а тој секогаш молчеше. Ме знае како дишам. Ми ги знае сите „тајни" и „тајнички". Е, не е баш така. Но знае, доволно знае... Го тераат Горана да потпише договор. Тој се двоуми. Демек, бара од мене совет, а всушност ја донел одлуката. Бара од мене совет, а треба мене да ме посоветува. Наместо да рече: 'Чичо Ристо, јас сум со тебе', тој ми вели: 'Што да правам?' Навистина, тој вели дека е со мене, ама текстот веќе му го дал на Унко. Ако му речам дај ми го текстот мене, на Драмски, нема да го даде. Тешко ми е, многу ми е тешко, ама што да правам? Мора да се конфронтирам, или да си одам..."

Следната година, во јануари 1981 година, по сите превирања околу „Лет во место", во Драмски веќе е завршена претставата

„Еригон", а Ристе Стефановски по генералната проба, меѓу другото, ќе запише: „Ја гледав пробата. Што да речам? Љубиша направил негова претстава. Секоја сцена е посебна, дури, би рекол, антологиска. Она што беше поминато со мака на првото читање, и честопати се повторуваше, го снема. Мето, Перо, Мери, сите се одлични. Ова за простосмртната публика не ќе е добра претстава. И што најмногу пречи е – должината на претставата. Му велам на Љубиша, скрати – тој не сака. Една сцена ми измами солзи во очите. Сцената со Перо и децата кога девојчето му говори. Спонтано ми дојдоа солзите. Добро се решени сцените со кучињата. Нивниот конгрес, сцената наопаку. Има доста за набројување сцени во позитивна смисла. Ова е претстава на Љубиша. Литературниот критичар гледаше дел од вториот чин. Па зар не гледаш, Ристе, дека е ова лоша претстава, неа ја протежира кланот Чашуле, Гане, Старделов. Сцената е спротивставување на Горана, тоа е и идеолошки проблематично. Каде е оваа слободна Македонија во рамките на федерацијата со другите републики. Зар таа Европа нè не поддржува со триесетина македонски лекторати? Ова можеше да се говори по Првата светска војна и слично. Претставата е тотално промашување, дека Плевнеш не е автор, текстот не е драма ниту е текст. За сè ова ќе имате последици. Му велам: Сигурно дека претставата не е „Диво месо", ама сигурно е одличен резултат. Идеологијата, засега, да ја оставиме на страна. Во чие име тој говори вака и кој е тој? Денешнава политика него не го цени. Го брани Горана. Ако е само тоа и јас се согласувам со него. Пред некој ден на телевизија мошне убаво говореше за драмите на Горан „Јане Задрогаз" и „Диво месо". Тој се појави како рецензент за „Лет во место", заедно со Ганета. Значи овде се заедно, а овде тој говори дека „Еригон" е претстава на кланот во кој припаѓа Гане? Во секој случај овде нешто е нелогично, во што и јас како директор на театарот треба да сме некаков полигон на препукување на два клана. Со чекорот на моите „дисиденти" еве што се случува. Картите се измешани. Вчера ми рече Љубиша, Бранко Пендовски и Матеја ќе дојдат. Ама Матеја не дојде. А сите биле на претставата „Лет во место". Се стројат и престројуваат некои надвор од интересите на Драмски театар, односно и мене, Горана и Унковски. Ова е некаква ѓаволска мешаница во која јас не се снаоѓам и со која никогаш нема да се согласам, бидејќи знам дека се сака жртвениот јарец да бидеме тој и јас. Всушност, ние кои смеќаваме и ја матиме водата со она што го создаваме. Јас со Драмскиот театар и неговите создадени вредности и Горан со својот талент. Значи, нас сакаат да нè манипулираат. По сè изгледа дека е така некако. Можеби јас само нагаѓам со својот ум, или сепак нешто се случува. Повеќе ќе е ова второво. Мене ме интересира само театарот и неговите интереси, а неговите интереси е да добие од „Еригон" добра претстава, да докажеме дека сме успешна театарска куќа и колку се може да се откачиме од канџите и канџичките од која било клапа и да си го насочам бродот кон целта. А тоа значи во овој театар да ги обединам во творечка работа сите кои имаат сили и таленти во театарското творештво. Спротивностите го движат светот и овој театар и во тие спротивности јас го гледам, ама не во некакво лажно единство и не сум за него, туку исклучиво вредностите да се докажуваат на сцената и на ниедно друго место, иако сум свесен дека тоа не е така едноставно и е тешко да се реализира. Добро, добро Ристе. Знаеме што сакаш ти, види што другите сакаат. Театарскиот критичар беше многу остар во проценатa на претставата, но тоа не значи дека не беше во право. Ама зошто таа омраза кон претставата, зошто со сите орудија биеше и идеолошки, историски и естетски и уметнички? Сето тоа ме натера да се посомневам за она што го говореше. Љубиша во одбраната беше некако убедлив, ама и не. Но, тој е и Влав. Тој скокна во бродот со мене, иако на прв поглед се мислеше дека тој тоне. Тоа не се заборава, иако во сето ова тој има и свои сметки. Јас тоа ги искористив, колку? Не

знаев до крајот. Немав друга алтернатива – само Љубиша ми беше и „Еригон". „Критичарот" ме праша кој ти го усвоил тој текст, одобрил? Наеднаш ме потсети на состанокот на Театарскиот совет на кој од петни жили се напињаа да ми го урнат проектот „Еригон". Како и тој да беше таму и бараше од мене да дигнам раце, да ѝ се предадам на судбината, а тоа во нечии глави беше веќе направено. Веруваат не баш така, но тука некаде е, надвиснато, тоа треба да е. Вакви процеси отвори „моите дисиденти", може ли овој текст толку непријателски да биде? Ми вели уште дека „за некои Егејци не ќе војуваме сега". Секако дека е ова антигрчки текст и дека може да предизвика полемики, а можеби молчешкум ќе згасне. Претставата ќе ја разбранува јавноста, средината, каква-таква во која живееме. Оние што стоеја зад проектот „Лет во место" ќе започнат акција да напаѓаат, омаловажуваат. Гостинката, актерката Мери Бошкова, го викнала литературниот критичар да ја гледа репетицијата. Тој дојде на вториот дел, каде што Мери нема ништо: „Ела, те молам, ме тераат нешто да играм што не го разбирам и не го сакам". Ете така правиме претстава. Ајде баш да видиме од сè ова што ќе излезе. Жалам што Љубиша не направи претстава која не трае повеќе од два часа. Го скрати животот на „Еригон". Би живеела многу подолго. Нашиот простосмртен гледач не може ваква претстава да прецвака. Нему ќе му дојде умот, како и со „Дон Жуан", откако самата претстава ќе замине од сцената поради слабиот интерес на публиката. Во нашата претстава има многу политика – им префрламе на другите, а себе се идеализираме. Многу плачеме а има и за повеќе работи и да се радуваме. Од сите страни текстот е и провокативен ама и ранлив. Претставата е интересна, занимлива, талентирано направена..."

Потоа, само неколку дена подоцна, на 21 јануари 1982 година, е премиерата на „Еригон", а четириесет минути пред почетокот, Ристе Стефановски во својата канцеларија, каде што најчесто ги пишува своите дневнички записи, повторно „разговара" со својот 'дневнички пријател': „Синоќа се случи грозна работа. Генералка со публика, полн салон. Четириесет минути чека публиката. Мери Бошкова не сака да излезе на сцена. Навредена е со цената што ѝ ја даваме. Цената беше утврдена пред да почнеме со работа над претставата. Таа не го потпишуваше договорот. И синоќа го направи скандалот. Дваесет години сум директор, но вакво премрежие не сум доживеал. Ужас. Сакав да ја одложам премиерата и да упадне друга актерка, па по десет дена да ја прикажеме. Љубиша утре почнува со работа на нова претстава во Ниш. Младиот Плевнеш ќе умреше. Се изгуби детето. Помислив дека е ова смислена работа – претставата да не излезе. Таквото мое решение би бил вистински потег. Зар по толку перипетии и маки, на сè да клоцнам. А знаев каков играч имам пред мене. Бескрупулозна, поминала сито и решето. Знаев дека ќе биде скандал. Од неа не се плашев, од Љубиша се плашев. Тој како да го одобруваше нејзиниот потег. Згази на сè, а јас собрав сили и реков, утре повелете кај мене в канцеларија, ќе го потпишеме договорот. Внесете сума колку што сакате. Чадиковски ми вели генијален потег. Тоа Мери што приумираше и велеше дека ѝ требало неколку дена да се лечкува за да излезе пак со слични лигави работи, како ништо да не се случило – си излезе на сцена по 45 минути, а публиката стрпливо чекаше да се реши „техничкиот проблем на сцената". Господи Боже. Жена монструм која кариерата ја правеше на сличен начин. Јас неа мошне добро ја познавав и многу убаво го знам патот и начинот на нејзиното правење кариера. Со задоволство би ѝ ја зел ролјата, би ѝ ја покажал вратата, но тогаш тоа не се можеше од многу други причини..." , а следниот ден, на 22 јануари 1981 година, ќе дополни: „Би и тоа. Се случи повеќе од она што го очекувавме. Премиерата беше одлична. Аплаузи на отворена сцена и на крајот. Горан ми вели на паузата: „Ваква претстава не сум гледал во Скопје". Ристо

Шишков ми вели: „Мадлест режисер и автор". На моиве им се допадна претставата. Сите приговори, доколку ги имаше, ја критикуваа должината на претставата. И ова се стори. Ми олесна ли? Да не веруваш..."

И, на крајот, за да се види контекстот на записите што ги бележи Ристе Стафановски, ќе цитираме уште ден краток запис од 25 март 1982 година: „Моиве излегоа да ја чекаат штафетата, а јас седнав нешто да напишам... Дарко Дамески одамна не сум го видел. Ја предложил нашата актерка за член на ЦК СКМ. Се прослави како пратеничка во Сојузното собрание. Е Чемерски, Чемерски. Со кое право говореше за непотизам, приватизација, кога ти ЦК СКМ го приватизираш. Била пријателка на фамилијата и на жената му. Срамота. Овде петмина работат, другите умуваат и бркаат хонорарни работи. Еве малку статистика. Побарав колку хонорари за овие пет месеца зеле: Мите Грозданов – 7.564.415 динари; Ненад Стојановски – 4.544.720 дин.; Силвија Јовановска – 4.452.650 дин.; Лилјана Велјанова – 5.984.085 дин.; Мето Јовановски – 8.852.200 дин.; Благоја Чоревски – 4.185.760 дин.; Димче Мешковски – 7.196.650 дин.; Никола Ангеловски – 10.342.665 дин.; Перо Темелковски – 5.540.125 дин.; Димитар Станкоски – 7.155.170 дин. Голема пара се врти. Ова е експлозив и меѓу нив самите. Вистинската борба таму се води. Таму „паѓаат глави". Овде се маневрите. Можам да замислам како ѝ е на Милица со 2.500.000 хонорар, на Гешо, Ѓорчев... Смена на генерации. Тука каква џунгла е, замисли ги сите овие „лажни светци" кои се борат за „правилна распределба" и за корекции. Замисли ги што кабадаии би биле кога на ниеден состанок за корекции, не само што не ме викаат, туку таков ѕид направиле што не можам ни да ѕирнам. И тоа како директор на Драмски театар. Тоа е нивната правда..." И сè така до 9 август 1983 година, кога ќе запише: „Навистина ли ќе се разделиме, ќе се простам со тебе, моја канцеларијо, мое работно седиште, дали се ова последните денови на моето директорување по 26 години, од пролетта во 1957 година? Можно ли е? Зошто нешто ме тера да прифатам да бидам управител на МНТ, и тоа со една голема страст? Нов предизвик ми е, или многу ми отежнуваа моите? Или првпат ми се дава шанса и го напуштам? Кого оставив на цедило? Ристе, ти беше најомразениот човек во театарот, што не и кој не зборуваше за тебе, за жал, во последно време не остана само на зборување. Некои ме шетаа по комитети, а некои и ме напуштија. Повредена ти е суетата и сакаш да си одиш, да им покажеш кој си, дека без тебе не можат? Би сакал ли по тебе да го нема Драмски театар? Боже чувај, кому си му дал 26 години од својот живот? Кој е тој што по тебе ќе дојде и ќе сака ли тој соработка со тебе? Ајде, ајде доста. На нероден Петко капа му кроиш! Денес е вторник. Советот на МНТ не се собра. В петок Извршниот совет треба да решава, или пак ќе се клацкаме. Почнаа и памет да ми даваат што да правам во Театарот, Бранко Варошлија. Да оставиме работите сами да се одвиваат. Ниту треба, ниту можам да го забрзам процесот. Не е кај мене топката..."

Значи, станува збор за проза која е полна со настани и ликови, со заплети и расплети, со живот кој се одвива во мигот кога се запишува, и кој „оживува" веднаш кога ќе се прочита она што е запишано. Притоа, Стефановски пишува едноставно, духовито и емотивно. Во секоја реченица се вложува целиот, зашто за него да се создава театар и исто како да се живее, а да се пишува за театарот – исто како да се сонува со него. Затоа тој со право вели дека за него театарот е неговото вјерују, неговиот идеал за сопствената земја. Или, како што вели самиот, живеј додека имаш што да кажеш и додека можеш да кажеш. А Стефановски може и има што да каже. Всушност, многу работи може да каже само тој, и многу работи кажува без да се штеди себеси и другите. Жестоко, искрено и живо, токму така како што се случувале тогаш кога биле запишани.

Б. Миневски

Роберт Алагозевски

О ВРЕМИЊА, О КАРАКТЕРИ

Кон книгата MOJOT TEATAP: *вистини, зайиси, сеќавања, сведоштва,* во два тома

Поводот за оваа рецензија е еден конфликтен фејсбук статус, кој многу кажува за авторот на книгата, за суштината на проблемот со изданието, но и за нашата критичка одговорност. Но сепак, треба со сите сили да се бориме против постојаната опасност новите социјални медиуми да ги прождираат вистинските содржини, и да нудат блиц-замена за вистинскиот авторски труд.

Имено, доајенот на македонскиот театар, горостасот на менаџментот во културата, уште кога тоа не беше посебна академска ниту важна професионална дисциплина, како што е тоа денес, Ристо Стефановски, е жива енциклопедија за нашата театарска историја. И покрај тоа што ближи кон својата десетта деценија, тој е се уште витален, трудољубив и систематичен дух, кој ги проследува, запишува, архивира и ги коментира случувањата во македонскиот театар. Со еланот со кој шета покрај Вардар, тој посетува и театарски премиери, фестивали, промоции и разни други настани. Отсекогаш бил вреден извор на информации за многу театарски критичари, историчари и хроничари. Има и самиот напишано многу книги. Но се чини дека, засега, двотомното издание, *Mojot teatar* има амбиција да биде завештание на авторот. Е сега, најавувајќи ја книгата, во еден дневен весник се појавија извадоци од книгата, во која уредникот, доста тенденциозно, селектира делови кои се занимаваат со одредени јавни личности, кои се актуелни денес. Така што излегува дека „чичко Ристо" водел „досие" за денунцирање на театарските великани. Јас на фејсбук реагирав на таквата уредувачка политика, благо гибајќи го Стефановски околу несвесната манипулација која му е направена, односно во која се впуштил. А добриот и чесен „чичко Ристо" ме барал со денови, под дрво под камен, да ми ги даде двата тома да се уверам дека тие не се пишувани со намера да бидат „црн тефтер" туку многу повеќе. Така што, моја должност е да направам рецензија, на ова, инаку, значајно дело за македонската театрологија.

Двете книги опфаќаат период од преку триесет години, од 1951 до 1983 година, при што во првиот том нагласокот е на педесеттите, а во вториот на осумдесеттите години на минатиот век. Јас пак се сеќавам на деведесеттите години, кога во Македонија, благодарение пред се на една агилна професорка, почна да се зборува за важноста на театрологијата и потребата систематски да се запишува, да се архивира, да се чува театарското наследство кое е уметност на мигот и не останува забележано во одреден медиум. Тогаш се зборуваше за лошата состојба во која се наоѓа македонската театрологија и историја на театарот. За празните или расфрлени фондови, дата бази, архиви и датотеки, за неуредноста на прибирањето и чувањето на архивскиот материјал, каталозите, програмите, снимките и сл. Во една таква ситуација на немарност прибирачката, маркоцепенковска дејност на Ристо Стефановски беше од големо значење и единствена светла точка. Токму неговата лична архива содржеше материјали и податоци поголеми од која било институција. Неговите материјали тој отворено ги нудеше на сите заинтересирани, а и сам создаваше книги и текстови.

Така стигнуваме до сегашната ситуација, до студијата, Мојот театар. Таа е импозантно дело. На повеќе од 800 страници собран, и презентиран е материјал кој е вистинско богатство за македонската театрологија. Во книгата, освен личните записи, дневнички осврти, сеќавања, има извадоци од многу рецензии. Прекажани

се најзначајните и многу клучни моменти од развојот на театарот во Македонија. Податоци, записи, сознанија и увиди кои не можат да се најдат во ниту една објективна и сеопфатна историја – која што се уште не е напишана. Дадени се кастинзи, извадоци од рецензии, од интервјуа. Дадени се прегледи, табели со прикази на сите премиери, на разни гостувања, на дела од македонски автори. Не помалку обемен е индексот на имиња каде прецизно се дадени сите контексти во кои тие се споменуваат. Секако, поради недостатокот на македонска театарска дата база, документите и разните прилози од Стефановски се драгоцени. Но вистинската вредност на книгата е неговиот единствен карактер и начинот на кој тоа авторско јас се појавува во книгите. Најпрвин, тој е самиот по себе речиси книжевен лик. И Стефановски осветлувајќи ги настаните преку тој лик, всушност ја покажува и неговата трансформација во времето. Во првата книга, во почетокот на кариерата, во раните повоени години, Стефановски се конципира себеси како „најмалото братче". Тој стои на опашката на настаните, претставува маргинален лик, главно раскажува за големите собитија, за кавгите на големите режисери, автори и политичари, за политичките местенки, за меѓучовечките подметнувања, за општиот неморал и непрофесионалност. Но тој, ретко разборит, свесен за своите капацитети но и ограниченост, посветен, со менаџерски и претприемнички дух, успева да избие на површината, од заднина, да ги изгради двете големи институции, малку МНТ, но повеќе, детско-младинската секција од која што подоцна настанува Драмски театар. Тие педесетти години се веројатно бурен период. Од една страна идеолошки закоравени, со критичари кои со својата строгост и „сатар" просто ја сосечуваат македонската драмска литература, со заткулисни и идеолошки пресметки, конфронтации и диференцијации. Со наталожени институционални проблеми (кога ли само успеаја да се наталожат, на пет-шест години од основањето?) и проблематични културни политики. Е во тие невозможни параметри, нашиот „трикстер" Стефановски, успева со серија ситни претприемнички потези да создаде голем потфат.

Во вториот дел од книгата, особено во клучниот период на раните осумдесетти години од дваесеттиот век, не внесува, преку своите дневнички записи, еден друг Стефановски. Тој е свесен за своите постигнувања, за своето веќе историско место, па дури е и циничен кон ласкањата. На едно место реторички прашува – откако добива лаконска честитка за повеќе успех во Новата година – што уште Драмски театар треба да прокнижи како успех во 1982 година, откако таа 1981-ва ги собрал сите можни награди, македонски и југословенски. Стефановски веќе станува и суетен, тој се лути кога неговите автори поставуваат на туѓи сцени, кога неетички играат, односно кога му забиваат нож во грб. Во овој дел, хроничарот од педесеттите станува ласцивен коментатор, и во таа смисла е забавно и интригантно да се читаат неговите ставови и коментари. Особено, затоа што луѓето за кои зборува тогаш се уште актуелни и денес во македонската култура и општество. И токму во селекцијата и пласманот на ласцивностите нели, на почетокот од текстот ја назначивме опасноста од повторна употреба на книгата за денешните битки, надвор од изворната волја на авторот.

Без разлика на импозантноста на делото, сепак книгата има два сериозни недостатоци. И двата се од уредничка природа. Иако Ристо Стефановски има полно право да биде институција сам за себе, па во таа намера и книгата е самиздат, се чувствува недостатокот од уште еден пар очи и раце кои внесениот материјал ќе го пројдат низ уште една селекција или барем поинаку ќе го уредат. Во таа смисла, ми се чини дека некој постдипломец по театрологија би можел поинаку да го сублимира, индексира и прикаже документарниот материјал, по најновите научни методологии, за да не биде расфрлан, особено во првата книга, и да не создава впечаток на „салата од зборови", „долги листи", и нефокализирани парчиња среде фокализиран текст.

Другата уредничка рака, би се погрижила за едно попрегледно распоредување во поглавја и теми, би сугерирала некаде селекција, некаде сублимирање, а некаде, пополнување на дупки или дообјаснување на одреден след на настани.

Вака, водено само од авторската рака, на човекот кој го носи целиот „еон" во своите мисли, честопати се соочуваме со непрегледност, некритичност кон одредени епизоди, и недоследности. Се разбира дека тоа не го намалува богатството на увидот и значењето на книгата, но мислам дека поуспешно ќе комуницира со денешниот читател, навикнат на префинети академски и критички методологии.

Братислав Димитров

РИСТО СТЕФАНОВСКИ – ТЕАТАРСКИ ВОИН ЗА СИТЕ ВРЕМИЊА

Секој што ќе помисли дека насловот на овој текст е преамбициозен или претеран, не ги познава основите на македонската театарска историја. Тоа што е Марадона во фудбалот, Мајлс Дејвис во музиката, Ристо Стефановски е во театарот. Се работи за човек кој е феномен во светски размери. Како никој пред и никој после него, тој успевал да создава одличен театар во три различни општествени системи и три сосема различни театри! Во услови на материјална но често и морална беда, кога и најупорните се откажувале (заменувајќи го стресниот театар со удобна фотења и топли влечки) нашиот Ристе влегувал во сурови битки и пронаоѓал решенија, достојни и за најголемите магионичари или алхемичари. Понекогаш од тие театарски битки излегувал со мали емоционални гребнатинки, но понекогаш бил и тешко ранет, но сепак продолжувал понатаму „како ништо да не било".

За неговите долги и непроспиени ноќи, дознаваме од неговите книги кои се резултат на уште еден светски рекорд за Гинис. Ристо Стефановски (како ретко кој а можеби и никој) скоро седумдесет години секојдневно и детално пишува театарски дневник! Како и покрај толкуте километри „џогирање" низ Скопје, Ристо успева да најде време за да ги пишува без прекин сите оние безбројни страници, останува мистерија. Многумина од нас не се толку редовни во спиење, јадење и... да не кажам нешто вулгарно. Со прецизност на рентген техничар, тој го снима театарскиот живот со сите негови подеми, падови, дилеми, кризи, сплетки, очај, приватни и професионални предавства од најблиските соработници... Но, на крајот и најчесто, со сите негови блескави и големи директорски успеси!

Како и во претходната така и во најновата книга „Мојот театар", Ристо Стефановски со својот аналитичен скалпел ги сецира театарските премрежија на македонскиот театар. Жанрот на неговите книги е документарна проза, со елементи на трилер и полемички дух кој ги демистифицира лажните вредности, сведувајќи ги на вистинската мерка.

Пред многу години, мојот прв драмски текст „Глоговиот џбун" го нудев насекаде. Не го одбија само таму, каде што не сум го понудил! И кога решив да дадам свој огромен придонес во македонската драматургија (решив да престанам да пишувам драми!) се појави Ристо Стефановски и ме извлече од дното на мојата разочараност. Ја постави мојата пиеса-првенец во МНТ каде што е управник! Останатото е историја, барем за мене.

Откако нашата претстава (и мојот текст) доживеа многубројни изведби, награди и гостувања во Македонија и надвор од неа, се окуражив и ја напишав мојата втора пиеса „Бисери свињи". Повторно истата непријатна сцена. Јас и мојот професор Љубиша Георгиевски со месеци одевме во повеќе театри и ја нудевме мојата пиеса. Добрата вест е дека никаде децидно не не одбија, но најлошата вест е дека никаде не ни понудија соработка! Стоиме уморни во дворот на ФДУ јас и професорот Љубиша (попознат како одбиен режисер на мојата пиеса) и се жалиме еден на друг со чувство на пропаднати аматери, кои не ги примаат ниту во драмска секција. На неколку чекори од нас, неодминливиот Ристо Стефановски разговара со некој, но со едното театарско и радарско уво фаќа фрагмент од нашиот разговор. Веднаш доаѓа до нас и прашува: „Љубиша, ти се допаѓа ли текстот на Бато?" Љубиша (по којзнае кој пат) одговара со „да". Ристо закажува прва средба во понеделник и прва проба во среда, а беше сабота!?

Сега ќе се честам малку и ќе бидам нескромен. Нашата претстава беше една од најдобрите, не само во кумановскиот театар туку и во македонскиот театар воопшто! Беше сурово актуелна и се случуваше во времето на распадот на Југославија кога Словенија и Хрватска беа надвор, а ние тука со остатокот на неколкуте републики и остатокот на југословенската народна армија која одамна стана еднонационална! Војната висеше во воздухот, а ние висевме... не се знаеше каде...

Може уште многу да се пишува за ликот и делото на Ристо Стефановски, но под услов сите да земеме годишен одмор. Овој мој скромен текст е обид да му изразам искрена и длабока благодарност на човекот што целиот свој живот го посветил на театарот, без секунда одмор и без трошка остаток.

Драг Ристе и почитуван Стефановски. Да си жив и здрав за уште многу театарски премиери. И не се секирај, легендите никогаш не умираат!

Тодор Кузманов

ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАЗНИТЕ МЕСТА

(Кон монографијата „Ќостаров“ од Ана Стојаноска)

Во издание на Факултетот за драмски уметности од Скопје, конечно излезе од печат книгата „Ќостаров“ со поднаслов *Реалистичката поетика и естетика на еден режисер*. Станува збор всушност за монографија посветена на еден од основачите на МНТ, но и основач на македонскиот режисерски театар, потоа актер, педагог и прв управник на нашата национална театарска куќа. Книгата е дело на д-р Ана Стојаноска, доцент на Институтот за театрологија на ФДУ. Како што самата известува, книгата е преработена верзија на нејзината докторска дисертација. Со принципите на научната методологија, Стојаноска ја елаборира темата за творечкиот пат на режисерот Димитар Ќостаров, неговата естетика и поетика. Истражувањето е минуциозно во настојувањето да ја опфати целокупната дејност на овој бард и горостас на македонскиот театар и култура. Кога велиме, конечно, мислиме како на фактот дека Ќостаров како несомнен авторитет тоа го заслужил да се случи и многу порано, а второ, дека оваа монографија се појавува речиси триесетина години по првата таква книга од Петар Марјановиќ, а во издание на Стериното позорје од Нови Сад. Секако, уште еден пример, дека некои наши вредности и творци попрво ги препознаваат луѓе од страна, а дури потоа си ги чествуваме ние односно им оддаваме признание во форма каква што е на пример и оваа монографија од Ана Стојаноска.

Во воведот на книгата се истакнува дека почетоците на македонската театарска режија се врзуваат со името на Димитар Ќостаров и дека тој во оваа смисла е клучна фигура на македонскиот театар во изминатиот XX век. Токму со неговата режиска постановка на пиесата „Платон Кречет“ од Корнејчук на 3 април 1945 година, се означува почетокот на работата на МНТ. Тој е прв професионален режисер од тоа време и во протегот на дваесетина години ќе остане главен авторитет во областа на режијата и во македонскиот театар воопшто. Во следното поглавје, авторот Стојановска токму на примерот на Ќостаров го иследува т.н. режисерски театар, како и реализмот во театарот, за да ги детерминира соодветната поетика и естетика карактеристични за работата на овој режисер. Следува поглавјето во кое вниманието на читателот се свртува кон биографскиот патоказ на Ќостаров



кое е значајно за да укаже дека целокупната негова работа се темели на методот на Станиславски, се разбира, посредуван преку неговиот ученик и следбеник Масалтинов, кај кого се образува самиот Ќостаров од 1935 до 1937 год. во Софија. Од тоа време датира и неговиот актерски ангажман во неколку театарски куќи, во Софија, Пловдив, Русе и во Скопје. Освен во театар како актер настапува и во пет играни филмови од домашна продукција. Во овој животопис авторката ги издвојува клучните нешта, па така се осврнува најпрво на фактот дека Ќостаров во целокупната своја дејност е пред се истакнат и посветен педагог, односно дека работата со актерите за него е алфа и омега на театарот кој го создава. Освен неговата работа со актерите во подготовката на претставите во МНТ тој како педагог се афирмира и во својство на предавач во Средната државна театарска школа, а потоа и со класата за актери на ФДУ. Се разбира неговата педагошка и едукативна дејност која најмногу се применува во пробите се должи на неговото лично воспитание и образование, а главни одлики на овој процес се доследноста, строгоста, дисциплинираноста и систематичноста. Димитар Ќостаров е првиот упревник на МНТ, а подолг период и директор на Драмата во оваа национална театарска куќа. Неговата блескава кариера градена главно во МНТ ќе му донесе и поголем број на стручни награди и општествени признанија, како што се Државната награда „11 Октомври“ и тоа во два наврата, потоа Стеријната награда за особени заслуги во Нови Сад, како и наградата за животно дело на МТФ „Војдан Чернодрински“ во Прилеп.

Од анализата на неговата работа како режисер во МНТ, но и надвор од него на гостувања во повеќе театри од тогашна Југославија ги наведуваме театрографските податоци дека тој режирал вкупно 86 претстави, а некои од најчесто поставуваните пиеси во неговата кариера се „Госпоѓа министерка“, „Сомнително лице“, „Нажалена фамилија“ и „Покојник“ од Нушиќ, потоа „Шума“ и „Волци и овци“ од Островски, „Како што милувате“ од Шекспир, „Ревизор“ од Гоголь, „Егор Буличов“ од Максим Горки, „Нора“ од Хенрих Ибзен...Потоа следат и податоци за неговите соработници во претставите и се разбира со актерите како основен чинител и фактор на театарскиот чин. Што се однесува пак до принципите на неговата работа Стојаноска напомнува дека тие можат да се формулираат во неколку точки, како на пример: Разговор за авторот на делото, средби со актерите – опсервација; режисерска експликација на текстот; жива дискусија и истражување на секој настан. Целта на сите овие постапки е да се создаде еден реалистичен театар, односно животот да се прикаже онаков каков што е. Врз основа на повеќе негови интервјуа авторката извлекува заклучок, дека за Ќостаров, театарот е всушност непрекината и активна потрага по вистината.

Реалистичката поетика и естетика на Ќостаров се препознаваат по неколку основни принципи кои повеќе пати се повторуваат во трудот, а тоа се реалистичноста, дисциплината, строгоста, прецизноста, посветеноста и вистинитоста. Најголемиот дел од монографијата е посветен на анализата на некои од режисерските постановки на Ќостаров кои важат за антологиски, но и показателни, податливи за покажување и докажување на неговото уметничко кредо, неговото „вјерују“ кое и го издигнува на пиедесталот на инаугуратор, основполжник на реалистичниот режисерски театар во Македонија. Анализата на претставите како што се оние на „Платон Кречет“, „Госпоѓа министерка“, „Сомнително лице“, „Галеб“ и др. Откриваат цела лепеза на постапки кои ја докажуваат комплексноста на творечкиот профил на Ќостаров. Овде, се разбира, не можат да бидат изземени односите со разните соработници во претставата, а пред се со актерите, сценографите, но и неговиот општ став кон сите оние што учествуваат во процесот на создавање на претставата, која на крајот на краиштата, преку разни методи, анализи и постапки мора секогаш и првенствено да биде вистинита, да ја одразува реалноста, да биде верна, веројатна и убедлива и сугестибилна. Тука спаѓа и напорот да се води сметка за контекстот на драмската предлошка, особено, со оглед на времето и на социјалниот аспект на работите, но и за нејзините филозофски димензии и релации, за кои сепак самиот Ќостаров, „нагрнат“ со скромноста на својот карактер се прогласува, односно се смета за недоволно компетентен. Кога станува збор пак за неговиот однос кон актерите би вредело да се укаже на тоа дека тој и тоа како ги имал во предвид нивните психо-физички одлики, појавноста, темпераментот и сензибилитетот што



особено доаѓа до израз при правењето на поделбата на ролјите. Како особено индикативен во овој поглед е кастингот на антологиската постановка на „Сомнително лице“ од Нушиќ во која, актерот Петре Прличко во ролјата на Капетанот Јеротие Пантиќ ги достигнува sведените мигови на својата кариера и е основата на подоцна установената синтагма „македонска глума“. Реконструкцијата на творештвото не е можна без увидот во траговите на театарската критика, за која Ќостаров имал особено конструктивен став и почит и ја смета за составен дел на театарското дело. Меѓу другото токму од театарските критики се црпат сознанијата за моделот на работа на Ќостаров и за неговиот театарски реализам кој методот и системот на Станиславски ги прилагодува на македонските актери и сцена.



Сè на сè, оваа монографија е драгоцен придонес во конституирањето на оној дел од македонската историја на театарот која ја тангира режијата, педагогијата, актерството. Ќостаров останува да важи како зачетник на македонскиот режисерски театар сеедно што во неговиот случај станува збор за реалистична естетика и поетика кои временски се омеѓени и кои уште за време на неговата активна работа се подвргнуваат на преиспитување, менување, иновирање. Тоа сепак не ја намалува неговата улога во процесот на развојот на театарот кај нас. Дури и повеќе од тоа: ако можеби и би можело да се спори за некои принципи на театарскиот реализам воопшто, нема ни една причина да се отфрла етиката во пристапот и востановените принципи на уметничката креација во театарот со посебен акцент на актерската работа, а кои ги практикувал Димитар Ќостаров со посоветеност, творечка страст и љубов.

Почнувајќи од шеесеттите години на минатиот век климата во театарот во Македонија се менува со надоаѓањето на еден бран млади и академски образовани режисери, а силни придвижувања и поместувања настануваат и во европската и светската театарска сцена кои се одразуваат во појавата на бројни форми и модели кои се именуваат како авангарден, постмодернистички, апсурден, амбиентален, сиромашен, метатеатар итн. Императивот сепак останува да се понуди театар кој кореспондира со гледачите и кој не само што го толкува светот и животот туку настојува истите и да ги промени, да ги направи подобри. Влогот на Димитар Ќостаров во таа општа констелација останува голем и значаен. Впрочем, сите подоцнежни, па и сегашни „изми“ се можеби само нови имиња на старите заблуди, како што во една прилика ќе заклучи режисерот и театролог, Бора Драшковиќ.

БЕА СО НАС

БЛАГОЈА СПИРКОСКИ - ЏУМЕРКО (1946–2015)



Доајенот на македонскиот театар Благоја Спиркоски Џумерко, (1946–2015) остави длабока трага не само во прилепската, туку и во македонската театарска уметност. Тој беше реномиран и ангажиран актер, актер кој засмејува, кој на прилепската сцена, но и на македонската театарска и филмска сцена донесе многу улоги – главни, споредни, епизодни. Нашиот Џуме како што го викаа прилепчани за своите улоги беше доста наградуван, а во во 2011 година ја доби наградата за животно дело на 46 МТФ „Војдан Чернодрински“ а градот Прилеп во 2006 година години му ја додели наградата за животно дело Трети ноември. Беше прв добитник на наградата Петре Прличко.

Засекогаш ќе остане запаметен по улогата на Итар Пејо во „Солунски патрдии“, во прилепскиот театар и во ТВ серијата, по што го препознава многу генерации.

Во нашиот театар „Војдан Чернодрински“ работел од 1966 година па се до пензионирањето, па и потоа имал улоги. Актерски оставрувања имал и на сцените во театрите во Битола, Штип, Струмица, Куманово, Велес...

Џумерко беше синоним за актерска популарност и омиленост кај публиката која секогаш го наградуваше со аплауз. Ќе го паметиме по бравурозноста во неговата игра – секогаш подготвен за трансформација во својата игра.

ПРВА НЕДА И БЛОНДА И АДЕЛЕ...

ФАНКА ИКОНОМОВА (1920–2015)

Во возбудливите години на градењето на првата македонска професионална оперска куќа во Скопје, почетната фаза од 1947/8 сезона, а и сезоните потоа ги означи и Фанка Икономова, која останува забележана како еден од столбовите на Куќата. Секако, ова најмногу се однесува на прочуената „сопранска конкуренција“, која се вградуваше во темелите преку колешките на Фанка Икономова – примадоните Данка Фирфова, Зина Креља-Митровска, Павлина Апостолова и Васка Бицова-Гајдова.

ФАНКА Икономова потекнува од Велико Трново (родена е на 6.5.1920). Оперско пеење учела и дипломирала на софиската Музичка академија. Од 1947 година, стартната сезона на оперскиот ансамбл на Македонскиот народен театар, е солистка на тогашната оперско-балетска сцена.

СВОЕТО вокално умеење тука го усовршува кај прославената Ника Монастри-Кунели, чии ученички и ученици, за време на нејзиното ангажирање во Скопје до 1950 година, беа, меѓу другите, уште Павлина Апостолова, Васка Бицова, Блага Видец, Томче Грнчаровски...

ОПЕРСКОТО пеење Икономова го имаше под „А“ и во него ги достигна своите највисоки и највредни уметнички врвови. Напоредно се претставуваше и како успешна концертна певица, а поретко и како вокална интерпретаторка на ораториуми.

КРИТИКАТА најчесто високо го вреднуваше она што певицата го остварува преку својот сопран со топла боја. Оперската сцена, меѓутоа, бара и уверлива актерска игра во обликувањето на толкуваниот лик, а Фанка и тука имаше што да прикаже и тоа го правеше најчесто на најдобар можен начин. Сето тоа беше заокружувано со посебниот нејзин сценски шарм, што флуидно ја преминуваше рампата кон публиката во секој од толкуваните фахови. Затоа и на премиерите и на репризните изведби ретко кој можеше да остане рамнодушен пред уметноста на Фанка Икономова во публиката, кај критичарите и меѓу нејзините колешки и колеги.

ПОСВЕТУВАЈЌИ се сосема и без остаток на вокалната уметност, речиси цели триесет театарски сезони Фанка Икономова креира уверливи сценски херојки, без оглед на видот и типот. Нејзината сценска низа е составена од триесетина сопрански „партии“, повеќето главни и речиси сите изведени првично на македонските премиери – во комедии и трагедии, во музички драми, во оперетскиот репертоар на Операта на МНТ.

НАЈЧЕСТО таа толкуваше главни, насловни и носечки ликови во дела од италијански (Леонкавало, Пучини, Верди, Доницети, Чимароза...) и од француски композитори (Ибер, Бизе, Гуно, Офенбах...), но паралелно „нејзини“ композитори беа Моцарт и Глук, Сметана и Јохан Штраус Младиот, Тијардовиќ и Прокофјев, Зајц и Бритн, Меноти и Готовац, Тома Прошев.

ПРЕД публиката во Скопје дебитираше со креирањето на Неда во „Палјачи“ од Руџеро Леонкавало. На 17 февруари 1948 година со изведбата диригираше Тодор Скаловски, а нејзин прв партнер беше Петре Богданов-Кочко.

БЕШЕ и толкувачка на Евридика во концертната изведба на „Орфеј и Евридика“ од Кристоф Вилибалд Глук. И оваа изведба (2.7.1948) ја диригира Скаловски, сега во партнерство со Ана Липша-Тофовиќ во улогата на Орфеј.

МОЦАРТ, Волфганг Амадеус, Фанка го имаше трипати на премиерните изведби во МНТ. Прво ја толкуваше Блонда во „Грабнувањето од сарајот“, кога на 29.3.1949 година настапи со Зина Крења и Томче Грнчаровски под палката на Ловро Матачиќ. Во „Волшебната флејта“ толкуваше два лика: Памина и Папагена и уште еднаш со Скаловски. Конечно, на 24.3.1972 година, Фанка Икономова се претстави како Деспина во „Така прават сите жени“, што диригентски ја постави Фимчо Муратовски.

ВТОРАТА главна женска улога Мизета во „Боеми“ од Џакомо Пучини ја креира со помош на Матачиќ и во партнерство на Кочко. Беше и толкувачка на Есмералда во „Продадена невеста“ од Беджих Сметана, кога пееше заедно со Благој Петров Караѓуле и Кочко, под диригентството на Трајко Прокопиев.

СЛЕДУВАА две оперети: „Лилјакот“ од Јохан Штраус Младиот (на 30 декември 1956 година) – таа беше Аделе и настапи заедно со Артур Сурмејан, под палката на Ино Перишиќ; и „Малата Флорами“ од Иво Тијардовиќ кога Фанка се претстави како Мис Ивлин (19.12.1957) со истиот диригент, а заедно на сцената со Марија Скаловска, Блага Видец и Петре Прличко.

АНГЕЛ Шурев ја диригираше **„Анжелика“** од Жак Ибер, а певицата во насловната улога настапи со колегите Станко Липша и Димитар Мариновски. Во 1961 година имаше три премиери: на **20.4.** во „Свршувачка во манастир“ од Сергеј Прокофјев таа е Луиза, партнери се Калина Милошевска и Гога Трајанов, диригент Перишиќ; на **5.11.** „Оџачарчето Сејм“ од Бенџамин Бритн – таа како Џулиет, со партнерите Евдокија Доброхотова и Јордан Тодоровски, диригент Муратовски; и на **12.11.** „Фиделио“, единствената опера на Лудвиг ван Бетовен, каде што Икономова беше Марселина, а како партнери се појавија Данка Фирфова и Марио Гуранец, на диригентскиот пулт Скаловски.

ВЕРДИ, Џузепе, не беше во „доменот“ на Икономова. Само еднаш, на 30.3.1963 година, последната премиера пред скопскиот земјотрес, таа беше Глас во обредот во „Дон Карлос“, додека на сцената, под диригентството на Перишиќ, пееја Методи Илиевски, Енцо Серини и Ана Липша-Тофовиќ.

„КАРМЕН“ од Жорж Бизе се најде во два наврата во репертоарот на Фанка. Беше главната Микаела и епизодната Фраскита, во вториов настап со Ванчо Чавдарски како диригент, а Никола Гагов и Милка Ефтимова како партнери.

ПРИДОНЕСОТ на Фанка Икономова во развојните фази на Операта на МНТ се заокружува со уште бројни улоги, што во оваа пригода ќе ги наведам селективно: Мица во „Аналфабет“ од Иво Лотка-Калински, Џулиета во „Хофманови приказни“ од Жак Офенбах, Џанета во „Љубовна напивка“ од Гаетано Доницети, Цвеќарка во „Фауст“ од Шарл Гуно, Ѓула во „Ерo од оној свет“ од Јаков Готовац, Елена во „Никола Шубиќ Зрински“ од Иван Зајц, Елизета во „Таен брак“ од Доменико Чимароза, Магда во „Пајажина“ од Тома Прошев... На 9.5.1973 година, Фанка Икономова беше Госпоѓа Гобино (нејзина последна улога) во „Медиум“ од Џанкарло Меноти, под диригентството на Муратовски, со Ана Липша-Тофовиќ во главната улога. Во пензија замина во 1975 година.

ЖИВОТНИОТ век на Фанка Икономова заврши неколку денови пред импозантната возраст од **95 години**, станувајќи така последна учесничка во премиерната изведба на 17.2.1948 година. Пред неа во вечноста заминаа: Томче Грнчаровски – Бепо (-1960), Василие Поповиќ-Цицо беше сценограф (-1962), Јован Стефановиќ-Курсула – Тонио (-1968), Стефан Русјаков – Силвио (-1985), Петре Богданов-Кочко – Канио (-1988) и Тодор Скаловски беше диригент (-2004).

Славомир Маринковиќ

* * *

На 1 април, 2015 година, престана да чука срцето на нашата колешка, сопранот Фанка Икономова, уметник од првата генерација и еден од основоположниците на Македонската Опера и Балет. Трајно ќе остане во сеќавање по нејзиниот прекрасен сопран. Во својата долгогодишна кариера, Фанка Икономова одигра многу рољи. За неа не беше важно дали е тоа главна, епизодна или споредна улога, таа со ист жар и ентузијазам, на сите им пристапуваше подеднакво.

Тоа го покажува и списокот на некои од одиграните улоги:

Адела („Лилјакот"), Анжелика, Бјонда („Грабнување од сарајот"), Втора вештица („Дидона и Енеј"), Глас во обредот („Дон Карлос"), Госпоѓа Гобино („Медиум"), Деспина („Така прават сите"), Ѓула („Еро од оној свет"), Евридика („Орфеј и Евридика"), Елена („Никола Шубиќ Зрински"), Елизета („Таен брак"), Есмералда („Продадена невеста"), Луиза („Свршувачка во манастир"), Магда („Пајажина"), Марселина („Фиделио"), Мизета („Боеми"), Микаела („Кармен"), Мис Ивлин („Мала Флорами"), Мица („Аналфабет"), Неда („Палјачи"), Памина и Папагена („Волшебната флејта"), Фраскита („Кармен"), Цвеќарка („Фауст"), Џанета („Љубовен напиток"), Џулиет („Овчарчето Сејм"), Џулиета („Хофманови приказни") и др.

Фанка Икономова ќе остане запаметена и како коректен соработник и колега. Колегите од Македонската Опера и Балет остануваат трајно благодарни за љубовта и ентузијазмот што ја красеше таа прва генерација оперски уметници.

Погребот на Фанка Икономова е извршен во четврток на 02 април 2015 г.

Со почит,
М-р **Крсто Скубев**
културолог

МАРИН ЦРВЕНОВ (1945-2015)

Во четвртокот, на 15.10.2015 г., почина Првенецот на македонскиот балет, Марин Црвенов. Црвенов беше првенец и кореограф во балетот на Македонската опера и балет од 1961 година сè до неговото пензионирање и шеф на балетот од 1977 до 1979 година. Ги има одиграно речиси сите главни улоги во балетските претстави од репертоарот на Македонската опера и балет. Меѓу позначајните од нив се: Ромео и Парис во **„Ромео и Јулија"**, Базил во **„Дон Кихот"**, Принц Алберт во **„Жизел"**, Ферхад во **„Легенда за љубовта"**, Лабин во **„Лабин и Дојрана"**, Гиреј во **„Бахчисарајска фонтана"**, Принц Зигфрид во **„Лебедово езеро"**, Жан де Бриен во **„Рајмонда"**, Баханал во **„Валпургиска ноќ"** и многу други.

Бил кореограф на балетите **„Снегулки"**, **„Адаџо"** од Албињони, **„Тоа е човек"** и кореографирал во претстави од оперската и драмската сцена.

Марин Црвенов е добитник на Државната награда „11 Октомври" и на наградата „Национален уметник" на Македонија.

По повод смртта на Марин Црвенов, на 16 октомври 2015 г., со почеток во 11 часот, во Прес-салонот на Македонската опера и балет се одржа комеморација.

Крсто Скубев

АНАСТАСИЈА ДИМИТРОВА-СОПРАН (1940-2015)

ТЕКСТ ОД КОМЕМОРАЦИЈАТА ЗА АНАСТАСИЈА ДИМИТРОВА, ВТОРНИК, 26.05.2015.

Почитувано семејство, Почитувани колеги, Драги пријатели,

Ве повикувам со една минута молчење да и оддадеме почит на нашата првенка, Анастасија Димитрова.

СЛАВА И!

Неподготвени ја примивме лошата вест, дека неодамна, засекогаш не напушти нашата првенка, вонредниот сопран, Анастасија Димитрова. Не изненади брзината на нејзиното заминување, бидејќи ја очекувавме да се појави на „Мајските оперски вечери“, на кои во последните години скоро редовно доаѓаше. Но, кога сме кај „Мајските вечери“, не можеме да не го споменеме нејзиното учество на истите, каде блескаше во нејзините улоги со сиот свој раскошен талент.

Анастасија Димитрова, или СИЈА, како што сите ја ословуваа, ги реализираше речиси сите големи улоги од сопранскиот фах. Долги години беше првенка, водечки сопран во повеќето претстави од репертоарот на тогашниот Македонски народен театар, сега, Македонска опера и балет. Антонија, во „Хофманови приказни“; Амелија во „Бал под маски“; Аида, Абигаила во „Набуко“; Елизабета во „Дон Карлос“; Евридика во „Орфеј и Евридика“; Јарославна во „Кнез Игор“; Леонора во „Трубадур“; Маргарета во „Фауст“, Норма; Чо Чо Сан во „Мадам Батерфлај“; Симка во „Разделба“; Сантуца во „Кавалерија Рустикана“; Марженка во „Продадена невеста“; Татјана во „Евгениј Онегин“ Тоска; Мими во „Боеми“ и многу, многу други. Навистина импресивно.

Анастасија Димитрова беше скромна, ненаметлива, но врвен професионалец. До перфекција ги подготвуваше своите улоги, а исто така и перфектно ги изведуваше. Имаше коректен колегијален однос и предлози, со кои се надеваше дека ќе придонесат за унапредување на работењето на куќата. Ќе цитирам две нејзини изјави од монографијата по повод 40 години МНТ. Цитирам: „Убедена сум дека алтернациите не се најдобро решение - освен во исклучителни ситуации – ни за тој кој прв ја толкува улогата, ниту за другите интерпретатори, затоа што тие не го добиваат своето време за целосно комплетирање на ликот. Подобро е тие да добиваат нови улоги, бидејќи еден солист за иста улога паузира два-три месеци, а за тоа време може да подготви нова улога. Но,

да бидеме на јасно, секој според својата уметност и својот труд што се готови да го вложат", затворен цитат".

Димитрова се залагаше и за подобар третман и на младите уметници, како и за конципирањето на репертоарската политика во театарот, но и за начинот на живеење на еден уметник, ако сака да успее. Цитирам: „Прво е работата со младите пејачи. Доколку тие во еден точен период не се насочуваат правилно, подоцна ништо не може да се поправи. Со ова директно е врзано прашањето на уметничкото водство на операта, кое би создавало репертоар, меѓу другото, и според првенците, што е неопходно и праволно. Да не говорам дека за врвна претстава се потребни не само партнери, туку и сите други предуслови, вклучувајќи го 'стариот' и добро познат 'аскетски' стил на живот, во поглед на пушењето, пиењето, спиењето, деранжирањето, нервирањето, пробањето, корепитирањето и т.н. Верувам дека ако се задоволат овие предуслови, ќе имаме уште подобар квалитет во тетатарот", затворен цитат.

Ете почитувани, овие мисли доволно ја отсликуваат нејзината заложба и тенденција за врвни достигнувања во уметноста.

Ќе ја паметиме нашата првенка, како исклучителен професионалец, голем уметник, коректен колега и скромен човек.

И благодариме за нејзиниот придонес во Македонската опера и балет, Бог да ја прости и нека и е Вечна Слава!

М-р Крсто Скубев, *културолог*

БЛАЖЕ АЛЕКСОСКИ (1933–2015)

Блаже Алексоски – Глумецот (1933–2015), актер во пензија од театарот „Војдан Чернодрински" од Прилеп. Посмртните останки на Алексоски ќе бидат погребани на Градските гробишта во Прилеп.

Тој замина, но неговото дело, улогите што ги оствари во театар, книгите што ги напиша ќе останат врежани во македонскиот театар и литература.

Целиот свој живот му го дари на театарот. Најпрво како аматер во драмската секција. Бил еден од основачите на театарот во кој се вработил 1953 година и го дал својот придонес се до неговото пензионирање.

Одигра голем број улог. Луков во Чашулевата „Црнила" Омер во „Робот и Агата" од Чернодрински, Ристе во „Мангите пијат чај". Но, остана запаметен по улогата „Татко" од Стринберг, која некако му лежеше на срце и често знаеше да ја потенцира.

Оствари и завиден број режии на театарски претстави, пред сè на битови драми, меѓу кои на *Бегалка*, *Печалбари*, *Антица*... За своите актерски реализации Алексоски се здоби и со признанија на МТФ „Војдан Чернодрински" како и со наградата за животно дело

на овој фестивал. Всушност ќе остане забележано дека е првиот лауреат на ова угледно фестивалско признание од прилепскиот театар. За неговиот придонес за театарот признание му оддаде и општина Прилеп.

Малкумина актери во земјата пројавуваа склоности кон пишуваниот збор, односно се занимаваа со литература, драматургија, проза, историски хроники. Алексоски беше еден од ретките. Во последните години стана вистински хроничар на Прилеп.

Како драматичар дебитираше со пиесата „Итроман Пејо“, а напиша уште десетина драмски текстови, меѓу кои и „Колобан“ по кој се играше и истоимената претстава во театарот. Ги напиша и делата „Аџи Христо Логотет“, „Тале Мелезот“, романот „Ах прилепските прекари“ а остави зад себе и необјавени творби.

Ќе остане запаметен дека драмската сцена ја исполнуваше со фини и непосредни тонови, со една специфична мекост и непосредност, со многу топлина и шарм, оставајќи впечаток пред се со чистата и лична дикција, со природнаата и дожиевана игра, со изостреното чувство на вајање на деталот.

ЈУРИЈ НИКОЛАЕВИЧ МЈАЧИН (1926-2015)

Неодамна, Македонската опера и балет доби телеграмско известување за смртта на рускиот балетски играч, педагог-репетитор и кореограф – професорот Јуриј Николаевич Мјачин. Жалоста да биде уште поголема, во истата тажна вест ја прочитамве и веста дека по два дена од неговото заминување, починала и неговата сестра Екатерина Николаевна Мјачина, која како голем поддржувач на делото на Јуриј Мјачин едновремено беше и негова потпора во културните односи меѓу нашите две земји.

Сеќавањето за Јуриј Мјачин и за неговото дејствување во македонскиот балет останува длабоко врежано во мислите на неговите ученици, балетските играчи од првата генерација основоположници на македонскиот балет како и во генерациите театарски дејци кои со него се стретнуваат и соработуваат вклучително и во 90-тите години на минатиот век. Цела епоха од развојот на македонскиот балет е поврзана со името на Јуриј Мјачин. Проследувајќи ја неговата биографија, стануваме длабоко свесни за миговите

споделени со него и за дадената можност да соработуваме со еден ретко надарен човек кој во своето срце секогаш ја носеше Македонија и со возбуда зборуваше за македонскиот балет. Благодарни сме што во нашата средина го имавме професорот Јурий Николаевич Мјачин.

Мјачин е роден во 1926 година, во семејство на интелектуалци (татко воен инженер, мајка пијанистка). Во 1936 година се запишува во Ленинградското академско кореографско училиште, кое го завршува по војната во 1946 година. Танцовата кариера ја започнува како стажист (1942–1944) во евакуираниот од војната Мариински театар, во градот Перм. Тој во овој прочуен театар во тогашен Ленинград (денес Санкт Петербург) работи сè до пензионирањето во 1969 година, како балетски артист каде што исполнува многу солистички улоги.

Под раководство на најголемиот признаен педагог по методика на класичниот танц на 20 век, големата Агрипина Ваганова, студира на Катедрата по балетска педагогија при Ленинградскиот конзерваториум по име на Н.А.Римски-Корсаков, и ја завршува во 1951 година. Биографијата на Јурий Николаевич Мјачин и по завршувањето на танцовата кариера е богата со врвни професионални дела кои се темелат на неговото извонредно образование и стекнатата театарска практика.

Многу години тој е сакан педагог во Ленинградското кореографско училиште, работи како педагог по класичен танц и во Московското академско кореографско училиште. Го зазема местото на главен балет-мајстор во театарот на Музичката комедија во Петербург, неколку години е главен балет-мајстор во Музичкиот театар во градот Орџоникизе. Како балет-мајстор, поставува мноштво балети како на сцените на театрите така и балети на филмско платно. Меѓу познатите филмувани балети се: „Труфалдино од Бергамо“ „Жалосно бесчувство“. „Пикова дама“, „Снегулката ја повикуваа?“. Повеќе од сто телевизиски емисии, меѓу кои многу детски скаски, конкурсни точки и танцови нумери.

По покана на Македонскиот народен театар, врз основа на меѓудржавната соработка помеѓу тогашниот СССР и СФР Југославија, во 1967 година во Македонија доаѓа Јурий Николаевич Мјачин. По формирањето на МНТ, следува период на невиден напредок на целокупната театарска култура кај нас. Појавата на балетската уметност на сцената на нашиот театар е проследена со големиот ентузијазам и напредок на балетот. Во периодот на пристигнувањето на Мјачин во Македонија, балетот кај нас се наоѓа на раскрсницата за избор на патиштата во својот иден развој. Токму присуството и дејствувањето на големиот познавач на балетската уметност, професорот Јурий Мјачин, е божји подарок за Македонскиот балет. Традицијата на руската класична школа, прифатена од Европа и целиот свет, во вистинската смисла на зборот заживува и се пренесува на нашите простори. Откривањето на новите методолошки принципи во изучувањето на класичниот балет, се нов квалитативен пристап во балетската уметност. Јурий Мјачин несебично ги пренесува своите знаења како во театарот така и во балетското училиште. Првата генерација балетски играчи (доајените на македонскиот балет), во својата творечка зрелост ги збогатуваат своите кариери со изведба на врвни балетски претстави. И помладите балетски генерации своето образование го стекнуваат на творечките принципи на предавањето својствено за професор Мјачин.

Јурий Мјачин во улогата на кореограф првпат се јавува на сцената на Македонскиот народен театар. Почнува со точката „Слепата девојка“, по музика на македонскиот композитор Љубомир Бранѓолица, изведена во претставата под

име „Балетски концерт“ во 1968 година. Негови целовечерни кореографирани балети на сцената на Македонската опера и балет се: „Мирандолина“ на Сергеј Василенко во 1979 година, „Чекори на Терпсихора“ на музика на четворица композитори: Л. Балај, Т. Манчев, Р. Аврамовски, О. Хромушин, во 1988 година. Покрај оргиналните негови кореографии, тој на нашата сцена ги пренесува балетите од класичното руско балетско наследство. Тоа се балетот „Рајмонда“ на композиторот Александар Глазунов, според Мариус Петипа во 1968 година и балетот „Дон Кихот“ на Лудвиг Минкус според М. Петипа и А. Горски во 1972 година. Неколкупати, почнувајќи од 1967 година, го пренесува балетот во една слика „Валпургиска ноќ “ од операта Фауст на Ш. Гуно, според Л. Лавровски.

Дејноста на Јуриј Мјачин не завршува со конкретните постановки во Македонскиот балет. Тој активно им помага на сите македонски балетски актери, кои своето школување или специјализации ги поминуваат во неговата Русија. Својата прва печатена книга, издадена во 2003 година во Санкт-Петербург, „Сонот и јавето во балетот“ ја започнува со зборовите за неговата работа во театарот во Македонија. Со својствената скромност и руска великодушност за него, никогаш не потенцирајќи го тоа, јас сум му вечно благодарна за отварањето на вратите на Болшој театар на една македонска студентка, како и за неговото залагање за бранењето на мојата дисертација со тема „Своевидниот развој на македонскиот балет “ на Руската театарска академија во Москва.

Во предговорот за авторот во книгата „Сонот и јавето во балетот“, најдобро за Јуриј Мјачин и за неговата широка руска душа зборува народниот артист на СССР – професорот Н. Долгушин: „Авторот на оваа книга е – артист на балетот, педагог, балет-мајстор, кореограф – пред сè удивителен човек. Неговата благородна, кристално светла душа, живее во хармонија со јасниот ум и необичната ерудиција на вистински интелект, неговата добрина и љубов кон блиските и родните восхитува со необична чистота и во нашето енергично време ѝ служи на околината како утешителен светилник и залог за спасување во бурата“.

Голем во духот и вистински познавач на балетската уметност однатре, професорот Јуриј Мјачин не потклекнува и како вистински син на своето време – трудољубив, самопрегорен – се стреми кон достигнување на совршенсвото во балетската уметност. Со ретка длабочина во мислите, тој длабоко продира во внатрешната природа на танцовата уметност, предлагајќи му ги на читателот најскриените тајни во балетската уметност. Остануваме бессилни без неговата физичка поддршка, но вечно благодарни за несебично подареното време и знаења. Заветот оставен во срцата на неговите ученици, колеги по професија и сите останати кои го познаваа неговиот творечки дух, ќе продолжи.

„Зошто балетската претстава во нашето време веќе не е празник на душата што пее? Да се изрази мислата со танцот – не е така просто. Се разбира, ако постои мисла“.

На артистите им претстои збогатување на сечилото на чувствата со трепетот на восприемањето на нивните дејства, со волнувањето на душите на публиката, на сите добри и лоши колизии во животот, проживеани од нив во очите на гледачите. Театарот за тоа е и востребуван од нас, за да ја покаже обостраната восприемливост на будење на душевните чувства во човекот! Тоа е погледот за балетската уметност на саканиот наш професор Јуриј Николаевич Мјачин. Нека почива во мир.

Проф. д-р Снежана Филиповска
М-р Крсто Скубев

ВЛАСТИМИР ЃУЗА СТОИЉКОВИЌ (1929–2015)

Остана зад него актерска кариера – театарска, филмска, телевизиска и радиоводителска, делумно и пејачка – долга 64 години! Последниот лик го оствари во филмот „Без скалила“, за кој неколкупати посмртно е наградуван, вклучувајќи ги и Филмските средби во Ниш. Сепак, Властимир Ѓуза Стоиљковиќ во основа е театарски актер, најчесто на сцените на Белградско драмско позориште и во Ателје 212.

МЕЃУ сто и триесет театарски улоги фигурираат типично драмски херои, но со својата извонредна дикција сосем лесно и прифатливо за публиката и за критиката се реализирал и како сценски творец на карактерно-комични ликови. Издвојувањето на некои од нив, како селекција, за оваа пригода, може да биде соодветно и праведно или пак несоодветно и неправедно, меѓутоа сигурно е субјективно со определба да се направи обид за да се долови сликата за една од најдолгите актерски кариери во современиот српски театар.

СЕ потсетувам на: Јовица Јеж во „Николетина Бурсаќ“ од Бранко Ќопиќ, Доктор Стокман во „Непријател на народот“ од Хенрик Ибзен, Полковник Блауринг во „Генерали или Сродство по оружје“ од Борислав Пекиќ, Огњен во „Пред слепиот sид“ од Миодраг Илиќ, Лудак во „Случајна смрт на еден антихрист“ од Дарио Фо, Инспектор во „Инспекторовите интриги“ од Ранко Маринковиќ, Арнеж во „Богатството на Берта“ од Андреј Хинг.

ЗА публиката надвор од Белград, Ѓуза е телевизиски актер par excellence, толкувач на ликови во најпопуларните телевизиски серии на некогашниот широк југословенски простор. Тука особено доминира со ликот на Родољуб Роѓа Петровиќ во „Театар в куќи“, серија што имаше дури пет циклуси од 1972 до 1984 година. Тој лик двапати му ја донесе наградата Најпопуларно ТВ лице во избор на читателите на „Вечер“, кога таа награда се доделуваше само на тројца актери: најпопуларни од македонската продукција, од другата југословенска продукција и од светската што доаѓаше на нашите мали екрани. При посетите на Македонија, по повод овие награди, умееше Ѓуза (самиот го читаше својот прекар со „г“, по препорака од колегите од Ателје 212) и да запее некои ретко изведувани македонски народни песни. Инаку, како пејач не се експонирал, дури ни по испеаниот хит „Девојко мала“ во филмот „Љубов и мода“.

ЗАПАМЕТЕН е Ѓуза и како водител на сериите „На буква, на буква“, „Лифт за петтиот кат“ со Милена Дравиќ, на радио-програмата „Забавник“. Треба да се одбележат и популарните серии „Среќни луѓе“ и „Бела лаѓа“. Со посебно внимание прифаќал да им го „дава“ својот глас на цртаните филмски јунаци Паторот Дача, Рафаело и Леонардо во „Нинџа желките“.

НАГРАДУВАН е „колку што треба“, а меѓу наградите посебно ги издвојувал најпрестижната српска актерска награда „Добричиниот прстен“ (2001) и „Златниот мисир“ (2009) за животно дело.

НА бардот на српското глумиште му беше приредена достоинствена и емотивна комеморација во театарот Ателје 212, на сцената „Мира Траиловиќ“. Меѓу оние кои говореа на последното испраќање на великиот актер беа Бранимир Брстина, Светлана Бојковиќ и Никола Ристановски.

С. Маринковиќ

КИРО СТАВРЕВСКИ (1952–2014)

Киро Ставревски е роден на 20 јануари 1952 година во Скопје. Основно и средно училиште завршил во родниот град.

По завршувањето на средното образование, на 1.04.1970 година е вработен во Драмскиот театар Скопје на работна позиција електричар. Неговиот професионален растеж – од електричар, преку електричар осветлител, светло мајстор до инспициент – е недвојбено поврзан со растежот на Драмскиот тетаар, во кој Ставревски го помина својот работен век. Работата, знаењето и професионалното искуство на Киро Ставревски е несебично вградено во сите претстави на Драмски од неговото вработување, се до неговата смрт. Тивок, ненаметлив, одмерен и несебично посветен се само дел од карактеристиките кои, пред се како човек, а потоа и како професионалец – мајстор на сопствениот занает, го красеа Киро Ставревски.

По долго и тешко боледување, оставајќи зад себе ненадоместлива загуба во НУ Драмски театар Скопје, почина на 26 мај 2014 година.

Неколку збора за добриот човек Кире

Театарот, поточно процесот на неговото создавање, се состои од макотрпно осознавање и компонирање на различни сегменти и елементи на театрскиот чин. Во таквиот процес, нужно е секој од тие сегменти да ја „држи“ и да биде „одбранета“ од вистинскиот човек, од точниот професионалец за својата област. Е, таков Човек беше Кире.

Тој беше суверен владетел на светлото во претставата... донесуваше светлина (со – или без наводници) во претставата и во професионалното живеење на Драмски театар воопшто. А луѓето што носат светлина, невозможно е да ги однесе заборавот. „Свело-мајстор“ – беше позицијата за која беше формално задолжен... но повеќе од тоа, тој беше крвотокот на процесот на создавање театар – и повеќе од тоа – тој беше театарот, во сегмент кој е тивок, но е и гласен во целокупната перцепција на сценскиот акт. Токму тоа беше Кире: тивок во гласот, а ектремно гласен со работата која ја вградува во самото ткиво на претставата.



Со Кире работев пет претстави... но тие пет пати ни од далеку статистички не можат да ја опишат целината на нашата професионална соработка. Но барем ќе бидеме пристојни и без плач во нашите души, ќе нотираме – неговиот печат вечно ќе остане во свесно-подсвесниот сегмент на меморијата на мојата театарска работа, и ќе се устоличи таму за вечна слава.

Златко Славенски

РОБЕРТ ПАВЛЕВСКИ (1975–2015)

Уште во раните утрински часови на 28.11.2015 година, низ Куманово и во Македонија се рашири веста за трагичната смрт на Роберт Павлевски, директор на НУЦК „Трајко Прокопиев“, Куманово. Оние кои живееја, го познаваа и соработуваа со него, но и пошироката јавност, со неверување, очај и беспомошност ја примија оваа трагична вест.

Тоа значеше дека веќе не е со нас Роберт Павлевски кој привлекуваше со својот непосреден однос, отворен и комуникативен, духовит и топол пристап и на тој начин стекнуваше авторитет како човек и како колега. На тој начин стекнуваше и почит, достоинство и чувство на чест кај сите со кои контактираше.

Точно пред 40 години, на 18.9.1975 година, во семејството Павлевски во Куманово е роден Роберт, идниот музичар, теоретичар и директор на НУЦК „Трајко Прокопиев“, но пред сè човек. Основно училиште заврши во Куманово, средно во Штип, а на Факултетот за музичка уметност се здоби со звањето дипломиран музичар теоретичар. Од 2003 до 2007 година работеше на работното место професор по музичко образование во неколку основни училишта, а од 2007 година досега беше на раководното место во НУЦК „Трајко Прокопиев“ во Куманово. За време на двата мандата, освен многубројните резултати во изложбената, театарската, музичко-сценската, литературната, филмската, трибинската и многу други дејности на Институцијата со која раководеше, се истакна и како одговорен и педантен на работното место, човек кој го почитува работното време и

работните навики, подготвен да се соочи со сите предизвици во професијата, но и во секојдневниот живот, упорен во извршувањето на работните задачи, секогаш сакаше да ги завршува работите и да види позитивни резултати од работата, способен за преземање деловен ризик, сè на сè, добар организатор.

Затоа му искажуваме благодарност за сè што направи како професор, педагог, директор, колега и пријател.

Нека му е вечен мир и спокој на душата.

Драги браќа и сестри!

Денеска,на овој неизмерно тажен ден, се собравме за да се простиме со нашиот брат Роберт. Неговото ненадејно заминување од овој свет, сите длабоко нè потресе и сè уште нè држи во неверување. Загубивме голем човек, кој со својата ведрина и силен дух беше причина за многу наши среќни моменти и тогаш кога не беа такви околностите. Со своето заминување, Роберт остави голема празнина зад себе. Ништо не може да го смени Роберт, толку беше посебен, Тој беше еден од најсилните,знаеше и најцрните работи да ги осветли со својот хумор и спонтана непостојаност. Зад неговата младешка енергија и неразбирлива за нас нескротливост, се наоѓаше цврст карактер,силен како карпа, кој му пркосеше на животот, со сите негови разочарувања. Тој неизмерно и на свој начин го сакаше своето семејство, пријателите, својот град и Македонија. Тој го сакаше животот, ревносно и без одмор, не откажувајќи се од потрагата по среќа. Роберт, како наш брат, сите овие години во себе ги чуваше нашите најголеми неуспеси и стравови и од нив црпеше победничка енергија, која потоа несебично ја споделуваше. Секогаш беше со нас, со сите нас, не ги делеше своите браќа и сестри, и сакаше еден ден да ги види сите заедно, сплотени како едно. Таква сестраност и срдечност е голема реткост и е одлика на исклучителен човек, човек без граници. За секого знаеше да каже нешто убаво, а на нападите и навредите веднаш проштаваше. Тој беше голем патриот и најмногу од сè му пречеа човечките неправди,никогаш не можеше да се помири со тоа, постојано ни го повторуваше тоа. Роберт беше голем, многу голем, и затоа неговото заминување е невозможно. Останува да ја продолжиме борбата која тој со нас, рамо до рамо и без никакви резерви, ја водеше. Неговата безгранична енергија и љубов секогаш ќе продолжат да живеат во нас како паметник, но и светла водилка во справувањето со предизвиците што ги носи животот. Затоа Роби, наш незаборавен брату, почивај во мир.

д-р Зоран Ѓорѓиевски

НУ ДРАМСКИ ТЕАТАР – Скопје

ЖДРЕЛО

Режија: Зоја Бузалковска

Драматург: Александра Бошковска

Сценограф: Љупчо Јованов

Костимограф: Лира Грабул

Музика: Огнен Анастасовски

Кореограф: Кренаре Невзати Кери

Изведба на сценографија: Тодор Дајевски

Асистент на костимографија: Раде Василев

Изработка на маски: Ѓорѓи Ѓорѓиевски

Шминка: Игор Петрески

Инспициент: Жарко Намичев
Суфлер: Даница Илиева

Премиера: 23.07.2014 - Фестивал "Охридско лето" - Охрид

Учествуваат:

...оној што си го изел и своето име - РУБЕНС МУРАТОВСКИ
ТИНЕ, чувар - ДИМИТРИЈА ДОКСЕВСКИ
СИРМА, мајка - ЛИЛЈАНА ВЕЛЈАНОВА
ЕДВАРД, советник - ДИМЕ ИЛИЕВ
АМЕЛИЈА, убавица - ТАЦИ ИЛИЕВА ВЕЉИЌ
ЈОЖЕ, градинар - АЛЕКСАНДАР СТЕПАНУЛЕСКИ
ЛОЛИТА, девојче - ИВАНА ПАВЛАКОВИЌ
ТЕРЕЗА, чистачка - СОЊА СТАМБОЛЏИОСКА
ЛОВРЕНЦ, доктор - ФИЛИП ТРАЈКОВИЌ
ДОРИЈАН, коњ - ФИЛИП ТРАЈКОВИЌ
АФРОДИТА, кокошка - ИВАНА ПАВЛАКОВИЌ
ХАРИБО, мечка - ЛИЛЈАНА ВЕЛЈАНОВА

КАПЕТАНОТ ЏОН ПИПЛФОКС

Душан Радовиќ
"Капетанот Џон Пиплфокс"
(гусарска бајка со пеење и мечување)

Режија: Коле Ангеловски

Превод: Димитар Солев

Сценографија: Љубомир Чадиковски

Костимографија: Илина Ангеловска

Музика: Венко Серафимов

Кореографија: Кренаре Невзати Кери

Шминка: Игор Петрески

Учествуваат:

КАПЕТАНОТ ЏОН ПИПЛФОКС - ИГОР АНГЕЛОВ
КАПЕТАНОТ ФОКС ЏОНСОН - ТАЦИ ИЛИЕВА ВЕЉИЌ / ЈАНА СТОЈАНОВСКА
СЕКИРАТА - АЛЕКСАНДАР СТЕПАНУЛЕСКИ
КОНОВАЛ - СИМОН МАНАСКОВСКИ
АРЧИБАЛД - ДИМИТРИЈА ДОКСЕВСКИ
УБАВИОТ СМИТ - МАЈА ВЕЉКОВИЌ ПАНОВСКА
ЖЕЛКАТА - ЃОКИЦА ЛУКАРЕВСКИ
ЛАНАБОЈ- ФИЛИП ТРАЈКОВИЌ



ПУДИНГ ЏО - ДУШИЦА СТОЈАНОВСКА
САЈЛАНС - ЗЛАТКО МИТРЕСКИ / ДРИТОН ВЕЈСЕЛИ
РОБЕРТ СМАЈЛ - ЃОРГИ ТОДОРОВСКИ
ТЕОДОР РУМ - АНАСТАС ТАНОВСКИ
ГОЛЕМИОТ ПИРАТ - ЗОРАН ЉУТКОВ
ОЛИВЕР ТИМИДИ - ИГОР ГЕОРГИЕВ
НАЧАЛНИКОТ НА АДМИРАЛИТЕТОТ - ДИМЕ ИЛИЕВ
ПЕШТЕРАТА , ЧУДОВИШТЕТО
БРЗОЗБОРЛЕСТИТЕ ЖЕНИ АЛЕКСАНДРА ПАВЛОВА, ВАЛДЕТА ИСМАИЛИ, БИЛЈАНА ЈОВАНОВСКА

Инспициент: Гоце Бојчев
Суфлер: Жаклина Цветковска
Тон-мајстор: Чедомир Младеновски
Светло-мајстор: Митко Ризов
Сликар-изведувач: Ѓорѓи Ѓорѓиевски
Премиера: 23.10.2014

БЕЗЉУБНИ

Благица Секулоска
БЕЗЉУБНИ

Режија: Златко Славенски
(според редослед на појавување)
Вистинскиот ДИМИТРИЈА ДОКСЕВСКИ
Вистинската САЊА АРСОВСКА
Погрешниот ЗЛАТКО МИТРЕСКИ
Погрешната НАТАША ПЕТРОВИЌ (к.г.)
Љубовникот АЛЕКСАНДАР СТЕПАНУЛЕСКИ

Видео и аудио анимација и продукција: Милчо Узунов (3D-Project Studio ©)

Костимографија: Ивана Коцева

Музика: Ристо Вртев

Сценографија и избор на музика за две сцени: Златко Славенски

Сценографска реализација: Тодор Дајевски





ЕРИГОН

Јордан Плевнеш
ЕРИГОН

Режија: Јани Бојаџи

Сценографија: Владо Ѓоревски - Рафик

Костимографија: Невенка Тасева - Петровиќ

Музика: Горан Трајкоски

Видео режија: Јани Бојаџи

Видео монтажа: Бобан Попоски



ЕРИГОН - Игор СТОЈЧЕВСКИ
ИСОДОР СОЛУНСКИ - Роберт ВЕЉАНОВСКИ
МАЛИНА - Гордана ЕНДРОВСКА
КОЛЕ - Кристијан СВЕТИЕВ
ТАШЕ - Христијан ПОП СИМОНОВ
ЕВДОКИЈА - Миа КАНТАРЏИЕВА
ГОСПОЃАТА ЕЖЕНИ ПЛЕЊЕР ДИБУА – Марина ПОП ПАНКОВА
ГОСПОЃАТА ПАТРИЦИЈА СИГО - Соња СТАМБОЛЏИОСКА
ЦЕЗАР – Дритон ВЕЈСЕЛИ
САМСА – Ирена ИЛИЕВСКА
ФЕЛДМАРШАЛОТ СИГФРИД ПОЊАТОВСКИ - Александар СТЕПАНУЛЕСКИ
БАЛТИМОР АРДЕНИН - СВЕТИ БЕРНАР – Петар Темелковски /видео/
КАРДИНАЛОТ ДОНАТЕЛО I - Анастас ТАНОВСКИ
АНДИЛЕНА АРИЕР АНАВАН - Благица ДИМИТРОВСКА
БЕЗИМЕНИОТ ГЛАС – Милица Стојанова / видео/
МАРИЈА ЛУИСА БАЛВАНЕРА - Александра ПАВЛОВА
ЖИФОН БАРБИСОН БОЛОЊИ - Ѓорѓи ТОДОРОВСКИ
РОТВАЈЛЕР ЛЕОНБЕРГ НЕСМАН – Едмонд СОТИР

Александра Огненовска, Мартин Минговски, Марко Дојоски, Мишо Димитријевски, Моника Ставревска, Милена Ѓошевска, Румена Шопова, Дарко Карбески, Емилија Петрова, Антониј Ѓорѓиев



ЈАНЕ САНДАНСКИ – 100 ГОДИНИ ПОСЛЕ

ПРЕДАВНИЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ИСПРАТИЛЕ ЧОВЕК ДА МЕ УБИЕ. ВЕДНАШ НЕКА МЕ УБИЕ, НЕКА НЕ ЧЕКА. И СТО РАНИ ВО МОЕВО ТЕЛО СЕ МАЛКУ ВО СПОРЕДБА СО РАНИТЕ ВО ТЕЛОТО НА МАКЕДОНИЈА; СЕКОЈ ДЕН ИСТЕКУВА НЕЈЗИНАТА КРВ, А НИЕ УШТЕ ГИ ОТНУВАМЕ ДУПКИТЕ И И ПОМАГАМЕ ОБИЛНО ДА СЕ ИЗЛЕВА...

ИСПРАТИЛЕ ЧОВЕК ДА МЕ УБИЕ, ЕДЕН МАЛОУМЕН МАКЕДОНЕЦ ГО ПОТКУПИЛЕ ВРХОВИСТИТЕ, ГО УЦЕНИЛЕ, ГО ИСПЛАШИЛЕ И ГО ИСПРАТИЛЕ ДА МЕ УБИЕ...

А БРЕ ЛУЃЕ, А БРЕ БРАЌА, А БРЕ МАКЕДОНЦИ, НИЕ НЕ ИЗЛЕГОВМЕ В ПЛАНИНА ПО СВОЈ ЌЕФ ЕТЕ ТАКА САМО ДА СЕ ПРОШЕТАМЕ ПО ЧИСТ ВОЗДУХ, ТРГНАВМЕ ДА СЕ БОРИМЕ ПРОТИВ СИТЕ ОНИЕ ШТО И КРОЈАТ ЦРНА КОШУЛА НА МАКЕДОНИЈА И НЕ МИСЛИМЕ ДА СЕ ВРАЌАМЕ НАЗАД. СЕ ШТО ЌЕ СРЕТНЕМЕ НА ТОЈ ПАТ ЌЕ ГО УНИШТИМЕ В КОРЕН...

Автор: Петар Темелковски

ЉУБОВНИЦИ

ЕМА - БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ АЛЕКСИЌ
ИВАН - ЗОРАН ЉУТКОВ
АНГЕЛ - ДРАГАН СПАСОВ - ДАЦ
ЕЛЕНА - МАЈА ВЕЉКОВИЌ - ПАНОВСКА

Текст и режија: Катерина Коцевска
Сценографија: м-р Филип Гулевски
Костимографија: Раде Василев
Монтажа на музика: Никола Исаиловски
Дизајн: Горјан Донев
Инспициент: Жарко Намичев
Суфлер: Жаклина Цветковска
Тон-мајстор: Димитар Илиоски
Светло-мајстор: Дејан Блажевски
Реквизита: Зоран Новковски



СЕКС, ДРОГА И РОКЕНРОЛ

И така замина револуцијата, нема потреба од зошто и како, просто замина. Се заменија старите идеали за ништо, косите за ништо и тоа. Нема романтика во компромисот. Не сакам да се извадам но нема ни да попувам, од попови доста, одиме на рационално расудување. Никој веќе не бара ништо, која е потребата од тоа, кога седиме апатично... един-

ствено што е потребно е маст за хемороиди. Претставата не се занимава со тоа кој и како е виновен за распадот на идеалите а се занимава со зошто, зошто се повеќе и повеќе тониме во сопствениот комфорт, оставени да чекаме на доаѓањето на нештото иако ниту знаеме што чекаме ниту што е тоа што ќе дојде. Мала приказна за еден човек во 7 ставови.

Режија: Ристо Алексовски

Актер: Сашо Тасевски

Музика: Puppetology

ЧОВЕКОТ КОЈ ГО ИЗЕДЕ СВЕТОТ

Нис-Моме Штокман
Режија: Билјана Радиноска
Превод: Катерина Шекутковска
Сценографија: Мика Черепналковска
Костимографија: Ивана Кнез
Музика: Ненад Тонкин
Дизајн на светло: Наум Доксевски, Дарио Секуловски
Дизајн на плакат: Магдалена Дилевска
Фотографија за плакат: Димитар Апостолов
Соработник, психодраматичар: Ана Чучкова
Фотографија: Лилика Стрезовска

ХХХХ - ИГОР СТОЈЧЕВСКИ
ТАТКО - ДИМЕ ИЛИЕВ
ЛИЗА - БИЉАНА ДРАГИЧЕВИЌ -ПРОЈКОВСКА
УЛФ - ДИМИТРИЈА ДОКСЕВСКИ
ФИЛИП - СТЕФАН ВУЈИСИЌ

ЧОЛАК

Режија и адаптација: Синиша Евтимов
Сценографија и костимографија: Илина Ангеловска



КАРА - САШО ТАСЕВСКИ
МАРТИН - РУБЕНС МУРАТОВСКИ

ТОНИ - ФИЛИП ТРАЈКОВИЌ
МИКИ - ИГОР СТОЈЧЕВСКИ

Инспициент: Гоце Бојчев
Суфлер: Жаклина Цветковска
Светло: Митко Ризов
Тон: Чедомир Младеновски
Сликар - изведувач / бутафорист: Ѓорѓи Ѓорѓиевски
Фотографии: Марија Чоневска

Инспирирано од Behanding in Spokane од Мартин Мекдонах



МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ

На 1 јануари 2015 година МОБ одржа НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ ва Македонскиот народен театар. Оваа практика треба да стане традиција. Еве ја програмата со учесниците.

Новогодишен концерт на солистите и ансамблите на Македонската опера и балет

Диригент: Ѓорѓе Павловиќ (Србија)
Режисер: Дејан Прошев
Кореограф: проф. д-р Снежана Филиповска
Сценографија: од балетската претстава „Дамата со камелии" - Павол Јураш (Словачка)
Светло мајстор: Милчо Александров
Концерт мајстор: Верица Ламбевска



ПРОГРАМА:

1. П. И. Чајковски - Полонеза од операта „Евгениј Онегин"
   - Балетски солисти: Марија Кичевска-Шокаровска, Мими Поп Алексова-Атанасовска, Васил Чичијашвили (Грузија), Бобан Ковачевски, Наташа Јосифовска, Билјана Басмаџиева, Игор Веланоски, Мирослав Митрашиновиќ
2. Ф. Лехар - Арија на Хана Главари од оперетата „Веселата вдовица"
   - Благица Поп Томова (сопран)
3. Ј. Штраус Помладиот - Арија на Аделе од оперетата „Лилјакот"
   - Каталина Бертучи (Австрија, сопран)
4. Ј. Штраус Помладиот - Пицикато полка
   - Балетски солисти: Марија Кичевска-Шокаровска и Мими Поп Алексова-Атанасовска
5. Е. Калман - Арија на Силва од оперетата „Војвотката на чардашот"
   - Благица Поп Томова (сопран), балетски ансамбл и хор
6. Ф. Лехар - Арија на Џудита од истоименото дело
   - Сања Керкез (Србија, сопран)

7. П. И. Чајковски - Валс на цвеќињата од балетот „Оревокршачка" (пренесено од Михаил Крапивин - Русија)
- Балетски солисти: Ивана Коцевска, Саша Евтимова, Билјана Басмаџиева и балетскиот ансамбл

8. Ј. Штраус Помладиот - Чардаш на Розалинда од оперетата „Лилјакот"
- Сања Керкез (Србија, сопран), балетски ансамбл и хор

9. Ј. Штраус Помладиот - „Пролетни звуци"
- Каталина Бертучи (Австрија, сопран); Балетски солисти: Наташа Јосифовска, Билјана Басмаџиева, Игор Веланоски, Мирослав Митрашиновиќ

10. Ј. Штраус Помладиот - Полка „Молњи и громови"
- Балетски солисти: Марија Кичевска-Шокаровска, Мими Поп Алексова-Атанасовска, Васил Чичијашвили (Грузија) и Бобан Ковачевски

11. Ф. Лехар - Романса на Камиј де Росион од оперетата „Веселата вдовица" - Ѓорѓи Цуцковски (тенор)

12. Ф. Лехар - Дует на Хана и Данило од оперетата „Веселата вдовица"
- Сања Керкез (Србија, сопран), Ѓорѓи Цуцковски (тенор); Балетски солист: Јан Кисилев, балетски ансамбл и хор

Стојан Стојков „ЗМЕЈОВАТА НЕВЕСТА",
- 07.02.2015 - ПРАИЗВЕДБА

Диригент:Саша Николовски-Ѓумар, Режисер:Дејан Пројковски, Кореограф:Олга Панго, Сценограф:Валентин Светозарев, Костимограф:Марија Пупучевска, Асс.хор-мајстор: Јасмина Ѓорѓеска, Асс.диригент: Катерина Стојковска, Ѓурѓица Дашиќ, Асс.режисери: Дамјан Читкушев,Трајко Јордановски,Љупка Јакимовска Корепетитори: Елена Силјаноска, Јанинка Невчева,Андреја Наунов, Инспициенти: Мирче Стојчевски,Љупчо Полизов, Суфлери: Павлина Здравкова, Светлана Георгиева

МИЛКА-Катерина Стојановска,
ЗМЕЈ- Кристијан Антовски ,
МАЈКАТА НА МИЛКА –Марика Поповиќ
МАЈКАТА НА ЗМЕЈОТ – Катерина Весковска
ДРУГ ЗМЕЈ –Владимир Саздовски,
СТОИЦА –Дејан Стоев
МИТАНА –Ивана Андоновска-Свилар
МИЛЕНА –Николина Јаневска
ЦАНКО -/
ЈАНА –Десанка Глигоријевиќ,
РАДА –Александра Лазаровска,
ДОБРА –Александра Доброхотова
МАГДА –Ленче Партикова
МАРА-Соња Пендовска-Мадевска
КИТАН –Драган Ампов
БОЈАН –Игор Гиновски
КУМ –Невен Силјановски
МОМЧЕ –Никола Стојчевски

СВАДБАРКА –Марија Наумовска, ДВЕ МОМЧИЊА –Димитар Кожухаров, Зоран Данилов
ДВЕ МОМИ –Валентина Димитриевска, Катерина Митева

НУ БИТОЛСКИ ТЕАТАР – Битола

Каренина made in Macedonia - премиера 30.11.2014
Автор: Венко Андоновски

Режија: Дејан Пројковски
Костимографија : Благој Мицевски
Сценографија : Валентин Светозарев
Музика: Горан Трајковски
Светло: Илија Димовски
Макти: Горан Спасевски и Драган Анѓелковиќ

Играат:
Илина Чоревска
Катерина Аневска
Соња Михајлова
Валентина Грамосли
Елена Мошевска
Петар Горко
Борче Ѓаковски
Васко Мавровски
Борис Чоревски





Николче Пројчевски
Слободан Степановски
Огнен Дранговски
Александар Копања
Стефан Стерјовски

Инспициент: Мирослав Лазаревски
Суфлер: Зорка Ѓаковска

КОКОШКА - премиера 09.02.2015

Автор: Николај Кољада
Режија: Маријан Ѓоргиевски
Сцена: Валентин Светозарев
Костими: Благој Мицевски
Драматург: Оливера Павловиќ
Светло: Димче Спасевски

Играат:
Јулијана Мирчевска
Катерина Аневска
Соња Ошавкова
Александар Димитровски
Николче Пројчевски

Испициент: Митко Ивановски, Димитар Михајловски
Суфлер: Радојка Димеска

БОЖЕСТВЕНА КОМЕДИЈА - премиера: 28.02.2015 година

Автор: Исидор Шток
Режија: Александар Исаков
Асистент на режија: Јован Ристовски
Превод од руски: Оливера Павловиќ
Сцена: Валентин Светозарев
Костими: Благој Мицевски
Музика: Марјан Неќак
Кореографија: Јагода Димовска
Светло: Илија Димовски
Видео: Сергеј Светозарев

Играат:
Создателот - Борис Чоревски
Ангелот А - Душко Јовановиќ
Ангелот Д - Филип Мирчевски
Ангелите: Б, В, Г - Александар Копања
Петар Спировски
Александар Стефановски
Адам - Борче Ѓаковски
Ева - Сандра Грибовска
Инспициент: Митко Ивановски
Суфлер: Зорка Ѓаковска

ГЕНОЦИД - ПРЕМИЕРА 14.03.2015
Автор: Љубиша Георгиевски



Режија: Љубиша Георгиевски
Сцена и костими: Мери Георгиевска
Музика: Марјан Неќак
Светло: Илија Димовски
Тон мајстор: Николче Терзиевски
Играат: Хекуба - Габриела Петрушевска
Агамемнон - Петар Мирчевски
Полковникот - Слободан Степановски

Инспициет: Мирко Лазаревски
Суфлер. Радојка Димеска

HAPPY END - Премиера: 14.062015
Идо Нетанјаху

Режија: Благој Мицевски
Превод од англиски: Ана Василева
Драматург: Оливера Павловиќ
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Благој Мицевски
Музика: Марјан Неќак
Светло: Илија Димовски
Видео: Антонио Божиновски

Фотографии: Александар Буневски
Дизајн: Александар Митровски

Играат:
Леа Ердман - Кристина Христова Николова
Дитер Крафт - Огнен Дранговски
Марк Ердман - Марјан Ѓорѓевски
Ана - Викторија Степановска Јанкуловска
Ханс Ердман - Александар Копања
Марта - Катерина Аневска

Инспициент: Мирко Лазаревски
Суфлер: Радојка Димеска

АНТОНИЕ И КЛЕОПАТРА - ПРЕМИЕРА 22.07.2015

В. Шекспир
превод Драги Михајловски



Адаптација и режија: Џон Блондел
Драматург: Билјана Крајчевска
Соработник на текст: Рандал Мартин
Асистент режисер: Јован Ристовски
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Благој Мицевски
Сценски движења: Рисима Рисимкин
Музика: Миодраг Нећак
Светло: Илија Димовски



Лица
Антоние (триумвир на Рим) - Петар Горко
Октавијан Август (триумвир на Рим) - Марјан Ѓорѓиевски
Лепид (триумвир на Рим), Пророкот, Ерос (пријател на Антоние) , Стражар - Борче Ѓаковски
Домитрие Енобарб (пријател на Антоние) - Викторија Степановска
Клеопатра, кралица на Египет- Валентина Грамосили
Октавија- сестра на Цезар, Гласник, Војник, Шут - Елена Моше
Хармија (придружничка на Клеопатра) - Соња Михајлова

Ира (придружничка на Клеопатра),
Гласник, Тидија (пријател на Цезар),
Војник, Диомед и Мардијан (евнуси на
Клеопатра) - Петар Спирковски

Инспициент: Митко Ивановски
Суфлер: Зорка Ѓаковска

НУЦК „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ПРИЛЕП, ТЕАТАР „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

Премиера 2.10.2014
В.ШЕКСПИР
„СОН НА ЛЕТНАТА НОЌ”

Режија: Нела Витошевиќ
Сценографија: Костантин Трпеновски
Музика: Огнен Анастасовски
Костими: Роза Трајчевска



Играат:
Игор Ангелов,
Даниела Иваноска,
Игор Трпче,
Марија С.Илијеска,
Катерина Чакмакоска,
Зоран Иваноски,
Димитар Ѓорѓиевски,
Илија Волчески,
Јасмина М. Станкоска,
Александар Тодески,
Ирена Мирческа и
Михајло Михајлоски.

На гитара настапува Димитар Ѓорѓиевски.



Премиера 12.12.2014 година
Мирослав КРЛЕЖА
АДАМ И ЕВА
Режија и драматургија: Ања МАКСИЌ ЈАПУНЏИЌ
Превод: Сузана БРЕЗОВЕЦ
Кореографија: Кире МИЛАДИНОСКИ



Костимографија: Бојана АРТИНОВСКА ТРПЧЕСКА
Видео и Тон Дизајн: Томе ТЕМЕЛКОСКИ
Музика: Никола КОЏОБАШИЈА (избор од албумите *Reveries of the Solitary Walker, The Most of Now* и *Explosion of Memory*)
Изведба на Сценографија: Пеце РИСТЕСКИ

Благодарност до Бранко БРЕЗОВЕЦ и Огнен ДРАНГОВСКИ

ИГРААТ:
Даниела ИВАНОСКА
Игор ТРПЧЕ
Димитар ЃОРЃИЕВСКИ
Андон ЈОВАНОСКИ – Аша
Јасмина МИЦОВСКА СТАНКОСКА
Наташа НАУМОСКА
Марија СПИРКОСКА ИЛИЈЕСКА
Александар ТОДЕСКИ
Димитар ЦРЦОРОСКИ
Катерина ЧАКМАКОСКА

Премиера - 14.3.2015 година
ЏО ОРТОН
ПОГРЕБАЛНИ ИГРИ
(ПЛЕН) - англиска комедија

Режија: ЈУГОСЛАВ И. КОЧОСКИ
Сценографија: БОЈАН МАНЕВСКИ
Превод: Југослав И. Кочоски и Елеонора Порјазоска

Играат:
Г-н Мекливи - Марјан Чакмакоски
Феј Мекмен - Јасмина Мицовска - Станкоска
Инспектор Трескот: Михајло Миленкоски
Хал Мекливи - Димитар Црцороски
Денис: Александар Тодески



DELIRIUM TREMENS



Актер и режисер Игор Трпчески
Актерска игра и режија:
СЦЕНСКИ РАБОТНИК – Игор Трпче
Музика: артист: Димитар Ѓорѓиевски – гитара, бас, вокал;
Драматург: Менде Костоски – хармоника и пијано;
Келнерот: Бојан Андревски – перкусии и тапани;
Специјален гостин: Борче Миленкоски на сакс;
Сцена и костим: Бојана Артиновска Трпческа;
Превод на англиски: Лидија Митоска Ѓорѓиевска;
Тон и светло: Томе Темелкоски
Видео: АРТериа - Емил Петров

Премиера 30.4.2015

Театар,, Војдан Чернодрински, Прилеп, Македонија
Мрежа НЕТА (Нова театарска акција)
Мал драмски театар- Битола, Македонија
Охридско лето, Македонија
Театар Сфумато – Софија, Бугарија
Киклос Арт студио - Солун, Грција

Премиера – 14.8.2015 година

КИРИЛ И МЕТОДИЈ, who are you?,,

Текст – Јордан Плевнеш
Режија – Мартин Кочовски
Сценски дизајн - Јани Константиновски - Пунтос, Полска
Костими – Елена Иванова, Бугарија
Музика- Горан Трајковски

ИГРААТ
Кирил: Ѓорѓи Јолевски
Методиј: Игор Trpche
Лав Беломорски: Андон Јованоски
Марушка Облак Беломорски: Виолета Чакарова
Јане Беломорски: Наташа Наумоска
Џулија / Jenniffer: Ангела Наумоска
Џон Балтимор: Димитар Crcoroski
Олександр Кондратенко: Илија Волчески
Елена Бесонова: Димитрина Мицкоска
Фотиј / Јанез Vodopivec / Wacław Прохаска: Александар Todeski
Марија: Хриса Јоаниду, Грција, Марија Пенчева Ѓаковска(Бугарија)
Чунг Фунг Це / Recepcionist на HBNW: Здравко Стојмиров

НУ ВЕЛЕШКИ ТЕАТАР – Велес

ПРЕМИЕРА 20.12. 2014

„НАЈВАЖНАТА РАБОТА НА СВЕТОТ“
Автор: Братислав Димитров
Режија: Љубиша Ѓеоргиевски

Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Мери Ѓеоргиевска
Музика: Гаврило Миловановиќ
Асистент на сценографија: Филип Коруновски
Асистент на костимографија: Александра Крнинова Груев

УЛОГИ:
Шема/Пиже – Зоран Љутков
Рајна – Маја Љутков
Лила – Ирена Ристиќ
Фердо – Благој Чоревски
Филип – Васил Зафирчев
Трајче – Жарко Спасовски
Попот – Кирил Гравчев
Хари – Александар Ѓеоргиев
Коле – Влатко Толески
Ана – Кети Борисовска
Ецо – Самоил Стојановски
Евгенија – Зорица П. Панчиќ
Рале – Фаик Мефаилоски
Оли – Слободанка Чичевска
Девојки во хотелот – Славица Манаскова, Марија Стефановска

Инспициент: Славиша Ѓеоргиев
Светло: Марјан Тодоровски
Тон: Лазо Теов,Никола Подолешки
Видео: Лаура Шкортова
Гардероба: Јулија Ангеловска
Реквизитер: Спасо Петрушев

Технички раководител: Никола Игнов
Сценска техника: Игор Гаврилов,Дејан Крстевски,Никола Пауновски, Ѓоре Павлов, Јовица Стаменовски, Хишам Латифов



ПРЕМИЕРА 05.03. 2015

„ПРИКАЗНИ ОД ШЕСТИОТ КАТ“
спопред раскази на Драги Михајловски
Драматизација и режија: Деан Дамјановски

Сценографија: Кирил Василев
Костимографија: Елена Дончева
Музика: Сашко Костов
Асистент на сценографија: Филип Коруновски
Асистент на костимографија: Александра Крнинова Груев

УЛОГИ:
Васил Зафирчев
Александар Вељановски
Славица Манаскова
Кирил Гравчев
Самоил Стојановски
Жарко Спасовски
Кети Борисовска
Александар Ѓеоргиев
Фаик Мефаиловски
Талија Настова
Јордан Витанов
Слободанка Чичевска
Кица Ивковска
Никола Ризовски
Филип Христовски
Кристијан Саздовски

Инспициент: Славиша Ѓеоргиев
Светло: Марјан Тодоровски
Тон: Лазо теов, Лаура Шкортова
Гардероба: Јулија Ангеловска
Реквизитер: Спасо Петрушев

Технички раководител: Никола Игнов
Сценска техника: Игор Гаврилов, Дејан Крстевски, Никола Пауновски, Ѓоре Павлов, Јовица Стаменовски, Хишам Латифов



ПРЕМИЕРА 29.04.2015

„СПАНАЌ СО ПРЖЕНИ КОМПИРИ“

АВТОР: ЗОЛТАН ЕГРЕШИ
РЕЖИЈА: НЕНАД ВИТАНОВ
СЦЕНОГРАФИЈА: КИРИЛ ВАСИЛЕВ
КОСТИМОГРАФИЈА: ЕЛЕНА ДОНЧЕВА

УЛОГИ:
ВЛАДИМИР ТУЛИЕВ
ФАИК МЕФАИЛОСКИ
ЖАРКО СПАСОВСКИ

Инспициент: Никола Подолешки
Светло: Марјан Тодоровски
Тон: Лазо Теов, Лаура Шкортова
Гардероба: Јулија Ангеловска
Реквизитер: Спасо Петрушев

Технички раководител: Никола Игнов
Сценска техника: Игор Гаврилов,Дејан Крстевски,Никола Пауновски, Ѓоре Павлов, Јовица Стаменовски, Хишам Латифов





ПРЕМИЕРА 17.05.2015
„ КРАЛ ИБИ “
од Алфред Жари
Режија: Андреј Цветановски
Сценографија– Валентин Светозарев
Костими – Александра Крнинова
Музика – Димитар Андоновски

Играат:
Зоран Љутков – Крал Иби
Зорица Панчиќ – Мајка Иби
Жарко Димоски – Капетан Бордир
Кирил Гравчев - Крал Венцислав
Драгана Босниќ- Кралица Розамунда
Жарко Спасовски - Котис
Фаик Мефаиловски - Бургелав
Едмонд Сотир – Пил / Цар Алексеј
Марија Стефановска - Жирон
Славица Манаскова – Станислава Лешински

Народ – Најдо Гуџов, Никола Ризовски, Филип Христовски, Кристијан Саздовски

Инспициент: Славиша Ѓеоргиев
Светло: Марјан Тодоровски
Тон:Лазо теов, Лаура Шкортова
Гардероба: Јулија Ангеловска
Реквизитер: Спасо Петрушев

Технички раководител: Никола Игнов
Сценска техника: Игор Гаврилов, Дејан Крстевски, Никола Пауновски, Ѓоре Павлов, Јовица Стаменовски, Хишам Латифов



ПРЕМИЕРА 20.09.2015

„Ф Е Д Р А“

Автор на текст: Сашо Димоски
Режија: Александар Ивановски
Сценографија: Филип Коруновски
Костими: Раде Василев
Музика: Сашко Костов

Улоги: Васил Зафирчев, Маруша Облак,

Инспициент: Славиша Ѓеоргиев
Светло: Марјан Тодоровски
Тон: Никола Подолешки
Видео: Лаура Шкортова
Гардероба: Јулија Ангеловска
Реквизитер: Спасо Петрушев

Технички раководител: Никола Игнов
Сценска техника: Игор Гаврилов,Дејан Крстевски, Никола Пауновски, Ѓоре Павлов, Јовица Стаменовски, Хишам Латифов





НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ – Скопје

МОГЛИ
Куклена претстава по мотивите од бајката „Могли – детето од џунглата“ од Р. Киплинг

Драматизација на текст: Боњо Лунгов
Превод: Татјана Островска
Режија: Боњо Лунгов
Асистент на режија: Маја Енчева
Константин Каракостов
Кукли: Хана Шварц
Избор на музика: Боњо Лунгов

Учествуваат:
Мартин Јорданоски
Татјана Павловска Кочовска
Ана Левајковиќ Бошков
Предраг Павловски
Наташа Петровиќ
Марија Ѓорѓијовска
Симона Спировска
Ненад Митевски
Мики Анчевски

ПАТ ОКОЛУ СВЕТОТ
Според романот ПАТ ОКОЛУ СВЕТОТ ЗА 80 ДЕНА од Жил Верн

Режија и драматизација: Бојан Трифуновски
Сценографија: Срѓан Митровиќ
Кирил Василев
Костимографија: Искра Џокиќ
Музика: Џијан Емин
Кореографија: Симона Спировска
Изработка на костими: Љубица Велкова
Керим Етем
Изработка на реквизити: Кирил Василев
Снимање и миксање на сонгови: Ален Хаџи Стефанов
Плакат, фотографии и видео: Филип Кондовски
Светло: Оливер Ставрев



Тон: Ангеле Насковски
Инспициент: Ѓуро Дракулоски

Играат:

- Паспарту Бојан Кирковски

- Филијас Фог Владимир Лазовски

- Жозафина Олдбор/Бомбица

Слатка/Ѓоамити Џејн Татјана Павловска Кочовска

- Лорд Олдбор/Лотос Ма Крадеш Ненад Митевски

- Лејди Олдбор/Капетанка

Макароне: Катарина Илиевска Силјановска

- Хелга Олдбор: Изабела Новотни

- Инспектор Фиш: Предраг Павловски

- Принцеза Ќе Оду Куде Саку/

Принцеза Евгенија Јаде Само Леќа Наташа Петровиќ

- Принцеза Жуманце/Индиски Кмет Симона Спировска

-Принцеза Сливка Ми Крадеш/

Биг Мек Мафин: Емра Куртишова

- Хумус Баба Гануш/Поглавица Бик

Кој Седи На Ражен Премачкан Со

Желе Од Млад Кромид: **Винета Дамческа**

- Преведувач/Генерал Суши Суши **Ана Левајковиќ Бошков**

- Продавач на слонови/Принц Зајо

Вајносекики/Каубоец Крем Тоствуд/

Мармалад Марсо **Мартин Јорданоски**



НУЦК „ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ“ – Театар Куманово

1. „МАЈКА ХРАБРОСТ“

Текст: Бертолд Брехт

Режија: Звездана Ангеловска

Сценографија: Валентин Светозарев

Костимографија: Благој Мицевски

Избор и адаптација на музика: Звездана Ангеловска

Играат: Кети Дончевска Илиќ, Владо Дојчиноски, Горан Илиќ, Јасмина Василева, Сања Русеска, Роберт Ристов к. г., Марко Трајковиќ к. г., Марко Богдановски к. г.

Суфлер: Љубица Петковска





2. „ГРДИОТ“

Текст: Мариус фон Мајенбург

Режија: Дејана Николовска;

Сценограф: Валентин Светозарев;

Костимограф: Нела Тодоровска; Музика: Сашко Костов; видео: Сергеј Светозарев;

Продуцент: Симона Тоскиќ

Играат: Александар Микиќ к. г, Александра Пешевска, Оливер Митковски к. г, Игор Трајковски

3. „БРАЧНА ИГРА“, Едвард Олби

Режија: Бојана Краљевска

Играат: Марко Трајковиќ и Сања Русеска

4. „ЖЕНА ОД МИНАТОТО“,

Текст: Роланд Шимелфениг

Режија: Нела Витошевиќ;

Сценографија: Нела Витошевиќ;

Костимограф: Розе Трајчевска;

Композитор: Огнен Атанасовски,

Драматург: Зоран Зафировски

Организација: Симона Тоскиќ

Играат: Александра Пешевска, Игор Ангелов, Јасмина, Василева, Марко Трајковиќ, Нина Максимовска.



5. „ПИНОКИО“, детска претстава

Текст: Карло Колоди

Режија: Бојана Краљевска

Сценографија: Бојана Краљевска

Играат: Кети Дончевска Илиќ, Сања Русеска, Александра Михајловска, Мартин Лазаревски, Владо Дојчиновски, Љупчо Хаџи-Стојанов.



6. „ЗАД КУЛИСИТЕ“ (премиера)

Адаптација и режија: Билјана Радиноска

Драматургија: Зоран Зафировски и Сашо Костовски

Организација: Симона Тоскиќ

Актери: Мартин Лазаревски, Нина Максимова, Кети Дончевска Илиќ, Горан Илиќ, Антонио Пешевски, Александра Пешевска, Александра Михајловска, Јасмина Василева, Марко Трајковиќ, Петрушевски Новко, Булатовиќ Надежда, Петрушевска Добринка, Костовски Славко, Кузмановска Љубица, Митевски Стојче, Бошковска Калина, Китановски Стевчо, Димовска Слободанка.

7. „АУДИЕНЦИЈА“

Текст: Вацлав Хавел

Режија: Мирослав Петковиќ;

Сценографија: Бојан Маневски;

Музика: Огнен Давитковски, Иван Стојанов

Дизајн на плакат: Мартин Давитковски

Асистент на режија и драматургија: Владислав Илиќ

Играат: Горан Илиќ, Чедомир Митевски



8. „ИДИОТИ“

Текст: Според едночинки на Муза Павлова

Режија: Мирослав Петковиќ

Асистент на режија: Бојана Краљевска

Драматургија: Сашо Костовски и Зоран Зафировски

Играат: Александра Михајловска, Мартин Лазаревски, Владо Дојчиноски и Марко Трајковиќ

Сценографија: Бојан Маневски

Музика: Боби Серафимовски



9. „Коренот на Кале“

Текст: Назми Беќири

Режија: Веби Ќерими

Играат: Зијадин Муртези, Исмаил Касуми, Ќазмедин Нуредини, Мирсад Абази, Сефедин Шабани, Шкељќим Ислами, Илбер Муртези, Мендим Муртези, Шкумбин Зекири, Енвер Халими, Сара Бајрами, Резарт Нуредини и Генциана Рамадани

Сценографија: Арменд Адеми

Музика: Орхан Шаќири

НУ ТУРСКИ ТЕАТАР – Скопје

ПРЕМИЕРА 28 јануари 2015 г.

Вилијам ШЕКСПИР

СОН НА ЛЕТНАТА НОЌ

Автор: Вилијам ШЕКСПИР
Превод: Оздемиер НУТКУ
Режија: Александар ПОПОВСКИ
Сценограф: Свен ЈОНКЕ
Костимограф: Јелена ПРОКОВИЌ
Музика: Кирил ЏАЈКОВСКИ
Асистент на режија: Ивана АНГЕЛОВСКА

Улогите ги толкуваат:

ТЕЗЕЈ: Атила КЛИНЧЕ
ХИПОЛИТА: Сузан АКБЕЛГЕ
ЕГЕЈ: Тамер ИБРАХИМ
ЛИСАНДЕР: Осман АЛИ
ДЕМЕТАР: Селпин КЕРИМ
ХЕРМИЈА: Филиз АХМЕТ / Несрин ТАИР
ЕЛЕНА: Слаѓана ВУЈОШЕВИЌ
ПЕТЕР КИНС: Аксел МЕХМЕТ
НИК БОТТОМ: Џенап САМЕТ
ФРАНЦИС ФЛУТ: Неат АЛИ
ТОМ СНОУТ: Ерман ШАБАН
СНАГ: Ријад ТАХИР
СТАРВЕЛИНГ: Тамер ИБРАХИМ
ОБЕРОН: Атила КЛИНЧЕ
ТИТАНИЈА: Сузан АКБЕЛГЕ
ПУК: Салаетин БИЛАЛ
ВИЛА: Росана СТЕФАНОВА
ВИЛА: Сара ЦВЕТКОВСКА

ТЕАТАРСКИ ГЛАСНИК